УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ

КАНДИДАТ: м-р Марина Арсовска

# Кластерите и кластерската политика во функција на регионалниот и локалниот економски развој на Република Македонија

(докторска дисертација)

МЕНТОР:
Проф. д-р Владимир Петковски

СКОПЈЕ, 2015

Содржина:

**Вовед……………………………………………………………………........8**
**1. Поимно дефинирање на кластерите и локалниот и регионалниот економски развој ………………………………........................................12**
1.1. Поимно дефинирање на кластерите..........................................................12
1.1.1. Поим и типови на кластери.....................................................................13
1.1.2. Формирање на кластерите - развојни фази...............................................24
1.1.3. Цели, значење и функции на кластерите................................................29
1.2. Односот помеѓу кластерите и синџирите за снабдување.......................32
1.3. Поимно дефинирање на локалниот и регионалниот економски развој......................................................................................................................39
1.3.1. Поим за локален и регионален економски развој.................................40
1.3.1.1. Детерминанти на локалниот економски развој..................................46
1.3.1.2. Пристапи кон локалниот економски развој........................................47
1.3.1.3. Основни компоненти на локалниот економски развој.......................48
1.3.1.4. Економски индикатори на локалниот економски развој..................49
1.3.1.5. Стратегии за локалниот економски развој.........................................52
1.3.2. Портеровиот дијамант - кластерски пристап кон регионалниот и локалниот економски развој.............................................................................54
**2. Улогата на кластерите во подобрувањето на локалниот и регионалниот економски развој.........................................................................................65**
2.1. Улогата на кластерите во подобрувањето на конкурентноста..............66
2.1.1. Кластерите како фактор за подобрување на продуктивноста............68
2.1.2. Кластерите како фактор за подобрување на иновативноста...............71
2.1.3.Кластерите како фактор за раст на претприемништвото...................75
2.2. Кластерите како фактор за привлекување на домашни и странски директни инвестиции........................................................................................79
2.4. Искуствени резултати на успешни кластери во функција на локалниот и регионалниот економски развој......................................................................83
2.4.1.”Трета Италија” - пример за успешно кластерско вмрежување.............................................................................................................85
2.4.2.Калифорнискиот вински кластер - пример за кластерска иновативност.......................................................................................................90
2.4.3.Силиконската Долина - прототип на технолошки - иновативен кластер..............................................................................................................98
**3. Кластерската политика во функција на локалниот и регионалниот економски развој.........................................................................................102**
3.1. Кластерската политика во функција на успешно кластерско вмрежување...........................................................................................................103
3.1.1. Улогата на владата и нејзините политики во успешното кластерско вмрежување...........................................................................................................104
3.1.2. Улогата на властите на локално и регионално ниво во развојот на кластерското вмрежување..............................................................................120
3.1.3. Кластерски иницијативи.......................................................................131
3.1.4. Кластерската политика во развиените земји и земјите во развој.....139
3.2. Кластерската политика во ЕУ.................................................................143

3.3. Инструменти на кластерската политика во ЕУ.....................................159
3.3.1. Регионалната политика на ЕУ ............................................................163
3.3.2. Принципи и приоритети на политиката на регионален развој на ЕУ од аспект на искористеноста на структурните фондови…………………..170
**4. Улогата на кластерите во регионалниот и локалниот економски развој на Република Македонија.........................................................................175**
4.1. Анализа на локалниот и регионалниот економски развој на Република Македонија.........................................................................................176
4.1.1. Анализа на локалниот и регионалниот економски развој - актуелна состојба.......................................................................................................178
4.1.1.1. Индикатори на диспаритетите на економскиот развој на Република Македонија.........................................................................................180
4.1.1.2. Политика на регионален развој во Република Македонија............204
4.1.1.3. Политика на локален економски развој во РМ...............................215
4.1.2. СВОТ (*SWOT*) анализа и фактори за унапредување на локалниот и регионалниот економски развој на Република Македонија.......................227
4.2. Кластерите во функција на локалниот и регионалниот економски развој на Република Македонија.................................................................238
4.2.1. Краток историјат на кластерското вмрежување во РМ.....................239
4.2.2. Актуелна состојба во кластерското вмрежување во земјата............243
4.2.3. Фактори за успешно кластерско организирање на локално и регионално ниво..........................................................................................258
4.2.4. Кластерите во функција на подобрување на регионалниот и локалниот економски развој на РМ..........................................................263
**5. Модел на кластерската политика со мерки и активности за унапредување на кластерското вмрежување во Република Македонија..272**
5.1. Модел на кластерската политика во функција на локалниот и регионалниот економски развој.................................................................274
5.1.1. Начелни пристапи..................................................................................274
5.1.2. Основни елементи на моделот на кластерската политика................279
5.1.3. Улогата на владата во кластерскиот развој.......................................290
5.1.4. Улогата на властите на локално и регионално ниво во кластерското вмрежување..................................................................................................307
5.2. Тестирање на моделот преку емпириски истражувања.......................312
5.2.1. Кластер за вино, храна и туризам........................................................312
5.2.2. Автомобилски кластер на Македонија................................................
5.3. Мерки и активности за подобрување на кластерското организирање во функција на локалниот и регионалниот развој на Република Македонија.........................................................................................332
5.3.1. Мерки и активности за успешно кластерско организирање - кластерски стратегии...................................................................................333
5.3.2. Стратегија за развој на кластерите во Република Македонија.........338
5.3.3. Предизвици и потенцијали за кластерско организирање во Република Македонија во функција на локалниот и регионалниот економски развој.......................................................................................................... 344
**Заклучок..........................................................................................................351**
**Користена литература...................................................................................361**

Графикони:
Графикон 1: Типична мапа на кластерско вмрежување……………………………………15
Графикон 2: Кластерска пирамида……………………………………………………..27
Графикон 3: Синџирот за снабдување во контекст на кластерското вмрежување……….35
Графикон 4: Генеза на локалниот економски развој……………………………………..45
Графикон 5: Индикатори за следење во рамките на групите детерминанти за Локален економски развој…………………………………………………………………...…52
Графикон 6. Фази на развојот на конкурентноста спрема Портер……………………....56
Графикон 7: Портеровиот дијамант - фактори кои ја детерминираат конкурентната предност на индустријата………………………………………………………………..58
Графикон 8: Италијанскиот кластер за обувки…………………………………………..62
Графикон 9: Калифорнискиот вински кластер..................................................................94
Графикон 10: Трендови на политиката во поддршка на кластерите……………….......106
Графикон 11: Традиционалната индустриска политика наспроти кластерската политика спрема Портер..........................................................................................................108
Графикон 12: Типична структура на раководење на кластерски специфични програми и стратегии..........................................................................................................113
Графикон 13: Димензии на кластерската и економската политика..................................115
Графикон 14: Национална наспроти локална кластерска политика...................................121
Графикон 15: Фази во развојот на кластерската иницијатива / клучни одлуки.................134
Графикон 16: *PAID* рамка за мониторинг и евалвација.........................................................137
Графикон 17: Политичкиот микс на европски, национални и регионални кластерски политики........................................................................................................146
Графикон 18: Учество на регионите во создавањето на БДП во 2011-та година..............182
Графикон 19: Регионален БДП по жител 2011-та година.....................................................183
Графикон 20: Бруто домашен производ по години, по жител, во денари………………...184
Графикон 21: Учество на регионите во вкупниот извоз за 2011-та година…...................185
Графикон 22: Учеството на регионите во вкупниот увоз за 2011 та година……………..185
Графикон 23: Број на деловни субјекти во 2012-та година………………………………187
Графикон 24: Бруто додадена вредност, по сектори на дејност, по региони, во милиони денари ………………………………………………………………………………189
Графикон 25: Учество на регионите во бруто додадената вредност во земјоделството за 2011-та година……………………………………………………………………...191
Графикон 26: Структура на обработлива површина по региони во 2012-та година……192
Графикон 27: Производство на одредени земјоделски производи во тони за 2012-та година………………………………………………………………………………193
Графикон 28: Вкупен број на добиток по региони за 2012-та година…………………..194
Графикон 29: Број на ноќевања на туристи по региони за 2012-та година…....................196
Графикон 30: Локана патна мрежа во км за 2012 година………………………………...197
Графикон 31: Стапка на активност на населението над 15 години по региони за 2012-та година………………………………………………………………………………199
Графикон 32: Број на дипломирани студенти по региони………………………………..200
Графикон 33: Институционална поставеност на регионалниот развој во Република Македонија........................................................................................................207
Графикон 34: Учество на планските региони во распределбата на средствата за финансирање на развојни проекти 2008-2012......................................................................212
Графикон 35: Финансирање на проекти од Програмата за рамномерен регионален развој……………………………………………………………………………………..214
Графикон 36: Надлежност за локален економски развој……………………………......221
Графикон 37: Пристапот тројна спирала (*Triple Helih*)……………………………….....284
Графикон 38: Модел на кластерска политика (интегрирана кластерска стратегија)…..285
Графикон 39: Интегриран кластерски пристап во политиките на поддршка на кластерот за храна, вино и туризам…………………………………………………………….316
Графикон 40: Пристапот тројна спирала во кластерот за храна, вино и туризам………322
Графикон 41: Интегриран кластерски пристап во политиката на поддршка на автомобилскиот кластер………………………………………………………………...324
Графикон 42: Пристапот тројна спирала во автомобилскиот кластер…………………...330

Табели:
Табела 1: Типологијата на индустриските кластери на Маркусен……………………….20
Табела 2: Успешни светски примери на кластери........................................................83
Табела 3: Улогата на интервенциите на владата во зајакнувањето на конкурентноста – искуствени примери од неколку земји од светот...............................................................140
Табела 4: Разлики во неколку детерминанти на кластерските иницијативи помеѓу развиените земји, земјите во развој и транзициските земји...............................................142
Табела 5: Кластерската политика на земјите во ЕУ……………………………………144
Табела 6: Кластерите како централна тема во документите на ЕУ посветени на иновативноста и економскиот раст……………………………………………………….150
Табела 7: Пристапи во кластерската политика и кластерските иницијативи во некои земји од Европа...........................................................................................................................153
Табела 8: Карактеристики на кластерската политика во земјите од Европа..................155
Табела 9: Фондови за регионален развој на ЕУ.....................................................................169
Табела 10: Основни карактеристики на планските региони...............................................180
Табела 11: Природни ресурси во планските региони.............................................................190
Табела 12: Класификација на планските региони според степенот на развиеност 2008 - 2012……………………………………………………………………………………………211
Табела 13: Видови на активности имплементирани од општините за промоција на ЛЕР, 2007-2010…………………………………………………………………………………….225
Табела 14: Носечки индустрии во регионите во РМ……………………………...............244
Табела 15: Кластери и кластерски иницијативи во Република Македонија……………..246
Табела 16: Структура на кластерите и кластерските иницијативи во РМ.........................248
Табела 17: Цели и визија на кластерските иницијативи во РМ……………………………252
Табела 18: Области на делување и соодветни мерки и активности на индустриската политика на РМ (2009-2020)……………………………………………………………….298
Табела 19: Преглед на целите и приоритетите на клучните документи од политиката за поддршка на мали и средни претпријатија во РМ..................................................................301
Табела 20: Преглед на програмски документи на Владата на РМ за поддршка на кластерот за вино, храна и туризам.........................................................................................317
Табела 21: Преглед на мерките и активностите кои се однесуваат на кластерите во позначајните програмски документи………………………………………………………..334
Табела 22: Програма за развој на кластерското вмрежување…………………………..336

*Апстракт*

Во услови на глобализација на светската економија и промените кои во последните декади ги обликуваат економските и социјалните текови, во услови кога процесот на децентрализацијата им ја зголемува одговорноста на локалните власти за унапредување на животниот стандард за своите граѓани, паролата “мисли глобално, делувај локално” добива на својата актуелност. Од перспектива на новиот концепт на економски развој, кој ги уважува глобалните трендови на транснационализација и децентрализација на економијата, развојните проблеми во глобалната економија сè повеќе се артикулираат во зависност од потребите на базата (пристап одоздола нагоре). Имено, конкурентноста во современите економски односи е функција од иновативните способности на компаниите, што пак е детерминирано од квалитетот на бизнис опкружувањето на определена локација.

Во услови кога локалните заедници формулираат развојни стратегии за да одговорат на локалните потреби на економскиот развој, концептот на кластерите преку географско и секторско концентрирање на фирми и поддржувачки институции може да биде битен инструмент во делот на развивање на економските капацитети на локално ниво во функција на економски напредок и одржлив економски развој. Интегрираната кластерската политика треба да обезбеди основа за дијалог помеѓу јавниот, приватниот сектор и научно - истражувачките и академски институции што ќе резултира во продуктивна соработка помеѓу фирмите, но и подобрен квалитет на владината политика на сите нивоа (локално, регионално и централно) и акционите мерки во функција на економски напредок и одржлив економски развој.

**Клучни зборови**: *кластери, локален економски развој, регионален развој, кластерска политика, регионална политика*

***Apstract***

In the new era of globalization of the world economy and the changes which in last decade shaped economic and social flows, in terms when decentralization enhanced responsibilities of local authorities to improve the living standard of their citizens, the slogan “think global, act locally”, gets on its actuality. From the perspective of the new concept of the economic development, which supports the global trends of transnationalisation and decentralization, the economic development in the global economy are tending to be articulated according to the needs of the base (bottom –up approach). Namely, competitiveness in the contemporary economic relations is a function of the innovative capabilities of the companies, which is directly determined by the quality of the business environment in certain location.

In terms when local authorities are formulating development strategies to meet the local needs of economic development, the concept of clusters by geographic and sectorial concentration of companies and supporting institutions is one of the key instruments in developing economic capacities on local level to achieve economic prosperity and sustainable economic development. Integrated cluster policy should provide a platform for dialogue between the public, private sector and the educational, scientific and academic institutions which will result in more productive cooperation, but also improved policy on different levels (central, regional and local), as well as the action measures to support the economic prosperity and sustainable economic development.



**Key words:** *clusters, local economic development, regional development, cluster policy, regional policy*

# Вовед

Во услови на глобализација на светската економија и промените кои во последните декади ги обликуваат економските и социјалните текови, во услови кога процесот на децентрализацијата им ја зголемува одговорноста на локалните власти за унапредување на животниот стандард за своите граѓани, паролата "мисли глобално, делувај локално" добива на својата актуелност. Создавањето на конкурентно способна национална економија која успешно ќе се соочува со предизвиците кои ги носат забрзаните техничко - технолошки промени, пак, подразбира координација на политиките на централно, регионално и локално ниво во функција на создавање на квалитетно бизнис опкружување кое ќе биде во функција на растот на продуктивноста и иновативноста на стопанските субјекти. Од перспектива на новиот концепт на економски развој, кој ги уважува глобалните трендови на транснационализација и децентрализација на економијата, развојните проблеми во глобалната економија сè повеќе се артикулираат во зависност од потребите на базата (пристап одоздола нагоре). Токму овој пристап кореспондира и со политиката на Европската Унија за децентрализација на моќта на државите и интегрална соработка на регионите, артикулирана во Лисабонската стратегија каде што регионалниот развој се посочува како битен фактор за рамномерниот економски развој и социјалната кохезија на Унијата.

Феноменот на индустриските кластери, особено во последната деценија широко навлезе во сферата на економските изучувања поврзани со развојот, посебно од аспект на улогата на малите и средни претпријатија и извозот, но и од аспект на улогата на кластерите во локалниот економски развој, а благодарение на одредени значајни, емпириски потврдени искуства и достигнувања во практиката на поголем број земји во светот. "Трета Италија" е типичен пример за успешно развивање на кластерскиот модел во функција на економски развој и силна локална препознатливост. Така, Монтобелуна е град во областа Емилија Романа во кој денес е концентрирано 75% од светското

производство на наменски чизми (планинарење, скијање, мотоциклизам и сл.), Сасуоло денес го зафаќа половината на европскиот пазар на плочки, додека во Белуно се произведуваат дури 85% од очилата за сонце. Економските теоретичари и практичари ширум светот го истражуваат овој модел на економски развој со цел негово прилагодување и примена и во останатите делови од светот.

Во услови кога локалните заедници формулираат развојни стратегии за да одговорат на локалните потреби на економскиот развој, концептот на кластерите преку географско и секторско концентрирање на фирми и поддржувачки институции може да биде битен инструмент во делот на развивање на економските капацитети на локално ниво во функција на економски напредок и одржлив економски развој. Кластерскиот концепт, за чиј татко се смета професорот од Харвардската бизнис школа – Мајкл Портер, подразбира унапредување на продуктивноста и иновативноста на фирмите лоцирани на одреден географски простор благодарение на ефектите од екстерната економија, односно близината на фирмите со нивните добавувачи, па дури и крајни потрошувачи, што значи заштеда во трансакциските трошоци; близината на сродни фирми, што значи можност од остварување на економија од обем, специјализација, развој на комплементарностите; неформалните контакти кои овозможуваат размена на информации и заеднички активности во функција на колективната ефикасност (заеднички истражувања на пазарот, заедничка промоција, заеднички истражувања и развој, заеднички иновативни потфати, заеднички настап на пазарите и сл.). Портер го предложил својот "дијамант" како аналитички инструмент за процена на квалитетот на бизнис опкружувањето на определена локација или кластер. Ставен во контекст на локалниот економски развој, економскиот напредок во истиот е детерминиран од интеракцијата на четири димензии: силна и софистицирана домашна побарувачка, локална база на сродни и поддржувачки индустрии во домашната економија за да ја поддржат извозната индустрија, поволни факторски услови (ресурси) и конкурентна деловна клима којашто ја потпомага продуктивноста на фирмите.

Клучна улога во кластерското вмрежување има поддршката од *јавниот сектор* во делот на конципирање на интегрирана кластерска политика која ќе кореспондира и ќе ги надополнува останатите политики, а која ќе обезбеди основа за дијалог и соработка помеѓу фирмите, јавниот сектор (особено на регионално и локално ниво) и научно - истражувачкиот сектор. Во таа насока, политиката на локално ниво треба да обезбеди локална инвестициска клима која ќе го поттикнува претприемништвото, ќе обезбеди поддршка на малите и средни претпријатија, ќе го поттикне создавањето на нови бизниси, ќе привлече странски и домашни инвестиции и ќе обезбеди инфраструктурна и институционална поддршка. Особено е значајна улогата на властите на локално ниво во функција на поддршка на кластерското вмрежување на фирмите со цел креирање на кластери кои ќе обезбедат економски раст и нови вработувања на локално ниво, во функција на одржлив економски развој.

Особено во Република Македонија која се соочува со нерамномерен регионален развој и со значителна централизирана моќ на главниот град, концептот на кластерите може да биде значаен фактор во делот на локалниот и регионалниот економски развој, секако, во зависност од волјата на стопанските субјекти да се вмрежат и да соработуваат и во зависност од локалната политика во функција на создавање на рамковни услови за поддршка на истите.

Целта на овој труд е да се прикаже улогата на кластерите и кластерското вмрежување во функција на локалниот и регионалниот економски развој преку согледување на светските искуства на оваа тема и можноста за нивно искористување, прилагодување и примена во нашите локални услови. За остварување на целта на трудот, во текот на истражувањето ќе бидат користени современи методи и анализи. Притоа, сознанијата до кои ќе се дојде при изработката на трудот ќе претставуваат основа за донесување на заклучоци за тековните состојби во оваа област во Република Македонија, а истите ќе бидат основа за донесување на јасни и објективни препораки и предлог мерки за подигање на свеста, поголема популаризација и поефикасно функционирање на индустриските кластери

во функција на економски напредок и локален и регионален економски развој.

Покрај гореспоменатите цели, во трудот ќе биде направен посебен осврт на пристапот кон кластерското вмрежување и кластерската и регионалната политика на ЕУ. Кластерската политика на ЕУ е од особено значење во услови кога Република Македонија тежнее да се приклучи кон европското семејство, а особено внимание ќе биде посветено на можностите кои ги нудат европските инструменти, фондови и програми за поддршка на иновативноста и кластерското вмрежување, со цел евалвација на можностите за искористување на истите во функција на локалниот економски развој. Позитивните светски искуства од кластерското вмрежување во "Трета Италија" и земјите од Западен Балкан во смисла на практични примери ќе бидат составен дел од трудот, со цел компаративна анализа како основа за увид на слабостите и предностите во кластерското здружување во Република Македонија во насока на извлекување на препораки во завршниот дел од трудот. Во последните две поглавја ќе биде направена анализа на состојбата во кластерското вмрежување во Република Македонија, како и мерките на економската политика во функција на поддршка на истите, за на крај да бидат посочени предизвиците со кои се соочува кластерското здружување во земјата, со конкретни предлог мерки и активности во насока за негова поголема афирмација.

Актуелноста на темата и потребата од поголемо популаризирање на кластерите како битен фактор во локалниот и регионалниот економски развој, а врз основа на докажаните позитивни емпириски резултати ја оправдуваат обработката на истите како тема на докторската дисертација. Доказ за тоа е и сè поголемата актуализација на темата за кластерско вмрежување на фирмите во речиси сите значајни стратешки документи од областа на економската политика и економскиот развој, а несомнено е подигната свеста за позитивните ефекти и кај самите стопанственици, кои покажуваат сè поголем интерес за вклучување во постоечките, но и иницијативи за формирање на нови индустриски кластери.

# 1. Поимно дефинирање на кластерите и локалниот и регионалниот економски развој

## 1.1. Поимно дефинирање на кластерите

Феноменот на индустриски кластери во последните 15 години го привлекува вниманието на економската теорија, особено со оглед на позитивните ефекти врз економскиот развој  кои истите ги продуцираат. Повеќе академски дисциплини покажале интерес за истражување, стотици студии од економски теоретичари ширум светот ја третираат темата во намерата да се дефинира потесно, а во некои случаи да се брендира поимот индустриски кластери. Академскиот интерес се рефлектираше во широк спектар на иновации и експериментирања во намерите да се прифати терминологијата и да се извлече позитивна практична примена од концептот.

Индустриските кластери повеќе се широк концепт отколку прецизен термин. Постојат повеќе различни димензии на кластерингот, а следствено на тоа и различни типови на кластери. Оттука, често се полемизира дали можеби теоретичарите и практичарите би требало да се фокусираат на попрецизно опсервирање и разбирање на различните аспекти на кластерите и кластерингот, отколку да се обидуваат да формулираат единствена дефиниција за поимот.

Интересно е да се забележи дека дефинициите за кластерите се менуваат од време на време, онака како што се менува и пристапот и важноста на кластерите. Така, кластерите формирани во 70-тите и 80-тите во САД и Западна Европа својата силна позиција ја темелат на традиционалните производи ("Трета Италија") и производи од високата технологија  (Силиконската Долина). Една декада подоцна, кластерите биле препознаени како важни фактори за стимулирање на продуктивноста и иновативноста. [1]

---

[1] Marta Volgyne Nadaban, "*Clusters: Definition, tipology and characteristics of some clusters in the Eszak-Alfold Region- Case Study*", INNOVA, 2009, pg. 774

### *1.1.1. Поим и типови на кластери*

Во поширока смисла на зборот, а сепак прецизно, кластерот може да се дефинира како "***секторска и географска концентрација на фирми***" (John Hamphry & Hubert Schultz, 1995). Со ваквата концентрација на фирмите, всушност се остваруваат користите што произлегуваат од екстерната економија на кои прв укажал А. Маршал (A. Marshall), а произлегуваат благодарение на:

- понудата што ја обезбедуваат бројните производители на суровини, компоненти за вградување (полупроизводи), резервни делови или опрема;
- расположливата работна сила со специфични, стручни квалификации и знаења;
- концентрацијата на експерти за маркетинг и продажба надвор од локалните или националните пазари;
- концентрацијата на експерти кои се во состојба да понудат специјализирани услуги во областа на технологијата, финансиите и книговодството. [2]

Анализирајќи ги британските индустриски области, во својот труд "Принципите на економијата", Алфред Маршал ги потенцирал економиите кои извлекуваат користи од концентрација на повеќе мали бизниси од сличен карактер на одредени локалитети. ***Концептот на "екстерни економии"*** кој е особено значаен за малите бизниси, Маршал го воведува со цел да покаже:

- зошто и од кој аспект е значајна локацијата на индустријата и
- зошто и на кој начин малите фирми можат да бидат ефективни и конкурентни.

Маршал ќе ги нарече овие концентрации на поголем број мали фирми, со цел извлекување на користи од екстерните економии, индустриски области или локализирана индустрија. И покрај тоа што тој не посочил формална дефиниција за истите, неговата теорија денес се

[2] Проф. Д-р Владимир Петковски, Проф. Alessandro Sinatra, *Индустриски области и индустриски кластери: од Алфред Маршал до "третата Италија"*, стр. 5

смета за основа на кластерската теорија и овозможила поврзување на концептот на екстерната економија со концептот кластер. [3]

Ова покажува дека, иако перципиран како нов феномен, концептот на индустриски кластери се среќава многу години наназад, дури во 20-тиот век, иако терминолошки под различни називи (индустриски области, агломерации и сл.). Сепак, денес поимот кластер е во широка употреба, а најголемите заслуга за негова популаризација му се припишува на професорот од Харвардската бизнис школа - *Мајкл Портер*, кој истиот го дефинира како географски блиска група на меѓусебно поврзани компании и здружени институции во специфична област, а врз основа на сличности и комплементарности.[4] Разгледувајќи ја оваа дефиниција, многу автори ќе речат дека истата претставува унапредена верзија на Маршаловиот концепт на индустриски области. Кук (Cooke, 1996) ќе ја нарече еволуција на Маршаловиот концепт на локализирани индустриски области од деветнаесеттиот век во економии од дваесет и првиот век кои се потпираат на кластерско поврзување на фирмите кои ефективно продуцираат висококвалитетни производи дизајнирани за висококвалитетни, т.е. софистицирани пазари.

Како што се зголемувало значењето на кластерите, така и Портер ја концентрирал својата оригинална дефиниција при што се фокусирал на националните индустриски кластери кои се поврзани со своите купувачи/добавувачи (вертикално) или преку заеднички клиенти и технологија (хоризонтално). Дури во 1990 година, Портер потенцира дека процесот на кластерингот најдобро функционира кога индустриите кои се дел од него се географски блиски. Во својот труд "Кластерите и економијата на конкурентност" од 1998 година Портер ќе ги дефинира кластерите како еден конгломерат од:

- меѓусебно поврзани индустрии, вклучително добавувачите на специјализирани инпути, сервисерите на опремата, како и специјализираната инфраструктура;

[3] John Humphrey, Hubert Schmitz, "*Principles of Promoting Clusters and Networks of SME's*", SME Programme, UNIDO, October 1995, pg.7
[4] Porter, M.E., "*The Competitive Advantage of Nations.''* Free: New York, 1990, pg 78

- каналите за дистрибуција и потрошувачите, производителите на комплементарни производи и компаниите поврзани на основа на вештини, технологии и заеднички инпути;
- поврзаните институции како што се истражувачки организации, универзитети, организациите за стандардизација, тренинг и обука и сл. [5] (Графикон 1).

*Графикон 1: Типична мапа на кластерско вмрежување*




*Извор: Rajveer Singh, "Enhansing Competitiveness in Business Clusters Through Cluster Development Approach, Apex Cluster Development Services, New Delhi India*

Повеќемина други автори направиле обид да ги дефинираат индустриските кластери. Така Розенфилд (*Rosenfeld*, 1997) ги дефинира истите како концентрација на бизниси кои соработуваат и продуцираат синергија, а благодарение на географската блискост и меѓусебната зависност. Тој ќе рече дека кластерот претставува просторно ограничена

[5] Michael Porter, *Clusters and the Economics of Competition,* Harward Business Review, 1998

критична маса (којашто е доволна да привлече специјализирани услуги, ресурси и добавувачи) од компании коишто имаат одредени меѓусебни системски врски базирани на комплементарности и сличности.[6] Интересно е дека Розенфилд не прави разлика помеѓу кластерите и индустриските области, објаснувајќи дека најочигледна манифестација на кластерингот се европските индустриски области и американските индустриски агломерации. Алтенбург (Altenburg) ќе забележи дека терминот се користи прилично недискриминирачки за широк спектар на бизнис соработки, а во својата најширока смисла е користен да означи локална концентрација на одредени економски активности.[7] Флексибилноста на дефиницијата дозволува различни форми на најдобра практика која ќе соодветствува на различните контексти и со тоа ќе води кон соодветен концепт на кластерска политика. Имено, различните дефиниции имплицираат различни политики и стратегии за развој на кластерите. Во таа насока, Фезер (*Feser)* ќе забележи дека индустриските кластери во Америка најчесто се користат за потребите на маркетингот, додека во Европа кластерите се користат како средство за идентификација и карактеризирање на начините преку кои знаењето, иновациите и технологијата можат да бидат пренесувани.[8]

Всушност, бројните дефиниции за кластерите ја поттикнаа конфузијата за формалната дистинкција помеѓу феноменот кластери од останатите сродни поими како што се: индустриските области, мрежи, технополите, како и индустриските истражувачки колаборации. За таа цел ќе направиме **концепциско разграничување на поимите**:

- ***Кластер*** - претставува секторска и географска концентрација на фирми кои произведуваат и продаваат спектар на сродни или комплементарни производи и притоа се соочуваат со заеднички предизвици и можности. Ваквите концентрации можат да го стимулираат развојот на екстерните економии како што е

[6] Rosenfeld S. "*A Governors Guide to Cluster – Based Economic Development*", Washington. National Governors Association, 2002, pg.10
[7] Altenburg T, Stamer JM, "*How to promote clusters: Policy experiences from Latin America*", World Development 27(7), 1999, pg. 1693
[8] Catherine Phambuka-Nsimbi, "*Creating competitive advantage in developing countries through business clusters: A literature review"*, African journal of business management Vol. 2 (7), pg. 126

појавување на специјализирани добавувачи на суровини и компоненти или развој на секторски - специфични вештини, како и поттикнување на развојот на специјализирани технички, менаџерски или финансиски услуги.[9]

- ***Индустриската област*** – во смисла на терминот којшто се користи во Италија, се јавува кога покрај специјализацијата и поделбата на работата помеѓу фирмите на одредена локација, се јавуваат и одредени имплицитни и експлицитни форми на соработка помеѓу локалните стопански субјекти во рамките на областа, кои го поттикнуваат и јакнат локалното производство, вклучително и иновациската способност на локалните фирми, како и појавата на силни секторски асоцијации.[10] Притоа, треба да се потенцираат две работи: развојот на овие карактеристики е условен од степенот на развој на кластерот - што значи дека кластерот може да содржи повеќе или помалку карактеристики на индустриските области. И второ, додека италијанската литература го фокусира своето внимание на значењето и улогата на малите и средни претпријатија во индустриските области, не смее да се исклучи значењето на големите фирми во концептот со оглед на нивното доминантно место во индустриските области во "Трета Италија".
- ***Мрежи*** - претставуваат група од фирми кои соработуваат на заеднички развоен проект надополнувајќи се меѓусебно, со цел да надминат одредени заеднички проблеми и да постигнат колективна ефикасност. Мрежите можат да бидат хоризонтални и вертикални и можат да се развиваат во рамките или независно од кластерите.

Со оглед на општоприфатената дефиниција на кластерот како географски блиски групи на повеќе засегнати страни коишто заеднички профитираат, но и придонесуваат за перформансите на одредена индустрија, академските кругови дебатираат дали географската близина треба да биде предуслов за постоењето на кластерот. Притоа се нагласува дека кластерите се повеќедимензионални, па така, иако во основата на

[9] UNIDO –definition on clusters *www.unido.com*
[10] Rabellotti R., "*Is there an industrial district model? Footware districts in Italy and Mexico compared*", World Development, Vol 23, Pg.35

концептот на кластерот се наоѓа географската близина, постојат и други димензии кои го карактеризираат истиот, а во кои спаѓаат: технолошката дистанца (сличноста на технологиите на фирмите во кластерот), пазарната дистанца (сличноста во целната група потрошувачи), стручната дистанца (сличноста на профилот на вработените), како и социјалната дистанца (сличноста во интеракциите на менаџментот со вработените). Така и Фезер ќе потенцира дека една од трите димензии на кластерот покрај димензијата на животниот циклус и врските е и *географската*, при што разликува регионални од национални индустриски кластери. Во некои случаи кластерите можат да ја опфатат пошироко индустријата во целата држава, додека во некои истите можат да опфатат само група производи во определен регион. [11]

За подобро разбирање на концептот кластери потребно е да се разбере повеќедимензионалноста на кластерите, која вклучува: географска димензија, широчина (хоризонтална индустриска поврзаност), длабочина (вертикална индустриска поврзаност), активности, капацитет за иновации, конкурентска позиција, како и индустриска организација. Емпириските докази покажале дека, иако можат да се идентификуваат заеднички карактеристики, кластерите ширум светот се разликуваат во композицијата, обликот, како и прифатената кластерска логика. Оптималниот збир на мерките на кластерската политика, како и потенцијалниот успех на истите, е во директна зависност од типот на кластерот. Така, оптималниот збир на мерки за кластери кои се високо локализирани, широки, длабоки, богати со активности, со висок иновативен капацитет и добра конкурентна позиција, доминирани од мали и средни претпријатија ќе биде драстично различен од збирот мерки за кластери кои се дисперзирани, тесни, плитки, слабо активни, кои имаат ограничени иновативни капацитети и слаба конкурентска позиција, а се доминирани од големи фирми.[12] Со цел да се подобри аналитичкото мерење на кластерите, како и да се формулира адекватна кластерска

---

[11] Joseph Cortright, "*Making Sense of Clusters: Regional Competitiveness and Economic Development*", The Brookings Institution Metropolitan Policy Progam, March 2006, pg. 4

[12] OECD, *Enhancing the competitiveness of SME's in the Global Economy,* Workshop 2: Local partnership, clusters and SME globalisation, Bolognia, Italy, june 2000, pg. 19

стратегија, направени се обиди да се класифицираат различните типови на кластери. Истите се разликуваат според димензијата на кластерите кои авторите ја сметаат за доминантна.

Карактеризирајќи ги кластерите низ димензијата на ***врски помеѓу фирмите и индустриската организација***, Маркусен (*Marcusen*) разликува четири видови на кластери:

- ***"Маршалови"*** индустриски кластери коишто претставуваат група на приближно еднакви мали и средни претпријатија коишто соработуваат со цел да остварат економија од обем, а благодарение на развиените врски со добавувачите, инфраструктурата, како и поддржувачките институции. "Италијански" индустриски кластери (типот кластери најчесто присутен во северна Италија) се сметаат за еволуирана форма на "Маршаловиот" тип на индустриски кластери. Истите се состојат од група на приближно еднакви фирми коишто се натпреваруваат меѓусебно, но и соработуваат. На пример, една фирма која се соочува со вишок на работа која не е во можност да ја исполни, истата може да ја префрли на друга фирма од кластерот;
- ***"Центар и краци"*** тип на индустриски кластери, коишто се доминирани од една голема фирма која креира значителен пазар за локалните добавувачи и генерално ги поставува условите на нивните врски (пр. Тојота или Боинг);
- ***"Сателитски"*** индустриски кластери коишто претставуваат група на филијали или фирми-ќерки на големите мултинационални компании кои произведуваат високи или ниско – технолошки производи, а чија цел е доближување до пазарите или искористување на евтина работна сила;
- ***"Државно спонзорирани"*** индустриски кластери кои своето постоење го должат на владините инвестиции, вообичаено во воениот сектор или инвестиции во владини научни истражувачки центри.[13]

[13] Joseph Cortright, "*Making Sense of Clusters: Regional Competitiveness and Economic Development*", The Brookings Institution Metropolitan Policy Progam, March 2006, pg. 5

Табела 1: Типологијата на индустриските кластери на Маркусен

| Тип на кластер | Карактеристики на фирмите членки | Врските во кластерот | Можности за вработување |
|---|---|---|---|
| **Маршалов** | Мали и средни локални компании | Значителна трговија и соработка меѓу фирми, силна институционална поддршка | Во зависност од синергијата и економијата во кластерот |
| **Центар и краци** | Една или неколку поголеми компании со присуство на бројни добавувачи и услужни фирми | Соработка помеѓу големите компании и помалите фирми под услови на големите фирми | Во зависност од растот на големите компании |
| **Сателитски** | Средни или големи компании подружници | Минимална соработка помеѓу компаниите | Во зависност од способноста да се привлечат нови подружници на големи компании |
| **Државно спонзорирани** | Големи државни или непрофитни организации и бројни добавувачи и услужни фирми | Врските ограничени на купувачко-продажни врски помеѓу јавните организации и снабдувачите | Во зависност од способноста на регионот да ја зголеми политичката поддршка за јавните претпријатија |

*Извор: Markusen, 1994*

Од аспект на димензијата на ***животен циклус на кластерите,*** односно развојната фаза во која истите се наоѓаат се диференцираат неколку типа на кластери:

- ***Оперативни или активни кластери*** во кои фирмите поседуваат задоволително ниво на локално знаење, специјализирана работна сила и екстерни економии и кои поседуваат конкурентна способност не само на домашниот, туку и на глобалниот пазар. Истите се карактеризираат со високо ниво на истражувачки и иновативен потенцијал;
- ***Кластери во фаза на раѓање или латентни*** кои поседуваат критична маса на фирми способни да придвижат конкурентни предности благодарение на истражувачкиот потенцијал и солидната инфраструктура, но во кои, сепак, меѓусебната поврзаност и протокот на информации се недоволно развиени;
- ***Потенцијални кластери*** кои ги поседуваат основните елементи и фактори за успешно кластерско вмрежување, но во кои е потребно подигање на свеста за можните позитивни ефекти од ваквата соработка;
- ***Кластери раководени од политиката*** кои претставуваат кластерски иницијативи преземени од националните или регионалните власти кои користејќи ја критичната маса во одреден сектор или индустрија директно учествуваат во процесот на формирање и развој на кластерот;
- ***Замислени кластери*** кои се најчесто раководени од политиката и на кои им недостасува критична маса и основните елементи за нивен органски развој.

Врз основа на **различните типови на знаење,** постојат два типа на кластери:

- ***Техно-кластери*** кои се високотехнолошки ориентирани, добро прилагодливи кон новите технологии и најчесто нивното формирање се должи на присуството на престижен универзитет или истражувачки центар. Типичен пример за техно-кластер е Силиконската Долина.

- ***Историски кластери базирани на знаење*** кои се резултат на традиционални активности и ја одржуваат својата предност во знаењето (*know-how*) со години, некои од нив дури со векови. Често тие се индустриски специфични, а типичен пример е Лондон како финансиски центар. [14]

Санди (Sandee, 2002) разликува ***латентни кластери*** коишто произведуваат едноставни производи наменети за сиромашни, рурални консументи, од ***динамични кластери*** во кои фирмите се тесно поврзани и таргетираат пошироки, дури глобални пазари.

Алтенбург и Маер-Стамер (Altenburg и Meyer-Stamer, 1999) разликуваат ***егзистенцијални кластери, напредни кластери за масовно производство*** каде што фирмите произведуваат за локалните пазари, но чувствуваат растечки притисок од глобалните конкуренти и ***кластери од транснационални компании*** составени од технички напредни странски фирми кои се лоцираат во определена област со цел да ги искористат предностите од регионалните агломерации, но се со ограничени врски со локалните фирми и институции. [15]

Генерализирано, а со цел поедноставување на поимното сфаќање на кластерскиот концепт, ќе разликуваме неколку **типови на кластери**:

- ***Географски кластери*** - кои претставуваат географско вмрежување на фирмите со цел искористување на локационите предности (ресурси, работна сила и сл.);
- ***Секторски кластери*** - кои претставуваат секторско вмрежување на фирмите од исти, сродни или комплементарни индустрии со цел подобро адресирање на заедничките проблеми во производството, остварување на економија од обем, извозна промоција и сл.;
- ***Хоризонтални кластери*** - кои претставуваат вмрежување на бизниси кои делат заеднички ресурси и
- ***Вертикални кластери*** - кои претставуваат вмрежување на фирмите во синџирот снабдувачи.

[14] Isbasoiu, George Marian, "*Industrial Clusters and Regional Development: The Case of Timisoara and Montebelluna*", University of Urbino, 2006, pg. 6
[15] Isbasoiu, George Marian, "*Industrial Clusters and Regional Development: The Case of Timisoara and Montebelluna*", University of Urbino, 2006, pg. 6

Честопати, кластерот може да претставува комбинација од горенаведените типови на кластери - пример за тоа би бил географски кластер со вертикална вмреженост на фирмите.

И покрај бројните различни дефиниции и типологии, коишто претставуваат вистински предизвик за теоретичарите, постојат одредени ***фактори*** што можат да се идентификираат како заеднички за сите. *Кластерите се групи на независни компании и здружени институции коишто:*

- *Соработуваат и се натпреваруваат;*
- *Географски се концентрирани во еден или повеќе региони, иако кластерите можат да имаат и глобална димензија. Важно е да се истакне дека современиот развој на новите форми на транспорт и комуникација, како што е Интернетот, значително ја менуваат просторната димензија на кластерот;*
- *Се специјализирани во одредена област, поврзани со заеднички технологии и вештини;*
- *Работат или во научно базирани или во традиционалните економски полиња ;*
- *Можат да бидат институционализирани или не ;*
- *Кластерите можат да се дефинираат како врски, а не членство и нивните просторни граници се варијабилни и може, но не мора да се совпаѓаат со националните граници;*
- *Кластерите имаат позитивно влијание врз иновациите и конкурентноста, како и протокот и размената на информации и* know- how *во насока на долгорочни позитивни ефекти врз бизнис динамиката на концентрираната област.* [16]

[16] Marta Volgyne Nadaban, "*Clusters: Definition, tipology and characteristics of some clusters in the Eszak-Alfold Region- Case Study*", INNOVA, 2009, pg. 775

### *1.1.2. Формирање на кластерите – развојни фази*

Кластерите, како во развиените, така и во земјите во развој низ светот обично израснале природно и неформално со текот на времето, а како резултат на заеднички активности (вообичаено во период од околу 20 години, па дури и повеќе, според Портер). Успешните кластери довеле до зголемување на конкурентноста преку зајакната конкуренција, заеднички и високо ефикасни и технолошко прилагодливи добавувачи, развој на голем број висококвалификувани професионалци, развој на бројни асоцијации кои работат за заеднички интереси, како и пренос на *know-how* (*spillover*) на иновациите помеѓу компаниите.

Во голем број случаи, ***историските предиспозиции*** биле фактор за формирање на кластерите. Така на пример, во Масачусец, неколку кластери своите почетоци ги трасираат благодарение на научните истражувања на МИТ или Харвард. Холандскиот транспортен кластер најмногу го должи своето формирање на централната локација во Европа, развиената водена мрежа, ефективноста на пристаништето во Ротердам, како и на акумулираните вештини на Холанѓаните низ нивната богата поморска историја.

Кластерите можат да произлезат и благодарение на ***необичната, софистицирана или влијателна локална побарувачка***. Така, израелскиот кластер за иригациона опрема и напредна земјоделска механизација е рефлексија на желбата за самозадоволување на потребата од храна, како и на недостатокот од вода и исклучително неповолните климатски услови за производство на храна.

Сродните индустрии, па дури и самите ***сродни кластери*** понекогаш можат да претставуваат поволна почва за раѓање на нов кластер. Пример за ова би бил кластерот за опрема за голф во Сан Диего кој своето постоење го должи на Јужнокалифорнискиот авионски кластер кој создал синџир на добавувачи на лиени производи и подобрени материјали, но и инженери со соодветно искуство во технологиите за напредно производство.

Нови кластери можат да се формираат благодарение на една или повеќе ***иновативни компании*** кои го стимулираат раѓањето на многу нови

компании. На таков начин МЦИ и Америка Онлајн (MCI и America Online) станале средиште и го предизвикале формирањето на нови телекомуникациони компании во областа на Вашингтон ДЦ (Washington DC).[17]

***Случаен фактор*** понекогаш може да го предизвика формирањето на кластерите, а не ретко истите се формираат благодарение на иницијативи на креаторите на економската политика во кој случај опасноста од недоволната самосвест и самоорганизација може да го доведе во прашање развојот, па дури и опстанокот на формираниот кластер.

Во секој случај, не постојат прецизно утврдени правила за начините за активирање на кластерската формација. Теоретичарите ги категоризираат најчесто во **три основни процеси на кластерска формација** и тоа:

- ***Инженеиран или одозгора надолу – (top down)*** за кој иницијален катализатор може да биде поволност за инвестиции, динамичен лидер или регионална/национална економска криза. Генералниот пристап следи: формирање или развивање на социјален капитал за да ја поддржи кластерската идеја, одржување или воспоставување на механизми за изградба на доверба, формулирање на визија и стратегија и преземање на акција. Во Европа, главно политичарите го предводат овој процес, додека во САД, приватните лица. Во земјите во развој, пак, често владата, мултилатералните организации или некои други донаторски организации вообичаено го предводат овој процес.
- ***Органски или одоздола нагоре (bottom-up)*** е предизвикан од повеќе фактори меѓу кои: повеќе актери во соработката меѓу фирми, зајакнување на регионалните врски и воведување на поддржувачки рамковни услови. Овие кластери иницијално покажуваат спонтан развој во насока на воспоставување на врски и заеднички стратегии. Континуирана соработка дава платформа за почнување на процесот на структурно развивање на кластерот, како што интензитетот на

[17] Michael Porter, *Clusters and the Economics of Competition,* Harward Business Review, 1998, Vol 76, Issue 6, Pg. 77

врските во рамките на кластерот креира чувство на идентитет. Неформалните врски се формализираат и резултираат во проактивни кластерски акции.

- *Реинжениран процес* којшто претставува хибрид на двата претходно спомнати се јавува кога потенцијално конкурентен кластер ја губи силата за прогрес како резултат на некоја одлучувачка причина: клучните врски се раскинати или нестабилни или, пак, опкружувањето ја блокира неговата динамика. Во таков случај, потребна е корективна акција преку повторно воспоставување на врските во кластерот, благонаклоност на опкружувањето или преку нова визија и стратегија за развој на кластерот. Меѓународните организации во неколку случаи го практикувале реинженирањето на кластерите во земјите во развој каде што традиционалните кластери денес се предмет на притисок од недостаток од ресурси и интензивна конкуренција однадвор.

И откако е формиран кластерот, самоподржувачкиот циклус го поттикнува неговиот развој, особено кога локалните институции се стимулативни, а локалната конкуренција е интензивна. Како што се проширува кластерот, така расте и неговото влијание и се зголемува интересот на владините и останатите јавни институции. Растечки кластер сигнализира нови можности и го привлекува вниманието на претприемачите - се појавуваат специјализирани добавувачи, се акумулира знаење и информации, локалните институции развиваат специјализирани обуки, истражувања и инфраструктура што придонесува за зајакнување и поголема популарност на кластерот. Евентуално, кластерот се шири за да ги опфати и сродните индустрии. Бројни студии сугерираат дека на кластерите им е потребно повеќе од десет години за да се стекнат со потребната длабочина и реална конкурентна предност.

Индустриските кластери можат да се формираат иницијално неформално, но кластерите растат благодарение на користите што ги добиваат фирмите од неговото постоење. Се смета дека развојот на кластерот доведува до користи кои за возврат го поттикнуваат зголемениот раст на кластерот. Не може, а да не се спомне дека

кластерите растат и се развиваат, исто така, благодарение на проактивната владина политика што креира поволно економско опкружување во функција на поддржување на вака поврзаните бизниси. Во современи услови на глобализација и висока мобилност на факторите за производство, кластерите се клучна карактеристика на секоја национална, регионална, локална економија, а особено во развиените земји.

**Графикон 2: Кластерска пирамида**




**Интегрирани кластери**

Извор: Akundi, 2003

Кластерите континуирано еволуираат онака како што компаниите или индустриите се раѓаат или опаѓаат, и онака како што локалните институции се развиваат или менуваат. Иако истите можат да ја задржат својата конкурентна позиција со декади, сепак под влијание на екстерни и

интерни фактори можат да ја загубат својата конкурентна сила. Една од најзначајните ***екстерни закани*** се секако технолошките промени бидејќи истите можат симултано да ги неутрализираат сите фактори на конкурентна предност. Во тој случај стануваат ирелевантни стекнатите пазарни информации, обучената високостручна работна сила, научната и техничката експертиза, како и воспоставените врски со добавувачите. Промените во пазарната побарувачка во смисла на дивергенција помеѓу локалната побарувачка и побарувачката во светот претставува уште една значајна екстерна закана. Но, кластерите се подеднакво осетливи и на ***интерните закани*** меѓу кои: попречувања на конкуренцијата што директно влијае на локалното ривалство (картели, договарање на цени и сл.), регулаторната нефлексибилност, силното влијание на синдикатите што може директно да влијае на продуктивноста, нереформираниот образовен систем кој продуцира слаб кадар и сл. Доколку компаниите во рамките на кластерот имаат тенденција да се фокусираат на самите себе, целиот кластер страда од колективна инерција, што ги прави компаниите неспособни за прифаќање на нови идеи, уште повеќе ги прави неспособни да ја препознаат потребата од радикални иновации.

Од горенаведеното може да се заклучи дека постои општоприфатено генерално мислење дека кластерите покажуваат животен циклус, што кореспондира на "теоријата за животен циклус на производот" и "теоријата за животен циклус на индустријата". Тргнувајќи од **степенот на развој**, најголемиот број студии ги групираат истите како:

- ***Потенцијален*** - во регионот се присутни поголем број на компании и останати актери;
- ***Ембрионален*** – или кластер во фаза на раѓање – бројните актери во агломерацијата почнуваат соработка околу основната активност и реализираат одредени предности благодарение на поврзаноста;
- ***Растечки*** – нови компании и останати актери се привлечени во кластерот, се развиваат нови врски. Може да се појави брендирање, воспоставување на веб-страница или слична заедничка препознатливост за регионот или активностите на кластерот.

- *Зрел* - има постигнато критична маса на актери и има развиено врски надвор од кластерот со други региони, сектори, кластери. Постои внатрешна динамика на формирање на нови бизниси, вклучително комплетно нови фирми (*start-ups*), заеднички вложувања (*joint ventures*) или независни бизниси како резултат на активностите на кластерот (*spin-off-s*) ;
- *Опаѓачки/трансформиран кластер* - како што се менуваат пазарните трендови, технологии и процеси, така се наметнува потребата од адаптација на кластерот кон новите ситуации преку промени и иновации за да се избегне стагнацијата или ултимативно опаѓањето на кластерот. Трансформацијата може да биде во форма на создавање на еден или повеќе нови кластери кои се фокусираат околу други активности, или пак едноставно, промена во начинот на кој производите и услугите се произведуваат и се дистрибуираат.

### *1.1.3. Цели, значење и функции на кластерите*

Во услови на глобализација на светската економија, кластерското вмрежување на фирмите им помага во соочувањето со предизвиците на силната конкуренција. Овие врски им овозможуваат на фирмите да остварат економија од обем и редуцирани трансакциски трошоци, а благодарение на географската близина и интензивните интеракции, најчесто базирани на доверба. Локализираната економија ги редуцира трошоците, благодарение на расположливата специјализирана стручна работна сила и бизнис услугите, јавните инвестиции наменети за задоволување на определени специфични секторски потреби, како и финансиските пазари насочени кон излегувањето во пресрет на барањата на кластерски вмрежените стопански субјекти. Соработката и меѓусебната конкуренција помеѓу фирмите во кластерот која придонесува за тоа истите да учат едни од други, да развиваат посебни локални познавања, како и да создаваат процес на размена на знаења и информации (*spill over*), ја имплицира идентификацијата на кластерот како мотор на иновативноста. Воведувањето на нови технологии е стимулирано

не само од елементот на конкурентноста, туку и од можноста за поделба на трошоците помеѓу фирмите од кластерот. Конкурентната предност честопати поврзувана со кластерите не се лимитира само на фирмите кои се дел од истиот, туку се рефлектира врз вкупната регионална, т.е. национална конкурентност.

***Кластерите промовираат конкуренција и кооперација.*** Ривалските фирми се натпреваруваат интензивно за да придобијат и задржат клиенти, што го одржува опстојувањето на кластерот. Сепак, за успешно функционирање на кластерот неопходна е и кооперацијата и тоа најчесто на вертикална основа помеѓу сродни индустрии и локалните институции. Конкуренцијата коегзистира паралелно со кооперацијата бидејќи истите се реализираат низ различни димензии и преку различни учесници. Кластерското вмрежување ги надминува проблемите од нефлексибилноста во вертикалната интеграција, како и предизвиците на менаџментот при формирањето на формални врски како што се мрежите, алијансите или партнерствата. Кластер од независни и неформално поврзани компании и институции претставува силна организациска форма којашто предизвикува предности во ефикасноста, ефективноста и флексибилноста.

Се поставува прашањето зошто кластерите се формираат и уште повеќе на кој начин кластерското вмрежување придонесува за подобри економски перформанси. Секако дека краток одговор би бил дека фирмите наоѓаат определени предности во кластерирањето кои инаку не би им биле достапни. Сепак, вистинскиот одговор на факторите кои го придвижуваат кластерирањето на фирмите ќе го извлечеме преку анализа на таканаречените ***микро-столбови на кластерот.*** Еден фактор или комбинација на повеќе фактори може или да го придвижи формирањето на кластерот или пак да игра важна улога во различните развојни фази од неговиот животен циклус.

- *Создавање на резерва од специјализирана работна сила.* Една од основните предности кои ги дава кластерското вмрежување на фирмите е создавањето силен пазар на тесно специјализирана и високостручна работна сила. Ова креира предности за фирмите кои

се во можност да регрутираат високоспособна работна сила во секое време, а може да доведе и до тесна специјализација што продуцира поголема ефикасност.

- *Присуство на специјализирани добавувачи.* Кластерското вмрежување на фирмите може да ги стимулира локалните добавувачи да најдат економска оправданост во набавката на скапа опрема и механизација со цел тесно специјализирано производство заради задоволување на побарувачката на индустријата. Во индустриите коишто се изложени на чести технолошки промени во инпутите и опремата, тесно специјализираните добавувачи ќе најдат интерес да им излезат пресрет на фирмите соочени со овие предизвици.
- *Трансфер на знаењето.* Концентрација на поголем број стручни лица кои се занимаваат со сличен збир на економски проблеми продуцира преносливо знаење за индустријата и нејзиното функционирање. Кластерите создаваат атмосфера во која економските актери со комплементарни, а сепак двосмислени и некомплетни информации преку партнерство можат да извлечат заедничка корист од истите. Инвенциите и унапредувањето на работниот процес, опремата, како и целата бизнис организација се преносливо знаење; идеите се надградуваат и создаваат основа за нови, унапредени идеи.
- *Претприемништво.* Кластерите, благодарение на присуството на мрежа од фирми кои ја унапредуваат претприемачката атмосфера можат да ги поттикнат индивидуите да почнат нови бизниси, како и сопствениците на постоечките бизниси да преземаат нови вложувања. Постоењето на сродни економски активности може да се смета за една од претпоставките за формирање на нови бизниси.
- *Социјални интеракции помеѓу економските актери.* Различните културни вредности, втемелени во социјалните системи во чии рамки функционираат кластерите, играат важна улога во обликувањето на економското однесување во смисла на преземање ризици, кооперација или споделување на информации.

- *Локалната побарувачка.* Формирањето на кластерите може да биде резултат на желбата на фирмите да бидат близу до пазар кој се карактеризира со голема побарувачка. Разликите во вкусовите и преференциите можат да бидат исто така фактор кој може да го стимулира формирањето на кластерот на определена локација.

Интересно е да се забележи дека првите три од наведените микро-столбови: создавање на резерва од специјализирана работна сила, присуство на специјализирани добавувачи и трансфер на знаењето ги претставуваат трите основни цели на кластерирањето според Алфред Маршал.[18]

Секако дека крајната цел на формирањето на кластерите ќе биде *раст на продуктивноста на фирмите преку зголемена иновативност, а како резултат на интензивна и повеќедимензионална соработка, што, пак, ќе доведе до унапредување на конкурентноста.* Економските практичари денес ги перципираат кластерите како средство за зајакнување на конкурентските позиции на националната економија, на регионално и локално ниво особено во новата ера на глобализацијата која наметнува нови предизвици во услови на слободна трговија и непречено движење на стоки, услуги и капитал. Улогата на кластерите во подобрувањето на локалниот и регионалниот развој ќе биде разгледана подолу во трудот, откако ќе го дефинираме локалниот и регионалниот економски развој и ќе ја објасниме теоретската оправданост на концептот преку Портеровиот дијамант на конкурентни предности.

Крајната цел на формирањето на кластерите е раст на продуктивноста на фирмите по пат на зголемена иновативност, а како резултат на интензивната и повеќедимензионална соработка.

### 1.2. Односот помеѓу кластерите и синџирите за снабдување

И додека самата дефиниција за кластерите подразбира географско и секторско поврзување на фирми, специјализирани снабдувачи,

[18] Joseph Cortright, "*Making Sense of Clusters: Regional Competitiveness and Economic Development*", The Brookings Institution Metropolitan Policy Progam, March 2006, pg. 18

универзитети и развојни и истражувачки институции, се поставува прашањето дали географската димензија е клучна детерминанта за успешно кластерско вмрежување. Прашањето е особено актуелно во услови на глобализација и засилени техничко - технолошки промени кои во значителна мерка ги менуваат условите за економско делување и во услови кога интернет револуцијата наметнува модифицирани и унапредени модели на бизнис комуникација.

Се поставува прашањето дали во услови на глобализација, географската концентрација или географската диверзификација на производството е пооправдан модел на економско делување. Во таа насока потребно е да се разбере повеќедимензионалноста на кластерскиот пристап и потребно е да се прифати кластерското вмрежување повеќе како филозофија на економското дејствување во рамките на која фирмите ги подобруваат своите перформанси врз основа на соработка, конкуренција, флексибилност и специјализација. Успешни кластери се формирале околу иновативни претпријатија, често мултинационални компании, или, пак, развиени и големи фирми, околу истражувачки центри во рамките на технолошките паркови или технолошко-развојни зони, понекогаш истите претставуваат географска концентрација на мали и средни претпријатија од сродни индустрии (хоризонтални кластери), а понекогаш концентрација на фирми од синџирот добавувачи (вертикални кластери).

Географската концентрација е важна од аспект на позитивните ефекти од близината на фирмите или таканаречениот ефект на екстерни економии, но во многу случаи географската дисперзираност не претставувала пречка за секторско вмрежување на индустриите во насока на формулирање на стратегија за заеднички акции и остварување на ефектите од колективната ефикасност. Географската концентрација на фирмите може да претставува основа за локален и регионален развој, при што процесот на децентрализација на власта овозможува иницирање и финансирање на кластерските вмрежувања на локално и регионално ниво, но, вертикалното поврзување на фирмите преку формирање на синџир на

снабдување е исто така многу чест пример за кластерско вмрежување што ја релативизира важноста на локализирањето на кластерот.

Во таа насока се поставува прашањето за врските помеѓу кластерското вмрежување и синџирите за снабдување. Секоја економија базирана на знаење ги има ставено во фокусот на своето внимание синџирите за снабдување и индустриските кластери, со оглед на фактот дека иако од различен аспект, и двата концепта придонесуваат за јакнење на конкурентноста и регионалниот развој на националните економии. Веќе спомнавме погоре дека основата на кластерскиот концепт лежи во неформалниот трансфер на знаење и информации што е овозможено благодарение на повеќедимензионалните врски формирани во рамките на кластерот. Токму трансферот на информации во функција на јакнење на конкурентните позиции е во основата и на теоријата за синџирите за снабдување. Разликата помеѓу двата теориски модели е во пристапот. Така, додека пристапот на индустриските кластери е повеќе макроекономски и се фокусира на соработката помеѓу партнерите во рамките на една индустрија, пристапот на синџирите за снабдување е повеќе микроекономски и се фокусира на размената на информации помеѓу компании кои се во рамките на ист производен синџир.

И додека традиционалната литература за кластерите се фокусира на внатрешната структура, врските и динамиката на индустриските кластери, теоријата за синџирите за снабдување нуди рамка која што ја вклучува улогата на надворешните врски во кластерот. (*Sammara and Belussi 2009, Humphrey and Schmitz 2002*) Се смета дека овој пристап е неопходен во услови на ефектите кои засилената глобализација ги има врз кластерот во последната декада. Хемфри и Шмиц (Humphrey и Schmitz) сметаат дека кластерската теорија во минатото главно се фокусирала на соработката на локално ниво, додека теоријата за синџирите за снабдување ги истакнува врските со надворешниот свет, давајќи помалку значење на локализацијата на кластерите. Поточно, глобалната теорија за синџирите за снабдување навлегува во истражување на интеракцијата помеѓу глобалните вредносни синџири и локално формираните кластери, што

говори за еволуцијата на кластерскиот пристап, поттикнат од промените во економските односи и пазарни услови. [19]

**Графикон 3: Синџирот за снабдување во контекст на кластерското вмрежување**




Извор: P.Sureephong, N.Chakpitak, L.Buzon, A.Bouras, *Cluster development and knowledge exchange in supply chain*, 2008, Lyon France, pg. 2

Иако останува заклучокот дека теориските претпоставки за кластерското вмрежување и синџирите за снабдување говорат за суштинска разлика помеѓу двата концепта, особено земајќи ја предвид просторната детерминанта и системот на управување, сепак, постојат многу детерминанти кои говорат за преплетеноста и меѓусебната зависност на двата концепта. **Разликите, особено од формален и содржински карактер,** можеме да ги сумираме во следното:

- ***Просторната димензија.*** Така додека синџирите за снабдување имаат интер-регионална, па дури и глобална димензија што подразбира интер-културно управување со истите, кластерите повеќе се идентификуваат со локалната или регионалната димензија, што претпоставува култура на локално управување;
- ***Системот на размена на информации***. Додека кластерите се карактеризираат со неформален пренос на информации со цел

[19] L.L. Halse and O.Bjarnar, *Cluster Transformation from a Supply Chain Perspective: Theoretical Models and The Case of The Maritime Cluster in Mid-West Norway*, Newcastle 2011, pg.6

постигнување на конкурентски предности, кај синџирите за снабдување размената на информации се базира на современи информатичко-комуникациски решенија вклучувајќи го и Интернетот;

- ***Конкурентскиот притисок.*** Кај синџирите за снабдување иновативниот притисок доаѓа главно од ривалите надвор од мрежата, со оглед на фактот дека технолошките решенија во рамките на синџирот нудат прецизна поделба на работите и не дозволуваат непредвидливо однесување. Кластерите сосем спротивно, се карактеризираат со силна конкуренција внатре во рамките на кластерот, која, пак, претставува двигател на иновативниот капацитет на фирмите членки.

Сепак, иако со различни карактеристики, појдовната основа на двата модела е максимизирање на користите на индивидуалните субјекти во рамките на системот, со што ќе се унапреди конкурентноста на индустријата врз основа на соработка и интеграција, што директно се потврдува низ процесот на операционализација на теоријата (екстерни економски ефекти, преплетениот механизам на конкуренција и соработка, специјализирано флексибилно производство, култура базирана на доверба и сл.). **Врските помеѓу кластерите и синџирите на снабдување** особено се рефлектираат на следните аспекти:

- ***Фирмите во рамките на кластерот и во рамките на синџирот на снабдување претставуваат ентитет.*** Така, додека синџирот за снабдување се карактеризира со постоење на функционални врски помеѓу фирми кои координирано извршуваат специјализирани задачи под заедничко управување, во исто време истите фирми можат да бидат интегрален дел од индустриски кластер. Од друга страна, кластерот го сочинуваат фирми кои ги карактеризира тесна специјализација или, пак, тесно поврзани фирми во синџирот на вредности, што значи дека индустрискиот кластер претставува селектиран сет од синџири на снабдување;

- ***Индустрискиот кластер претставува географска концентрација на синџирот на снабдување.*** Доколку синџирот на снабдување е распространет на повеќе просторни локации, индустрискиот кластер во таа смисла би претставувал локална концентрација на еден или повеќе синџири на снабдување во определен простор, иако, во пракса, скоро е невозможно да се претпостави дека синџирот на снабдување би можел да биде концентриран на една локација;
- ***Индустрискиот кластер обезбедува солидно опкружување за квалитетен развој на синџирот за снабдување.*** Врските кои се создаваат помеѓу фирмите во рамките на кластерот обезбедуваат здрава средина за развој која ја карактеризира соработка во делот на логистиката, протокот на информации и капитал. Во рамките на кластерот, фирмите споделуваат индустриска инфраструктура, човечки ресурси и менаџерски знаења, што претставува солидна оперативна средина за подобрување на перформансите на синџирот за снабдување;
- ***Индустриските кластери ја поттикнуваат соработката и размената на информации помеѓу сите членки на синџирот за снабдување.*** Географската концентрација на фирми во рамките на кластерот создава единствена мрежа на врски, знаење и културна атмосфера, но и платформа за регионална размена на информации. Фирмите во рамките на кластерот се обединуваат околу заеднички интереси, поттикнувајќи ја на тој начин соработката помеѓу фирмите во рамките на синџирот за снабдување. Таквата соработка ги обединува добавувачите, потрошувачите, па дури и конкурентите во синџир на снабдување во кој ќе се споделуваат вештини и ресурси, мултиплицирајќи ги на тој начин позитивните ефекти од интер-фирмската соработка;
- ***Индустриските кластери ги намалуваат трансакциските трошоци помеѓу фирмите и ја подобруваат оперативната ефикасност на синџирот на снабдување.*** Како резултат на

системот на соработка воспоставен во рамките на кластерот, вообичаена е примената на исти институционални стандарди, а кога на тоа ќе се додаде и високото ниво на доверба кое се негува, што ветува исполнителност на договорите и следствено пониски брокерски или договорни трошоци, трансакциските трошоци се значително смалени, што секако води кон подобрена оперативна ефикасност на фирмите во синџирот за снабдување. Уште повеќе, кластерот со своите силни врски ужива добра репутација и кај поддржувачките институции, особено кај финансискиот сектор, што претставува уште еден позитивен сигнал за фирмите од синџирот за снабдување;

- ***Квалитетниот развој на синџирот за снабдување води кон подобрување на кластерските перформанси.*** Иако е вообичаено за фирмите со хоризонтални врски во синџирот на вредности да конкурираат меѓу себе и на тој начин да бидат поттикнати да иновираат, дури и фирмите со вертикални врски во синџирот на вредности се поттикнати на соработка со оглед на фактот дека нивната профитабилност и статусот во синџирот за снабдување е во директна зависност од способноста за иновирање. Оваа регулаторна функција на синџирот на снабдување да обезбедува соработка, но и конкуренција во исто време, влијае на вкупната конкурентност на индустрискиот кластер.[20]

Резимирано, единствената врска помеѓу синџирите за снабдување и кластерите ги прави способни да коегзистираат на еден симбиотичен начин и да се поддржуваат во својот развој. Токму врската помеѓу синџирите на снабдување и индустриските кластери дава решение за бројни проблеми од типот на недостиг на ресурси кај традиционалните претпријатија, парадоксот на неусогласеност на производството со пазарната побарувачка и слично, што само го потврдува значењето на ова

[20] X. Han, *Research on Relevance on Supply Chain and Industry Cluster*, International Journal of Marketing Studies, Vol. 1, No 2, China, November 2009, pg. 128-130

врска за економскиот развој и подобрувањето на конкурентноста на регионалната и локалната економија.

### 1.3. Поимно дефинирање на регионалниот и локалниот економски развој

Во услови на глобализација на светската економија и промените кои во последните декади ги обликуваат економските и социјалните текови, во услови кога процесот на децентрализацијата им ја зголемува одговорноста на локалните власти за унапредување на животниот стандард за своите граѓани, паролата "мисли глобално, делувај локално" добива на својата актуелност. Создавањето на конкурентно способна национална економија која успешно ќе се соочува со предизвиците кои ги носат забрзаните техничко - технолошки промени, пак, подразбира координација на политиките на централно, регионално и локално ниво во функција на создавање на квалитетно бизнис опкружување кое ќе биде во функција на растот на продуктивноста и иновативноста на стопанските субјекти. Од перспектива на новиот концепт на економски развој, кој ги уважува глобалните трендови на транснационализација и децентрализација на економијата, развојните проблеми во глобалната економија сè повеќе се артикулираат во зависност од потребите на базата (пристап одоздола нагоре). Токму овој пристап кореспондира и со политиката на Европска Унија за децентрализација на моќта на државите и интегрална соработка на регионите, артикулирана во Лисабонската стратегија каде што регионалниот развој се посочува како битен фактор за рамномерниот економски развој и социјалната кохезија на Унијата. Локалните и регионалните власти се ставени пред нов предизвик во услови кога развојот е директно детерминиран од знаењето и иновативноста, што подразбира вмрежување и партнерства на хоризонтално и вертикално ниво и следствено формулирање на интегрирани политики во функција на создавање на квалитетно локално и регионално милје за одржлив економски развој. Новата парадигма на развојот подразбира раст на конкурентноста на локално и регионално ниво, што претпоставува концепирање на локални индустриски политики во функција на

подобрување на иновативната база, подобрување на капацитетите на регионите и локалните заедници да создаваат нови вредности, да апсорбираат нови знаења со крајна цел - подобрување на конкурентските позиции. (*Cooke et al., 1996; Asheim, 1996; Howells, 1996*) Глобализацијата е генерален процес, но развојот се случува конкретно во локалните заедници. Раст и развој остваруваат земји кои ќе успеат да ги трансформираат локалните компаративни предности во глобални конкурентски предности.

Во продолжение следи поимно дефинирање на локалниот и регионалниот економски развој, како и детерминантите за успешно развивање на стратегии и формулирање на мерливи индикатори во функција на одржлив локален и регионален економски развој. Посебно внимание ќе биде посветено на Портеровиот дијамант како аналитичка алатка за мерење на квалитетот на бизнис опкружувањето на одредена локација, што ќе претставува теоретска основа за следното поглавје од трудот во кој ќе биде анализирана улогата на кластерското вмрежување во локалниот и регионалниот економски развој.

### 1.3.1. *Поим за локален и регионален економски развој*

Секоја локална заедница или регион поседува единствени локални предуслови кои можат да го помагаат или кочат нејзиниот развој. Овие локални атрибути ги формираат темелите на кои се градат локални и регионални стратегии на развој, со цел да се подобрат конкурентските позиции. Да се изградат поволни конкурентски позиции на глобално ниво подразбира способност на локалните заедници и регионите да ги согледаат своите силни страни, слабости, можности и опасности со крајна цел да ги претворат своите подрачја во атрактивни за бизнис и претприемништво, нови работни места и странски директни инвестиции. И додека конкурентската предност на одредена локација или регион е во директна зависност од присуството на стопански субјекти кои се способни да остварат конкурентска предност во форма на пониски трошоци или диференцирани производи кои диктираат премиски цени, локалните и

регионалните власти имаат директна одговорност во создавање на поволно бизнис опкружување кое ќе обезбеди непречени услови за раст и развој. Локалниот и регионалниот економски развој подразбираат партнерство помеѓу стопанските субјекти и властите на локално и регионално ниво со цел остварување на интересите и на бизнис заедницата и на локалната заедница воопшто.

Воопштено, локалниот економски развој претставува современ пристап кон развојот кој подразбира интегрирани и заеднички напори на сите засегнати страни, вклучувајќи го приватниот, јавниот и невладиниот сектор во насока на создавање на подобри услови за економски раст и создавање на нови работни места. По пат на овој процес се воспоставува и се одржува динамична претприемачка култура, се создава нова заедница со предуслови за благосостојба и подобрен квалитет на животот за сите во рамките на заедницата. Во таа насока, за разлика од традиционалниот пристап на економски развој кој подразбира менаџирање на развојот одозгора надолу (*top-down*), локалниот економски развој се карактеризира со повеќедисциплинарен пристап во кој носителите на развојот се локалните заедници, области или региони преку нивните активности или пристап одоздола нагоре (*bottom-up*). Во ваков случај микроекономските мерки на локално ниво се надополнуваат на макро економските мерки на национално ниво за да обезбедат одржлив економски развој. Локалните економско - развојни стратегии го промовираат локалниот дијалог и им овозможуваат на луѓето да бидат проактивни; помагаат во зајакнувањето на институционалните капацитети на локално ниво во функција на развојот; ги прават економските активности зависни од компаративните предности на специфична територија; генерираат развој предводен од фирмите кои стануваат поспособни да ги поднесат промените во глобалните економски текови.

Да се работи на локалниот економски развој значи да се работи на градење на економска конкурентност на локалното подрачје со цел подобрување на неговата економска иднина. Од круцијална важност е давањето на приоритет на локалното стопанство и зголемување на конкурентноста, со оглед на фактот дека успехот на заедницата денес сè

повеќе е во директна зависност од нивната способност за прилагодување кон пазарното опкружување кое сè почесто се менува и во кое конкуренцијата станува сè посилна.

Мултидисциплинарниот пристап на локалниот економски развој се состои во потребата од вклученост на бројни дисциплини меѓу кои физичкото планирање, маркетингот и економијата, сè со цел зајакнување на економските капацитети на локалната заедница или регион. Следствено, локалниот економски развој подразбира преземање на различни функции од страна на локалните/регионалните власти и приватниот сектор вклучувајќи ги следните: планирање на животната средина, бизнис развојот, инфраструктура, развој на секторот за недвижности и финансискиот сектор.

Интересот за локалниот економски развој особено почнува да расте во 1970-тите кога локалните власти сфатиле дека мобилниот капитал се сели надвор од нивните јуриздикции, што директно ги загрозило нивните стопански темели и темелите за вработување. Со активни истражувања на нивната економска основа, анализирање на пречките за раст и инвестиции, локалните власти биле во потрага по нови начини за зголемување на својата економска база и вработеноста. Денес уште повеќе од 1970-тите години локалните заедници се соочуваат со предизвици кои можеме да ги групираме на следниот начин:

> Предизвиците со кои се соочуваат локалните власти во креирањето на локалните развојни политики се:
> - Меѓународни - мултилатералните корпорации се во потрага по нови, поволни локации
> - Државни - макроекономската и монетарната политика ги даваат основите за обликување на локалните политики
> - Регионални - регионите се во континуирана борба за привлекување на странски инвестиции
> - Локални - одлуката за инвестирање е во директна зависност од локалните конкурентни предности

- ***Меѓународни.*** Глобализацијата ги менува конкурентските односи, создавајќи нови импулси во трговските, инвестициските и финансиските текови. Така, додека

локалните фирми се соочени со можноста за настап на глобалниот пазар, во исто време се притиснати од конкуренцијата однадвор, под влијание на слободните трговски текови. Мултилатералните корпорации, следејќи ја логиката на рентабилност, се селат на нови локации, префрлајќи дел од своите производни, услужни или управувачки дејности. Технолошки напредните индустрии бараат специјализирани вештини и технолошка инфраструктура. Локалните услови можат да креираат предности во заедницата и на тој начин да привлечат нови и да ги задржат постоечките инвестиции;

- ***Државни.*** Макроекономските и монетарните политики влијаат на локалните заедници. Државната регулатива ги создава макроекономските рамки за економското делување, што локалните власти мораат да го перципираат во процесот на формулирање на стратегии за локален економски развој. Од друга страна, процесот на децентрализација кој е карактеристика во глобални рамки, им ги зголемува надлежностите на локалните власти и им дозволува голема независност во конципирање на локален економски развој кој ќе соодветствува на локалните предуслови.
- ***Регионални.*** Локалните заедници во рамките на регионите се во континуиран натпревар да привлечат што повеќе инвестиции, и тоа како странски, така и домашни. Соработката помеѓу овие заедници може да биде многу корисна во процесот на економски развој, не само за регионот, туку и за самите заедници поединечно.
- ***Локални.*** Одлуките за лоцирање на инвестициските активности најчесто се во директна зависност од неколку фактори: развиената локална/регионална инфраструктура, расположлива способна и вешта работна сила, но и можностите за образовна надградба во смисла на дополнителна едукација и обуки, квалитетот на урбанизација

(што подразбира достапност или недостапност до електрична енергија, вода, канализација, телекомуникации и урбанизирано земјиште), сигурноста, јавниот транспорт и сл. Една од најефикасните мерки што општинските власти можат да ги преземат во насока на подобрен локален економски развој е олеснување на процедурите за почнување бизнис, мерка која ѝ помага на локалната заедница да го добие атрибутот “атрактивна бизнис локација”.[21]

Почнувајќи од 1960-тите, локалниот економски развој поминал низ неколку бранови на сопствена еволуција во чии рамки економските теоретичари и практичари ги развивале своите сознанија за успешните и неуспешните инструменти, програми и политики. Иако денешниот локален економски развој минал низ секој од овие бранови на еволуција, и денес се наоѓа во третата развојна фаза, елементи од секоја поединечна фаза се провлекуваат и сè уште се практикуваат.[22] Она што е интересно да се забележи во графиконот кој ја прикажува генезата на локалниот економски развој е тенденцијата на локалните власти да креираат поволно бизнис опкружување за сите индустрии, без таргетирано насочување на средствата кон одредени индустрии што била карактеристика на изминатите години. Следствено, инструментите на локалниот економски развој се насочуваат кон поттикнување на соработката и вмрежувањето што ќе биде подетално разгледано подолу во трудот каде што ќе биде анализирана улогата на кластерите во локалниот и регионалниот економски развој.

Она што е многу важно да се забележи во процесот на поимното дефинирање на локалниот и регионалниот економски развој е дека истите се инклузивни и го надополнуваат економскиот развој на националното стопанство. Подобрувањето на капацитетите на локалната или регионалната економија да креира богатство за своите локални резиденти, преку попродуктивно искористување на расположливите ресурси, води кон зголемена вработеност, поттикнато претприемништво и странски

---

[21] Светска банка, Одделение за урбан развој, *Локален Економски Развој, Краток Прирачник, Вашингтон, Мај 2001, стр. 1-4*

[22] A. Socholovschi, S. Uzelac, *Local Economic Development Strategies, USAID, May 2005, pg. 3*

директни инвестиции, што секако води кон подобрување на конкурентската способност на националната економија. [23]

**Графикон 4: Генеза на локалниот економски развој**

| **Фокус** | **Инструменти** |
|---|---|
| **1960-ти - 1980-ти** | |
| Привлекување на мобилни производни инвестиции од надворешни локални подрачја;<br>Привлекување на странски директни инвестиции;<br>Давање на инвестиции за цврста инфраструктура (само јавниот сектор) | Големи неповратни средства, даночни ослободувања, субвенционирани заеми за производни инвеститори;<br>Субвенционирани вложувања во цврста инфраструктура;<br>Смалени производни трошоци преку техниката на вработување на евтина работна сила. |
| **1980-ти - 1990-ти** | |
| Задржување и зголемување на постојните локални стопански гранки;<br>Постојан акцент на привлекување на инвестиции, но обично повеќе насочени кон конкретни сектори или од одредени географски подрачја (базирани на јавниот сектор) | Директни плаќања на поединечни стопански гранки;<br>Бизнис инкубатори, работни простори;<br>Техничка поддршка на мали и средни претпријатија преку советодавни услуги и обуки;<br>Поддршка за почнување на нови бизниси;<br>Инвестиции во тешка и лесна инфраструктура. |
| **Доцни 1990-ти** | |
| Целото бизнис опкружување се уредува да биде поволно;<br>Инвестиции во "лесна" инфраструктура (на пр. развој на кадри, регулаторна рационализација и сл.); | Сеопфатна стратегија која ќе обезбеди конкурентно локално бизнис опкружување и ќе стимулира раст на локалните фирми;<br>Вмрежување помеѓу заедниците и |

[23] T.J.Bartik, *Local Economic Development Policies*, Upjohn Institute for Employment Research, Michigen, Januari 2003, pg. 1

| | |
|---|---|
| Јавно-приватни партнерства;<br>Процена на инвестициите од приватниот сектор за јавно добро;<br>Целно привлекување на инвестиции, изградба на конкурентните предности на локалното подрачје (предводено од јавниот сектор). | соработка;<br>Помош на економски поврзани бизнис групации;<br>Развој на работната сила;<br>Нудење на помош за подобрување на животот. |

*Извор: Светска банка (www.web.worldbank.org)*

#### *1.3.1.1. Детерминанти на ЛЕР*

И додека стратегиите за локален и регионален економски развој имаат крајна цел подобрување на конкурентноста на локалната заедница/регион, исполнувањето на истите е детерминирано од повеќе фактори. Локалниот економски развој подразбира континуирано подобрување на инвестиционата клима и бизнис опкружувањето од страна на сите засегнати страни со крајна цел подобрување на конкурентноста, задржување на работните места и зголемување на приходите. Секако дека развојот на одредена локална заедница или регион е детерминиран од повеќе фактори од кои некои се фиксни и како такви не подлежат на промени, додека другите се варијабилни и подложни на промени.

И додека сите теоретичари се согласуваат дека да се зборува за детерминантите за локален економски развој значи да се зборува за факторите кои влијаат на конкурентноста на одредена локална заедница или регион и кои се применуваат во дизајнирањето на локалните економски стратегии, постојат повеќе поделби и

Основните детерминанти на локалниот економски развој се:

- Локација и природни ресурси
- Образование и демографска структура на население
- Бизнис опкружување
- Институционална инфраструктура
- Социјално-културен контекст (состојбата на свеста, претприемништво и сл.).

групирања на истите. Најзначајните фундаментални детерминанти на локалниот економски развој се:

- Локација и природните ресурси;
- Образование и демографска структура на населението;
- Бизнис опкружување;
- Физичка инфраструктура;
- Институционална инфраструктура и
- Социјално-културен контекст (состојбата на свеста, претприемништво и сл.).[24]

Се поставува прашањето колку локалните и регионалните власти се во можност да влијаат на позитивната промена на горенаведените детерминанти. И додека географската локација и природните ресурси се однапред предодредени и директно можат да претставуваат фактор за компаративна предност или недостаток на одредена локација или регион, сепак, на некои од горенаведените детерминанти може да се влијае и на пократок рок (5 до 10 години) и истите можат да се претворат во фактор за конкурентна предност на локалните заедници/региони (бизнис опкружувањето, образованието, инфраструктурата и сл.)

#### *1.3.1.2. Пристапи во локалниот економски развој*

Локалните заедници и региони одговараат на своите развојни потреби на повеќе начини, при што повеќе различни пристапи се во примена:

- Подобрување на локалната бизнис клима;
- Инвестирање во физичка инфраструктура;
- Инвестирање во бизнис инфраструктура;
- Инвестирање во мека инфраструктура (развој на човечки ресурси, институционална инфраструктура, регулаторна гилотина);
- Поттикнување на локалниот бизнис развој, поддршка на малите и средни претпријатија;

[24] B.Begovic, Z.Vacic, G.Matkovic, B.Mijatovic, *Lokalni ekonomski razvoj,* Beograd 2006, str. 56

- Поттикнување на претприемништвото;
- Промовирање на внатрешни инвестиции;
- Привлекување на надворешни инвестиции (домашни и странски);
- Поддршка на кластерското вмрежување;
- Таргетирано унапредување на одделни делови од градот;
- Подобрување на можностите за вработување на ранливите групи на граѓани и сл.

Конкуренцијата помеѓу различни региони и локални заедници значи дека конкурентската предност на локацијата служи како основа за развивање на економско-развојни програми. Следствено, при изработката на истите, локалните заедници и региони ги проценуваат своите конкурентски предности и недостатоци за да ги детерминираат соодветните интервенции и да ја дефинираат структурата на програмата.

### *1.3.1.3. Основни компоненти на локалниот економски развој*

Една студија на УСАИД идентификувала 10 клучни области кои треба да бидат предмет на анализа пред да се формулира локална и регионална економски развојна стратегија, соодветна на националната економска политика и стапката на економски раст. Првите пет области се основните компоненти на економскиот развој и тоа се следните:

1. Базични услуги;
2. Инфраструктура;
3. Финансиски менаџмент;
4. Децентрализирано управување со земјиштето;
5. Балансиран систем на управување;

Се препорачува програмскиот развој да не се фокусира на последните пет области, пред да бидат адресирани првите пет. Последните пет области се компоненти кон кои е насочен економскиот развоен програм. Областите се следниве:

6. Политичка волја/Стратешко планирање;

7. Советодавен тим/ Партнерство; Професионален кадар за локален/регионален економски развој;
8. Процена на бизнис можностите, задржување на бизниси;
9. Привлекување на нови бизниси и маркетинг;
10. Соработка со властите на национално ниво.[25]

#### *1.3.1.4. Економски индикатори за процена на локалниот/регионалниот економски развој*

Единицата за локален економски развој при Светската банка направи групирање на економски индикатори коишто локалните/регионалните власти и практичари можат да ги користат во процесот на процена на локалниот/регионалниот економски развој и изработката на плански стратешки документи. (*Swinburn et.al, 2004*) Индикаторите се групирани во четири главни категории на детерминанти на локалниот економски развој и тоа:

1. **Економска структура**. Во ова група спаѓаат индикатори коишто се фокусираат на големината и секторската структура на економијата на локалата заедница/регион како што се:
   - ***големината на економијата, секторската структура и специјализацијата*** (процентот на БДП секторски и во однос на националната економија, процентот на вработеноста во локални фирми наспроти странски директни инвестиции, процентот на вработеноста во приватниот, наспроти јавниот сектор);
   - ***извозна структура*** (процентот на извозни фирми, процентот во вкупниот извоз, главни извозни дестинации);
   - ***врски помеѓу фирмите*** (постоење на индустриски кластери);
   - ***бизнис структура*** (број на фирми по големина, секторска структура, профил на најдобрите компании во регионот);

[25] USAID, *Local Economic Development in Europe and Euroasia Region:Strategies that Work,* February 2005, pg. 4

- ***продуктивност*** (вкупна, на работната сила и на капиталот);
- ***инвестиции*** (број и големина на фирми од домашни инвестиции, процентот од странските директни инвестиции, инвестициите од дијаспората, вид на индустрија и сл.);
- ***иновациите*** (вложување во истражување и развој, како од јавниот, така и од приватниот сектор, број на патенти и сл.);
- ***претприемништво*** (број на нови бизниси, стапка на формирање на нови бизниси и сл.);
- ***неформална економија*** (пристап до финансии, врските со формалниот сектор и сл.).

2. **Локални ресурси.** Оваа група ги опфаќа индикаторите кои се фокусираат на територијално - специфични фактори коишто ја детерминираат конкурентноста, како што се:
   - ***природните ресурси*** (процентот на БДП, вработеноста и извозната стапка од примарниот сектор, индустрии кои се потпираат на природните ресурси, резерви од природните ресурси и тенденциите на нивно зголемување или намалување);
   - ***локацијата*** (густината на населението, просечните стапки на доход и дистрибуцијата на доходот);
   - ***пазарниот пристап*** (оддалеченоста од најразвиените региони, внатрешните пазари и клучните извозни пазари);
   - ***инфраструктура*** (транспорт, недвижности, комунална, финансиска, образовна, културна);
   - ***квалитетот на животот*** и
   - ***имиџот на локалната заедница или регион*** што директно може да влијае врз перцепцијата на потенцијалните инвеститори и нивната одлука за вложување;
3. **Човечки капитал.** Во ова група спаѓаат индикатори кои се фокусираат на:

- ***клучните демографски карактеристики*** на локалната популација и работната сила, вклучувајќи го и
- ***степенот на образование*** и
- ***структурата на вработеност***.

кои што во поново време станууваат клучни фактори кои ја движат локалната/регионалната конкурентност;

4. **Институции**. Оваа група ги опфаќа индикаторите кои се фокусираат на помеките детерминанти на конкурентноста, а во врска со квалитетот и ефективноста на властите и неформалните институции како што се:
   - ***владеење на правото*** (перцепцијата за довербата во правниот систем, безбедноста и сл.);
   - ***транспарентноста и отчетноста на властите***;
   - ***локално милје кое е во насока на поттикнување на бизнис развојот*** (постоење на институции за поддршка на претприемништвото, бизнис инкубатори, олеснителни процедури за регистрирање на бизниси, постоење на *one stop shop* услуги за инвеститорите, расположливост и достапност до информации и сл.);
   - ***претставнички институции*** (регионални стопански комори, синдикати, граѓански асоцијации и сл.);
   - ***доверба и соработка*** (доверба во институциите и перцепцијата за потребата од соработката помеѓу фирмите);
   - ***дистрибуција на средствата од буџетот*** (за социјални трансфери и сл.);
   - ***капацитет за решавање на внатрешни проблеми*** (штрајкови, број на изгубени работни денови и сл.).

Се смета дека оваа група на индикатори е најтешко мерлива.[26]

[26] World Bank LER unit, *Local Economic Development Primer*, 2004

| **Графикон 5: Индикатори за следење во рамките на групите детерминанти за Локален Економски Развој** | | | |
|---|---|---|---|
| **Економска структура** | **Локални ресурси** | **Човечки капитал** | **Институции** |
| Големина на економијата; Секторска структура и специјализација; Извозна структура Врски помеѓу фирмите (постоење на кластери); Структура на бизнисите; Продуктивност; Инвестиции; Иновации; Претприемништво; Неформална економија. | Природни ресурси; Локација и пазарен пристап; Инфраструктура - транспортна; Инфраструктура - недвижности; Инфраструктура - комунална; Инфраструктура - финансиска; Инфраструктура - образовна; Инфраструктура - културна; Удобности, квалитет на живот; Имиџ на локалната заедница/регион. | Демографска слика; Вработеност и приходи; Образование и вештини. | Владеење на правото (доверба во правниот систем, безбедност и сл.); Транспарентност и отчетност на властите; Локално бизнис поттикнувачко опкружување; Претставнички институции; Доверба и соработка; Дистрибуција на средствата од буџетот (за социјални трансфери и сл.); Капацитет за решавање на внатрешни проблем (штрајкови, број на изгубени работни денови и сл.). |

Извор: World Bank, *Understanding Your Local Economy*, www.worldbank.org/urban

### *1.3.1.5. Стратегии за локален економски развој*

И доколку погоре констатиравме дека локалниот економски развој значи оптимално користење на расположливите ресурси со цел обезбедување на одржлив економски раст на локалната заедница преку

процес на стратешко планирање кој го вклучува јавниот, приватниот, научно - истражувачкиот, академскиот и невладиниот сектор, тогаш квалитетно конципираните стратегии за локален економски развој ќе водат кон попродуктивно ангажирање на постоечките ресурси со крајна цел поттикнување на локалната/регионална конкурентност. Секоја стратегија за локален економски развој неминовно се фокусира на компаративните предности на локалната заедница, на постоечките или потенцијални пазари и на пречките или слабостите во рамките на локалната заедница. Вообичаено е истата да не биде насочена кон поединечни сектори на локалната економија, туку на вкупната економија на заедницата и регионот.

Постојат две главни стратегии за поттикнување на локалниот развој:

- **Привлекување на странски фирми** да инвестираат во одредена локална заедница, а преку поттикнувачки мерки кои локалната власт им ја дава на одредени фирми, како на пример, евтино земјиште, даночни поволности и сл. и
- **Поттикнување на локални групи од страна на локалните власти да развиваат бизниси**, и на тој начин да го забрзаат економскиот развој на заедницата. Оваа поддршка е обично еднократна бидејќи подоцна локалниот бизнис се стекнува со капацитет самостојно да ги проширува своите бизнис активности.

Една друга класификација е следнава:

- ***Поддршка на поедини фирми, било домашни или странски*** и
- ***Создавање на поволна инвестициона клима***, која е во корист на сите потенцијални инвеститори (домашни и странски).

Кој и да е пристапот, во основата на стратегијата за локален економски развој стои фактот дека капиталот е многу подвижен ресурс и дека може многу лесно да биде преместен во или надвор од локалната заедница, зависно од локалната бизнис клима, односно од успешноста на сите чинители на локално и регионално ниво да создадат поволна инвестициска клима.

### 1.3.2. *Портеровиот дијамант - кластерски пристап кон регионалниот и локалниот економски развој*

Погоре во трудот го дефинираве локалниот/регионалниот економски развој како способност на локалната заедница или регион да креира конкурентни предности во споредба со останатите локални заедници/региони во рамките на националната економија, но и во споредба со локалните заедници/региони надвор од границите на земјата. Се поставува прашањето како да се постигне конкурентска предност во услови кога глобализацијата наметнува висока мобилност на факторите за производство, а слободните трговските текови наметнуваат потреба од постојано унапредување на производството под влијание на силниот конкурентски притисок.

На почетокот на 90-тите години од 20-тиот век, Мајкл Портер од Харвардската бизнис школа ја развива теоријата на конкурентни предности која предизвика голем интерес кај економските теоретичари и практичари. [27]

Имено, Портер објаснува дека во традиционалните теории конкурентната предност во меѓународната трговија е предодредена од изобилство на фактори за производство како што се земјата, природните ресурси и трудот. Земјите остваруваат компаративни предности базирани врз факторите за производство во оние делови од индустријата коишто интензивно го користат изобилното природно богатство. Според него,

[27] Додека традиционалните економски теории предводени од Адам Смит и Давид Рикардо ја промовираат тезата дека секоја нација/регион/локална заедница е предодредена со фактори за производство (работна сила, земја, природни ресурси, капитал, инфраструктура) кои ја детерминираат нејзината положба во трговските и инвестициски текови, Мајкл Портер од Харвардската бизнис школа на почетокот од 90-тите години ја развива теоријата на конкурентни предности која предизвика голем интерес кај економските теоретичари и практичари ширум светот и која ја објави во неговото особено влијателно дело "Конкурентските предности на нациите". Портер смета дека и покрај бројните дискусии и дебати во академските средини, како и големиот број на трудови посветени на оваа тема, сепак, сè уште не постои доволно убедлива и конзистентна теорија за конкурентноста, и тоа не само како резултат на релативната бројност, парцијалност и арбитрарност на параметрите за мерење на националната конкурентност, туку, уште повеќе, неадекватноста на класичните пристапи со кои се објаснува успехот на поединечна национална економија на меѓународниот пазар.

класичната теорија не е во состојба да даде задоволително објаснување за модерните индустрии и сектори во стопанството во современи услови на глобализирана конкурентност и нагласената моќ на технолошките иновации. Еден од Портеровите афоризми е дека националниот просперитет е креиран, а не наследен, што директно контрира на теоријата за компаративни предности според која изобилството на ресурси ја предодредува регионалната и националната конкурентност. Затоа, според Портер, новите пристапи кон меѓународната трговија мора да го уважат фактот дека во услови на современа меѓународна конкурентност фирмите се натпреваруваат преку глобални стратегии кои во себе, покрај трговијата, ги вклучуваат и странските инвестиции. Притоа, мора да поаѓаат од премисата дека конкурентноста е динамична категорија која постојано еволуира и мора да дадат одговор на прашањето: зошто поедини компании во рамките на едно национално стопанство иновираат повеќе од ривалските компании и зошто одредени земји успеваат да обезбедат таква бизнис средина којашто ги оспособува фирмите да вршат постојано унапредување и да иновираат побрзо од нивните ривали во странство. Според тоа, заклучува Портер, новите теоретски пристапи мора да го поместат тежиштето на анализата од компаративните кон конкурентните предности.

Портер смета дека изобилството со фактори претставува прелиминарна фаза од развојот по која следи фазата на инвестиции, односно, подигање на продуктивноста на факторите за производство преку повеќе инвестиции (графикон 6). Финалната економско-развојна фаза е економија придвижувана од иновативност, која ја карактеризира не само висока ефикасност, туку и креирање на производи и услуги со посебна вредност. Истото се постига со континуирана инвентивност и иновации коишто водат кон континуирано унапредување на индустриската база, односно, преку поефикасно користење на факторите и инвестициите, заедно со создавање на производи со висока додадена вредност. Како пример за горенаведениот модел за иновативен регион Портер го наведува кластерот на Калифорниски вина. Тој објаснува дека винските региони во Калифорнија што ги карактеризираат вина со единствен и препознатлив

квалитет не се резултат на природните предиспозиции (клима, почва и сл.), туку се резултат на континуираното иновирање, подобрување на продуктивноста, сè со цел креирање на единствен, извозен производ со висока додадена вредност. Централната хипотеза во Портеровиот модел е дека регионалната конкурентност е резултат на конкурентноста на претпријатијата, додека пак конкурентноста на претпријатијата за возврат бара иновативно милје за да може да успее.[28]

**Графикон 6. Фази на развојот на конкурентноста спрема Портер**




*Извор : Porter, M.E., "The Competitive Advantage of Nations." Free: New York, 1990*

Во поширока смисла, Портер разликува две групи на фактори коишто влијаат на конкурентноста:

- социјални, политички, макроекономски и правни и
- микроекономски

Портер се фокусира на микроекономските фактори од причина што тој смета дека истите се најчесто занемарени од страна на креаторите на политиките. Без микроекономски напредок, макроекономските реформи нема да ги дадат очекуваните резултати. Во рамките на микроекономските фактори, Портер ќе направи разлика помеѓу софистикацијата на бизнис операциите на фирмите и квалитетот на бизнис опкружувањето. Двете димензии се важни и заемно зависни во нивниот удел во унапредувањето на конкурентноста.[29]

---

[28] Douglas Woodward, Porter's cluster strategy versus industrial targeting, University of South Carolina, July 1. 2005, pg 11

[29] Porter, M.E., B "Building the microeconomic foundations of prosperity: Findings from the business competitiveness index." in Sala-i-Martin, X. (ed.), The Global Competitiveness Report 2003– 2004, Oxford University Press: New York, 2004

Според Портер, географската и секторската концентрација на фирми од сродни индустрии, вклучувајќи ги и добавувачите, специјализираните поддржувачки институции, академски и научно-истражувачки организации и сл., претставува квалитетна основа за развивање на конкурентските предности на определена локална заедница/регион.

Врз основа на неговата студија за конкурентните предности на нациите во која објаснува зошто фирмите од некои држави покажуваат непропорционално голем успех во одредени индустрии, Портер ќе ја развие теоријата на индустриски кластери. Основната теза која ја застапува е дека најдобар начин да се подигне конкурентноста на фирмите е преку поттикнување на кластерско вмрежување базирано на соработка, а во услови на силна конкуренција од ривалските фирми. Имено, тргнувајќи од тезата дека економската цел на секоја економија е да продуцира висок и растечки животен стандард за своите граѓани, преку подигање на продуктивноста на индустриите во состав на националната економија, Портер проучувал што ја прави економијата, односно индустријата конкурентна и дошол до заклучок дека унапредувањето на продуктивноста на факторите за производство им дозволува на фирмите да се натпреваруваат во софистицирани индустриски сегменти, задржувајќи полна вработеност. Токму географската и секторска концентрација на фирми од сродна индустрија, вклучувајќи ги и добавувачите, специјализираните поддржувачки институции, академски и научно-истражувачки организации и сл. претставува квалитетна основа за развивање на конкурентските предности на одредена локална заедница/регион.

Факт е дека конкурентската предност на одредена локација/регион, а следствено и локалниот или регионалниот економски развој ќе биде од директна зависност од степенот на ефикасност во креирањето, унапредувањето и користењето на факторите за производство за потребите на одредена индустрија.

**Графикон 7: Портеровиот дијамант - фактори кои ја детерминираат конкурентната предност на индустријата**




*Извор : Porter, M.E. The Competitive Advantage of Nations, McMillan, London, 1990*

Имено, Портер ги опишува кластерите како резултат на меѓусебното влијание на четири фактори коишто ги нарекува “дијамант на конкурентна предност”: силна и софистицирана домашна побарувачка, локална база на сродни и поддржувачки индустрии во домашната

економија за да ја поддржат извозната индустрија, поволни факторски услови (ресурси) и конкурентна клима што ја потпомага продуктивноста на фирмите. Проучувањето на поединечните елементи од Портеровиот дијамант, како и улогата на кластерите и условите на домашната побарувачка играат особена улога во Портеровиот пристап кон конкурентноста. Всушност, четирите елементи од Портеровиот дијамант имаат интегрално место во објаснувањето како фирми од сродни индустрии вмрежени во индустриските кластери и концентрирани на одреден географски простор обезбедуваат поголема конкурентност на локалната заедница/регион. Или како што ќе кажат Мартин и Санли (Martin и Sunley, 2002): “дијамантот на конкурентни предности” претставува движечка сила во развојот на кластерот, додека кластерот претставува просторна манифестација на дијамантот во исто време. [30]

- ***Факторски услови*** вклучуваат човечки, физички, капитални ресурси, знаење и инфраструктура. Она што е важно за конкурентноста на определена индустрија се специјализираните фактори во смисла на специјализирана работна сила, специјализирана инфраструктура и образовни институции што ќе можат да ги користат сите фирми од кластерот. Портер смета дека, за да се подобри продуктивноста, потребно е да се подобри ефикасноста, квалитетот и специјализацијата на факторските инпути во функција на соодветните кластери. Креирањето на специфични ресурси со цел да се компензираат факторските недостатоци, исто така, може да претставува двигател на конкурентноста на определена индустрија. Портер објаснува дека особено во софистицираните индустрии коишто се 'рбетот на напредните економии, националните економии не ги наследиле, туку, напротив, ги креирале најзначајните фактори за производство - како на пример, обучена работна сила или квалитетна научно – истражувачка база. Уште повеќе, постоечките фактори за производство во одредено

[30] Adrian Kuah, John Day, “*Revisiting the Porter’s Diamond: Applying Importance Performance Matrix to the Singaporean Financial Cluster*”, Working Paper No 05/39, 2005, pg. 4

време се помалку значајни од стапката на ефикасност со која одредена економија ги креира, унапредува и користи за потребите на одредени индустрии. Најзначајните фактори за производство се оние кои подразбираат високи и одржливи инвестиции и се специјализирани. Основните фактори како што се расположливост на работната сила или природните ресурси не претставуваат предност во индустрии што се базираат на знаење. Во современите меѓународни конкурентски односи, факторите за производство мораат да бидат високоспецијализирани за да одговорат на специфичните потреби на индустријата, како на пример, научен институт специјализиран за оптика, или вложувачки капитал за софтверската индустрија. Овие фактори се поретки, конкурентите можат потешко да ги имитираат и истите бараат постојани инвестиции за да бидат креирани. Според Портер, нациите успеваат во оние индустрии каде што се особено добри во креирањето на факторите за производство.

- ***Условите на побарувачката на локалниот пазар*** се особено значајни за конкурентноста на индустријата и тоа квалитетот, а не квантитетот на побарувачката, т.е. динамичките ефекти од побарувачката наместо агрегатната побарувачка во економска смисла. Присуството на софистицирана и влијателна домашна побарувачка ги поттикнува фирмите од индустрискиот кластер континуирано да иновираат, со цел да ги задржат водечките позиции. Нациите се здобиваат со конкурентски предности во индустрии во кои домашната побарувачка им дава на компаниите појасна или предвремена слика за растечките потреби на потрошувачите и во оние индустрии каде што влијателните потрошувачи ги притискаат компаниите да иновираат побрзо, со цел да постигнат софистицирани конкурентни предности пред нивните конкуренти однадвор.

Условите на домашната побарувачка делуваат во создавањето на конкурентски предности, особено кога определен индустриски сегмент е поголем или повидлив на домашниот, во споредба со странските пазари. Локалните потрошувачи можат да помогнат во создавањето на конкурентски предности доколку нивните потреби ги предвидуваат или на некој начин ги обликуваат потребите на останатите потрошувачи, односно доколку истите даваат предупредувачки индикатори за глобалните пазарни трендови. Ефектите се уште поголеми доколку земјата/регионот или локалната заедница е извозник не само на финални производи, туку и на вкусови и трендови. Ставени во контекст на Портеровиот дијамант, условите на локалната побарувачка наметнуваат фирмите од кластерот да соработуваат со своите потрошувачи, со цел да им ги задоволат посебните потреби. Уште повеќе, излегувајќи ѝ во пресрет на софистицираната домашна побарувачка, фирмите од кластерот ќе станат спремни за поуспешен натпревар на глобалните пазари.

- ***Поврзаните и поддржувачките индустрии,*** односно присуството на способни, специјализирани локални добавувачи кои обезбедуваат трошковно ефикасни инпути, како и присуството на сродни индустрии креираат поддржувачка мрежа на провајдери за фирмите. Конкурентно способни локални добавувачи креираат предност за индустријата на неколку начини. Прво, тие испорачуваат најевтини инпути на ефикасен, брз, навремен начин и често под преференцијални услови. Уште позначајни од олеснетиот пристап до компоненти и опрема се врските кои ги овозможува близината на фирмите со своите добавувачи. Соработката помеѓу фирмите и нивните добавувачи ја поттикнува иновативноста преку размена на идеи и информации и знаења за новите процеси и производи.

Воедно, фирмите во рамките на кластерот можат да послужат за тестирање на резултатите од истражувањето и развојот, на тој начин забрзувајќи ја иновативноста.

**Графикон 8: Италијанскиот кластер за обувки**




Извор: M.E. Porter, *On competition,* A Harvard Review Business Book, 1998, pg. 177

Во графикон 8 се претставени врските помеѓу фирмите со своите добавувачи, а воедно и со фирми од сродни и поддржувачки индустрии во италијанскиот кластер за обувки. Така на пример, производителите на обувки комуницираат континуирано со производителите на кожа,

информирајќи се на тој начин за новите стилови и техники на преработка на кожа, како и новите бои и текстури уште додека истите се во почетната фаза на обработка. Производителите на кожа, пак, добиваат увид во новите модни трендови на обувки, што им помага да ги планираат новите производи. Токму овие интеракции од кои имаат корист сите, не се случајни, туку се во директна зависност од волјата на фирмите од кластерот за комуникација, на што, пак, близината има директно позитивно влијание.

- ***Стратегија, структура и ривалство*** на фирмите ја сочинуваат четвртата детерминанта на конкурентноста на индустриските кластери. Доколку стратегијата на фирмите од кластерот е континуирано унапредување на производниот процес и иновирање, истите ќе останат конкурентни. Уште повеќе, присуството на конкурентни фирми во кластерот ги мотивира фирмите да иновираат со цел диференцирање од ривалите. Стратегијата и ривалството заедно влијаат на конкурентноста на индустријата како резултат на динамиката на иновациите. Географската концентрација ја зголемува моќта на домашното ривалство. Трендот е раширен насекаде во светот: италијанските компании за накит се лоцирани во два града: Арецо и Валенца По, фармацевтските компании во Базел, Швајцарија, мотоцикли и музички инструменти во Хамамацу, Јапонија итн. Колку што е повеќе локализирано ривалството, толку е поинтензивно. Колку е поинтензивно, толку е подобро за раст на конкурентноста.
- ***Случајни настани*** се случувања надвор од контрола на фирмите како на пример, војни, нафтени шокови и сл. и истите имаат влијание, но се ултимативно секундарни по важност. Истите можат да креираат конкурентна предност на одредена индустрија, додека, пак, можат да предизвикаат губење на конкурентните позиции за други и со тоа да создадат дисконтинуитет.

- ***Владата*** има значајна улога, но не како една од детерминантите на конкурентноста на кластерот, туку повеќе како значаен фактор за влијание врз останатите четири детерминанти. Интервенциите на владата можат да се јават на локално, регионално, национално и наднационално ниво. [31]

Меѓусебните интеракции помеѓу сите горенаведени фактори го дефинираат дијамантот на конкурентни предности, а географската концентрација има мултиплицирачки ефект што во крајна линија говори за позитивните ефекти од кластерското вмрежување врз локалната и регионална конкурентност.

Притоа, Портер ќе забележи дека конкурентните кластери не се детерминирани само од ко-локацијата на фирмите, туку од вистински интер-релации и соработка. Целта на кластерското вмрежување треба да бидат иновациите, унапредување на ресурсите (особено инфраструктурата и работната сила), потхранување на локалните добавувачи, зајакнување на локалните маркетинг-потрошувачи врски и соработка со образовните институции. Координирани јавно-приватно партнерски напори се круцијални за успехот на кластерот.[32]

Тргнувајќи од дефинирањето на конкурентноста на одредено стопанство како способност на неговата индустрија за иновации и усовршување, а развивајќи ја својата теорија на национален дијамант, Портер ќе посочи дека кластерското вмрежување на фирмите треба да бидат централен елемент во сите конкурентни развојни програми на национално, регионално и локално ниво, и тоа како на развиените, така и на земјите во развој.

Портер ќе заклучи "***кластерот е манифестација на дијамантот во пракса***". [33]

---

[31] Проф. Д-р Владимир Петковски, Проф. Alessandro Sinatra, *Индустриски области и индустриски кластери: од Алфред Маршал до "третата Италија"*, стр. 96

[32] Douglas Woodward, Porter's cluster strategy versus industrial targeting, University of South Carolina, July 1. 2005, pg. 13

[33] Porter M.E., "*Location, Competition and Economic Development: Local Clusters in a Global Economy*", Economic Development Quarterly 14 (1), pg. 21

## 2. Улогата на кластерите во регионалниот и локалниот економски развој

Постоечкиот парадокс содржан во симултаната глобализација и локализација на економските активности предизвика огромен интерес кај економските теоретичари во последната декада. Појавувањето на кластерскиот концепт претставува еден од најчесто користените инструменти на политиката кои директно го тангираат овој парадокс. Таканаречениот Портеров дијамант кој го разгледавме погоре во трудот сугерира дека конкурентноста произлегува не само од индивидуалните фирми, туку од врските помеѓу фирмите. Имено, иако Портеровиот дијамант на почетокот бил развиен за да послужи како инструмент во анализата на националната конкурентност, сепак, неговите аргументи биле дека конкурентската предност се креира и одржува низ високо локализиран процес (*Porter, 1990*) што го пренасочува фокусот од национална на локална/регионална конкурентност.

Погоре во трудот ги разгледавме детерминантите за локален/регионален економски развој. Би можело да се каже дека локалниот економски развој е во директна зависност од фактори на кои може (инфраструктура, расположлива работна сила, капитал и сл.) и фактори на кои не може да се дејствува (локација, големина, богатство со природни ресурси и сл.). Воедно го ставивме локалниот економски развој во контекст на Портеровиот дијамант за да видиме како просторната концентрација на фирми во одреден географски простор може да биде од големо значење за подобрување на детерминантите за локален/регионален економски развој.

И доколку локалниот/регионалниот економски развој подразбира подобрување на продуктивноста на постоечките ресурси со цел да се постигнат подобри конкурентски позиции и доколку конкурентноста на одредена локална заедница/регион е во директна зависност од способноста на индустријата во рамките на истата да креира производи со повисока додадена вредност, географската концентрација на фирмите или

кластерското вмрежување на фирми од исти или сродни индустрии може да даде силен импулс во горенаведените процеси.

При објаснувањето на детерминантите за конкурентноста на одредена нација или регион, Портер повеќе внимание посветувал на микроекономските фактори, правејќи разлика помеѓу квалитетот на бизнис опкружувањето и софистикацијата на бизнис операциите. Кога на тоа ќе се додаде и способноста на земјите/регионите за привлекување на домашни и странски директни инвестиции, ќе дојдеме до неколку клучни детерминанти за локалниот економски развој.

Во тој контекст, подолу во трудот ќе биде разгледано влијанието на кластерите во локалниот и регионалниот развој низ неколку клучни детерминанти на економскиот развој и тоа: конкурентноста, иновативноста и продуктивноста како основни двигатели на конкурентноста, а следствено на економскиот развој, растот на претприемништвото и бројот на нови бизниси со особен осврт на малите и средни претпријатија и способноста за привлекување на домашни и странски директни инвестиции. Потоа ќе бидат разгледани практични примери од успешни приказни за начинот на кој одредени локални заедници/региони успеале да постигнат висок економски развој благодарение на кластерското вмрежување, што ќе претставува основа за разгледување на можноста за пренесување на искуствата и прилагодување на истите во Република Македонија.

## 2.1. Улогата на кластерите во подобрувањето на конкурентноста

Современиот концепт за конкурентност е детерминиран од продуктивноста, која, пак, е директно условена од начинот на кој компаниите се натпреваруваат, нивната способност да применат софистицирани методи и напредна технологија и да понудат единствени производи со висока додадена вредност и високо диференцирани услуги. Софистикацијата на бизнис операциите, пак, е условена од квалитетот на бизнис опкружувањето на одредена локација. Компаниите не можат да применат напредни логистички техники без висококвалитетна

транспортна инфраструктура. Исто како што компаниите не можат да се натпреваруваат ефективно на полето на софистицирани услуги без високостручна работна сила. И додека одредени аспекти од бизнис опкружувањето ги погодуваат сите бизниси (правниот систем, даночните стапки и сл.), некои од нив се кластерски специфични и истите го сочинуваат веројатно еден од најзначајните микро-столбови на конкурентноста.

Според Портер, **кластерското вмрежување на фирмите влијае на конкурентноста** на три начина :

- ***Зголемување на продуктивноста на фирмите од кластерот.*** Истото се постига преку зголемениот пристап до специјализирани инпути и специјализирана работна рака; зголемен пристап до информации, институции и јавни добра, како и преку поттикнување на комплементарности;
- ***Зголемување на иновативниот капацитет на фирмите од кластерот.*** Ова е резултат на зголемената дифузија на технолошко знаење и иновации. Конкурентскиот притисок од ривалските фирми од кластерот ја придвижува иновативноста кај фирмите, која го поттикнува растот на продуктивноста.
- ***Стимулирање висока стапка на формирање на нови бизниси во кластерот*** како резултат на поттикнатиот претприемачки дух во кластерот, а што го поттикнува растот и јакнењето на кластерот.[34]

Кластерската конкурентност може да биде статична и динамична. ***Статичната конкурентност*** е резултат на производната ефикасност којашто обезбедува реализација на различни производи по ниски цени, благодарение на присуството на бројни подизведувачи и добавувачи на компоненти. Производната диференцијација и вишокот на побарувачка се заедно фактори на статичната конкурентност. Хоризонталната поврзаност на фирмите им овозможува поделба на производниот процес со што се овозможува тесна специјализација во комплементарните фази на производство што ја поттикнува соработката, додека вертикалната поврзаност помеѓу фирмите кои се фокусирани на иста фаза од

[34] Alex Bolland, “ *Industrial clusters: Identification and Public Policy*”, Working Paper 09-02, University of Sussex, pg.2

производниот процес ја поттикнува конкуренцијата, што заедно со интензивната соработка ја зголемува способноста на фирмите за настап на меѓународните пазари. ***Динамичната конкурентност*** на кластерот, пак, е поврзана со акумулацијата на техничко знаење (*know-how*). Кластерот детерминира голема концентрација на фирми, човечки ресурси, институции за тренинг и обуки, физичка и истражувачка инфраструктура, сите специјализирани во активностите на кластерот или во сродни активности. Оваа концентрација имплицира многу врски и интеракции, фаворизирајќи ги спонтаните механизми на специјализација, зголемена иновација и зголемено креирање на нови бизниси, што ги прави фирмите од кластерот конкурентни во квалитативна смисла. [35]

Она што е тенденција во поново време е ставањето на регионите и локалните заедници, наместо нациите како централен инструмент за трговска конкурентност и економски развој. Низ сите региони и локални заедници ширум светот постои растечки тренд на специјализација и концентрација или кластерирање на индустриите како одговор на зголемената конкуренција, што пак, е резултат на националните економски реформи и глобализацијата (*Roberts, 1998*).

### *2.1.1. Кластерите како фактор за подобрување на продуктивноста*

Кластерското вмрежување има повеќедимензионален ефект врз продуктивноста на фирмите. Фирмите лоцирани во кластер ја унапредуваат продуктивноста на своите операции во делот на снабдување со инпути, пристап до информации, технологија и институции, соработка со сродни компании и како и континуираното мерење на резултатите и мотивацијата за напредок.

***Подобар пристап до работна сила и добавувачи.*** Компаниите во рамките на кластерот имаат подобар пристап до специјализирани и искусни работници, што директно влијае врз намалувањето на трансакциските трошоци за вработување. Сигнализирајќи можности и

[35] Patrizio Bianchi, Lee M. Miller, Silvano Bertini, "*The Italian SME Experience and Possible Lessons for Emerging Countries*", UNIDO, March 1997, pg.14-15

редуцирајќи го ризикот од релокација за вработените кластерот, може да привлече талентирани поединци, што може да биде одлучувачки фактор за предност во некои индустрии. Добро развиен кластер може да обезбеди ефикасни начини за подобар пристап и на други инпути, како на пример специјализирана база на добавувачи. Снабдувањето од локални наместо далечни добавувачи ги намалува трансакциските трошоци на неколку начини: ја минимизира потребата од големи залихи, ги елиминира увозните трошоци и доцнењата, а најважно благодарение на важноста на локалната репутација, ги намалува ризиците од нефер цени или неисполнување на обврските од страна на добавувачите. Близината ја подобрува комуникацијата, а ги олеснува и поддржувачките услуги, како на пример, сервис и инсталација. Снабдувањето од локални добавувачи е особено значајно за напредни и специјализирани инпути што содржат напредна технолошка, информациона и услужна компонента. Неформалните врски со добавувачите кои ги нуди кластерското вмрежување им овозможуваат на фирмите да ја задржат флексибилноста, што честопати е невозможно кога истите се ангажираат во формални алијанси.

***Пристап до специјализирани информации.*** Значајни пазарни, технички и конкурентни информации се акумулираат во рамките на кластерот, а неговите членки имаат преференцијален пристап кон истите. Уште повеќе, личните релации и врските во рамките на кластерот ја поттикнуваат довербата и го олеснуваат протокот на информации. Ваквите услови ја прават информацијата лесно пренослива.

***Копмлементарности.*** Комплементарностите доаѓаат во повеќе форми, но најчест пример е кога производите се надополнуваат еден со друг со цел задоволување на барањата на клиентот. Пример за ова би бил туристичкиот кластер каде што квалитетот на доживувањето на посетителот не зависи само од примарната атракција, туку, од присуството на бројни комплементарни бизниси како хотели, ресторани, шопинг центри и транспортна инфраструктура. Бидејќи членовите од кластерот се заемно зависни, добрите перформанси на едниот можат да го поттикнат успехот на останатите. Следната форма е координација на активностите

помеѓу компаниите со цел да ја оптимизираат нивната колективна продуктивност. Пример за ова би бил винскиот кластер. Имено, квалитетот на виното зависи од шеќерните единици содржани во грозјето како примарна суровина за производство. Доколку винарниците се соочуваат со недостаток од грозје со оптимална содржина на шеќерни единици за производство на висококвалитетно вино, истите ќе мора да се соочат или со намален квалитет или со увоз на суровина што ќе ги зголеми трансакциските трошоци и директно ќе влијае врз цената и конкурентноста. Координирани активности на членките од кластерот за стандардизација на квалитетот на суровината, во овој случај, грозјето, можат да ги доведат производителите во значително олеснителна положба. Следната комплементарност се појавува во маркетингот. Кластерот често влијае за зголемување на репутацијата на локацијата во определена област, што ја прави истата привлечна за купувачите. Италијанската висока репутација во модната индустрија и дизајнот, на пример, им носи корист на сите фирми инволвирани во производството на кожа, облека, чевли и аксесоари. Покрај добрата репутација, членките од кластерот можат да профитираат од различни заеднички маркетинг механизми како што се: трговски саеми, списанија и маркетинг делегации.
И, секако, лоцирањето на сродни бизниси на една локација ја прави истата попривлечна за купувачите, од аспект на присуство на поголема алтернативна понуда на релативно мал простор. Хонг Конг се истакна како центар за дизајнерска облека токму благодарение на кластерското вмрежување.

***Пристап до институции и јавни добра.*** Инвестициите на властите на локално, регионално и централно ниво и останатите јавни институции како што е јавната потрошувачка за инфраструктура или образовни програми, можат да ја зајакнат продуктивноста на фирмите. Можноста да се регрутираат работници кои се стекнале со стручност благодарение на едукативни програми организирани од јавниот сецтор, на пример, ги редуцира трошоците на фирмите за интерни обуки и тренинг. Сепак, јавните добра коишто можат да ја зајакнат продуктивноста на приватниот сектор не ги креираат само властите на локално, регионално и централно

ниво и нејзините институции. Инвестициите на фирмите во тренинг програми, центри за квалитет, лаборатории за тестирање и сл. исто така придонесуваат за зголемена продуктивност. Најчесто, членките од кластерот ги преземаат овие приватни инвестиции колективно свесни за ефектите од колективната ефикасност.

***Подобра мотивација и мерење на резултатите.*** Локалното ривалство е многу мотивирачко. Конкурентниот притисок помеѓу компаниите во кластерот е присутен дури и помеѓу компании кои не се директни конкуренти, а како резултат на предизвикот на менаџерите да се постигнат подобри резултати од другите. Кластерите често го олеснуваат мерењето и компарирањето на перформансите бидејќи локалните ривали функционираат под слични околности и се занимаваат со слични активности. Компаниите во кластерот обично располагаат со информации за трошоците на нивните добавувачи, додека, пак, менаџерите се во состојба да ги споредат трошоците и перформансите со останатите локални компании. Финансиските институции, пак, се во можност да акумулираат информации за кластерот коишто можат да им користат при мониторингот на перформансите на компаниите.[36]

### *2.1.2. Кластерите како фактор за подобрување на иновативноста*

Многу земји денес се наоѓаат во транзициона фаза, преминувајќи од економија базирана на супституција на увозот кон економија базирана на конкурентност, бидејќи опстанокот на компаниите сè повеќе станува зависен од иновативната компетентност (*Staber 2001*). Реформите во трговската политика резултираа во анулирање на протекционизмот, глобализирање на трговијата и либерализација што го претвори светот во глобален пазар, интензивирајќи ја конкуренцијата. Фирмите, а особено малите и средни претпријатија се соочуваат со предизвикот на нивното опстојување, без оглед на тоа каде се наоѓаат. Кластерирањето станува главна стратегија за поттикнување на иновативни мерки помеѓу

[36] Michael Porter, *Clusters and the Economics of Competition,* Harward Business Review, 1998, Vol 76, pg. 79-81

бизнисите, со цел да ја зајакнат својата конкурентност и да опстанат на глобализираните пазари. [37]

Заедно со зајакнувањето на продуктивноста, кластерите играат значајна улога во способноста на компаниите за иновации. Некои од карактеристиките што ја зајакнуваат сегашната продуктивност на фирмите имаат уште подраматичен ефект врз иновативноста и растот на продуктивноста. Иновацијата претставува основна детерминанта за конкурентната предност преку перципирање и откривање на нови и подобри начини за натпревар во индустријата и преку нивна пазарна реализација. Конкурентната предност расте во основа како резултат на постојаното унапредување, иновациите и промените.[38]

Растот и опстојувањето на кластерот е зависно од интензитетот на притисокот, иницијативите и способноста да се иновира, овозможена од локалното опкружување. Тоа им овозможува на определени регионални кластери успешно да се натпреваруваат со нивните дисперзирани конкуренти. Иновативните перформанси, пак, се функција на иновативните инвестиции, технолошките можности и ефективноста, како и фокусот на иновативната активност. Инвестициите во иновативната активност, пак, зависат од поттикот за инвестиции и очекувањата за добивка од инвестициите, коишто, пак, зависат од природата на ривалството и пазарната структура присутни во индустријата. Ефективноста на иновативната активност е функција од стручноста и познавањата на истражувачите, менаџерите и работниците, расположливите информации и способноста на фирмата да ги донесе иновациите на пазарот. Правецот и фокусот на иновативната активност е во директна зависност од предизвиците и можностите во индустријата (*Enright 1991*). [39] Кластерското вмрежување на фирмите може да влијае на сите детерминанти за иновативноста на повеќе начини.

---

[37] Catherine Phambuka-Nsimbi, "*Creating competitive advantage in developing countries through business clusters: A literature review"*, African journal of business management Vol. 2 (70), pg.5

[38] Adrian T.H. Kuah, "*Cluster Theory and Practice: Advantages for Small Business*", Huddersfield University Business School, Journal of Research in Marketing and Enterpreneurship, Volume 4, 2002, pg. 208

[39]OECD, *Enhancing the competitiveness of SME's in the Global Economy,* Workshop 2: Local partnership, clusters and SME globalisation, Bolognia, Italy, june 2000, pg. 10

Така, благодарение на присутната ***софистицирана побарувачка*** компаниите во кластерот имаат подобра перспектива за пазарните услови од изолираните конкуренти. На тој начин, компаниите лоцирани во Силиконската Долина на пример можат да одговорат на побарувањата на купувачите со брзина која е недостижна за компаниите лоцирани надвор од овој кластер. Уште повеќе, честопати кластерите привлекуваат софистицирана побарувачка однадвор што дополнително ја дополнува сликата на компаниите за напредната пазарна побарувачка. Така на пример, купувачите од целиот свет одат во северна Италија секогаш кога сакаат да купат дизајнерски парчиња облека или чевли.

Постојните врски помеѓу членовите на кластерот им помагаат на компаниите рано да се запознаат со напредоците во технологијата, достапноста на компоненти и опрема, услужните и маркетинг концепти и слично, а благодарение на ***личните контакти и средби***. Литературата за иновации сугерира дека неформалните, непланирани контакти и личната, усна комуникација е клучна за истата. Ова е од особено значење за производите и услугите што се резултат на заемните односи помеѓу производителите и купувачите, како и во индустриите каде што купувачите и добавувачите се важен извор на нови производи и услуги.

Кластерите овозможуваат капацитет и ***флексибилност за брза реакција.*** Компаниите во рамките на кластерот често можат да ги набават потребните инпути за брза имплементација на иновацијата. Локалните добавувачи и партнери можат да се инволвираат во иновативниот процес и на тој начин да обезбедат подобро совпаѓање со побарувањата на клиентите.

Честопати кластерите стануваат ***ризници на знаења и способности специфични за индустријата*** што го олеснува иновативниот процес. Со текот на времето, знаењето се акумулира, специфичните способности се пренесуваат од човек на човек и знаењето специфично за индустријата станува заедничко во рамките на кластерот. Талентираните луѓе, како локални, така и надворешни се привлекуваат во кластерот, исто како што фармацевтскиот кластер во Базел, авионскиот кластер во јужен Париз

или хемискиот кластер во околината на Осака успеале да ги привлечат најталентираните луѓе од целиот свет. [40]

Регионалните кластери често стануваат ***таргет локација за инвестиции и формирање на нови бизниси***. Бизнис асоцијациите преземаат пазарни истражувања и обезбедуваат пазарни информации за странските пазари. Локалните власти често учествуваат во изградбата на инфраструктурата за специфичните потреби на индустријата. Локалните универзитети преземаат истражувања за специфичните индустрии и обезбедуваат тренинзи и обуки. Таквите инвестиции им овозможуваат на фирмите од кластерот да остварат заштеди кои ќе ги инвестираат во инвестициски активности. Уште повеќе, регионалните кластери обезбедуваат пристапни специјализирани добавувачи, информации, но и пример за успех, што претставува поволно опкружување за формирање на независни (*spin-off*) бизниси.

Секако, ***конкурентниот притисок од ривалските компании*** ја поттикнува иновативната активност на компаниите во рамките на кластерот во обидите да се истакнат над своите конкуренти. Имено, во рамките на кластерот, бизнисите се соочуваат со зголемен конкурентски притисок од ривалските фирми, при што преовладува неценовната конкурентност. Ова резултира во иновативност, со оглед на фактот дека фирмите континуирано се трудат да пронајдат нови производи и најдобри методи на производство.

И најпосле, фирмите од кластерот можат да се здобијат со конкурентна предност во однос на нивните меѓународни ривали преку ***интензивен процес на соработка, размена на информации и идеи и подобрени меѓусебни врски***, во насока на унапредување на иновативноста, а во функција на колективната ефикасност. Бизнисите мора да работат кон постигање на силни извори на конкурентна предност, со оглед на фактот дека нефлексибилното масовно “фордовско” производство не кореспондира со современите трендови. Иновациите во “фордовската ера”, во најголем дел се одвивале во рамките на големите претпријатија и

[40] OECD, *Enhancing the competitiveness of SME's in the Global Economy,* Workshop 2: Local partnership, clusters and SME globalisation, Bolognia, Italy, june 2000, pg. 10-11

тоа како еден линеарен процес опишан како секвенца на нивоа од истражување и развој па сè до производство и маркетинг (*Isaksen 1997*).[41] Иновацијата преку кластерингот станува особено важна во “пост-фордовата” ера и се фокусира на зголеменото значење на иновациите кои се резултат на интерактивниот процес на учење помеѓу фирмите. Ова повикува на долгорочна соработка помеѓу фирмите и останатите поддржувачки институции, преку интензивна комуникација што го обезбедува кластерското вмрежување.

### *2.1.3. Кластерите како фактор за раст на претприемништвото*

Во време на голема пазарна несигурност и чести и забрзани технолошки промени, малите и средни претпријатија се соочуваат со тешкотии во нивните обиди за проширување на делокругот на нивните активности и остварување на конкурентни предности натпреварувајќи се со големите претпријатија кои многу полесно остваруваат економија од обем, а со тоа и трошковни и иновативни предности. Имено, често индивидуално МСП не се способни да ги искористат пазарните можности, имаат проблеми во постигнувањето на економија од обем при купувањето на суровините и репроматеријалите, имаат проблеми со извозот, со можностите за обуки и со примената на технолошките иновации.

Индустриските кластери, преку повеќедимензионалниот модел на вмрежување и размена на информации значително може да ја сменат улогата на малите и средните претпријатија во нивниот настап на глобалниот пазар, во смисла на нивна зајакната конкурентност преку еден интензивен процес на соработка и заедничка стратегија, базирана на еднаквост и заедничка корист. Координацијата на повеќе нивоа се остварува преку заедничка промоција, поделба на ресурсите и комплементарните предности, со што и малите и средни претпријатија

[41] Catherine Phambuka-Nsimbi, “*Creating competitive advantage in developing countries through business clusters: A literature review”*, African journal of business management Vol. 2 (70), pg.5

стануваат рамноправни учесници во градењето на националните конкурентни предности заедно со големите – глобални претпријатија.[42]

Конкурентните предности на малите и средни претпријатија групирани во кластери се базираат на три аспекти: ***специјализација, соработка и флексибилност.*** Кога фирмите се лоцирани во кластери, големината престанува да биде ограничувачки фактор, бидејќи пристапот до подизведувачи, делови и услуги се на располагање вон нивните сопствени граници. Специјализацијата на фирмите е од клучно значење за успехот на кластерите со тоа што им дозволува на фирмите да ги фокусираат своите ресурси (кои честопати се ограничувачки фактор) во она што најдобро го прават, што ќе резултира со зголемен квалитет. Секако дека малите фирми секогаш ги алоцираат своите ресурси во оние области во кои се најкомпетентни, но кластерското вмрежување ја поттикнува поделбата на работите помеѓу фирмите, при што фирмите се специјализираат за одредена комплементарна фаза од производниот процес и на тој начин стануваат поефикасни. Всушност, предноста од специјализацијата не се ограничува само на поединечните фирми, туку на кластерот како целина. Развојот на кластерот е придружен со зголемена специјализација на техничките и пазарни компетенции на локалните човечки ресурси. Локалните работници, техничари, менаџери и консултанти честопати се селат од фирма во фирма, што ја прави предноста од специјализација повеќе карактеристика на локалниот систем, отколку на индивидуална фирма. Уште повеќе, локалната инфраструктура и институциите за тренинг и обука стануваат интензивно специјализирани за кластерските активности. Знаењето акумулирано во кластерот станува клучен локационен фактор за производните активности, дури и за надворешни инвеститори.

Потпирајќи се на соработката помеѓу фирмите во рамките на кластерот, малите фирми можат да ја унапредат својата специјализација, но и да ги компензираат слабостите. Врските помеѓу фирмите во кластерот базирани на соработка ја зголемуваат флексибилноста, односно

[42]Jingxuan Han, Li Ma, Bo Hu, *Small and Medium Enterprise Clusters and Regional Innovation Development*, School of Management, University of Jinan, Jinan, China

им овозможува на фирмите да го прилагодуваат производството спрема потребите на побарувачката.

Ваквата организација на производниот процес го поттикнува растот на кластерот преку намалување на пречките за нови влезни компании. Благодарение на локалната мрежа, новите фирми можат да почнат со ограничен капитал (доволен за еден дел од производниот процес, за надополнувачки производ) и со низок степен на ризик од пропаѓање (нема потреба од создавање на пазарни врски, барем на почетокот). Посредничките институции и асоцијации обезбедуваат основни поддржувачки бизнис услуги, зголемувајќи ја довербата помеѓу претприемачите и редуцирајќи ги административните и правните трошоци.

Тогаш не е изненадувачки што многу повеќе нови компании израснуваат во рамките на кластерот, отколку на изолирани локации. Поединците кои функционираат во рамките на кластерот можат многу полесно да ги перципираат недостатоците во производите и услугите околу кои можат да формираат нови бизниси. Влезните бариери се помали со оглед на присутноста на потребните ресурси, инпути и стручен кадар кои претставуваат солидна почетна основа за почнување на бизнис. Локалните финансиски институции и инвеститори, веќе запознаени со кластерот, можат да бараат пониски премии за обезбедување од ризик на капиталот. Кластерот може да претставува уште позначаен локален пазар, што му овозможува на претприемачот да извлекува користи од воспоставените релации. Сите овие фактори го редуцираат перципираниот ризик за влез, но и за излез во случај на неуспех на претприемачката активност.

Концептот на екстерни економии е од клучно значење во намерата да се разберат предностите во ефикасноста што малите и средни претпријатија ги добиваат од кластерирањето. Сепак, иако теоријата се фокусира на непланираните, инцидентни или ненамерни ефекти, ефектите од заедничката акција се исто така од клучно значење. Таа заедничка акција може да се јави во два вида: индивидуалните фирми да соработуваат (на пример, делење на опремата или развој на нов производ) и групи од

фирми да ги здружат своите сили во бизнис асоцијации, производни конзорциуми и сл.

Концептот на колективна ефикасност, пак, може да се дефинира како конкурентна способност произлезена како резултат од локалните екстерни економии и заедничката акција (*Schmitz, 1995*). Притоа е значајно да се разбере улогата на колективната ефикасност во кластерското вмрежување на малите и средни претпријатија. Група од производители на слични производи на иста локација само по себе не носи голема корист. Но, секако дека тоа им овозможува специјализација, привлекува купувачи и добавувачи и генерира квалитетна специјализирана работна сила. Како што ќе рече Рабелоти (Rabelloti, 1995): екстерните економии што произлегуваат, разликуваат статички предности како што е лесниот пристап до инпути, до динамички предности како што е брзото ширење на нови идеи кои поттикнуваат нови иновации. Кластерското вмрежување, исто така, го олеснува преземањето на заеднички акции што повторно можат да бидат од статичка природа како на пример, асоцијации на локалните производители за одбрана на интересите во несогласувањата со владините акции или од динамичка природа како што би бил организиран настап на групи од локални производители на трговски саеми во потрагата по нови странски пазари.

Честа заблуда е дека фокусирањето на колективната ефикасност ѝ контрира на конкуренцијата. Напротив, ривалството е прилично силно помеѓу локалните производители во кластерот, но тоа не ги спречува истите да ги здружат силите во надминувањето на заедничките тесни грла во инфраструктурата, снабдувањето со инпути или пристапот на далечни пазари. Комбинацијата од конкуренција и соработка е таа што поттикнува иницијативи за подобрување и напредок.[43]

[43] John Humphrey, Hubert Schmitz, "*Principles of Promoting Clusters and Networks of SME's*", SME Programme, UNIDO, October 1995, pg 13

## 2.2. Кластерите како фактор за привлекување на домашни и странски директни инвестиции

Трендот на глобализацијата и либерализацијата на светските трговски текови наметнува и мобилност на капиталот. Земјите ширум светот ги либерализираат своите политики на странски директни инвестиции во насока на што поголема атрактивност, со цел нивно привлекување, водени од позитивните ефекти кои истите ги носат за растот на конкурентноста. Една студија на Обединетите Нации покажува дека во периодот од 1990 до1998 г. повеќе од 135 земји ги имаат редуцирано регулаторните процедури во делот на привлекување на странски директни инвестиции. [44]

Погоре во трудот истакнавме дека една од битните детерминанти за локалниот/регионалниот економски развој е способноста на локалната заедница/регион да привлече домашни и странски директни инвестиции. И додека истата е детерминирана од повеќе фактори на кои не може да се влијае на локално/регионално ниво (географска локација, расположливост со природни ресурси, национална легислатива и сл.), географската концентрација и интеракциите помеѓу фирмите од иста или сродна индустрија може да влијаат во претворање на локалната заедница/регионот во атрактивен за лоцирање на бизнис активностите.

Расположливата инфраструктура (физичка, мека, финансиска, институционална), создадените врски во рамките на кластерот - хоризонтални и вертикални, а особено врските во синџирот на добавувачи, социјалниот капитал како основа за изградба на доверба, претставуваат силен стимул во процесот на одлучување за лоцирањето на инвестициите, било да се тоа внатрешни инвестиции или, пак, странски директни инвестиции. Доколку пак и локалните и регионалните власти се проактивни и имаат разбирање за користите од кластерското вмрежување преку политика на поддршка и унапредување на локалната бизнис клима, позитивните ефекти од кластерското вмрежување во насока на

---

[44] UNCTAD, *World Investment Report:Foreign Direct Investments and the Challenge of Development,* UN New York and Geneva

привлекување на домашни и странски директни инвестиции се очекуваниот резултат.

И тука се поставува прашањето кои инвестиции се позначајни за растот на локалната економија, дали домашните или странските и следствено, на кои од нив треба да се насочат политиките и мерките за нивно привлекување. Секако дека за локалниот/регионалниот економски развој значајни се сите инвестиции, но, сепак, за развој на динамичките детерминанти на конкурентноста се смета дека се многу позначајни странските директни инвестиции. Имено, познато е дека со странските директни инвестиции најчесто доаѓа и прилив на нови знаења (*know-how*) и технологии, што е една од клучните детерминанти за раст на конкурентноста. Оттука, мултиплицирачкиот ефект од пренос на знаењата преку отворање на нови локални бизниси, или, пак, формирање на локални синџири на добавувачи за потребите на странските директни инвестиции.

Во делот каде што го разгледавме настанувањето на кластерите и неговите развојни фази беше спомнато дека мултинационалните корпорации можат да бидат доволен стимул за концентрација на бизнис активностите на одредена локација. Така, многу денешни кластери, како на пример кластерите во Сингапур или Ирска му го должат своето настанување на странските директни инвестиции. Други, пак, како на пример автомобилската индустрија во Детроит или Холивуд, биле во домашна сопственост многу декади, иако во последно време истите се под влијание на трендот на влез на странски директни инвестиции.

Доколку генерално се согласиме дека странските директни инвестиции се од витално значење за економскиот развој на одредена локална заедница или регион, тогаш треба да го разгледаме феноменот на атрактивност на кластерот за истите. Така, високоразвиените кластери, како што е Лондон како финансиски центар или Силиконската Долина, претставуваат вистински магнети за висококвалитетни инвестиции. Со оглед на фактот дека тие се водечки центри во дадените индустрии, истите ги привлекуваат сите клучни играчи од дома и од странство. Така повеќето инвестициски банки ги имаат лоцирано своите глобални или

европски седишта во Лондон, иако многу малку од нив се веќе британски, додека, пак, најголемиот дел од фирмите од информатичкиот сектор и секторот за електронски комуникации ги имаат лоцирано своите бизнис активности во Силиконската Долина. И по нивното воспоставување, овие странски компании можат да го зајакнат водството на кластерот и да придонесат за неговиот раст и развој.

Се поставува прашањето зошто фирмите би донеле одлука да ги лоцираат своите бизнис активности во одреден кластер. Или уште повеќе, зошто фирмите би сакале да се лоцираат близу до своите конкуренти. Делумно, како што беше спомнато и погоре во трудот, одговорот лежи во ефектите од економијата од агломерација - специјализирана работна сила, специјализирани добавувачи и пренос на знаење. Но, во голема мерка влијание на одлуката има и таканареченото “изоморфично” однесување - изразено со јазикот на институционалната теорија. На пример, многу важно во банкарската индустрија е да се биде присутен во Лондон, бидејќи на тој начин го сигнализира “членството” или припадноста во индустријата за клиентите или останатите засегнати странки. Уште поважно, двете теории - економската и институционалната се поддржувачки меѓу себе, што значи дека во моментот кога кластерот ќе воспостави лидерство во определена област, истиот ќе привлече инвестиции и тоа домашни и странски. [45]

Ирската фармацевтска индустрија е добар пример за значењето на кластерите во привлекувањето на домашни и странски директни инвестиции. Странските директни инвестиции во фармацевтската индустрија во Ирска се стари 40 години, од 1964-та година кога Сквиб (Squibb, сега *Bristol-Myers Squibb*) ги лоцираше своите производни активности во Ирска. Денес 13 од 15-те врвни фармацевтски компании во светот имаат значителни активности во Ирска (*Yehoue, 2005*).

Еден од најзначајните атрибути на кластерите е иновативноста. Квалитетна инфраструктура од институции за истражување и развој игра важна улога во процесот на иновирање, што, пак, крајно води кон подобрување на конкурентноста. Иновативноста, од друга страна, пак,

[45] J.Birkinshaw, *Upgrading the Industry Clusters and Foreign Investments*, Int. Studies of Mgt, & Org., vol 30, no 2, Summer 2000, pg. 93-113

може да биде значаен фактор за привлекување на странски директни инвестиции. Ефектот на синергија е уште поголем - странските директни инвестиции сами по себе носат нови технологии што ја стимулира иновативноста и го прави регионот поатрактивен за инвестирање за странските инвеститори. Иновативноста на неколку компании од кластерот низ конкуренција води кон зголемена продуктивност на целиот сектор (*Frejtag-Mika, 2005*).[46] Како последица на тоа, производните трошоци на фирмите се намалени, одредена количина на средства е ослободена и може да биде инвестирана во други сегменти, движејќи го на тој начин растот на кластерот. Ова, пак, ја стимулира иновативноста кај крајните корисници, конкурентите и добавувачите и поттикнува поголема алокација на средства во истражување и развој, со цел да се придобијат и задржат конкурентски предности од иновацијата. Конкурентскиот притисок од странските подружници може да биде дополнителен стимул за домашните компании, поттикнувајќи ги на поголеми напори во делот на истражување и развој, како и примена на напредни, софистицирани технологии. Следствено, странските директни инвестиции го забрзуваат економскиот развој, иако не може да се очекува дека истите се единствениот фактор за промена на технолошка основа и иновативниот капацитет на индустријата.

Присуството на странски капитал, а особено меѓународниот аспект во кластерската структура, вообичаено претставува стимул за привлекување на домашни инвестиции. Тоа го прави кластерот поспособен за раст и ширење на нови пазари. Компаниите од кластерот можат да користат канали за дистрибуција развиени од странските мултинационални компании, членки на кластерот, за продажба на своите производи. Кластерското опкружување ја стимулира иновативноста, така што членките од кластерот можат да искористат бројни можности и да се трансформираат од доставувачи на стандардни компоненти за мултинационалните компании во произведувачи на нови, уникатни производи со висока додадена вредност.

---

[46] E. Bojar, M.Bojar, T.Zminda, The Clusters as a Factor for Attracting Foreign Direct Investments in Less Developed Regions, Lublin University of Technology, Romanian Journal of Regional Science, Vol.2, No 1, Summer 2008, pg. 62-65

## 2.3. Искуствени резултати од успешни кластери во функција на регионалниот и локалниот економски развој

Кластерингот е термин кој го опишува феноменот во кој случувањата не се случајно дистрибуирани низ просторот, туку имаат тенденција просторно да се организираат.

*Табела 2: Успешни светски примери на кластери*

| Кластер | Земја | Индустрија |
|---|---|---|
| ***Silicon Valley*** | САД | *Компјутерска технологија* |
| ***Nappa Valley*** | САД | *Производство на вино* |
| ***Hollywood*** | САД | *Филмска продукција* |
| ***Detroit*** | САД | *Автомобилска индустрија* |
| ***Boston Route 128*** | САД | *Електронска технологија* |
| ***Silicon Wadi*** | Израел | *Телекомуникации* |
| ***Dharan Techno Valley*** | Саудиска Арабија | *Енергија* |
| ***Grenoble*** | Франција | *Микро-нано технологија* |
| ***Paris*** | Франција | *Висока мода* |
| ***Aerospace Valley*** | Франција | *Авионска индустрија* |
| ***Kista Science City**** | Шведска | *Телекомуникации* |
| ***Antwerp*** | Белгија | *Дијаманти* |
| ***City of London*** | Велика Британија | *Финансии* |
| ***Soho-London*** | Велика Британија | *Постпродукција* |
| ***Motorsport Valley***** | Велика Британија | *Спортски автомобилизам* |
| ***Belluno*** | Италија | *Очила* |
| ***Carpi*** | Италија | *Текстилна индустрија* |
| ***Prato*** | Италија | *Текстилна индустрија* |
| ***Piemonte*** | Италија | *Автомобилска индустрија* |
| ***Murano*** | Италија | *Стакло* |
| ***Thanagazi Carpet Cluster*** | Индија | *Килими* |
| ***Bangalore*** | Индија | *Софтвер* |

* Позната како "Долината на мобилната телефонија", дом на светскиот гигант Ериксон (*Ericsson*), прогласена за втора најпогодна локација за *IT* бизнисот во светот од престижиниот Ваерд Магазин (*Wired Magazine*).
** Локација на скоро сите Формула 1 тимови и преку 1200 специјализирани добавувачи.

*Извор: Составено од авторот користејќи повеќе извори*

Процесот на формирање на индустриските кластери бил предмет на опсервација уште на почетокот на индустријализацијата. Од памучните предилници во Ланкашир, автомобилските производители во Детроит, преку текстилните предилници во Ахмадабад и Бомбај, до кожарите во Калкута и Аркот, дури и обичниот набљудувач може видливо да препознае локациско кластерирање по индустриски сектори (*Cbakravorty, Koo & Lall, 2003*). Во денешно време, регионите се центарот на економскиот развој (*Omhae, 1996*).

Од табелата погоре можеме да забележиме дека кластерско вмрежување можеме да препознаеме во голем број земји ширум светот. Истите успеале да постигнат глобална препознатливост преку своите единствени извозни производи со висока додадена вредност креирани по пат на интензивен процес на континуирано иновирање и подобрување на продуктивноста.

Иако индустриските кластери и денеска се доживуваат како феномен карактеристичен за Италија, а благодарение на тоа што оваа земја успеа да пронајде автентичен пристап во овој организациски модел и релевантен извор на социо-економски раст и развој, истите претставуваат релевантна економска појава и во други земји како што се САД и Јапонија, а во поново време тие стануваат битен фактор за економскиот развој и на земјите во развој како што се Индија, Бразил и Мексико (табела 2).

Така, денес Силиконската Долина е меѓународно призната како светски центар на иновациите во областа на електронската технологија. Портер во своето објаснување на теоријата за индустриски кластери ќе го посочи примерот на Калифорнискиот вински кластер како пример за иновативен регион којшто стана препознатлив по висококвалитетните вина, а благодарение на континуираното иновирање и подобрување на продуктивноста.

### *2.3.1. Искуството на Италија - "Трета Италија" како пример за успешни кластери во функција на регионалниот и локалниот економски развој*

Меѓународниот интерес за кластерирањето бил особено зголемен благодарение на позитивните искуства од Италија што се остварени во оној дел од нејзиниот географски простор што се нарекува "Трета Италија". Концептот на "Трета Италија" (инвентиран од *Arnaldo Bagnasco*) започнува да се актуализира во доцните 1970-ти. Тоа е просторот во североисточна и средна Италија во која спаѓаат регионите Емилија Романа, Умбрија, Марче, Фриули – Венеција Ѓулија, Венето, Трентино-Алто Адице и Тоскана. Во тоа време додека традиционално сиромашниот југ се соочувал со слаб економски прогрес, традиционално богатиот север исто така се наоѓал во длабока економска криза. Сепак, североисточниот и централниот регион покажувале знаци на брз развој што го привлекло вниманието на академиците од социјалната и економската сфера. Се покажало дека бројните сектори од овој регион во кои биле доминантни малите и средни претпријатија се групирале заедно во кластери, што продуцирало раст, развој на извозните потенцијали и секако, ја придвижило вработеноста во овој регион. Така, вработеноста (особено во преработувачкиот сектор и услужните дејности), како и додадената вредност доживеале особен пораст 1960-тите и 1970-тите години. Потрошувачката *per capita* од пониска во споредба со индустријализираниот север во 1970-тите станала повисока во 1980-тите, а уште еден важен индикатор за зголемениот раст на овој регион претставувала промената во миграционите трендови. Така "Трета Италија" од нето извозник на население во 1960-тите години, станува увозник на работна сила во 1970-тите години, преземајќи ја позицијата на индустријализираниот север како дестинација на миграционите движења.

Зголемениот раст на "Трета Италија", а особено растот на индустриите базирани на малите и средни претпријатија, било поврзувано со секторската и географска концентрацијата на фирмите во форма на кластери. Таквите поврзувања етаблирале силна позиција на светските пазари за таканаречените *"традиционални производи"* како што се:

обувки, кожни чанти, трикотажа, мебел, плочки, музички инструменти, преработки од храна и секако, индустриите што обезбедуваат опрема за овие сектори. Во традиционалните индустрии, како на пример обувките, кластерите успеале да го зголемат производството и извозот во 1970-тите и 1980-тите во време кога големите претпријатија од Британија и Германија биле во опаѓање. [47] Уште поважно, таквите кластери покажале капацитет за унапредување на продуктивноста. Близината на добавувачите на суровини, добавувачите на опрема, производители на компоненти, субконтракторите и финалните произведувачи, заедно во комбинација со интензивното ривалство помеѓу фирмите и соработката во рамките на асоцијациите на производителите, го поттикнале растот на кластерите. Се смета дека сите овие услови и фактори биле поттикнувачка сила во јакнењето на способноста на малите и средни претпријатија во рамките на индустриските кластери за постојано унапредување на производството, за јакнење на нивната конкурентна способност и за продлабочување на нивните извозни перформанси и ширењето на присуството на странските пазари со препознатливите производи "*made in Italy*". [48]

Концептот и практиката на италијанските индустриски кластери набргу бил прифатен како основа за изучување на некои постојани, слични тенденции во поголем број развиени земји и во другите делови од Европа. Имено, потврдениот успех на многу мали и средни претпријатија преку нивните профитабилни интеракции во рамките на определени географски локации сакале да го копираат многу други. Така, примерите како Комо во Италија каде што можат да се најдат светски познатите капацитети за дизајн на свила (вкупно 2400 со 29000 вработени и две третини од производството наменето за извоз), или Карпи каде што се произведува висококвалитетна трикотажа станале примери за индустриската политика. Уште повеќе, додека концентрацијата на вакви фирми ги прави конкурентни на пазари за производи со висок квалитет и престижен дизајн

[47] Rabellotti R, "*External Economies and Cooperation in Industrial Districts: a comparison of Italy and Mexico*", Institute of Development Studies, University of Sussex, pg. 30-31
[48] Проф. Д-р Владимир Петковски, *Индустриски дистрикти и индустриски кластери- од Алфред Маршал до "Трета Италија*", Годишник на економски факултет т.37, 2002, стр. 190

каде што големите корпорации не можат да се пробијат, таквата експертиза не се ограничува само на напредно, софистицирано производство. Така, Парма е производител на најголемиот дел од италијанското сирење за широка потрошувачка, како и *prosciutto* наменето за супермаркети, 500-те фирми од Монтебелуна произведуваат 80% од светските чизми за моторџии, 75% чизми за скијање и 50% чизми за камионџии, додека Белуно е производител на две третини од светските очила, неговиот обрт изнесува 85% од италијанското производство, при што на извозот отпаѓа повеќе од 70%. Тоа го потврдува фактот дека овие значителни удели во пазарот не се ограничени само на луксуз, туку и на производи за широка потрошувачка.[49]

Индустрискиот развој на "Трета Италија" го карактеризираат три детерминанти: ***доминантноста на мали фирми, високиот степен на специјализација и просторно концентрирана форма на индустриско производство.*** Малкумина верувале дека ваквиот тип на индустријализација може да биде поврзана со индустриски раст, особено со оглед на тоа дека "Трета Италија" е релативно мал регион, што значи дека фирмите дејствувале на заситени пазари, а индустриите биле главно базирани на занаетчиство, што значи дека технолошката база била ниска. Сепак, спротивно на скептицизмот, "Трета Италија" успеала да развие високодинамичен и ефикасен производен систем, со помош на кој малите и средни претпријатија од овој регион успеале да ги освојат светските пазари. Бекатини ќе го нарече индустрискиот раст на "Трета Италија" виртуозен растечки процес (*un circolo virtuoso*) изграден по пат на интеграција и соработка базирана на локалност (економска, географска и културна) во високодинамичните производни системи. Или накратко, ефикасноста на овие локални вмрежувања е главно резултат на комбинација на три фактори: конкуренција (која ја стимулира динамиката и иновацијата), специјализација (социјална поделба на работата) и соработка (која ја минимизира несигурноста и опортунизмот, стимулира размена на знаења и информации и ги намалува трансакциските трошоци). Резултат е конкурентната предност постигната преку економијата од обем

[49] Philip Cooke, "*Problems and Prospects for Clusters in Theory and Practice*", Centre for Advanced Studies, Cardiff University, 2008, pg. 1-2

и флексибилноста. Сепак, многу автори ќе речат дека за реализирање на овој растечки процес биле потребни неколку предуслови, а најголемиот дел од нив потекнува од социјалната структура (во смисла на заеднички норми и вредности, силни семејни врски, отсуство од класна поларизација и сл.) и присуството на флексибилна, евтина работна сила во оваа област.[50]

Развојот на кластерите од “Трета Италија”, пак, е резултат на повеќе детерминанти што можат да бидат предмет на поединечна анализа, но сепак од приказните за нивниот бум во конкурентските предности може да се извлече барем една детерминанта која би била од суштинско значење. Така на пример, кластерот Монтобелуна може да им го припише својот успех во голем дел на странските директни инвестиции, како резултат на отворањето на италијанската економија. Врвни меѓународни фирми ги лоцирале своите истражувачки капацитети токму во овој регион и почнале програми за соработка со локалните производители меѓу кои Фила, Тимберланд, Росињол, Умбро, Геокс, Нордика, Саломон (*Fila, Timberland, Rosignol, Umbro, Geox, Nordica, Salomon*). Кластерот Монтобелуна е одличен пример за локализиран кластер којшто е симултано интегриран во широк меѓународен синџир од активности. Успехот на кластерот се должи на апсорпција на надворешно знаење во комбинација со формирање на ново глобално знаење (*Belussi и Pilloti 2000*).[51] Кластерот за плочки во регионот Сасуоло, пак, кој денес опфаќа 80% од вкупното италијанско производство на плочки, и на кој му припаѓа половина од пазарот за плочки во Европа и една шестина во светот, го должи својот успех на асоцијацијата на производители на плочки *Assopiastrelle* која меѓу другото воспоставила канцеларии за трговска промоција во САД, Германија и Франција во 1980-тите години што предизвикало промена на производството од ниско-трошковно во софистицирано. Асоцијацијата активно работела на зајакнување на целокупниот имиџ на италијанските плочки, потенцирајќи го

---

[50] Ron A. Boschma, “*The Industrial Rise of Third Italy: Open Window or Locational Oportunity?”*, Congress of the European Regional Science Association, Vienna, 1998, pg. 4-7

[51] Isbasoiu, George Marian, “*Industrial Clusters and Regional Development: The Case of Timisoara and Montebelluna*”, University of Urbino, 2006, pg.17

супериорниот квалитет и естетиката, а преку бројни трговски саеми ширум светот. [52]

Од меѓународната дебата на оваа тема произлегле следните основни атрибути на италијанските кластери како фактор за економски развој: географската близина, секторската специјализација, доминацијата на мали и средни претпријатија, тесната соработка помеѓу фирмите, конкуренцијата помеѓу фирмите базирана на иновации, социо- културниот идентитет што ја јакне довербата и поддржувачките регионални и национални власти. [53] Секако дека е важно да се посочи дека постојат повеќе варијации помеѓу италијанските кластери и следствено значењето и улогата на поединечните кластерски атрибути варираат од случај до случај.

| **Анализа на конкретен случај: Кластерот Монтобелуна** |
| --- |
| Монтобелуна е индустриски кластер лоциран во срцето на регионот Венето, северно од Тревизо. Големината на областа е прилично мала (околу 553 км2). Сметан за еден од најиновативните региони во Италија, Монтобелуна е специјализирана во производство на обувки. Околу 425 фирми (304 производители на обувки и 121 производител на облека) го формираат кластерот. Иако не вработува повеќе од 9000 луѓе, фирмите во рамките на кластерот имаат вкупен обрт 1,3 милијарди евра. Опкружен од 11 општини, градот Монтобелуна има историска традиција за рачна изработка на планинарски чизми. Дури во 1970-тите, Монтобелуна била светски препознатлива како центар на скијачката индустрија (*Newsweek*, 1979) заради доминантната улога во технологијата за производство на чизми за скијање (*Belussi & Pilotti*, 2000). Во бројки, кластерот го има следново учество во светското производство: повеќе од 50% технички планинарски чизми, 75% чизми за скијање, 80% моторциски чизми и 25% лизгалки. Воедно, најголемите производители на обувки за фудбал, велосипедизам, кошарка, атлетика и тенис се лоцирани тука. Комплементарните производители вклучувајќи ги: машините за пластика, калапи и механика исто така се присутни тука (*Sammara & Belussi*, 2006).<br>Монтобелуна бил формиран како типичен Маршалов тип на кластер, каде што производството е поделено помеѓу поголем број мали фирми и каде што активностите се организирани на база на поделба на трудот. Фирмите членки покажале висок степен на хетерогеност, не само во поглед на производна и техничка специјализација, туку и во поглед на големината и сопственичката структура (*Sammara & Belussi*, 2006). Потоа, во 1980-тите, како последица на процесот на глобализација, кластерот почнал да се отвора |

[52] Michael J. Enright, Paolo Tenti, “How the Diamond Works: The Italian Ceramic Tile Industry”, from Porter’s “The Competitive Advantage of Nations”, pg. 171
[53] John Humphrey, Hubert Schmitz, “*Principles of Promoting Clusters and Networks of SME’s*”, SME Programme, UNIDO, October 1995, pg. 3

кон меѓународните пазари. Денес, Монтобелуна е технолошки кластер, област со неверојатна концентрација на меѓународни компании со динамични карактеристики посветени на иновации и нови технологии.

Од доцните 1970-ти многу водечки меѓународни компании ги имаат лоцирано своите сектори за истражување и развој и почнале со развивање на програми за соработка со локални фирми во областа. (*Decathlon, Eindl, Mephisto, Raiche, Timberland, Fila, Ambro, Asics, Mitre, Umbre, Rosignol*). Кластерот е воедно домаќин на светски познати марки во спортски обувки (*Nordica, Tecnica, Salomon, Geox, Stonefly*). Влезот на мултинационални компании во кластерот придонесе за зголемување на конкурентноста помеѓу локалните фирми, забрзувајќи го на тој начин излезот за помалку конкурентните. Воедно, многу од компаниите се споија, создавајќи ги на тој начин првите италијански мултинационални компании. Во 1990-тите *Nike, Rosignol и Lange* се вдомија во кластерот преку купување на домашни фирми. Според Белуси и Пилоти (*Belussi & Pilotti*,2000), успехот на кластерот Монтобелуна лежи во постоењето на индустриска област со висока апсорпција на надворешно знаење, но воедно и развој на ново глобално знаење.

По падот на Берлинскиот ѕид во 1989-та, источноевропските земји овозможија единствена можност за зајакнување на конкурентноста на локалните фирми од кластерот Монтобелуна, воспоставувајќи меѓународни синџири за снабдување, преку релокација и субконтракторство на одделни фази на производниот процес кои се трудово интензивни, како што на пример е составувањето на обувките. Како последица на тоа, Монтобелуна кластерот ја загуби стандардната линија на производство, но ги задржа највредните и најкреативните фази од производството како: дизајнот, прототипот, истражувањето и развојот, производството на специјализирани компоненти, анализата на дизајнот и модата, маркетингот и дистрибуцијата (*Sammara & Belussi*, 2006).

Кластерот Монтобелуна е типичен пример на локализиран кластер кој е симултано интегриран во активности од меѓународниот синџир на вредности, од што можат да се научат многу лекции.

*Извор: G.M. Isbasoiu, Industrial Clusters and Regional Development: the Case of Timisoara and Montobelluna, University of Urbino, 2006, pg. 15-17*

### *2.3.2. Калифорнискиот вински кластер - пример за кластерска иновативност*

Развивајќи ја својата теорија за индустриски кластери, Портер ќе го наведе Калифорнискиот вински кластер како пример за иновативен регион. Тој ќе објасни дека винските региони во Калифорнија коишто ги карактеризираат вина со единствен и препознатлив квалитет не се резултат на природните предиспозиции (клима, почва и сл.), туку се

резултат на континуираното иновирање, подобрување на продуктивноста, со цел креирање на единствен, извозен производ со висока додадена вредност.

Имено, глобалниот пазар за вино се соочува со големи промени во последната деценија. Некои од овие промени се од структурен, додека некои од нив се од цикличен карактер. Структурните промени се резултат на промените во трговските удели како последица на фактори кои по својата природа се од долгорочен карактер, како што е промената на производните капацитети, главно преку зголемување на лозјата, како и замена на одредени типови на грозје за трпезно вино со нови висококвалитетни сорти грозје, како и постојаните иновации и примена на современи технологии за производство. Одредени земји од Латинска Америка како Чиле и Аргентина, САД, Јужна Африка, Австралија и Нов Зеланд бележат постојан пораст на уделот во извозот на вино, загрозувајќи ги позициите на традиционалните европски производители Италија, Франција, Шпанија и Португалија. И додека традиционално потеклото на виното претставувал елемент на супериорност во минатото, денешните потрошувачи на вино повеќе се заинтересирани за сортно вино, богато со арома и мирис на дабовина, сето тоа по прифатливи цени. Истите диктираат промени во вкусовите кои, пак, ги поттикнуваат производителите на унапредување на производството и иновации, а со цел да им се излезе во пресрет на модерните консументи на вино.

Калифорнискиот вински кластер е пример за регион кој успеа да ги внесе САД на листата на врвни производители и извозници на вино, а благодарение на силната поврзаност, соработка и континуираните иновации. Така, денес, винската индустрија во САД е евидентно доминирана од Калифорнија на којашто отпаѓа 90% од вкупното производство на вино, 87% од вкупната површина засадена со винова лоза во САД (383 000 хектари), 92% од вкупната берба. Истата е дом на 2843 винарници (252% повеќе во споредба со 1990 година кога бројката изнесувала 807), вработува околу 330 000 луѓе, привлекува 20,7 милиони

туристи годишно и покрива две третини од пазарот за вино во САД.[54] Извозните перформанси на Калифорнискиот вински кластер се уште поимпресивни. Така, денес Калифорнија е четврт најголем извозник на вино во светот, веднаш по традиционалните извозни европски држави Франција, Италија и Шпанија кои, пак, бележат континуиран пад во уделот во извозните пазари. За период од две декади, извозот на калифорниските вина пораснал за 18 пати од 7,3 милиони галони во 1986 година на 120 милиони галони во 2008 година што претставувал приход од повеќе од 900 милиони долари.[55]

Прашањето што се поставува е како Калифорнија успеа да се етаблира на светскиот пазар на вино со учество кое денес се проценува на 10,27%.[56] Калифорниската винска историја датира уште од средината на 18 век кога првите винари почнале да одгледуваат вино за верски потреби. Првите комерцијални винарници биле формирани во 1830-тите и 1840-тите години, а винарите главно се занимавале со производство на сок од грозје и вино за верски и медицински потреби. Во раните 1900-ти години Калифорнискиот Универзитет во Дејвис (*University of California at Davis*) го фокусирал своето истражување во одгледувањето на винова лоза и го формирал својот оддел за лозарство и енологија.

Формирањето на Калифорнискиот вински кластер бил предмет на истражување на бројни историчари. Сепак, се смета дека три основни фактори го придвижиле развојот на регионот во винарски центар на САД. Прво, тука е калифорниската единствена природна средина: климата, почвата и расположливоста на вода што е поволно за одгледување на винова лоза. Второ, златната треска предизвикала голем прилив на население што ја поттикнало локалната побарувачка за вино во времето кога истото сè уште било локален производ, како резултат на високите транспортни трошоци. И најпосле, Калифорнија привлекла мигранти од топлите делови на Европа кои имале познавања во одгледувањето на

[54] California Wine Institute, "*A Signature California Industry: California Wine*", www.wineinstitute.org
[55] US Department of Trade data
[56] California Wine Export Program, "*World Vineyard, Grape and Wine Report 2008*", pg. 72

винова лоза и производството на вино.[57] Сепак, иако сите наведени фактори имаат удел и можат да го објаснат формирањето на Калифорниската кластерска област, тие се недоволни да го објаснат брзиот раст на истата, а особено успехот во делот на зајакнување на конкурентноста што го потврдуваат емпириските резултати. Кластерскиот пристап преку повеќедимензионалната поврзаност на винарниците, одгледувачите на винова лоза, сродните и поддржувачки индустрии и научните институции, дава објаснување за успехот на Калифорнискиот вински регион.

Калифорнискиот вински кластер, покрај бројните винарници и илјадниците независни одгледувачи на винова лоза, вклучува и значителен број на поддржувачки индустрии како што се снабдувачите на залихи од грозје, опрема за наводнување и берба, бочви и етикети; специјализирани фирми за односи со јавноста и маркетинг, како и бројни публикации за виното наменети за потрошувачите и трговската аудиенција. Истиот е домаќин на бројни институции кои се поврзани со виното како што е светски познатата програма за лозарство и енологија при Универзитетот Калифорнија во Дејвис (*University of California at Davis*), Винскиот Институт (*California Wine Institute*), како и специјални комитети во Калифорнискиот сенат. Кластерот, исто така, остварува послаби врски со останатите кластери од регионот како што се кластерот за земјоделие, кластерот за храна и ресторани и кластерот за вински туризам[58] (графикон 9).

Се смета дека Калифорнискиот Универзитет во Дејвис ја има одиграно клучната улога во пресвртницата за комерцијалното производство на вино во Калифорнискиот регион, во насока на неговото оправување по катастрофалните последици кои ги оставил периодот на прохибиција кој како последица оставил масовни лозја со нискоквалитетни сорти на винско грозје.

---

[57] Rolf A.E. Mueller, Daniel A. Sumner, "*Clusters of Grapes and Wine*", Annual Meeting of the American Agricultural Economics Association", Providence, 2005 pg. 6

[58] Michael Porter, *Clusters and the Economics of Competition,* Harward Business Review, 1998, Vol 76, Issue 6, pg. 78

Графикон 9: Калифорнискиот вински кластер




*Извор: California Wine Institute, преземено од Porter M.E. "Clusters and Regional Competitiveness: Recent Learnings", International Conference on Technology Clusters, Monteal Canada, 2003, pg.*

Калифорнискиот Универзитет во Дејвис, предводен од врвните научни истражувачи од областа на лозарството го дал својот придонес особено во идентифицирањето на сортите на винско грозје со кои биле обновени лозовите насади, а со цел производство на вино со врвен квалитет, како и инвентирањето на клонови на Европските сорти и нови сорти на вино произведено од мешавина на повеќе сорти на винско грозје, како и во развојот на технологијата за производство на високо квалитетно винско грозје. Особено признание за светската потврда на Калифорниските вина во светот му се припишува на Robert Mondavi и неговите иновации од областа на технологијата на производство и обележувањето на вината, а најмногу за неговото повторно откривање на

познатиот Sauvignon Blanc во сува варијанта со изразена арома на дабовина наречена Fume Blanc, со кое триумфирал во Париз во 1976-тата година на изненадување на целата светска јавност освојувајќи ги сите награди во конкуренција со вината од традиционалните Европски вински шампиони. Ова секако дека фрлило нова перспектива за вината од Калифорнија во светот и винската индустрија почнала интензивно да расте. Производителите на вино во регионот ги прифатиле инвенциите на Robert Mondavi, а во соработка со Калифорнискиот Универзитет лозарите почнале масовно засадување на сорти на грозје кои соодветствувале со побарувачката на винарниците за производство на вино богато со структура и овошни ароми како што е Merlot, Cabernet Sauvignon, Chardonnay и единствениот калифорниски Zinfandel.[59] Сето ова зборува дека поволните факторски услови сами по себе не биле доволни да го предизвикаат растот на Калифорнискиот кластер, а особено растот на неговата конкурентност и дека истото се должи на еден обемен процес на соработка, пренос на знаењето и информациите и континуирано иновирање во насока на подигање на продуктивноста и производство на вино со врвен квалитет. И денес Калифорнискиот Универзитет со својата континуирана програма во истражување и едукација во лозарството и енологијата го има приматот во одржливиот развој на винскиот регион во Калифорнија.

Уште една значајна институција која несомнено имала огромно значење во развојот на Калифорнискиот вински кластер е Винскиот Институт (California Wine Institute). Уште од своето формирање во 1934-тата година, па до денес, Винскиот институт е претставник на преку 1000 винарници и придружни бизниси во односите со јавните институции. Неговите активности се во функција на унапредување на продуктивноста на калифорниските производители на вино и тоа преку:

- Влијание врз законската рамка и регулативата преку интензивен процес на лобирање со цел зајакната координација помеѓу креаторите на политиката и производителите на вино, а во насока

[59] www.en.wikipedia.org , *"California Wine", "New World Wine", "Robert Mondavi"*

на поттикнување на позитивна политичка и економска клима за развој на винскиот кластер;

- Финансирање на развојни проекти за истражување во областа на производство на вино, со цел подигање на конкурентноста;
- Лобирање во областа на трговската политика која треба да обезбеди фер конкурентни услови за калифорниските вина преку намалување на увозните давачки и отстранување на трговските бариери;
- Давање помош на членството преку континуирано информирање од областа на законодавството и политиката, како и од областа на истражување на пазарите преку сеопфатна пазарна анализа и информации за пазарен настап (пример за ова е Меѓународниот извозен програм-International Export Program, наменет за подигање на свеста и едуцирање на странските трговци со вино за квалитетот и особеноста на калифорниските вина) ; [60]

Уште една битна детерминанта на успешноста на Калифорнискиот вински кластер е воспоставената мрежа на трајни и силни меѓусебни врски помеѓу производителите на вино и нивните добавувачи- односно одгледувачите на винова лоза. Основна карактеристика на ваквата силна поврзаност е договорното снабдување, кое спрема едно истражување направено во 1999 година го применуваат дури 90% од винарниците со просечна должина на договорот од 3.5 години. [61] Ваквите врски им овозможуваат на винарниците, но и на лозарите да ги редуцираат ризиците, да го олеснат пристапот до финансиски средства, како и да ја подобрат координацијата со цел навремено снабдување во функција на поефикасно и поквалитетно производство.

Како што е спомнато погоре, Калифорнискиот вински кластер остварува тесни врски со останатите кластери во регионот, а особено значајни економски ефекти се остваруваат во врските со туристичкиот кластер. Така, Калифорнискиот вински кластер е основен фактор за привлекувањето на повеќе од 20 милиони туристи годишно, што остварува

---

[60] www.wineinstitute.org

[61] Rolf A.E. Mueller, Daniel A. Sumner, "*Clusters of Grapes and Wine*", Annual Meeting of the American Agricultural Economics Association", Providence, 2005, pg.8

приближно 2 милијарди американски долари приход за американската економија.[62] Винските региони Nappa Valley и Sonoma County денес претставуваат централна атракција за туристите ширум светот благодарение на бројните ресторани, хотели, културни настани но најмногу благодарение на големата разноликост од винарници – почнувајќи од мали фамилијарни винарници каде што туристот непосредно може да разговара со сопственикот и да се запознае со процесот на производство, па сé до импресивниот изложбен подрум Mondavi каде што илјадници туристи годишно се запознаваат со еден од врвните светски процеси на производство на вино што може да ги понуди Калифорнискиот кластер. Nappa Valley привлекува 4.7 милиони туристи годишно, правејќи ја долината втора најпопуларна туристичка атракција во Калифорнија, веднаш по Дизниленд. [63]

И покрај тоа што Франција која на производството на вино гледа како на "национално богатство" кое се пренесува генерациски покажала аверзија спрема калифорниското пристап етикетирајќи го како "премногу механичко" и "премногу научно – истражувачки базирано", резултатите кои ги постигна Калифорнискиот вински кластер ја обезвреднуваат оваа теорија на Французите. Уште повеќе, со оглед дека Калифорнискиот вински кластер чијашто површина изнесува три четвртини од онаа на Франција постигнува поголема конкурентност во трошоците за производство на вино и цената од Франција, традиционалните Европски производители на вино треба да го вклучат копчето за аларм, со оглед на фактот дека вината од "Новиот Свет" (New World Wines)[64], користејќи сличен систем на унапредување на конкурентноста како Калифорнискиот вински кластер, полека, но сигурно заземаат силни позиции на светската винска мапа.

[62] California Wine Institute, "*A Signature California Industry: California Wine"*, www.wineinstitute.org

[63] *"Nappa Valley"* www.en.wikipedia.org

[64] Вина произведени надвор од традиционалните Европски земји и тоа: Аргентина, Австралија, Нов Зеланд, Мексико, Јужна Африка, Чиле и САД

### *2.3.3. Силиконската долина - прототип на технолошки иновативен кластер*

Силиконската долина денес претставува прототип на кластерското вмрежување. Нејзината успешна приказна која го претвори овој регион во светски центар на високата технологија претставува предмет на проучување од страна на бројни теоретичари од областа на економскиот развој, а со цел процена на апликативните можности на моделот во останатите региони во светот. Така Индија, Кина и некои други земји во развој денес преземаат интензивни активности во насока на потхранување на компаниите од високата технологија во околина на универзитетите и истражувачките центри. Пример за ова е Научниот и индустриски парк Хинчу во Тајван (*Hsinchu Science and Industrial Park*) кој е домаќин на 400 компании од областа на високата технологија, меѓу кои и двата светски врвни производувачи на полупроводници (*TSMS-Taiwan Semiconductor Manifacturing Company и UMC-United Microelectronics Corporation*). Успехот на овие компании се должи на единствениот систем на поделба на работата, односно, специјализација во производството на полупроводници.[65] Бангалор (*Bangalore)* во Индија со своите 100 истражувачки центри и високоедуцирана и значително поевтина работна сила претставува сериозна закана за Силиконската Долина, особено во делот на постари технологии во доцна фаза од нивниот животен циклус.

Почетоците на развојот на Силиконската Долина се должат на Универзитетот Станфорд (*Stanford University*) основан 1891 година во Пало Алто и неговите напори да им конкурира на традиционално силните универзитети од Источниот брег. Професорот по инженерство Фредерик Терман (*Frederic Terman*) многумина го нарекуваат "татко на Силиконската Долина" благодарение на неговата ангажираност во етаблирањето на репутацијата на универзитетот, преку регрутирање на студенти и професори од Источниот брег и финансирање на бизнис проекти преземени од студентите. По негова иницијатива бил формиран Индустрискиот парк во склоп на универзитетот каде што биле почнати неколку бизнис иницијативи од страна на студентите, а под негов надзор,

[65] "Hsinchu Science and Industrial Park", www.en.wikipedia.org

меѓу кои Вариан Асосиејтс и Хјулит Пакард (*Varian Associates и Hewlett Packard*). Користејќи ги иновативните технолошки бизниси како катализатор, областа успеала да привлече помош и од владата и тоа како директно преку владини институции лоцирани во регионот и истражувачки центри во Индустрискиот парк, така и индиректно преку приватни фирми подизведувачи на американската морнарица лоцирана во регионот. Со развојот на суперпроводниците, системските датотеки, а подоцна и персоналните компјутери, малите и иновативни фирми почнале со интензивен раст претворајќи се подоцна во национални, па и светски лидери. Регионот станал предмет на интерес благодарение на технолошката специјализација, брзиот раст и иновативната корпоративна култура. Регионот привлекол поединци и фирми со силна култура на кооперација и иновација. Производството на хардвер, развојот на софтвер и апликација на високотехнолошко знаење во форма на консалтинг набрзо предизвикале прилив на капитал и го привлекле вниманието на јавноста, особено по интернет бумот во 1990-тите години. Покрај микропроцесорот, микрокомпјутерот и останатите напредни технологии, Силиконската Долина е повеќе од четири декади центар на електронските иновации и денес вработува повеќе од 250 000 специјалисти од областа на информатичката технологија. Силиконската Долина стана милје за иновации благодарение на конвергенцијата на ново технолошко знаење, огромна база на високоедуцирани и стручни инженери и научници од врвните универзитети од регионот, великодушното финансирање од обезбедениот пазар од Секторот за одбрана, развој на ефикасна мрежа на финансиски институции и секако институционалното лидерство на Универзитетот Станфорд уште од самиот почеток.

Сепак, денес се смета дека технолошкиот напредок не бил единствена детерминанта во развојот на Силиконската Долина, туку високоспецијализираната и прогресивна култура која ја олеснува примената на новите технологии во успешни комерцијални потфати. Оваа **претприемачка култура** е креирана и поддржана од неколку елементи:

- ***Поддржувачката владина регулатива за почнување на нови бизниси.***

  Пробизнис властите од Силиконската Долина, преку програми како

Смарт Трак (*Smart Track*) на електронско доделување на дозволи за градба, го олеснуваат почнувањето на нови бизниси, овозможувајќи им на претприемачите брза реакција за нови предизвици;

- ***Врвни универзитети и истражувачки центри кои соработуваат со индустријата.*** Освен Универзитетот Станфорд, во регионот се наоѓаат уште неколку врвни научни институции како Беркли – *University of California Berkley*) и Сан Хозе Државниот Универзитет (*San Jose State University)* чии студенти се основоположници на Интел Корпорејшн и Оракал Корпорејшн (*Intel Corporation и Oracle Corporation*) и денес важи за најголема база на инженери од високата технологија во регионот).[66]
- ***Извонредно талентирана и флексибилна работна сила.*** Работната сила е помлада (36% од популацијата е во групата од 25 до 44 год, споредбено со целата држава каде што на истата група ѝ припаѓаат 30%), поедуцирана (40% со високо образование во споредба со целата држава - 24%) и поразнолика од останатите делови од државата. Во врска со последното, интересен е фактот дека индиски и кинески мигранти управуваат со дури 25% од бизнисите во Силиконската Долина.[67]
- ***Мрежа од поддржувачки услужни институции.*** Ваквите услуги од областа на финансиите, правото, сметководството, човечките ресурси и маркетингот им помагаат на компаниите брзо и непречено да растат. Особено е важна развиената мрежа на финансиска инфраструктура која обезбедува свеж капитал, при што забележително е присуството на бројни меѓународни финансиери.
- ***Претприемачки дух и спремност за преземање на ризици****.* Еден од најспецифичните атрибути на Силиконската Долина која им овозможила брза комерцијализација на бројните технолошки иновации е секако културната димензија на спремност за преземање ризици, која предизвикана од растечкиот успех на регионот, се

[66] "Sillicone Valley", www.en.wikipedia.org
[67] AnnaLee Saxenian, "*New Immigrant Enterpreneurs*", Public Policy Institute of California, 1998, преземено од Amy Gore, Pratik Mhatre, "*High Tech Cluster Economies: Bangalore, India and Sillicon Valley, USA*", pg.3

претвори во своевидна ароганција, носејќи им на храбрите претприемачи невидени добивки.

- ***Регионален пристап во политиката на локалните и националните власти.*** Бројни владини и локални институции го поддржуваат растот на Силиконската Долина преку регионален фокус во нивните активности (*Sillicon Valley Joint Venture, Association of Bay Area Governments*).

Сличниот образовен профил, заедничките интереси и близината ги поттикнуваат неформалните врски во Силиконската Долина, што ја олеснува комуникацијата и ги охрабрува иновативните идеи. Дури и неформалните дружења за време на викендите, во смисла на спортски активности, а во последно време особено крикетот, можат да бидат база за нови идеи или можности за вработување. [68] Како што ќе изјави Јанив Бенсадон (*Yaniv Bensadon*) основачот на *FixYa* кој по две години од основањето во Израел одлучил да ја пресели компанијата во Силиконската Долина: "Вистина е дека денес е возможно сè да се направи преку Интернет, но на крајот на денот, сепак, луѓето го прават бизнисот".

[68] Steve Lohr, "*Sillicon Valley Shaped by Technology and Traffic*", The New York Times, December 20, 2007

## 3. Кластерската политика во функција на регионалниот и локалниот економски развој

Во современата ера на конкурентност која поставува нова парадигма на развојот базиран на продуктивност, владите се во континуирана потрага на мерки и инструменти од индустриската политика што ќе креираат економски просперитет. Ефикасно спроведената кластерска политика ја поттикнува иновативноста и обезбедува основа за одржлив економски развој. Здрава макроекономска политика е неопходна, но не и доволна во напорите на владите да креираат економско опкружување што е во функција на растот на продуктивноста. Микроекономските столбови на конкурентноста се клучни детерминанти за растот на продуктивноста и иновативноста. Кластерите се одраз на меѓусебната зависност и колективната одговорност на бизнис лидерите, властите на сите нивоа (национално, регионално и локално) и останатите институции во насока на креирање на услови за одржлива конкурентност.

Успехот на кластерите е во директна зависност од синергијата помеѓу приватниот и јавниот сектор, базирана на доверба и интензивна соработка. Кластерската политика обезбедува основа за дијалог и соработка помеѓу фирмите, јавниот сектор (и тоа како на национално, така и на локално и регионално ниво) и невладиниот сектор. Ваквиот дијалог обезбедува форум за размена на идеи и претставува фокусна точка за колективна акција во надминувањето на пречките во растот и продуктивноста. Таквиот дијалог ѝ дава подобра перспектива на локалните и регионалните власти за тесните грла во инфраструктурата и институциите со кои се соочува приватниот сектор, што ќе резултира во подобрен квалитет на регионалната и локалната политика и акционите мерки. Во новата ера на конкурентноста, локалните и регионалните власти треба да делуваат како катализатор, промовирајќи партнерство и соработка, фокусирајќи се на инвестиции во развој на стручноста, инфраструктурата и новите технологии.[69]

---

[69] Indira Singh, "*Industry Clusters, The Government Role*", Canadian Government Executive Magazine, 2005

Во продолжение на трудот ќе биде разгледана улогата на локалните и регионалните власти и нивната политика во кластерското вмрежување, а со цел остварување на ефектите кои беа детално објаснети во второто поглавје - зајакнување на иновативноста, продуктивноста, привлекување на странски директни инвестиции, а со крајна цел подобрување на локалниот и регионалниот економски развој. Притоа, во посебен дел ќе бидат разгледани кластерските иницијативи со цел поимно разграничување на истите од поимот кластер и кластерска политика. Воедно ќе биде разгледана и кластерската политика во ЕУ, како и кластерската политика на земјите во развој, со цел да се извлечат насоки од позитивни примери кои ќе бидат искористени во делот каде што ќе биде разработуван моделот на кластерската политика во Република Македонија во функција на локалниот и регионалниот економски развој. На крајот на поглавјето ќе бидат разгледани европските фондови и програми, со цел да се процени можноста за користење на средствата во истите во насока на зајакнување на кластерското вмрежување, а со цел зајакнат локален и регионален економски развој.

## 3.1. Кластерската политика во функција на успешно кластерско вмрежување

Погоре во трудот беше објаснет начинот на кој кластерското вмрежување има позитивно влијание врз локалната конкурентност. И додека властите на локално и регионално ниво имаат можност за поттикнување на кластерското вмрежување во функција на локален и регионален економски развој преку поддржувачка политика, креирање на локални стратегии и мерки и активности во насока на поддршка на кластерите, сепак, нивната политика мора да биде усогласена со политиката на властите на централно ниво.

Во последно време владите не само од развиените земји, туку сѐ повеќе и владите од земјите во развој го менуваат пристапот на индустриските политики во насока на поддршка на кластерското вмрежување, додека локалните и регионалните власти преземаат мерки и

активности за доследно спроведување на истите на локално и регионално ниво. Сепак, голем број на глобално препознаени кластери денес својот раст го должат на мерките на економската политика на локално и регионално ниво, поддржувачките институции, локалните иницијативи и сл. Уште повеќе, властите на локално и регионално ниво многу често самите иницираат кластерски иницијативи, свесни за позитивните ефекти кои истите ги даваат за локалниот и регионалниот економски развој. Во продолжение ќе ја разгледаме улогата на властите на централно ниво во кластерското вмрежување, улогата на властите на локално и регионално ниво, како и кластерските иницијативи со цел нивно поимно диференцирање од кластерот и кластерската политика. Иако истите можат да бидат иницирани од различни актери, сепак Солвел (*Solvell*) ќе рече дека властите на локално и регионално ниво имаат големо влијание во кластерските иницијативи, уште повеќе финансиската поддршка од нивна страна често има одлучувачки карактер за истите, иако со текот на развојот оваа зависност има тенденција на опаѓање. Успешното креирање на кластерски политики на сите нивоа - централно, регионално и локално може да биде од клучно значење за динамичниот раст на кластерот во функција на локален и регионален развој.

### *3.1.1. Улогата на владата и нејзината политика во успешното кластерско вмрежување*

Иако кластерите се резултат на дејствувањето на ентитетите од приватниот сектор и нивната свест и волја за вмрежувањето како фактор за подобрени перформанси преку зајакната меѓусебна соработка, сепак, улогата на владата и мерките од економската политика се од непроценливо значење во сите развојни фази на кластерот. Новата ера на глобализација наметнува предизвици за креаторите на политиките во услови на либерализација, брзи технолошки промени и неизвесности, при што потребата од реформски промени во националните политики во областа на економската сфера се поставува како императив. Врз основа на емпириски потврдените позитивни резултати од кластерирањето на

фирмите низ светот, креаторите на економските политики интензивно ги реформираат политиките кои ги тангираат кластерите со цел да им се овозможи поволна бизнис клима за нивен непречен раст и развој, а во функција на националниот просперитет. Така, индустриските политики, политиките за поддршка на малите и средни претпријатија, политиките за поддршка на иновативноста, науката и технологијата, прописите од областа на заштита на интелектуална сопственост, од областа на конкуренцијата, привлекувањето на инвестиции, јавните набавки се прилагодуваат на новите конкурентни односи каде што конкурентната предност повеќе не е резултат на успехот на индивидуална фирма, туку резултат на колективна акција на повеќе актери вмрежени во кластери. Притоа, важно е да се разбере дека не постои универзален модел на кластерска политика и затоа е потребно истата да се формулира во согласност со локалните економски услови, типот на кластерите и нивните развојни потенцијали, но и очекуваните ефекти, при што е потребно да постојат јасни и објективни претпоставки, но и да се формулира систем на континуирана евалвација и мониторинг.

Кластерската политика потекнува главно од три основни полиња на дејствување на економската политика и тоа: политиката на регионален развој, политиката на поттикнување на иновациите и индустриската политика. Сите три типа на политики се соочиле со промени во својата ориентација од секторски и пристап одозгора надолу (*top-down*) кон политика која е во насока на поддршка на соработката, вклучува повеќе актери и е локациски детерминирана (види графикон 10).

## Графикон 10: Трендови на политиката во поддршка на кластерите

| | **Регионална политика** | **Политика на истражување и развој** | **Индустриска политика** |
|---|---|---|---|
| Стар пристап | Редистрибуција од водечките кон регионите кои заостануваат | Финансирање на индивидуални, секторски проекти во базичните истражувања | Субвенции за фирми, национални шампиони |
| Нов пристап | Градење на конкурентни региони преку здружување на сите локални актери и ресурси | Финансирање на заеднички истражувања кои вклучуваат врски со индустријата и врски со комерцијализацијата | Поддршка на заедничките потреби и технолошката апсорпција на групи од фирми (мали и средни претпријатија) |
| Фокус на кластерската политика | Таргетирање или често вклучување на регионите што заостануваат<br>Фокусирање на помали наместо поголеми фирми<br>Широк пристап кон секторски и иноваторски цели<br>Потенцирање на вклучувањето на сите актери | Вообичаено фокус кон високите технологии<br>Искористување на предностите но и поттикнување на просторната концентрација на истражувањето и развојот<br>Промовирање на заеднички инструменти од истражувањето и развојот за да се поддржи комерцијализацијата<br>Вклученост воедно на големи и мали фирми (strart-ups и spin-ups) | Таргетирање на двигателите на економскиот раст<br>Поддршка на индустриите во транзиција со цел задржување на работни места<br>Помош на малите и средни претпријатија да се оспособат за апсорпција на нови технологии и раст<br>Креирање на конкурентна предност со цел да се привлечат внатрешни инвестиции и брендирање за извоз |

*Извор: OECD, Competitive Regional Clusters:National Policies Approaches, May 2007, pg.3*

Овој тренд го поддржува растечкиот интерес на политиката за програми кои се во насока на поддршка на развојот и зајакнување на регионалната специјализација и кластерско вмрежување со крајна цел подобрување на конкурентноста и иновативниот капацитет за унапреден економски развој.

- **Регионална политика.** Кластерските политики кои се во врска со регионалните политики често се фокусираат на регионите кои “заостануваат”, вклучувајќи региони кои се во фаза на индустриско преструктурирање, како и географски периферни региони. Уште повеќе, голем број иницијативи кои потекнуваат од други типови на политики имаат инкорпорирано чиста регионална димензија, рефлектирајќи го на тој начин значењето на политиката на истражување и развојот, како и индустриската политика во регионалниот развој;
- **Политика на истражување и развој.** Голем дел од современите кластерски програми имаат свое потекло во политиката на истражување и развој. Истите промовираат заеднички истражувања и развој со цел да го поддржат растот на ветувачките технолошки сектори во регионите каде што истите се сконцентрирани. Иако теоретски, истите се просторно независни. Сепак, во пракса овие политики често се фокусираат на одреден географски простор каде што клучните институции, истражувачки организации и компаниите се кластерски поврзани.
- **Индустриска политика** која во своите рамки ја вклучува и кластерската политика најчесто се фокусира на движечките сили за националниот просперитет и на развојот на малите и средни претпријатија. Теоретски, потребата од променет пристап во индустриската политика кој ќе соодветствува на современите конкурентски предизвици ја објаснил Портер. Познатиот негов афоризам дека “сите кластери се значајни”

ѝ контрира на традиционалната индустриска политика насочена кон индустриско таргетирање (графикон 11).

**Графикон 11: Традиционалната индустриска политика наспроти кластерската политика спрема Портер**




- Таргетира одредени индустрии, сектори
- Се фокусира на домашните компании
- Интервенира во конкуренцијата (субвенции, мерки за заштита и сл.)
- Централизирани одлуки на национално ниво

- Сите кластери придонесуваат за просперитетот
- Домашните и странските компании подеднакво ја зајакнуваат продуктивноста
- Фер конкурентски услови за сите
- Поттикнува поврзување на индустриите и комплементарности
- Поттикнува иницијативи на национално и локално ниво

*Извор: Douglas Woodward, Porter's cluster strategy versus industrial targeting, University of South Carolina, July 1. 2005, pg. 11*

Основните разлики помеѓу традиционалната индустриска политика и кластерскиот пристап во индустриската политика е даден во графиконот 11. Имено, традиционалната индустриската политика се фокусира на таргетирање на одредени индустрии кои се сметаат за приоритетни и кои според креаторите на политиките имаат најголем потенцијал, при што најчесто се заштитувани со цел да ја остварат неопходната економија од обем и софистицираност што би им овозможило да продолжат да функционираат сами. Кластерски ориентираната индустриска политика, пак, сосема спротивно, се базира на подинамичен поглед на конкурентноста помеѓу фирмите и на нивна координација со останатите институции. Концептот на кластерска политика имплицира отвореност за влез на странска конкуренција, што ќе води кон зголемена ефикасност во делот на синџирот на добавувачи, унапредување на локалната побарувачка

и стимулирање на ривалство, што во крајна инстанца ќе резултира кон позитивен пристап кон конкурентноста. Портер ќе рече дека странските фирми подеднакво влијаат на продуктивноста како и домашните фирми, што имплицира отвореност за странски директни инвестиции.

Во продолжение ќе бидат разгледани неколку пристапи кои можат да се категоризираат како типови на кластерски политики, а кои се во функција на кластерската динамика и унапредување на кластерското бизнис опкружување:

***Брокерска политика*** има за цел да постави платформа за дијалог помеѓу јавниот, приватниот сектор, научните институции и невладините организации. Мерките на политиката можат да бидат во неколку форми:

- Властите можат да поддржат воспоставување на врски помеѓу фирмите преку креирање на платформа за дијалог, поттикнување и олеснување на вмрежувањето, поддршка на врски со странство, извозни мрежи и координирани набавки, промоција на идентитетот и значењето на кластерот преку креирање на заеднички кластер бренд и заеднички маркетинг иницијативи за странска и домашна промоција;
- Мерки што го зајакнуваат заемното дејствување на науката и индустријата како услуги за поддршка на развојот на фирми базирани на нови технологии, креирање на знаења како одговор на општествено – социјалните потреби, реформи во мерките за интелектуална сопственост во насока на поттикнување на соработката на науката со индустријата и сл.
- Поддршка на организациска поврзаност помеѓу приватниот и јавниот сектор, а во насока на зајакнување на знаењата преку заеднички инвестиции во ресурси, аранжмани кои се од заеднички интерес како здравството, одбраната, околината, конкуренцијата и сл.
- Реформи во статистиките на националните економии во насока на поддршка на приватните или јавните напори да се изврши просторна идентификација на кластерите, истражување на неговите конституенти, поттикнувајќи ја свеста за можностите што им се

нудат на фирмите и зајакнувајќи ги претпоставките за реализација на ефектите од кластерите.

Притоа, креаторите на политиките можат да користат неколку инструменти како: научно- истражувачки паркови, бизнис инкубатори и сл. Интересно е дека регионалните и локалните власти имаат тенденција на заземање на висока улога во брокерската политика. Така, Велика Британија има креирано "фонд за кластери и инкубатори" на централно ниво, додека реализацијата им е препуштена на регионалните развојни агенции. Француската влада го поддржала и финансирала креирањето на "Локални производни системи" преку јавни повици за тендер, а слични програми имаат и Шведска (*VINNOVA*) и Германија (*BioRegio, Exist, InnoRegio*).

| **Анализа на конкретен случај: Шведска - пример за интегрирана кластерска политика** |
|---|
| Исто како и останатите скандинавски земји, и Шведска има силно централизиран пристап кон индустриската и регионалната политика. Регионалната политика е конципирана следејќи ги принципите на социјална еднаквост, но сепак, индустриската политика е водена од принципите на национална конкурентска предност. Сепак, Шведска се одликува со силна улога на локалните власти во кластерскиот развој, што е во согласност со трендот на политичка децентрализација и што може да се забележи на неколку полиња. Прво, постои тренд на поголема свртеност кон национална политика базирана на науката и технологијата, каде што врските помеѓу универзитетите и локалните бизниси, како и комерцијализацијата на универзитетските и научните истражувања се приоритет на националните политики. Второ, националната регионална политика сè повеќе се потпира на договорите за регионална соработка. Ваквите договори се иницирани од регионални административни бордови, како стратегии кои ги содржат приоритетите за алокацијата на средства за секој регион. Двата тренда доведоа до поголема популаризација на концептот на локални конкурентни предности и локалните власти беа мотивирани да го искористат истото. Во случајот на регионот Источна Шведска, овие трендови доведоа до раѓање на кластерскиот пристап во регионалниот развој. Имено, кластерската политика во Источна Шведска произлегла од локални договори за студија за кластерско мапирање од 1999 година. Покрај идентифицирањето на локалните |

кластери, студијата ја истакнала улогата на локалните универзитети и научни паркови во растот на информатичко-технолошки и софтверски кластери. Воедно, кластерите, како и факторите кои ги поддржуваат истите биле во центарот на фокусот на регионалните развојни договори на Источна Шведска. Иако договорите не содржеле нови мерки, истите обезбедиле стратешка координација на постоечките политики и обезбедиле финансиски средства за развивање на кластерската политика за таргетираните сектори.

Иако кластерскиот пристап не е широко прифатен во Шведска, интересот за истиот е висок, особено благодарение на шведското индустриско развојно тело – НУТЕК (*NUTEK)*. НУТЕК иницирал работилници за кластерските политики во сите региони и го потенцирал значењето на кластерскиот пристап во следните регионални развојни договори.

*Извор: P. Raines, Local or National Competitive Advantage? The Tensions in Cluster Development Policy, European Policy Research Centre, University of Strathclyde, Glasgow, Scotland, 2000*

***Политики придвижувани од побарувачката*** се во врска со една од најсилните страни на кластерите, а тоа е поефикасниот пазарен пристап. Иако се смета дека политиката не може да понуди ништо повеќе од пазарни (евентуално технолошки) информации и податоци, сепак неколку мерки можат да помогнат во пазарниот пристап:

- Јавните набавки имаат силен потенцијал да ги развијат и зајакнат кластерите, доколку се практикуваат правилно и конзистентно во подолг временски период. Така, јавните набавки за потребите на американската одбрана имаат големо влијание во успехот на високотехнолошките индустрии во САД (Силиконската Долина). Слично, јавните набавки за потребите на здравството, транспортот и телекомуникациите го поттикнале развојот на кластерите формирани околу Ериксон и Нокиа (*Ericsson и Nokia*);
- Поттикнување на развојот на опсерватории и проширувањето на опсегот на достапни информации и податоци;
- Воспоставување на едукативни програми и останати иницијативи кои ќе стимулираат проширување на знаењата и отворање на

видиците и ќе поттикнат став на љубопитност и отвореност за нови идеи, вклучително и на страната на потрошувачите.

***Политика на тренинг*** се состои во тесно специјализирани обуки на работната сила преку:

- Високоедукативни програми конципирани спрема потребите на индустријата, а особено малите и средни претпријатија. Така, технолошките и истражувачките институти во Финска, Германија и Ирска имаат оформено специјализирани сектори дизајнирани и конципирани за потребите на малите и средни претпријатија.
- Бизнис услуги од типот на дифузија на информации со цел подигање на свеста за одредени пазарни ситуации и трендови.

***Политика на поттикнување на меѓународни врски*** преку:

- Мерки за заштита на индустриската сопственост што ќе обезбеди непречена размена на идеи и знаење. Така, проширувањето на заштита на патенти и на јавно финансирани истражувања во САД имало значително влијание врз трансферот на технологии.
- Привлекување на мултинационални компании преку странски директни инвестиции и тоа влезни кои ќе служат како средство за трансфер на технологии и добри менаџмент практики, а со тоа ќе ја подигнат продуктивноста на фирмите во кластерот и излезни странски инвестиции кои ќе значат пробив на странски пазари и зајакнување на конкурентските позиции на фирмите од кластерот.
- Поддршка на малите и средни претпријатија преку извозни мрежи, поддршка на делегации на меѓународни трговски излагања, јавно спонзорирани маркетинг кампањи, кампањи за брендирање и сл.

***Пошироката рамковна политика*** подеднакво влијае на успехот на кластерот и иновативноста и вклучува:

- Макроекономска стабилност;
- Функционални пазари за стоки и услуги, работна сила и капитал;
- Образовен систем;
- Физичка, институционална и правна инфраструктура, вклучувајќи и влада којашто е во состојба да поддржи и воспостави клима за поттикнување на иновативноста;

- Комуникации и транспортна инфраструктура;
- Социјален капитал и ставови коишто влијаат на довербата која е една од основните детерминанти за успешно кластерско вмрежување.[70]

**Графикон 12: Типична структура на раководење на кластерски специфични програми и стратегии**

| | **Стратегија** | **Програма** | **Иницијатива** |
|---|---|---|---|
| **Национална (Министерства)** | Дефинирање | Дефинирање и ревизија | Ревизија |
| **Национална (агенции, регионални власти)** | Обезбедување на инпути | Дефинирање на основа на иницијалната стратегија, менаџирање | Иницирање, Менаџирање, Учество |
| **Локални власти** | Обезбедување на инпути | Обезбедување на инпути | Иницирање, Менаџирање, Учество |
| **Универзитети** | Обезбедување на инпути | Обезбедување на инпути | Иницирање, Менаџирање, Учество |
| **Трговски асоцијации, Стопански комори** | Обезбедување на инпути | Обезбедување на инпути | Иницирање, Менаџирање, Учество |
| **Компании** | Обезбедување на инпути | Обезбедување на инпути | Иницирање, Учество |
| **Консултанти, кластерски организации** | | | Менаџирање, Учество |

*Извор: PRO INNO Europe, Paper No 5, Innovation Clusters in Europe, A statistical Analysis and Overview of current policy support", European Communities 2007*

---

[70] Thomas Anderson, Sylvia Schwaag Serger, Jens Sorvik, Emily Wise Hansson, "*The Clusters Policies Whitebook*", International Organisation for Knowledge Economy and Enterprise Development- IKED, 2004, pg . 53-61

Притоа, важно е активирање на властите на сите нивоа - национално, регионално и локално, по пат на централно координирани стратегии што се базираат на соработка помеѓу повеќе министерства, агенции и комитети и коишто ќе ги конципираат, дизајнираат и соодветно ќе реагираат на препораките на кластерски базираната индустриска политика. Националната кластерската политика конципирана во овие рамки ја дава основата за конкретни акции. Графиконот 12 дава преглед на типична структура на раководење на кластерски специфичните политики, дефинирајќи ја улогата на властите на сите нивоа (национално, регионално и локално), како и останатите поддржувачки институции (трговски асоцијации, универзитети, стопански комори, консултанти, кластерски организации).

На ниво на економската политика, политиките и стратегиите што се однесуваат на кластерското вмрежување се најчесто во форма на програми од областа на поддршка на малите и средните претпријатија, иновативната политика, регионалната политика или пак, дел од документите од областа на индустриската политика, многу поретко во форма на конкретни кластерски програми или организации. [71]

Меѓусебната поврзаност на кластерската и економската политика е прикажана и во графиконот 13, каде што истата е претставена низ три димензии на меѓусебно влијание: кластерите како платформа за информирање на политиката, кластерите како средство за имплементација на мерките од економската политика и влијанието на кластерските иницијативи во мобилизирањето на јавно-приватните напори за подобрување на бизнис опкружувањето.

---

[71] Europe Innova Cluster Mapping Project, "*Cluster Policy in Europe: A Brief Summary of Cluster Policies in 31 European Countries*", Oxford Research AS, January 2008, pg. 10

**Графикон 13: Димензии на кластерската и економската политика**




*Извор: Porter M.E., "Clusters, Innovation and Competitiveness: New Findings and Implications for Policy", Institute for Strategy and Competitiveness, Stokholm, 22 January 2008, pg. 28*

И додека скоро сите кластерски развојни програми содржат заеднички елементи [мерки за подобрување на бизнис климата, обезбедување на информации, обезбедување на физичка и техничка инфраструктура, едукација и тренинг, поттикнување на бизнис вмрежувањето и соработката помеѓу фирмите, обезбедување на бизнис услуги (истражување на пазарот, бизнис консалтинг, сметководство, менаџмент и сл.), креирање на технолошки инкубатори или научно-истражувачки паркови и сл.], често истите се разликуваат по потеклото на индустриската база, степенот на инволвираност на политичкиот фактор, природата на владините мерки и процесот на селекција на кластерите.

Така, според *степенот на инволвираност на институциите,* кластерските програми можат да бидат на локално или регионално ниво,

национално или супранационално ниво (пример прекугранични кластерски иницијативи поддржани од ЕУ).

Според *потеклото на индустриската база,* кластерските развојни програми можат да бидат органски чијашто цел е да ја продлабочат и прошират постоечката индустриска база преку кластерите; трансплантирани чијашто цел е да ги изградат кластерите преку привлекување на атрактивни компании по пат на странски директни инвестиции и хибридни кои претставуваат комбинација од претходните две.

Според *начинот на селектирање на кластерите,* програмите можат да бидат базирани на статистички методи како што е студијата за просторно идентификување на кластерите или на процес на самоизбирање како што е јавен повик за понуди.

На крај, збирот на политички мерки од кластерските развојни програми се разликува во зависност од *димензиите на кластерот* (географски опсег, широчина–хоризонтални врски, длабочина -вертикални врски, капацитет за иновации, конкурентска позиција, индустриска организација и сл.) и од *развојната фаза од животниот циклус.* Секако дека развојните програми за кластери во ембрионална фаза ќе се разликуваат од мерките предвидени за кластерите во зрела или опаѓачка фаза.

Оваа разновидност на кластерските политики го отежнува *процесот на евалвација* на ефектите од самиот кластеринг како претпоставка за конкретни политички акции, но и на ефектите од мерките на самата кластерска политика. Се смета дека поставување на целите и рамките за имплементација на мерките *екс анте* е клучна при формулирање на конкретните мерки во функција на кластерската политика, по што ќе следи фаза на селекција на евалвациските критериуми, мониторинг и *екс пост* процена. Притоа, креаторите на политиките имаат потреба од поголема запознаеност и информираност за процесите во врска со:

- Обемот и интензитетот на развојот на кластерот преку бројот на фирми, вработеноста, производството, извозот, перформансите и слично, како и промените во овие варијабли;

- Влијанието на кластерот: формирање на нови фирми, раст во производството, профитот и извозот, бројот на иновации и сл. Притоа, најголем проблем претставува идентификувањето на каузална врска помеѓу постоењето на кластерот и таквите ефекти, при што контролна група од фирми кои не припаѓаат во кластерот може да биде решение за проблемот;
- Влијанието на кластерската политика: постоечките студии главно ги користат сите горенаведени варијабли, при што методологијата за евалвација на политичките мерки сè уште е недоволно развиена и е предмет на експериментирање дури и во развиените земји. Се практикува микс на методи кои вклучуваат повеќе индикатори и инструменти, од инпут-аутпут табели што ја мерат природата и интензитетот на интеракциите во рамките на кластерот, особено во поглед на пазарните трансакции, па до методи што ги мерат неформалните врски во кластерот како што се прашалниците и анализи на конкретен случај. Влијанието од економските мерки е најчесто од долгорочен карактер, така што понекогаш е потребно да помине подолг период пред да се почувствуваат првите ефекти од кластерирањето. [72]

Секако дека оваа разновидност во типовите на кластерски политики, програми, мерки за спроведување и процена го отежнува процесот на формулирање на најефикасна кластерска политика, особено кога креаторите на политиките поттикнати од земји кои покажале позитивни емпириски резултати, настојуваат да направат реплика на "проверен и докажан кластерски концепт".

Портер ќе посочи неколку основни и битни насоки за креаторите на индустриската политика, а во насока на поефикасна кластерска политика:

- *Поддршка на развојот на сите кластери, наместо дискриминаторски пристап и таргетирање на избрани, најперспективни индустрии.* Владата треба да се воздржи од фаворизирање на одредени

[72] Thomas Anderson, Sylvia Schwaag Serger, Jens Sorvik, Emily Wise Hansson, "*The Clusters Policies Whitebook*", International Organisation for Knowledge Economy and Enterprise Development- IKED, 2004, pg. 117

индустрии преку стимулативни мерки од типот на субвенции, или пак заштитни трговски мерки. Воспоставување на фер конкурентни услови и здрава конкурентска клима е во функција на унапредување на продуктивноста на сите бизниси, што значи дека пазарните сили, а не владините мерки го детерминираат успехот на кластерот;

- *Зајакнување на воспоставените и перспективни кластери, наместо обиди да се креираат комплетно нови.* Кластерските иницијативи не смеат да се користат во функција на искривена индустриска политика со цел таргетирање на "националните шампиони" или "секторите во фаза на раѓање".[73] Мора да постои елемент на пазарно тестирање пред да се предвидат значителни средства од буџетот за кластерското здружување;
- *Владините стратегии не треба да го предводат развојот на кластерите. Кластерските иницијативи треба да бидат развивани од приватниот сектор, а владата да служи како катализатор.*[74] Владата треба да обезбеди висококвалитетни ресурси, како едуцирана работна сила и квалитетна техничка и физичка инфраструктура; конкурентска клима преку заштита на интелектуалната сопственост и регулирање на фер конкуренцијата што ќе ја поттикне иновативноста, а со тоа ќе ја зајакне продуктивноста на индустриите; да прави кластерски анализи со цел процена на конкурентната способност на кластерите, да пренесува нови знаења, податоци и информации. Најпосле, владата треба да го промовира кластерското здружување преку спонзорирање на конференции и форуми, со цел подигање на свеста на фирмите за што поголемо прифаќање на оваа практика.

На Конференцијата на министрите од областа на индустриската политика и мали и средни претпријатија, одржана во Болоња во јуни 2000 година, а под покровителство на Организацијата за економска соработка и

[73] OECD, Enhancing the competitiveness of SME's in the Global Economy, Workshop 2: Local partnership, clusters and SME globalisation, Bolognia, Italy, june 2000, pg. 4
[74] Douglas Woodward, *Porter's cluster strategy versus industrial targeting*, University of South Carolina, July 1. 2005, pg. 11

развој (OECD), биле донесени следниве *препораки за формулирање на кластерската политика*:

- Унапредување на локалното партнерство, вклучувајќи го приватниот сектор, невладините организации и владините институции со цел да се постигне поделба на одговорностите;
- Кластерските иницијативи да се препуштат на приватниот сектор, а јавниот сектор да ја преземе улогата на катализатор;
- Утврдување на приоритети помеѓу кластерите, како последица на ограничените ресурси;
- Прифаќање на стратегија на низок ризик - брзи повратни резултати, при што откако ќе се забележи успех, би следеле активности со поголем ризик и долгорочни стратегии;
- Помагање на постоечките и кластерите во ембрион фаза преку: поттикнување на основање на асоцијации на добавувачи, техничка помош и снабдување со информации, обезбедување на инфраструктура, комуникации и транспорт;
- Стимулирање на странски и домашни инвестиции во рамките на кластерите преку поголема информираност за локационите предности, како и фокусирање на инвестиции во најслабите алки во рамките на кластерот;
- Поддршка на меѓународни иницијативи за промовирање на соработка помеѓу малите и средни претпријатија преку транснационални иновативни кластери;
- Континуирана евалвација на ефектите од кластерот со цел навремено изнаоѓање и решавање на потенцијалните проблеми и
- Креирање на механизам за прекин на иницијативата доколку се покаже дека истата не продуцира резултати.[75]

Многу е важно да се разбере дека постоењето на кластери не мора да наметнува постоење на нови специфични кластерски програми. За да биде ефикасен, пристапот на јавниот сектор кон кластерирањето треба да ги помине границите на програми, сектори, нивоа на политички

---

[75] OECD, Enhancing the competitiveness of SME's in the Global Economy, Workshop 2: Local partnership, clusters and SME globalisation, Bolognia, Italy, june 2000, pg. 5-6

институции. Кластерите станувaат средство за сите владини тела да размислуваат за начините на кои нивните активности влијаат на унапредување на приватниот сектор од економијата.[76]

### *3.1.2. Улогата на властите на регионално и локално ниво во развојот на кластерското вмрежување*

Со оглед на фактот дека кластерскиот развој е детерминиран од повеќе фактори од кои некои се од макроекономски карактер и властите на централно ниво имаат директно влијание на нив, додека другите се во зависност од особеностите на локацијата на која е лоциран истиот. Следствено, интервенцијата на политиката во насока на кластерски развој треба да биде на повеќе нивоа. Координацијата на политиките на сите нивоа е клучна со цел да се избегне паралелна кластерска политика, што во крајна линија може да доведе до таргетирање на различни индустрии од страна на различни нивоа на политики. Тензиите што можат да произлезат од различните комбинации на просторна идентификација и ниво на политиките ќе ги претставиме во матрикс. Неколку категории на политики можат да произлезат користејќи ги следните клучни оски: просторниот карактер на конкурентската предност на индустриите, во смисла дали кластерскиот развој е национално иницирран или секторски географски концентриран и просторниот карактер на политиката, во смисла на институционалното ниво на кластерската политика. Три типови на политики резултираат од анализата:

- **Политика на национална предност**: каде што политиката е централизирана национално и ја таргетира индустриската конкурентност на национално ниво (во многу погледи, традиционалниот пристап кон индустриската политика);
- **Централизирана кластерска политика**: каде што цел на политиката е подобрување на конкурентската предност на индустријата, но е централно координирана на национално ниво и

[76] Joseph Cortright, "*Making Sense of Clusters: Regional Competitiveness and Economic Development*", The Brookings Institution Metropolitan Policy Progam, March 2006, pg. 52

- **Децентрализирана кластерска политика**: каде што властите на локално и регионално ниво се задолжени за развивање на конкурентска предност на индустријата во рамките на нивните економски простори.

**Графикон 14: Национална наспроти локална кластерска политика**

| | | Просторен карактер на конкурентската предност | |
|---|---|---|---|
| Просторен карактер на политиката | | **Национален** | **Локален** |
| | Национален | Национална политика на конкурентна предност (Национална политика со цел унапредување на националната индустриска конкурентност) | Централизирана кластерска политика (Национална политика со цел унапредување на локалната индустриска конкурентност) |
| | Локален | Локална политика со цел унапредување на националната индустриска конкурентност | Децентрализирана кластерска политика (Локална политика со цел унапредување на локалната индустриска конкурентност) |

*Извор: P. Raines, Local or National Competitive Advantage? The Tensions in Cluster Development Policy, European Policy Research Centre, University of Strathclyde, Glasgow, Scotland, 2000, pg. 4*

Четвртата категорија од матриксот - **локална политика со цел унапредување на националната индустриска конкурентност** е многу ретко практикувана, додека една друга категорија која не е опфатена со матриксот, а тоа се политиките кои се фокусираат на локалната и регионалната конкурентност, но кои вклучуваат значителна координација помеѓу политиките на сите нивоа или таканаречената интегрирана кластерска политика е сè повеќе во фокусот на вниманието ширум светот.

Во последно време се зголемува бројот на локални и регионални кластерски политики, особено во Западна Европа (*Enright,* 2000). Истите се

разликуваат од политиките кои се во насока на поддршка на националната конкурентска предност во неколку клучни аспекти. Така, политиките за поддршка на националната конкурентска предност честопати се концентрирани на поддршката на големите компании како клучни двигатели на развојот на определени сектори (како што е примерот со Данска и Норвешка). Како резултат на тоа, истите најчесто произлегуваат од индустриската политика, обезбедувајќи директна помош (преку субвенции и сл.) или индиректно (преку обезбедување на објекти од кои ќе имаат корист само големите компании). За разлика од нив, кластерските стратегии на локално и регионално ниво имаат тенденција да бидат насочени кон малите и средни претпријатија. Малите и средни претпријатија не само што имаат потреба од интервенции од властите со цел да ги надминат внатрешните и надворешните лимити во нивните капацитети за иновирање, туку уште повеќе истиот е често во зависност од клучните кластерски карактеристики, особено поврзувањето со другите компании и истражувачките центри. Следствено, мерките на локалната и регионалната кластерска политика се во насока на поддршка на вмрежувањето помеѓу фирмите, помеѓу фирмите и истражувачките институти, помеѓу приватниот и јавниот сектор, како на пример: брокерски програми, иницијативи насочени кон комерцијализација на научно-истражувачката работа на универзитетите, развојот на локални индустриски асоцијации, како и обезбедување на заеднички услуги за индустријата. Политиките, главно, се насочени кон унапредување на микроклимата на самиот кластер, отколку кон регулаторни и економски мерки.

Подемот на регионалните и локалните кластерски политики е воедно последица на пошироките промени во политиките на локален и регионален економски развој. Истите не се само регионализирани верзии на политиките во насока на поддршка на националната конкурентска предност, туку гледаат на локалните економии како релативно независни ентитети на кои политиките можат да делуваат. Растечкото влијание на кластерскиот концепт во овие политики е резултат на поголем број фактори од кои најзначајните се промените во фокусот, инструментите и

ресурсите кои се на располагање на политиката на локален и регионален економски развој.

- ***Фокус на политиката.*** Кластерските стратегии во последно време, следејќи го трендот на популаризација на значењето на учењето и производството на ново знаење во регионалниот развој, се базираат токму на местото и улогата на истите во локалната економија. Истите ја рефлектираат поголемата свесност за знаењето (*know-how*) и иновациите во остварување на конкурентски предности во индустријата и уште поважно структурите кои овозможуваат генерирање на знаењето, негов пренос низ регионот или секторот и трансформирање во производи и услуги кои ќе ја унапредат конкурентската предност на индивидуалните бизниси. Иновативноста, пак, се смета за силно локализиран процес, кој е овозможен од географската близина на повеќе иновативни институции (*Storper,* 1997). Иновативноста се перципира како функција од локален систем на меѓусебно поврзани бизниси, истражувачки институции и слично, отколку како резултат на изолирани фирми. Следствено, ваквите размислувања водеа кон промена во политиката на економски развој во последните две декади, од фокусирање на директни субвенции за бизнисот и привлекување на странски директни инвестиции кон политики на поддршка на поширокото бизнис опкружување, поттикнување на капацитетот на фирмите за истражување и развој, како и поддршка на локални бизнис вмрежувања, во насока на подобрување на локалниот економски развој. Овој тренд беше засилен и од промените во останатите политики, каде што кластерскиот пристап, односно создавањето на регионални и локални иновативни системи, треба да даде насоки за унапредување на иновативноста со цел подобрување на локалната и регионалната конкурентност.
- ***Инструменти на политиката.*** Популарноста на кластерскиот модел на политика коинцидира со растечката улога на силни

локални и регионални институции во локалниот и регионалниот економски развој, особено во Западна Европа каде што се забележува тренд на пораст на регионални развојни агенции, а присутни се и промени во институционалната одговорност за локалниот и регионалниот економски развој. Процесот на децентрализација кој е карактеристика на Европа во последните неколку декади, наметнува креирање на политиките за локален и регионален развој по пристапот одоздола нагоре (*bottom-up*) водени од општо прифатеното признание дека локалните институции се најчесто во подобра позиција да ги проценат локалните економски потреби. Може да се каже дека трендот на растечкото формирање на локални и регионални развојни агенции е во тесна врска со кластерската политика. Имено, голем број регионални развојни агенции формирани во Европа ги имаат токму кластерите како централен елемент во своите појдовни и централни развојни стратегии. Кластерскиот развој е во согласност со стратешките цели на развојните агенции кои се во улога на координатори на развојната политика на регионот/локалната заедница. Така, наместо самите да ја испорачуваат, властите на сите нивоа, можат да ги користат развојните агенции на локално и регионално ниво го менаџираат процесот на артикулирање на развојните потреби и процесот на имплементација на политиките. Во многу случаи, самите развојни агенции развиваат развојни стратегии за своите локални заедници/региони, а токму локалниот карактер на кластерската политика нуди атрактивни инструменти за организирање на овие стратегии. И на крај, развојните агенции се најчесто и самите имплементатори на мерките од кластерските стратегии вклучително тренинг програми, истражување и развој, анализа на индустријата и сл.

- ***Ресурси на политиката.*** Локалната или регионална кластерска политика може да биде одговор на промените во расположливите ресурси за рамномерен економски развој. Всушност, атрактивноста на кластерскиот концепт може да биде образложен како решение за проблемот со смалување на национални ресурси за регионален и локален економски развој. Кластерскиот пристап на политиката е во функција на пософистициран фокус на одредени аспекти од регионалната политика. Воедно ја поддржува интеграцијата и координацијата на постојните мерки на политиката во рамките на регионот/локалната заедница. Во таа насока, кластерската политика го пренасочи фокусот на јавните институции од обезбедувачи на дополнителни ресурси за поддршка на индустрискиот развој на регионите/локалните заедници во олеснувачи до пристапот до постоечките ресурси. Ова е особено присутно во многу кластерски стратегии кои ги карактеризира етиката на "самопомош", во кои јавниот сектор делува повеќе како брокер или овозможувач на иновативните активности отколку како извор на истите.

Типично во земјите кои се карактеризираат со силна регионална институционална моќ и висока локална свесност за различниот регионален/локален идентитет, кластерската политика се појавила без значителна координација од централно ниво. Во таа смисла, кластерската политика е дел од процесот на децентрализација на економската развојна политика. Ова покажува дека идејата за кластерската политика треба да биде адаптирана во постоечките пристапи на политиката на регионално и локално ниво. Пример за примената на кластерскиот пристап во политиката на локален и регионален економски развој се кластерските политики на Австрија и Италија.

| **Анализа на конкретен случај: Австрија - пример за децентрализирана кластерска политика** |
| --- |
| Кластерската политика во Австрија е исклучиво на регионално ниво. Тоа е резултат на долгорочната политика на поделба на надлежностите во Австрија, при што регионите ја задржаа примарната улога во делот на формулирање на политиката за локален и регионален економски развој. Додека централната власт го обезбедува најголемиот дел од финансирањето за бизнис развојот, различните сектори за економски развој на регионално ниво ја имаат носечката одговорност во формулирањето на индустриските и иновативните политики. Австрија е федерална земја со силна традиција на консензус во носењето на одлуки на сите нивоа во власта. Во стратешка смисла, деветте региони имаат индивидуални развојни планови, кои самите ги формулираат и имплементираат и кои се фокусирани на економскиот развој на ограничен географски простор. Уште повеќе, најголемиот дел од австриските региони денес имаат регионални развојни агенции со различни просторни ингеренции.<br>Во регионот Стирија, независното формулирање на политиките се рефлектира во конкретна кластерска стратегија. Истата е конципирана на основа на регионалниот концепт на технолошка политика, која, пак, е иновативна стратегија развиена со цел поддршка на идентифицирани регионални кластери (кои во Стирија вклучуваат нискотехнолошки индустрии, како што е дрвната, индустријата за хартија и сл., но и покомплексни индустрии, како што е автомобилската). Првично насочена кон зајакнување на врските помеѓу сите засегнати странки инволвирани во технолошка промоција/развој, стратегијата е базирана на серија иницијативи вклучувајќи ја соработката помеѓу различни агенции, министерства на централно ниво, локални власти, истражувачки институции, финансиски институции и “социјални партнери” (претставници на синдикати и сл.). Фокусирана на локалните кластери стратегијата ги интегрира постоечките мерки на централно и регионално ниво групирајќи ги истите во неколку групи: оние кои што го јакнат капацитетот за соработка, мерки за “апсорпција и дифузија” на знаењето, како и политики на тренинг и стандарди за квалитет. |

*Извор: P. Raines, Local or National Competitive Advantage? The Tensions in Cluster Development Policy, European Policy Research Centre, University of Strathclyde, Glasgow, Scotland, 2000*

Иако е познато дека кластерите се формираат спонтано и нивниот раст и развој е детерминиран од волјата и спремноста на приватниот сектор за преземање на заеднички иницијативи, се поставува прашањето како локалните/регионалните власти можат да го помогнат овој спонтан процес. Пропонентите на “локалната/регионална кластерска политика” сметаат дека позитивната насоченост на локалните и регионалните власти кон кластерското вмрежување може да доведе до неколку интервенции на политиката кои крајно ќе влијаат позитивно врз локалниот/ регионалниот економски развој.

- ***Развивање на програми за тренинг и обука.*** Имено, од моментот кога кластерот е идентификуван, локалните и регионалните власти можат да направат врска со образовните и тренинг институции со цел да се обезбеди работна сила со “средна” стручност која ќе одговори на потребите на кластерот. Расположливоста на регионот/локалната заедница со работна сила со средна стручност е една од основните детерминанти за формирањето на кластерот, па следствено, недостатокот од истата може да го забави или инхибира кластерскиот раст и развој. Нискостручна работна сила е расположлива скоро на секоја локација, високостручната работна сила, пак, е многу мобилна, додека средностручната работна сила е најчесто многу ретка и помалку мобилна. Традиционално, јавниот сектор имал голема улога во обезбедувањето на соодветен тренинг и едукација на работната сила, со оглед на фактот дека фирмите ги избегнуваат овие трошоци од страв дека конкуренцијата би можела потоа да ги преземе обучените и тренирани работници. Многу често овој тренинг и едукација не соодветствуваат со потребите на индустријата и на кластерот. Токму затоа, потребно е да се направи врска помеѓу кластерот и образовните и тренинг институции со цел да се креираат програми кои ќе генерираат стручна и квалификувана работна сила за потребите на индустријата.
- ***Локални истражувачки институции.*** Честопати кластерите можат да ја подобрат својата конкурентност благодарение на јавните инвестиции во локални истражувачки институции. Така на пример,

индустрискиот кластер може да има корист доколку научен центар за истражување и развој од областа на индустријата е формиран во рамките на локалната заедница/регион или во рамките на локален државен универзитет.

- *Формални вмрежувања.* Кластерот може да има корист од формалните вмрежувања кои можат да бидат поттикнати од локалните и регионалните власти. Покрај застапувањето на тезата за подобрени програми за тренинг и поголема локална помош во истражувањето и развојот, таквите мрежи можат да соработуваат и на други теми како на пример маркетингот, даноците, регулаторни подобрувања и сл.
- *Програми за привлекување на нови фирми.* Се смета дека локалните и регионалните власти можат да имаат значително влијание во растот и развојот на кластерот, како и формирањето на нови кластери преку таканаречените програми за привлекување на нови фирми или програми за раст на претприемништвото. Особено во индустрии кои се соочуваат со пад или губење на позициите, локалните власти можат да поттикнат создавање на нови бизниси кои би ја искористиле расположливата стручна работна сила.

Со оглед на фактот дека е тешко да се предвиди иднината на определен кластер, се препорачува средствата на локалната и регионалната политика да бидат насочени повеќе кон создавање на квалитетно бизнис опкружување и клима за сите индустрии, наместо таргетирано насочување на средствата кон одреден кластер.

Токму затоа, во документот издаден во 2002 година од страна на Интегрираната програма за иновативност на ЕУ (*PROINOV*)[77], се препорачуваат неколку основни елементи кои би требало да бидат карактеристика на локалните и регионалните кластерски политики и тоа:

- Унапредување на претприемачката клима;
- Унапредување на базичната инфраструктура;
- Обезбедување на информации за економските трендови;

[77] PROINOV( Programa Integrado de Apoio à Inovação), (2002). *Clusters e Política de Inovação*. Presidência do Conselho de Ministros, Lisbon

- Стимулирање на претприемачки мрежи за соработка помеѓу фирмите и
- Поддржувачки услуги за фирмите.

Политиката на локален економски развој се развила особено во последните неколку декади. Следствено, локалните власти стануваат проактивни и иновативни во смисла на локалниот развој, што поттикнало степен на промени во пристапот на политиката на локално и регионално ниво. Сепак, постојат неколку фактори, позитивни и негативни кои влијаат на успешното лансирање на кластерски иницијативи на локално ниво. Еве неколку од нив:

- Просторот за маневрирање на локалните власти во голем дел е зависен од тоталниот буџет кој е на располагање за финансирање на национално ниво;
- Постојат технички и организациски ограничувања за да можат локалните власти да преземаат активности во насока на развивање на квалитетна кластерска политика;
- Постојат законски ограничувања во легислативата на национално ниво што во голем дел ги ограничуваат ингеренциите на локалните власти во делот на преземање на конкретни активности;
- Артикулацијата, техничка и политичко - административна помеѓу локалните и националните (регионална, урбанистичка, индустриска и сл.) е високо променлива;
- Пренесувањето на надлежностите од политиките од национално на локално ниво често е предмет на "интерпретација" на политичките лидери на национално (или супранационално, како на пр. ЕУ) ниво;
- Постојат политички јазови во можностите за интервенција кои им се на дадени на располагање на локалните власти од страна на централните;
- Постои опасност од дуплирање на функциите преземени од други јавни/приватни тела (од една страна) и локалните

власти (од друга страна), што наметнува супервизија на локалните иницијативи од страна на националните власти;

- Интервенциите имаат често политичко-идеолошка димензија што може да ја направи одредена локална политичка опција помалку или повеќе привлечна за политичките креатори (локални/национални/супранационални), и за оние кои се таргет група која има корист или пак загуба од резултатот на определена политика.

И покрај тоа што високо интервенистичките политики денес се сметаат за надминат тренд, сепак, сите економски теоретичари се согласуваат со фактот дека властите (на централно, регионално и локално ниво) ја имаат клучната улога кога е во прашање создавањето на поттикнувачка бизнис клима и поддржувачка регулатива. Се поставува прашањето дали локалните и регионалните власти треба да се фокусираат на поддршка на постоечките или, пак, треба да поддржат формирање на потполно нови кластери. Портер смета дека обидите на властите да креираат комплетно нови кластери секогаш се неуспешни од причина што на ваквите агломерации им е потребно минимум една декада за да се стекнат со конкурентски предности, временски период кој го надминува стратешкото размислување на поголемиот дел од власите на сите нивоа. Затоа, тој предлага да се постигне определена одржливост и удел (преку пазарни тестирања и сл.) пред да биде одобрена конкретна кластерска стратегија. Имајќи ги предвид овие размислувања Бекар и Липси (*Bekar & Lipsey, 2001*) предлагаат три начини на генерирање на кластерите:

- Преку развивање на врски со постоечки кластер;
- Преку привлекување на фирма лидер во регионот, со цел да се намалат ризиците и
- Преку воспоставување на специфична компонента за конкурентна предност (како на пример, научен парк спонзориран од јавниот сектор).

Значајно е да се спомне дека кластерските политики можат да бидат опасни доколку доведат до висока специјализација на регионот/локалната заедница. Макроекономските фактори и

структурните промени можат да одлучат дали определен кластер ќе опстои или не. Соочен со неповолна конјуктура, кластерот треба да биде способен да се диверзифицира, додека властите на локално и регионално ниво треба да создадат услови за развој на портфолио на кластери наместо фокусирање на поединечен кластер. Токму поддржувајќи ја оваа теза *PROINOV* (2002) предлага дека критериуми за идентификување на кластерите во локални и регионални рамки и тоа:

- Постоечките можности да креираат додадена вредност;
- Постоењето на организирани актери и
- Потенцијалот за креирање на нови работни места.

Голем број автори сметаат дека кластерскиот пристап ниту бара посебни политички инструменти, ниту пак, претставува посебно поле од економската политика, туку иновативен начин на комбинирање на традиционалните политики (како на пр. соработката помеѓу фирмите и универзитетите, специјализирани фондови за ризичен капитал, инфраструктурни подобрувања и сл.) кој им овозможува на креаторите на политиките подобро да ја разберат динамиката на постоечкиот растечки потенцијал во рамките на комплексот на претпријатија. Токму затоа, кластерските политики треба да бидат координирани на сите нивоа, што, пак, наметнува потреба од интегрирана кластерска политика. Ова, пак, не значи дека е неопходно постоењето на координирачка институција бидејќи најчесто кластерите се сами способни да се координираат меѓу себе без постоење на формална хиерархија или "чадор" структура.

### *3.1.3. Кластерски иницијативи*

Кластерски базираните програми за конкурентност, или *кластерските иницијативи* стануваат растечки прифатена детерминанта за регионалниот и локалниот економски развој. Кластерските инцјативи претставуваат организирани напори за формирање или зајакнување на кластерите преку поттикнување на растот и конкурентноста, а со учество на приватниот сектор, владата и научните, истражувачките и академски институции. Истите се најчесто иницирани и спонзорирани од владата или

регионална/локална агенција за економски развој, со тоа што приватниот сектор за кратко време го презема раководењето. Успешните кластерски иницијативи имаат тенденција да го променат својот статус од проекти во формални организации. [78]

Иако на почетокот истите биле карактеристика за развиените земји кои масовно почнале развојни проекти базирани на кластерското вмрежување во 1990-тите, почнувајќи од 2000 година, истите стануваат популарни и во земјите во развој, а најчесто благодарение на мултилатералните организации како *OECD, UNIDO, UNCTAD,* Светската банка и останатите донатори кои ја користеле кластерската стратегија како средство за регионален и локален развој.[79] Различни владини тела - национални (Министерствата за финансии или економија), регионални или независни (Фондови за конкурентност и сл.) можат да финансираат или кофинансираат кластерски иницијативи во соработка со меѓународни донаторски организации. Најчесто, кога е вклучена меѓународна донаторска организација, кластерските иницијативи се дел од пошироки програми за техничка помош и истите траат по неколку години. Притоа, во иницијалниот период важно е да се разберат врските во рамките на кластерите, како и нивното влијание врз вкупниот економски раст, извозот, вработеноста и специјализацијата. Исто така важно е да се тестира рецептивноста и посветеноста на кластерските лидери, бидејќи успехот на кластерските иницијативи во крајна цел зависи од нивната спремност за реформи. [80]

***Содржината и целите на кластерските иницијативи*** значително варираат од прибирање и пренесување на информации, кластерска анализа, вмрежување, лобирање, извозна промоција, регионална атрактивност и брендирање, па сè до иновации и раст на кластерот. Во едно истражување на 34 европски кластерски иницијативи, најчестите

[78] Christian Ketels, Goran Lindqvist, Orjan Solvell, "*Clusters and Cluster Initiatives*", Center for Strategy and Competitiveness, Stokholm School of Economics, June 2008, pg. 6
[79] Christian Ketels, Goran Lindqvist, Orjan Solvell, "*Cluster Initiatives in Developing and Transition Economies*", Center for Strategy and Competitiveness, Stokholm 2006, pg.5
[80] International Trade Department, The World Bank, "*Clusters for Competitiveness, A Practical Guide and Policy Implications for Developing Cluster Initiatives",* 2009, pg. 1-9

цели биле: врски со владата, тренинг, истражување и развој, маркетинг и регионално брендирање (*Isaksen and Hauge* 2002). [81]

***Финансирањето на кластерските иницијативи*** е во основата на две нивоа: во форма на поттикнување во иницијалната фаза и во форма на практично изведување на проектираните активности. Притоа, улогата на владата во финансирањето е доминантно особено за нови и кластерски иницијативи во почетната фаза од развојот, додека со текот на времето членарината и останатите извори на поддршка од индустријата добиваат на значење, редуцирајќи го потпирањето на владините финансии.[82]

Кластерските иницијативи ќе бидат релевантни само доколку постојат *минимум услови* за макроекономска и физичка стабилност, солидна бизнис инфраструктура и базичен институционален систем. Практичното искуство од кластерските иницијативи покажува дека базичен елемент во иницијалната фаза е креирање на платформа за дијалог во рамките на кластерот со цел развој на бизнис стратегии, но и со јавниот сектор со цел дискусија за политички промени и можна финансиска поддршка. Овој дијалог треба да резултира во заедничка стратегија за конкурентност што ќе биде применета од приватниот сектор, а поддржана од владата. Уште една важна детерминанта за успехот на кластерските иницијативи е назначување на олеснувач во процесот што ќе им помага на учесниците во идентификацијата на клучните можности и предизвици и ќе ги проценува тесните грла на бизнисот преку континуирана анализа.

Сеопфатниот процес за ***развојот на кластерските иницијативи*** вклучува неколку фази кои се дадени во графикон 15.

---

[81] Orjan Solvell, Goran Lindqvist, Christian Ketels, "*The Cluster Initiative Greenbook*", Stokholm 2003, pg. 16

[82] Skokan, Karel, '*Financing Cluster Initiatives*", VSB- Technical University of Ostrava, The Faculty of Economics", 2005, pg.6

**Графикон 15: Фази во развојот на кластерска иницијатива / клучни одлуки**




*Извор: International Trade Department, The World Bank, "Clusters for Competitiveness, A Practical Guide and Policy Implications for Developing Cluster Initiatives", 2009*

- ***Прва фаза: Кластерско просторно идентификување и иницијално ангажирање*** е првата фаза од процесот на развој на кластерските иницијативи. Целта во оваа фаза е да се воспостави кластерко – економска заснованост, да се соберат клучните актери во кластерот околу заеднички интереси и да се тестира климата за долгорочни проекти;
- ***Втора фаза: Дијагностицирање и формулација на стратегија*** е следната фаза чија цел е да се воспостави соработка и да се идентификуваат стратешките погледи, апликација на анализа на индустријата и продуцирање на ефикасна стратегија;
- ***Трета фаза: Спроведување на стратешки, политички и институционални иницијативи*** има за цел да ги спроведе стратешките проекти, да ги мобилизира инвестициите и да го унапреди бизнис опкружувањето; да ги мобилизира кластерските лидери да иницираат јавно - приватен дијалог за спроведување на политиката и стратешките иницијативи;
- ***Четврта фаза: Пост-проектна одржливост*** е последната развојна фаза на кластерските иницијативи. Целта во оваа фаза е кластерот

да се оспособи самостојно да презема проекти по завршувањето на иницијативата и да продолжат долгорочните инвестиции. [83]

На креаторите на политиките им стојат на располагање повеќе ***инструменти*** за реализација на кластерските иницијативи.

**Во првата фаза:**

- ***Кластерско просторно идентификување*** е статистичка метода која ги вклучува кластерските и политичките лидери и има за цел да даде детална слика за локацијата и перформансите на индустриите во целата земја, како и врските и екстерните економии кои го поттикнуваат растот на кластерот. Истата е карактеристична за иницијалната фаза од развојот на кластерската иницијатива;

**Во втората фаза:**

Следните инструменти на кластерска анализа се користат во втората фаза од развојот на кластерската иницијатива во делот на дијагностицирање на индустриите и соодветно формулирање на стратегиите.

- ***Пазарна и производна сегментација*** има за цел да ги идентификува клучните производи и пазарни сегменти во коишто кластерот е активен или потенцијално активен; да ја унапреди тимската работа и да ги идентификува клучните проблеми на кластерот;
- **СВОТ *(SWOT - Strenght, Weaknesses, Oportunities and Treats)*** анализа се концентрира на положбата на кластерот во однос на конкуренцијата на локалните и извозните пазари, а преку идентификација на силните и слабите страни на кластерот, можностите и заканите.
- **ГАП *(GAP) анализа*** има за цел да го пренасочи фокусот на анализата надвор од кластерот - конкуренцијата е надвор од земјата, а не само во рамките на националната економија и честопати фирмите немаат реална слика за своите извозни потенцијали;

[83] *International Trade Department, The World Bank, "Clusters for Competitiveness, A Practical Guide and Policy Implications for Developing Cluster Initiatives", 2009, pg. 51-66*

- ***Портеровиот дијамант*** има за цел да ја обезбеди ефикасноста на кластерската стратегија и да ги детерминира краткорочните и долгорочните импликации од конкуренцијата во определени производи или пазарни сегменти;
- ***Анализа на синџирот на вредности*** има за цел да ги процени врските во производниот синџир на вредности и да развие алтернативни стратешки опции и сценарија;
- ***Анализа на пазарните трендови*** има за цел да ги идентификува потенцијалните производи или пазарни сегменти коишто му недостасуваат на кластерот и да ги процени и предвиди перформансите на регионалните и глобалните пазари во смисла на производ, цена, обем и пазарен удел;
- ***Анализа на конкурентната позиција*** има за цел да ги анализира атрибутите на клучните кластерски производи и услуги одлучувачки за таргетираниот пазарен сегмент наспроти конкурентите. Оваа анализа дава перспектива за можната потреба од репозиционирање на кластерот или кон пазарни сегменти со повисока додадена вредност или кон позиција на пониски трошоци;

**Во третата фаза:**

- ***Постоечки и нови институции за соработка*** има за цел да идентификува дали кластерот има доволно институционален или социјален капитал да ја поткрепи колективната акција преку реформи на владините или приватните институции и формирање на нови. Овој инструмент е карактеристичен за третата развојна фаза на кластерските иницијативи во процесот на спроведување на стратешките мерки;

***Во четвртата фаза:***

- ***Мониторинг и евалвација – ПАИР (Прогрес, Акција, Инвестиции и Резултати) рамката*** **(Progress, Action, Investment and Delivered Results-PAID)** која има за цел да изврши евалвација на кластерската иницијатива, вклучувајќи ги акциите, инвестициите, финансиите, сопственоста и на крај, одржливоста. Овој инструмент се користи во последната фаза од развојот на кластерските иницијативи со цел да

се процени успешноста на проектот и можностите за нивен континуитет по завршување на проектот (графикон 16).

**Графикон 16: ПАИД (*PAID*) рамка за мониторинг и евалвација**




Извор: *International Trade Department, The World Bank, "Clusters for Competitiveness, A Practical Guide and Policy Implications for Developing Cluster Initiatives", 2009, pg. 59*

Хоризонталната оска го претставува животниот циклус на кластерската инцијатива, додека вертикалната оска го претставува нивото на инвестиции. Полната крива ги покажува инвестициите од страна на владата или донаторската организација, додека испрекинатата линија ги прикажува ко-инвестициите на приватниот сектор што има тенденција на раст во подоцнежните фази од развојниот циклус. Индикаторите за евалвација се следниве:

- ***Процесни индикатори*** (Т1) кои се користат за следење на првата фаза од развојот на иницијативата, вклучувајќи ја идентификацијата на кластерските лидери и почетоците на градење на заедница на засегнати страни;

- ***Акциони индикатори*** (Т2) кои ја следат кластерската анализа и развојот на стратегиите кои им помагаат на кластерите да ја зајакнат конкурентноста;
- ***Инвестициски индикатори*** (Т3) кои ги следат инвестициите и коинвестициите за време на имплементација на иницијативата;
- ***Индикаторите за покажаните резултати*** (Т4) ги следат мерливите резултати од кластерската иницијатива. Истите можат да вклучат раст во извозот, добивките, вработувањата, платите, индустриската профитабилност и основањето на нови претпријатија. [84]

Зелената книга на кластерски иницијативи ги презентира резултатите од Глобалното истражување на кластерски иницијативи *(Global Cluster Initiative Survey)* идентификувајќи над 500 кластерски иницијативи, главно во Европа, Северна Америка, Австралија и Нов Зеланд, а меѓу останатите:

- Секоја кластерска иницијатива е единствена и е во зависност од степенот на развиеноста на земјата, регионот и кластерот;
- Кластерските иницијативи се позастапени во развиените и транзициските економии;
- Кластерските иницијативи се иницирани од јавниот сектор (32%), од индустријата (27%) или подеднакво од двете (35%), иако најчесто компаниите се највлијателни во процесот на управување со истите;
- Финансирањето доаѓа од јавниот сектор (54%), од индустријата (18%) и подеднакво од двете (26%);
- Скоро сите кластерски иницијативи (89%) имаат назначен олеснувач (најчесто од индустријата или надворешен консултант), а многу од нив (68%) имаат институцијализирана форма.
- Кластерските иницијативи ја поттикнале конкурентноста на кластерот (85%), помогнале во растот на кластерот (89%) и ги оствариле целите (81%) [85]

---

[84] International Trade Department, The World Bank, "Clusters for Competitiveness, A Practical Guide and Policy Implications for Developing Cluster Initiatives", 2009, pg. 60

[85] Orjan Solvell, Goran Lindqvist, Christian Ketels, "*The Cluster Initiative Greenbook*", Stokholm 2003, pg. 10-11

### *3.1.4. Кластерската политика во развиените земји и земјите во развој*

Иако денес е невозможно да се избројат или класифицираат кластерите во светот, заради непостоењето на официјални податоци или слични статистички информации, сепак, евидентно е постоењето на бројни агломерации и мрежи практично во сите земји ширум светот. Идентификацијата на кластерите во светот е уште потешко имајќи го предвид различното поимно дефинирање на концептот кластер, но сепак многу земји од светот препознале кластерско вмрежување во своите економии или потенцијал за идно кластерско организирање. Што се однесува, пак, до кластерските иницијативи, Глобалното истражување за кластерски иницијативи (*Global Cluster Initiative Survey*) идентификувало околу 500 во светот, најголемиот дел од нив (92%) во Европа, Северна Америка, Австралија и Нов Зеланд. [86]

Кластерските политики, како во развиените, така и во земјите во развој се разликуваат по пристапот. Така, додека некои од нив (Данска, Холандија, Португалија, Велика Британија) имаат повеќе или помалку ***посебна кластерска политика*** која ги поддржува кластерите во различни полиња од нивното делување, други (Белгија и Шпанија) имаат ***регионално дефинирана кластерска политика*** (Фландрија и Баскија). Во останатите, пак, кластерската политика е ***дел од иновативната или политиката за поддршка на мали и средни претпријатија***. Данската, холандската и финската влада се сметаат за пионери во брокерската политика со силни компоненти за развој на малите и средни претпријатија, а слични политики следат и Тајланд и Филипини. Кина и Тајван ја фокусираат политиката во ***поддршка на научно-истражувачките паркови и инкубатори***, додека Јапонија го има сменето фокусот на ***политиката од поддршка на истражувањето и развојот во малите и средни претпријатија кон политика што ја поддржува иновативноста во рамките на кластерите***. Многу земји

---

[86] USAID, "*Promoting Competitiveness in Practice: An Assesment of Cluster Based Approaches*", prepared by The Mitchel Group, November 17, 2003, pg. 19

го користат кластерскиот концепт за ***маркетинг и за привлекување на странски инвестиции.*** Австралија, Финска, Ирска, Холандија и Чиле развиле стратегии за унапредување на ***соработката на домашните фирми со мултинационални компании***, а со цел привлекување на странски директни инвестиции и унапредување на иновативниот капацитет. Традиционалните владини програми за поддршка на извозот преку субвенции се реформираат во насока на креирање на конкурентни способности преку кластерското вмрежување на малите и средни претпријатија. [87]

Бројни практични искуства сведочат за улогата која интервенциите на владата и нејзината политика ја одиграле во постигнувањето, одржувањето и зајакнувањето на конкурентноста на кластерите. Табела 3 дава приказ на некои од светските позитивни примери. Од табелата може да се забележи дека владините интервенции се разликуваат од случај до случај, од поттикнувачки мерки од економската политика, преку директна финансиска помош, па до конкретни стратегии и организации во функција на развој на кластерите.

***Табела 3: Улогата на интервенциите на владата во зајакнувањето на конкурентноста – искуствени примери од неколку земји од светот***

| Земја | Мерки од економската политика во функција на зајакнување на конкурентноста на кластерот |
|---|---|
| **Јужна Африка** | Владата обезбедила финансирање за процена на конкурентните способности на кластерот за капитална опрема (за минерали и метали) и развој на долгорочна стратегија. Како резултат на применетата кластерска стратегија извозот се дуплирал, а приходите пораснале за три пати уште во првата година по имплементацијата |
| **Скандинавија** | Нордиската програма за мобилна телефонија е резултат на соработката на владите од скандинавските земји преку финансирање на тестирања за мобилните телефони, што им овозможило на овие земји да создадат глобално конкурентен кластер како пионери во областа со непроценливо влијание врз економските перформанси. |

[87] Thomas Anderson, Sylvia Schwaag Serger, Jens Sorvik, Emily Wise Hansson, “*The Clusters Policies Whitebook*”, International Organisation for Knowledge Economy and Enterprise Development- IKED, 2004, pg. 62-63

| | |
|---|---|
| **Јапонија** | Владината политика ѝ помогна на индустријата за факс машини со поттикнување на побарувачката откако била дозволена употребата на факс документи за правни потреби. |
| **Индија** | Кластерот за софтвер во Бангалор го доживеал својот раст благодарение на владината иницијатива за формирање на 15 технолошки паркови за софтвер во 1991 г. коишто направиле критична маса од 180 фирми, преку 20 000 работници и 85% од извозот во 1996-97 и раст на истиот од 64% во 2002 г. Кластерот привлекол бројни странски инвестиции меѓу кои *Oracle, Microsoft и GE.* |
| **Тајван** | Научно-индустрискиот парк *Hsinchu* е резултат на владината интервенција. Од 1980 г., владата инвестирала 1 милијарда американски долари, обезбедила ослободување од даноци, поволни грантови и владини лаборатории специјализирани во полупроводници и телекомуникации. Со преку 400 фирми, преку 98000 вработени и повеќе од 7 милијарди американски долари годишна продажба кластерот е денес водечки светски центар за производство на полупроводници. |
| **Аризона, САД** | Благодарение на владината програма од доцните 1990-ти, Стратешки план за економски развој (*ASPED- Arizona Strategic Planning for Economic Development), Tuscon* израснал во меѓународна "Силиконска Долина" во оптиката, со 65% раст од 1994-99, авионскиот кластер успеал да ја зголеми вработеноста за 60000 работни места, а индустријата за телефонски услуги пораснала од 2000 на 16000 работни места. |
| **Канада** | Владината помош од 160 милиони канадски долари за маркетинг и извозна стратегија го позиционирал винскиот кластер во Нијагара на светската мапа на вински производители на уникатно, висококвалитетно вино. Експериментирањето со нови сорти му ја наметнало позицијата светски лидер во производство на "смрзнато вино". |

*Извор: Thomas Anderson, Sylvia Schwaag Serger, Jens Sorvik, Emily Wise Hansson, "The Clusters Policies Whitebook", International Organisation for Knowledge Economy and Enterprise Development- IKED, 2004, pg. 162-163*

И додека развиените земји имаат тенденција да се фокусираат повеќе на иновативноста и унапредувањето на бизнис опкружувањето, земјите во развој и транзиција во рамките на кластерските програми се фокусираат повеќе на унапредување на производната структура (во смисла на производи со повисока додадена вредност) и раст на извозот.

*Табела 4: Разлики во неколку детерминанти на кластерските иницијативи помеѓу развиените, земјите во развој и транзициските земји*

| Детерминанта | Развиени земји | Земји во развој | Транзициони земји |
|---|---|---|---|
| Социјален контекст | Високо ниво на доверба | Ниско ниво на доверба | Ниско ниво на доверба |
| Цели | Иновации и унапредување на бизнис опкружувањето | Додадена вредност и зголемување на извозот | Додадена вредност и зголемување на извозот |
| Активности | Формирање на нови бизниси, заеднички истражувања и развој | Унапредување на човечки ресурси, развој на врските со добавувачите, заедничка логистика | Лобирање за промени во бизнис опкружувањето, менаџмент обуки, |
| Членство и ресурси | 75% имаат канцеларија, 79% имаат веб -страна | 71% имаат канцеларија, 37% имаат веб-страница | 62% имаат канцеларија, 41% имаат веб-страница |
| Фокус | Високотехнолошки индустрии | Базични индустрии и земјоделство | Микс на индустрии со поголем фокус на базичните индустрии |
| Улога на владата и финансирање | Владата најчесто иницијатор и финансиер | Меѓународните донаторски организации се најчести иницијатори и финансиери | Најголемиот дел од финансиите доаѓа од бизнис секторот, дел од ЕУ и донаторите |
| Перформанси | Зголемена иновативност, зголемена соработка | Унапредување на бизнис опкружувањето, извозна промоција, зголемена соработка, зголемена економска важност на кластерот преку раст и подобар пристап на пазарите | Унапредување на бизнис опкружувањето, зголемена иновативност, зголемена соработка, зголемена економска важност на кластерот преку раст и подобар пристап на пазарите, зголемен број на фирми |

*Извор: Составено од авторот според податоци од истражувањето на USAID, Christian Ketels, Goran Lindqvist, Orjan Solvell, "Cluster Initiatives in Developing and Transition Economies", Center for Strategy and Competitiveness, Stokholm 2006*

Резултатите од истражувањето на повеќе од 1500 кластерски иницијативи што го направи УСАИД во 2005 година се дадени во табела 4. Во финалниот извештај од истражувањето, Република Македонија е

класифицирана во групата на транзициски земји, што значи дека кластерските иницијативи во Република Македонија ги имаат карактеристиките од ова група на кластери.

## 3.2. Кластерската политика во ЕУ

Кластерската политика во европските земји може да се разгледува на три нивоа: на ниво на земја, регион/локална заедница и на ниво на Европската Унија. Европските земји и региони имаат почнато бројни кластерски иницијативи, предводени од Шкотска, Баскија и Каталонија како пионери на кластерската политика во 1992 година.[88] Холандија и Данска имаат долга традиција во примената на кластерскиот пристап во нивните економски политики. Ирска се истакнува со прецизна конкурентска политика практикувана со години во чиј контекст особено место им се посветува на кластерите, а кластерскиот пристап се користи за конципирање на бројни стратегии од областа на економската политика, на пример, во делот на привлекување на странски директни инвестиции. За разлика од нив, повеќе австриски региони, Чешка, Велика Британија, Шведска почнале со кластерските политики во последните неколку години, додека Франција, Германија, Италија и Шпанија немаат конципирано национална кластерска политика, но го користат кластерскиот концепт на многу полиња и во многу региони. Велика Британија во последните пет години одвојува големи суми од буџетот за поддршка на кластерите, а особено е значајна нејзината студија за кластерското просторно идентификување во која се следи трендот на вработување во групи од индустрии, однапред дефинирани како кластери.[89]

---

[88] The Cluster Competitiveness Group, “Cluster Based Policies”, Competitiveness, April, 2002, www.competitiveness.com, pg. 6

[89] Alex Bolland, “ *Industrial clusters: Identification and Public Policy*”, Working Paper 09-02, University of Sussex, pg. 1-3

*Табела 5: Кластерската политика на земјите во ЕУ*

| **Земја/регион** | **Кластерска политика** |
|---|---|
| **Шкотска, Баскија, Каталонија** | Пионери во кластерската политика во 1992 година |
| **Холандија, Данска** | Долга традиција во примената на кластерскиот пристап во нивната економска политика |
| **Ирска** | Прецизна конкурентска политика во чиј контекст особено место им се посветува на кластерите, а кластерскиот пристап се користи за конципирање на бројни стратегии од областа на економската политика (на пр. во делот на привлекување на странски директни инвестиции) |
| **Австриските региони, Чешка, Велика Британија, Шведска** | Почнале со кластерските политики во последните неколку години |
| **Франција, Германија, Италија, Шпанија** | Немаат конципирано национална кластерска политика, но го користат кластерскиот пристап во многу полиња и во многу региони |
| **Велика Британија** | Во последните неколку години одвојува големи суми од буџетот за поддршка на кластерите, а особено е значајна нејзината студија за кластерското просторно идентификување во која се следи трендот на вработување во групи од индустрии однапред дефинирани како кластери |
| **Шведска** | Има формирано посебни институции како Винова (*Vinnova*) чијашто задача е имплементација на кластерскиот пристап во регионалниот развој |
| **Германија** | Во 1990-тите бил лансиран интересен експеримент за развој на три кластери од областа на биотехнологијата со финансиска поддршка на федералната влада (*Bio Reggio Competition*) благодарение на кој Германија денес е лидер во биотехнологијата заедно со Велика Британија |
| **Словенија** | Словенечката кластерска политика се смета за добар пример на систематска и интегрирана примена на кластерската политика, особено со оглед на позитивните ефекти кои истата ги имала врз економските перформанси на нејзината економија. |

*Извор: Составено од авторот користејќи повеќе извори*

Шведска има формирано посебни институции како Винова чијашто задача е имплементација на кластерски пристап во регионалниот развој. Во Германија интересен експеримент бил лансиран во 1990-тите за развој на три кластери од областа на биотехнологијата со финансиска поддршка на федералната влада (*Bio Regio Commpetition*), благодарение на кој Германија денес е лидер во биотехнологијата заедно со Велика Британија. Особено внимание денес привлекува кластерската политика на Словенија и ефектот кој кластерите го одиграле во економските перформанси на нејзината економија. Словенската кластерска политика се смета за добар пример на систематска и интегрирана примена на кластерска политика во транзициските економии, а воедно била признаена како една од најдобрите практики во спроведувањето на кластерската политика на национално ниво (*Solvell et al.* 2003).[90]

На регионално ниво, како што е спомнато погоре, шпанскиот регион Баскија е еден од првите светски региони кој применил кластерски пристап во економската политика. Во време на длабока криза на економијата базирана на главно традиционалното производство на бродови и метални конструкции, лидерите од јавниот и приватниот сектор го прифатиле кластерскиот пристап со цел промена на економската состојба. Една декада подоцна, регионот е еден од најбогатите во Шпанија и постигнал БДП (*per capita*) близок до европскиот просек. Во меѓувреме различни типови на кластерски иницијативи се развивале во многу делови од Европа – од керамичките плочки во Каталонија, преку фармацевтскиот кластер во регионот Орисунд во Скандинавија, автомобилскиот кластер во Стирија во Австрија, текстил во Емилија Романа и сл. Најголемиот дел од овие иницијативи биле иницирани од локални или регионални владини агенции со учество на индустриските асоцијации. Искуствата велат дека регионалниот кластерски пристап дава подобра основа за јавно-приватниот дијалог, особено во земји со федерална структура како што се Германија, Белгија и Италија.[91]Во вкупниот број на кластерски политики и програми, Европа се смета за најактивен регион во светската економија.

---

[90]“ *Cluster Development Projects- Slovenian Cluster Mapping Study*”, www.anteja-ecg.com

[91] Christian Ketels, “*European Clusters*”, Harvard Business School, Boston, MA, USA, Hagbarth Publications 2004, pg. 3-4

Типот и содржината на кластерските политики се разликува од земја до земја, вклучувајќи иницијативи каде што кластерската политика е во функција на зајакнување на релациите помеѓу властите на сите нивоа (централно, регионално, локално), приватниот сектор и академските институции - *triple helix* (Германија, Финска), преку кластерски политики кои се фокусираат на зајакнување на соработката помеѓу фирмите во истражувањето и развојот (Холандија, Франција), па до кластерски политики насочени кон зајакнување на вертикалните и хоризонталните врски помеѓу фирмите.[92] Последниве се најчесто секторски специфични и кластерските иницијативи најчесто се дел од индустриската политика.[93]

**Графикон 17: Политичкиот микс на европски, национални и регионални кластерски политики**




Извор: Europe INNOVA, *Innovation Clusters in Europe, A Statistical Analysis and Overview of Current Policy Support,* European Communities 2007

Кластерските политики на сите нивоа: на ниво на Европска Унија, национално, регионално, па и локално, треба да се поддржуваат и

[92] Skokan, Karel, '*Financing Cluster Initiatives*", VSB- Technical University of Ostrava, The Faculty of Economics", 2005, pg. 6
[93] European Commition, "European Trend Chart on Innovation", Thematic Report Covering Cluster Policies, 2003, pg.6

зајакнуваат меѓу себе (графикон 17). И покрај тоа што кластерите се локален, регионален или национален феномен, Европската Унија, преку своите политики на поддршка на кластерите, може во голема мерка да влијае во процесот на креирање на регионални и локални политики во насока на создавање на конкурентно силни кластери.

Европа се соочува со економска криза каква не била почувствувана со декади наназад. Се смета дека излезот од кризата е возможен единствено доколку одговорот на макроекономската политика се комбинира со структурно унапредување на конкурентноста во согласност со амбициозните цели од стратегијата Европа 2020. Токму во последната декада ЕУ се соочува со повторно заживување на регионалната индустриска политика. Новиот тренд на креирање на политики се карактеризира со истакнатата улога на локалните организации во обликувањето на регионалната политика, со силна ориентација на подобрувањето на локалните конкурентски предности и поголем фокус на локалните производни системи. Уште повеќе истиот наметнува тесна соработка помеѓу актери од различни домени: креатори на политики на сите нивоа: европско, национално, регионално и локално, агентите за бизнис поддршка, консултанти, академските институции и сл. Во новото опкружување во кое знаењето има централна улога, концептите како што се кластерите, иновативни системи, партнерства, вмрежувања и сл. имаат силно влијание во обликувањето на новите форми и содржини на регионалната индустриска политика. Кластерите добиваат растечко значење како инструмент на стратегијата Европа 2020.

Креаторите на политиките во Европа, особено во последната декада се силно заинтересирани за потенцијалот на кластерски базираната економска политика. Од една страна, власите на сите нивоа имаат потреба од изнаоѓање начини за подобрување на дијалогот со приватниот сектор со цел да ја унапредат конкурентноста. Кластерите се природна платформа за такви организирани напори. Од друга страна, властите имаат потреба да ја зголемат ефективноста на своите политики во областите како што се регионалниот развој, привлекувањето странски директни инвестиции, развој на вештини и иновации што можат да бидат

постигнати преку израмнување на политичките напори со потребите на кластерот.

На 22 октомври 2008-ма година, со одлука на Европската комисија беше формирана Европската кластерска политичка група (*European Cluster Political Group)* со основна задача да работи на унапредување на факторите за кластерски развој во земјите од ЕУ. Група од 20-тина експерти добиле задача да го подобрат разбирањето за модерните политички решенија во насока на поддршка на кластерите на Европската комисија и на земјите-членки, како и да подготви препораки за поквалитетно дизајнирање на кластерските политики во ЕУ.

На база на три принципи на кои би требале да се базираат кластерските програми на ЕУ и на земјите-членки предложени се осум акции кои треба да ги пренесат овие три принципи во пракса. Сите предлози се во согласност со стратегијата Европа 2020 и се формулирани согласно нејзините стратешки цели. Особено, истите имаат за цел да придонесат за создавањето на нова ЕУ кластерска политичка агенда како фундаментален елемент на новиот пристап кон индустриската политика на ЕУ. Европската кластерска политичка група предлага дека следната етапа на кластерски програми треба да се базира на следните принципи:

**Европската кластерска политичка група предлага дека следната етапа на кластерските програми треба да се базира на следните принципи:**

- **Кластерските програми треба да бидат помогнати од енергични напори да се зајакнат рамковните услови**
- **Поддршката од јавниот сектор треба да биде базирана на кластерската способност да се соочи со глобалната конкуренција**
- **Кластерските програми треба да бидат испорачани како интегрирани политики со прецизно доделени улоги одговорности на Европската комисија и земјите-членки**

- Кластерските програми треба да бидат помогнати од енергични напори да се зајакнат рамковните услови;
- Поддршката од јавниот сектор за кластерите треба да биде базирана на кластерската способност и волја да се унапреди со цел да се соочи со глобалната конкуренција;

- Кластерските програми треба да бидат испорачани како интегрирани политики со прецизно доделени улоги и одговорности на Европската комисија и на земјите-членки.

Европската кластерска политичка група ги предлага следните акции како важен чекор во имплементацијата на следната етапа на кластерски развој во ЕУ:

- Да се усогласат приоритетите за финансирање од буџетот на ЕУ со конкурентноста;
- Да се зајакнат рамковните услови за кластерски развој;
- Да се направи анализа на сегашните корисници на финансирање на ниво на земји-членки на ЕУ;
- Да се поттикнат квалитетни кластерски програми на ниво на земји-членки на ЕУ;
- Да се олесни финансирањето на кластерите преку креирање на унифициран сет од административни процедури;
- Да се подобри координацијата на кластерските програми помеѓу различните директорати;
- Да се институционализира обезбедувањето на податоци за кластерите;

**Европската кластерска политичка група ги предлага следните акции за кластерски развој во ЕУ:**

- **Да се усогласат приоритетите за финансирање од ЕУ буџетот со конкурентноста**
- **Да се зајакнат рамковните услови за кластерски развој**
- **Да се направи анализа на сегашните корисници на финансирање на ниво на земји-членки на ЕУ**
- **Да се поттикнат квалитетни кластерски програми на ниво на земји-членки на ЕУ**
- **Да се олесни финансирањето на кластерите преку креирање на унифициран сет од административни процедури**
- **Да се подобри координацијата на кластерските програми помеѓу различните директорати**
- **Да се институционализира обезбедувањето на податоци за кластерите**
- **Да се унапредат европските платформи за кластерска соработка**

- Да се унапредат Европските платформи за кластерска соработка. [94]

***Табела 6: Кластерите како централна тема во документите на ЕУ посветени на иновативноста и економскиот раст***

| **Документ** | **Улогата на кластерите –една од централните теми во документите** |
|---|---|
| ***“Повеќе истражувања и иновации - инвестиции во растот и вработувањето”*** | Индустриските кластери базирани на знаење се клучот на економскиот развој |
| ***“Примена на знаењето во пракса: Иновативна стратегија за ЕУ”*** | Го потенцира значењето на иновативните кластери и насоченоста на стратегиите кон транснационалното поврзување со цел создавање на глобално конкурентни кластери. |
| ***“Иновативни кластери во Европа: Статистичка анализа и преглед на постоечката кластерска поддршка”*** | Кластерите се двигатели на иновативноста и економскиот раст. |

*Извор: Составено од авторот*

94 European Cluster Policy Group, *Final Recommendations, A Call for Policy Action*, www.proinno-europe.eu, pg. 2-15

Како што се движиме од Лисабонската стратегија кон новата стратегија фокусирана на економскиот раст и вработувањата - Европа 2020, јасно е дека кластерите се основната алатка која ја придвижува конкурентноста. Уште при ревидирањето на Лисабонската стратегија во 2005-та година, Европската комисија ја издаде публикацијата “Повеќе истражувања и иновации - инвестиции во растот и вработувањето: заеднички пристап”[95], каде што е потенцирано значењето на столбовите на иновативноста, при што индустриските кластери базирани на знаење беа посочени како клучот на идниот економски развој. Ова гледиште што ги става во фокусот на економскиот развој кластерите продолжува и во следната публикација: “Примена на знаењето во пракса: Иновативна стратегија за ЕУ”, коешто, меѓу останатото, го потенцира значењето на иновативните кластери и насоченоста на стратегиите кон транснационално поврзување со цел создавање на глобално конкурентни кластери. [96] Стратешките упатства за регионалната политика на ЕУ, исто така, ја поддржаа улогата на кластерите, што отвори можности за користење на Кохезионите фондови на локално ниво. Како последица на потребата за преглед на значењето на кластерите за економијата на ЕУ, Европската комисија го презентираше документот “Иновативни кластери во Европа: Статистичка анализа и преглед на постоечката политичка поддршка”[97], во кој се анализира улогата на кластерите како двигатели на иновативноста и економскиот раст. Документот воедно ги опишува националните и регионалните пристапи во поддршката на кластерите и ги идентификува главните предизвици кон кои треба да се фокусира вниманието со цел искористување на нивниот полн потенцијал. Извештајот го истакнува значењето на кластерите преку аргументирање дека 30-40% од вработувањата во ЕУ се во индустрии кои се регионално вмрежени, при

**30-40% од вработувањата во ЕУ се во индустрии кои се регионално вмрежени**

[95] Commission of the European Communitie, *More Research and Innovation-Investing for Growth and Employmentt: A Common Approach*, Brussels, 12.10. 2005, pg. 15
[96] Commission of the European Communities, *Putting Knowledge into Practice:A Broad Based Innovation Strategy for the EU*”,COM (2006)502 final, Brussels, 13.09.2006, pg. 7-8
[97] Commission of the European Communities, *Toward world-class clusters in the EU: Implementing the broad-based innovation strategy*, Brussels 05.11.2008, pg.

што ја дефинира улогата на Комисијата во поддршката на кластерите и тоа како олеснувач за кластерските напори во Европа преку:

- Отстранување на бариерите за трговија, инвестиции и мигрирање на работната сила;
- Развој и промоција на стратешки пристап кон кластерската политика во Европа;
- Зајакнување на научната база во Европа и овозможување на подобро искористување на резултатите од истражувањето за иновации и
- Стимулирање на развојот на прекугранични кластери.

Сепак, заклучокот на Европската комисија е дека и покрај тоа што постојат, кластерите во ЕУ често не ја добиваат критичната маса за да станат глобално конкурентни. Во таа насока се предложени неколку мерки кои ќе придонесат кон смалена пазарна фрагментација, посилни врски помеѓу науката и индустријата, како и подобрена соработка на ниво на ЕУ и тоа:

**Европската комисија ги предлага следните мерки со цел создавање глобално конкурентни кластери:**

- **Интегрирање на кластрерите во националните развојни политики;**
- **Промоција на транснационална соработка;**
- **Кластерски менаџмент – нова професионална квалификација**

- Предлог до земјите-членки да ги интегрираат кластерите во своите национални развојни политики;
- Промоција на транснационална кластерска соработка;
- Признавање на кластерскиот менаџмент како нова професионална квалификација и сл.

Воедно се повикуваат властите на локално ниво при формулирање на своите развојни стратегии да не се ограничуваат само на "просторните" аспекти на кластерингот, туку да ја разберат пошироката функција која истите ја имаат во економскиот развој, преку поттикнување на претприемништвото, обезбедување на поддршка на бизнисот,

иновативност и уште многу економски процеси во кои е вклучена скоро секоја локална заедница.

*Табела 7: Пристапи во кластерската политика и кластерските иницијативи во некои земји од Европа*

| Земја | **Пристап во кластерската политика и кластерските иницијативи** |
|---|---|
| **Италија** | Типична практика е регионалните и локалните власти да соработуваат со индустриските асоцијации и останатите локални организации како финансиски институции, истражувачки центри и универзитети. Неколку регионални власти како на пр. Емилија Ромања, Ломбардија, Тоскана и сл. имаат сектори или одговорно лице посветено на развојот на кластерите. Истите биле одговорни за основањето и развојот на специфични организации во функција на идентификација и надминување на проблемите и пречките во развојот на кластерот. Луметал, на пример, е кластерска организација за металопреработувачката индустрија којашто била стартувана од локалните власти во соработка со регионалните банки. |
| **Шпанија** | Кластерските иницијативи најчесто почнуваат на регионално ниво. Во Каталонија, на пример, регионалните власти во соработка со локална консалтинг компанија извршиле процена на можностите и ризиците и направиле стратегија за подобрување на конкурентните позиции на кластерите. Активностите вклучувале: обемен истражувачки процес за процена на конкурентната позиција на Каталонија, студиски патувања на менаџерите од кластерот за да се запознаат со најдобрите кластерски практики на други места и напори да се оформи кластерска организација способна за колективна акција. По потреба биле повикувани истражувачките институти, универзитети и регионалните финансиски институции. |
| **Велика Британија** | Кластерските иницијативи биле иницирани од регионалните агенции за развој. Во Шкотска, "Скотиш Ентерпрајс" (*Scottish Enterprise*) развила пристап одозгора надолу при што агенцијата селектирала одредени кластери за промоција на внатрешни инвестиции, програми за локално поврзување и тренинг и поддршка во истражувањето. Во Велс, "Велш Девелопмент" (*Welsh Development Agency*) на сличен начин привлекла странски директни инвестиции, а потоа развила локална база на добавувачи за поддршка на истите. |
| **Скандинавските земји** | Во Данска, неколку студии кои користеле кластерска методологија послужиле за информирање на економската политика. Во Финска, таквиот |

| | |
|---|---|
| | процес резултирал во промена на политиките базирани на субвенции и заштита на индустриите кон фокусирање на рамковните услови неопходни за кластерски развој. Пристапот не влијаел само на економската политика, туку и на политиката во врска со науката, технологијата и образованието. Бројни владини програми во Данска и Норвешка се фокусирани на зајакнувањето на поврзувањето помеѓу малите и средните претпријатија. |
| **Холандија** | Обемните кластерски студии претставувале основа за владината политика и програми наменети за унапредување на технолошките капацитети на фирмите. Различните пристапи вклучуваат подобрување на општите економски услови, брокерската политика и владините јавни набавки како стимул за кластерскиот развој. |
| **Австрија** | Земјата има развиено пристап кон економската политика во која кластерската анализа е значајна компонента. Специфичните политики вклучуваат: зајакнување на врските помеѓу истражувачките институции и приватниот сектор, напори да се редуцираат регулаторните и владините бариери за иновации, промоција на кластерите и креирање на центри за компетенција. |
| **Македонија** | Првите кластерски иницијативи (вкупно 6) се започнати благодарение на Проектот за јакнење на конкурентноста на РМ на Американската агенција за меѓународен развој (*USAID*), по што се почнати повеќе кластерски иницијативи. Кластерската политика во РМ е дел од индустриската политика и политиката за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија, како и дел од политиката за иновации и политиката за привлекување на инвестиции. На индустриските кластери им се посветува особено внимание во сите стратешки документи од областа на економскиот развој со особен акцент на зајакнување на националната конкурентност. [98] |

*Извор: OECD, Enhancing the competitiveness of SME's in the Global Economy, Workshop 2: Local partnership, clusters and SME globalisation, Bolognia, Italy, june 2000, pg. 21-22, делот за Македонија, составен од авторот*

Табела 7 дава приказ на пристапот кон кластерската политика и кластерските иницијативи во некои земји од Европа, а во функција на зајакнување на конкурентната способност на кластерите. Пристапите се разликуваат од земја до земја што го потврдува ставот дека кластерскиот концепт денес станува повеќе начин на размислување во економската политика, отколку прецизен шаблон на збир од политички мерки за секој поединечен контекст од економското опкружување.

[98] Делот за Република Македонија е составен од авторот

Со оглед на фактот дека кластерската политика на земјите од ЕУ е конципирана на три нивоа, спроведувањето на истата бара соодветна вклученост на институциите и тоа: агенциите задолжени за имплементацијата на кластерската политика на национално, регионално и локално ниво; министрите и регионалните власти кои ги конципираат политиките на национално и регионално ниво и европските институции кои обезбедуваат комплементарни и поддржувачки политики на ниво на ЕУ. [99]

***Табела 8: Карактеристики на кластерската политика во земјите од Европа***

| Земја | Одговорни министерства за кластерската политика | Институции одговорни за спроведување на кластерската политика | Број на програми на национално/ регионално ниво | Успешни кластерски програми |
|---|---|---|---|---|
| **Австрија** | Финансии и економија, наука и истражување, трговија и индустрија | Австриски економски услуги, (*AWS*), Австриска агенција за промоција на истражувањето (*FFG*), Австриската стопанска комора (*WKO*), Австриската бизнис агенција (*ABA*) | 8/1 | *LISA VR* - кластер фокусиран на развојот на науката за животот |
| **Франција** | Финансии/економија, Внатрешни работи | *OSEO Innovation*, Агенција за индустриски иновации (*AII*), Национална Агенција за истражување (*ANR*) | 1/н/а | Н/А |
| **Словенија** | Финансии/економија | Агенција за претприемништво и странски инвестиции (*JAPTI*) | 1/1 | Охрабрени поврзувањата помеѓу фирмите, специјализација во ланците на производство и заеднички развој на странските пазари преку кластерскиот систем |

[99] The High Level Advisory Group on Clusters, chaired by Senator Pierre Laffitte, "*European Cluster Memorandum, Promoting European Innovation Through Clusters: An Agenda for Policy Action*", EU INNOVA, 2006

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Италија** | Трговија/индустрија | Институт за индустриска промоција (*IPI*), Клубот на региони | 0/2 | *I-C@AST*-текстилниот кластер во Ломбардија |
| **Шпанија** | Трговија/индустрија | Н/А | 2/10 | Баскиската кластерска програма |
| **Финска** | Истражување/развој, трговија/индустрија | Национална агенција за технологија (*TEKES*), Финскиот иновативен фонд (*SITRA*) итн. | 2/0 | Технолошкиот програм, *TEKES*, Центарот за експертиза за бизнисот со софтвер 1999-2006 |
| **Македонија** | Министерство за Економија | Министерство за економија, Агенцијата за поддршка на претприемништвото во соработка со мрежите на институции за развој на малите и средни претпријатија | 1/0 | Програма за поддршка и развој на кластерското вмрежување во Република Македонија |

*Извор: Составено на основа на извештаите за кластерската политика на земјите-членки на ЕУ*[100] *www.clusterobservatory.eu, делот за Македонија составен од авторот*

Табела 8, пак, дава приказ на карактеристиките на кластерската политика на неколку европски земји, од аспект на институциите одговорни за спроведување на кластерската политика, бројот на проекти на национално и регионално ниво, како и успешно спроведените кластерски програми според податоците од кластерската опсерваторија на ЕУ. Од истата може да се забележи дека земјите од ЕУ имаат по неколку министерства и агенции на локално и национално ниво одговорни за спроведување на кластерската политика, имаат активни кластерски програми на национално или регионално ниво во зависност од пристапот кон кластерската политика (на регионално или национално ниво) и имаат успешно реализирани кластерски програми што е уште една потврда за позитивните ефекти од кластерското вмрежување.

Како дел од проектот ИНОВА за кластерско просторно идентификување, финансиран од Европската комисија (*INNOVA Cluster Mapping Project*) "Оксфорд Рисрч" (*Oxford Research*) извршил сумирање на резултатите од анализата на кластерските политики, програми и

100 Делот кој се однесува на Република Македонија е составен од авторот користејќи повеќе извори

организации во 31 европска земја. Еве некои од порелевантните резултати:

- Две третини од земјите го применуваат кластерскиот пристап во конципирањето на нивните иновативни политики. Значењето на кластерската политика на национално и регионално ниво е во корелација, па така земјите што сметаат дека кластерската политика е значајна на национално ниво, воедно сметаат дека истата е значајна и на регионално ниво. *Во Република Македонија, кластерската политика е дел од индустриската политика, како и политиката за развој на мали и средни претпријатија, политиката за иновации и политиката за привлекување на инвестиции. Кластерската политика е конципирана на национално ниво;*
- Постои голема разлика помеѓу земјите во одговорноста и надлежностите на националните министри одговорни за спроведување на кластерската политика. Тринаесет земји назначиле дека имаат најмалку 2 одговорни министерства, а најчесто надлежностите се препуштаат на министрите за индустрија (16 земји), министрите за финансии или економија (14) министрите за наука (9) и други (11). Забележано е дека во новите земји-членки на ЕУ, најчесто министрите за економија се задолжени за спроведување на кластерската политика. Не е возможно да се утврди бројот на институции на регионално ниво кои се надлежни за кластерската политика, но генерално, се смета дека оваа бројка е значително поголема од онаа на национално ниво. *Во Република Македонија, Министерството за економија е одговорно за спроведување на кластерската политика, при што комплетната институционална инфраструктура за спроведување на програмите и проектите кои се во врска со кластерската политика е многу поголема и опфаќа низа институции, како на централно, така и на локално ниво (види графикон 38)*;
- Во најголем дел од европските земји, кластерската политика на национално ниво се спроведува од страна на национални агенции во состав на министерствата. Така, во 31 земја, како предмет на

студијата биле идентификувани 75 национални агенции (Финска пријавила дури 8, а воедно се смета за глобален лидер во иновациите). Повеќето од институциите што се задолжени за имплементација на кластерската политика на регионално ниво, пак, генерално се фокусираат на бизнис и регионалниот развој;

- Национални кластерски програми имаат 26 од вкупно 31 земја, со тоа што вкупната бројка на програми е 69, а најчесто изворот на финансирање е буџетот. *Во Република Македонија, почнувајќи од 2009 година, Владата на РМ донесува годишна Програма за поддршка на кластерското вмрежување, при што изворите за финансирање се исклучиво од националниот буџет;*
- Дури половината од европските кластерски програми се класифицирани како поврзани со индустриската или политиката за развој на науката и технологијата. Од вкупно 69 кластерски програми, 31 се фокусираат на развојот на малите и средни претпријатија. Постојат значително помалку регионални кластерски програми. Во дури 43% од земјите испитанички не постојат регионални кластерски програми (главно мали држави или по население или по големина). *Кластерската програма во РМ е во согласност со индустриската политика на РМ, а е во насока на поддршка на политиката на развој на мали и средни претпријатија и политиката за иновации. Во Република Македонија не постојат регионални/локални кластерски програми*;
- Бројот на кластерски програми варира од земја до земја. Доминантниот фокус во регионалните кластерски програми е регионалниот развој, а најчестата таргет група се малите и средни претпријатија;
- Истражувањето и развојот е битна детерминанта во европските кластерски програми. Дваесет и девет програми од вкупно 69 се класифицирани како високоинволвирани во истражувањето и развојот. *Целта на активностите од Програмата за поддршка на кластерското вмрежување на РМ е зголемување на способноста за иновации на претпријатијата во доменот на побрз развој заради*

*подобра размена на информации, поголема флексибилност и соработка со истражувачките институции.*[101]

### 3.3. Инструменти на кластерската политика на ЕУ

На ниво на Европската Унија, Европската комисија раководи со многу програми кои директно или индиректно го тангираат кластерскиот развој. И додека некои од нив, како Програмата за заеднички пазар, го обликуваат контекстот за кластерски развој индиректно, преку обликување на вкупното европско бизнис опкружување, други европски програми ги тангираат кластерите директно преку европски програми или поддршка на напорите на националните или регионалните кластерски политики.

Во моментов се во тек активности специфично поврзани со кластерите во неколку области во рамките на Европската комисија. Програмата за конкурентност и иновативност (*The Competitiveness and Innovation Programm*) и Седмата рамковна програма (*The 7th Framework Policy*) вклучуваат широк спектар активности кои се однесуваат на кластерите, иновативноста и конкурентонста.

Програмата за конкурентност и иновативност (*The Competitiveness and Innovation Programm*) ги таргетира малите и средни претпријатија, преку поддршка на иновативни активности, обезбедување на подобар пристап до финансии, како и испорака на услуги за бизнис поддршка во регионите. Програмата за претприемништво и иновации (*Entrepreunership and Innovation Programme*) претставува елемент од Програмата за конкурентност и иновативност (*The Competitiveness and Innovation Programm*). Со оглед на фактот дека истата е во насока на поддршка на иновативноста на малите и средни претпријатија во ЕУ, се смета дека истата претставува инструмент за практична апликација на кластерската политика. Истата се фокусира генерално на следните цели:

---

[101] Europe Innova Cluster Mapping Project, "*Cluster Policy in Europe: A Brief Summary of Cluster Policies in 31 European Countries*", Oxford Research AS, January 2008, pg. 7, 8. Забелешките кои се однесуваат на Република Македонија се составени од авторот, користејќи повеќе извори

- Олеснување на пристапот за формирање и раст на малите и средни претпријатија и охрабрување на инвестициите во иновативни активности;
- Креирање на поволно опкружување за соработка помеѓу малите и средни претпријатија, особено во областа на прекуграничната соработка;
- Промовирање на сите форми на иновации на претпријатијата;
- Промовирање на претприемачка и иновативна култура;
- Промовирање на економски и административни реформи со цел поддршка на иновативноста и промоција на претприемништвото.

Новата Програма за конкурентност на претпријатијата и МСП - Косме (*COSME-Programme fot the Competitiveness of enterprises and SME's 2014-2020*) ќе обезбеди континуитет на успешните иницијативи и активности.[102] Па така, со планиран буџет од околу 2,3 милијарди евра, Косме ќе ги поддржи малите и средни претпријатија во следните области:

- Подобар пристап до финансии за мали и средни претпријатија;
- Подобар пазарен пристап;
- Поддршка за претприемачите и
- Поповолни услови за формирање и раст на бизниси.

Седмата рамковна програма (*The 7th Framework Policy*) ги обединува сите европски иницијативи за истражување и развој насочени кон остварување на повисок раст, конкурентност и вработување под заеднички чадор, заедно со Програмата за конкурентност и иновативност (*The Competitiveness and Innovation Programm*) и Структурните и Кохезионите фондови за регионален развој. Веројатно една од најзначајните иницијативи која Седмата рамковна програма ја поддржува, а е во врска со кластерскиот развој е иницијативата "Региони на знаење". Иницијативата, има за цел да го поддржи транснационалното учење и соработката помеѓу кластери базирани на знаење, со заедничко и координирано учество на регионалните/локалните авторитети, јавните истражувачки организации,

[102] http://ec.europa.eu/cip/cosme/index_en.htm

индустријата и останатите засегнати страни, а во функција на подобрување на потенцијалот за истражување и развој на регионите.

**“Региони на знаење” претставува иницијатива поддржана од Седмата рамковна програма (*7th Framework Policy*) која е во врска со кластерскиот развој. Истата го поддржува транснационалното учење и соработката помеѓу кластери базирани на знаење, во функција на подобрување на потенцијалот за истражување и развој на регионите.**

Главните активности кои истата ги покрива се следните:

- Анализа, развој и имплементација на развојни агенди за кластери базирани на знаење и соработка помеѓу нив;
- Менторство на региони со пониско портфолио на истражување и развој од страна на високоразвиените региони и
- Активности за интегрирање на сите актери и институции од областа на истражување и развој во регионалните економии.[103]

Во новиот програмски период 2014-2020, Седмата рамковна програма и Програмата за конкурентност и иновативност се заменети со Програмата Хоризонт 20-20 (*Horizon 20-20*).

Хоризонт 20-20 е најголемата програма за истражување и развој воопшто во ЕУ со вкупно 80 милијарди евра за период од 7 години. Хоризонт 20-20 е финансиски инструмент преку кој ќе се реализира “Иновативна Европа”, носечкиот елемент од стратегијата Европа 2020, чија цел е да се обезбеди глобална конкурентност на Европа. Фокусирајќи се на извонредната наука, индустриското лидерство и допирајќи ги општествените предизвици, целта на овој инструмент е да ѝ овозможи на Европа да произведе наука од светски ранг, да ги отстрани сите пречки за иновативноста и да им обезбеди олеснета соработка на јавниот и приватниот сектор во испораката на иновациите. Рамковната програма за истражување и развој на ЕУ ќе биде надополнета со дополнителни мерки со цел да се комплетира и понатаму да се развива Европската истражувачка област. Овие мерки ќе имаат за цел да ги отстранат

[103] http://cordis.europa.eu/fp7/capacities/regions-knowledge_en.html

бариерите во креирањето на вистински единствен пазар за знаење, истражување и иновации.

***PRO-INNO Europe*** е дел од генералната политика за координирање на земјите-членки во областа на иновативноста. Имено, *PRO-INNO Europe* е инструмент на политиката на ЕУ со цел да ја стимулира транснационалната соработка и координација помеѓу регионалните и националните програми во насока на поддршка на иновативноста и истражувањето и развојот. Иако истата не ги тангира директно секојдневните активности на локалните заедници и региони инволвирани во кластерски активности, сепак, истата претставува значаен извор на информации кои можат да бидат искористени во делот на креирање на политиките.

**Европската кластерска алијанса** формирана во рамките на иницијативата на *PRO-INNO Europe* обезбедува платформа за дијалог помеѓу регионалните, националните и европските власти со цел дефинирање и имплементирање на европската кластерска политичка агенда. Улогата на Европската комисија во овој процес е главно да ги олеснува сите форми на соработка кои можат да водат кон конкурентно силни кластери во Европа, преку обезбедување на неутрална економска анализа на постоечките и потенцијалните кластери, идентификувајќи добра практика и обезбедувајќи информации. Главната цел е да се развијат подобри кластерски политики, да се избегне дуплирање на напорите и да се редуцира фрагментирањето на кластерските иницијативи во ЕУ.

***Europe INNOVA*** е иницијатива за иновативни професионалци, која е поддржана од Европската комисија и која може да биде од големо значење за сите оние кои се инволвирани во кластерите. Програмата е фокусирана кон развивање и тестирање на нови иновативни поддржувачки инструменти за малите и средни претпријатија, вклучувајќи развивање на Европска иновативна платформа за транснационална соработка.

Веројатно, иницијатива од која локалните заедници и региони би можеле најмногу да искористат е **Европската кластерска опсерваторија (*EUROPE INNOVA European Cluster Observatory*).** Истата овозможува

квантитативна анализа на европските кластери потпирајќи се на дата база од 32 земји која вклучува информации за кластерите и кластерските политики, а во иднина се очекува истата да ги вклучи и кластерските иницијативи. Според оваа анализа, дури 38% од европската работна сила работи во претпријатија кои се дел од кластерски сектор. Врската помеѓу кластерите и иновативноста е покомплексна. Споредбата помеѓу регионите кои добиле најмногу ѕвезди како најиновативни региони по перформансите во Европа според РИС (**RIS - Regional Innovation Scoreboard)** покажало дека 7 од 19 региони кои имаат силно кластерско портфолио се воедно во групата најиновативни региони.[104]

Генерално, заклучокот е дека постои тенденција на реформи во економската политика на европските земји во функција на кластерското вмрежување; земјите сè повеќе се насочени кон унапредување на конкурентноста и бараат начини како да им помогнат на фирмите во подобрувањето на продуктивноста и иновативноста, притоа фокусирајќи се сè повеќе на кластерското вмрежување како важен инструмент на политиката. Европскиот совет за конкурентност ги идентификувал кластерите како еден од деветте приоритетни акции за зајакнување на европскиот иновативен капацитет во декември 2006-тата година. [105]

### *3.3.1. Регионалната политика на ЕУ*

Европската Унија е веќе одамна децентрализирана заедница. Ваквата определба недвосмислено ја искажува цврстата волја одлучувањето за голем дел од јавните работи во Унијата да биде пренесено од државно на регионално и локално ниво. Притоа, државите одлучуваат за најважните стратегиски прашања. Во Европската Унија е изграден децентрализиран систем на двостепена локална самоуправа каде што покрај општините, како првостепен облик на локалната самоуправа,

[104] DG Entrerprise and Industry Report, "*Innovation Clusters in Europe, A Statistical Analysis and Overview of Current Policy Support*", European Community, 2007, pg. 9
[105] The High Level Advisory Group on Clusters, chaired by Senator Pierre Laffitte, "*European Cluster Memorandum, Promoting European Innovation Through Clusters: An Agenda for Policy Action"*, EU INNOVA, 2006, pg. 8

егзистираат и окрузите, односно околиите како второстепен облик. Покрај развиената локална самоуправа, во Унијата е сѐ поизразена политиката на јакнење на регионите. Регионалните и локалните заедници како природно поблиски до граѓаните имаат многу поголема можност да ги вклучат граѓаните во процесите на одлучување, отколку што е случај со централните власти. Децентрализираната политика овозможува поголема улога, но и поголема одговорност на локалните и регионалните заедници, за решавање на економско развојните проблеми.

Децентрализацијата и регионалната политика овозможуваат порамномерен економски и социјален регионален развој во рамките на Унијата, односно намалување на диспаритетите, кои со најновите проширувања во 2004-та и 2007-ма се особено големи. Оттаму, сѐ поголем дел од буџетските средства на Унијата се распределуваат на регионалните и локалните заедници, што секако придонесува до зацврстување на кохезијата на Унијата.

Регионалната политика на ЕУ е политика со основна цел подобрување на економската благосостојба на регионите во ЕУ и избегнување на регионалните диспаритети. Во Договорот со кој се

**Се смета дека дури 19% од инвестициите направени во Европа со цел поддршка на кластерите во последната декада потекнуваат од регионалната политика на ЕУ**

воспоставува Европската Унија дефинирани се целите на политиката на регионален развој на ЕУ и тоа: "промовирање на економскиот и социјален развој како и висок степен на вработеност со цел да се постигне балансиран и одржлив развој" (член 2 и 4). Членот 158, пак, вели дека "особено, Европската Заедница има за цел да се намалат диспаритетите во степенот на развој на различните региони и заостанувањето на најмалку развиените региони, вклучувајќи ги руралните средини". Европската Унија генерира 43% од својот аутпут во само 14% од својата територија, географскиот пентагон формиран од Лондон, Хамбург, Минхен, Милано и Париз. Со најновите проширувања економските и социјалните диспаритети значително се интензивираа, па така денес најбогатата земја-членка спрема приходот по жител, Луксембург, е дури седум пати

побогата од најмалку богатата. На регионално ниво, разликата е уште поголема: најбогатиот регион е внатрешноста на Лондон со 270% од ЕУ 27 просечниот бруто домашен производ по жител, додека најсиромашниот регион е Североисточна Романија со 23% од европскиот просек.[106]

Повеќе од една третина од буџетот на ЕУ е насочен кон оваа политика, чија цел е да се отстранат економските, социјалните и територијалните диспаритети низ Европа, да се реструктуира индустријата во одделни региони, да се диверзифицираат руралните области кои се карактеризираат со пад на земјоделската активност. Во согласност со современите промени поттикнати од глобализацијата и промените во трендовите на индустриската политика, регионалната политика на ЕУ е насочена кон унапредување на конкурентноста на регионите, поттикнувајќи го економскиот раст и креирањето на нови работни места. Се смета дека дури 19% од инвестициите направени во Европа со цел поддршка на кластерите во последната декада потекнуваат од регионалната политика на ЕУ. За периодот 2009-2013 година, дури 25% од вкупните средства од регионалната политика се алоцирани за иновации. [107]

Регионалната политика на ЕУ ги покрива сите региони на ЕУ иако регионите спаѓаат во различни категории (цели), во зависност од нивната економска состојба. Во периодот 2009-2013 година, **регионалната политика на ЕУ се состои од три цели** и тоа:

- **Конвергенција**. Најголемиот дел од фондовите за регионална политика се наменети за регионите кои потпаѓаат под оваа категорија. Оваа цел ги покрива европските региони на кои бруто домашниот производ им е за 75% помал од европскиот просек. На тој начин, целта е да им се помогне на регионите да ги стигнат развиените региони во ЕУ, намалувајќи ги на тој начин економските диспаритети во рамките на Унијата. Приоритети во рамките на оваа категорија се следните: човечки и физички капитал, иновации, општество на знаење, животна средина и административна ефикасност. Примери за

[106] European Union, Regional Policy, Working for the Regions: EU Regional Policy 2007-2013, January 2008, pg.6

[107] European Commission, *Regions Delivering Innovation through Cohesion Policy*, SEC (2007) 1547, 14.11. 2007

типови на проекти кои се финансирани на основа на овој критериум се: подобрување на базичната инфраструктура, помош на малите и средни претпријатија, подобрување на пристапот на интернет пристапот и сл. Регионалната политика на ЕУ, целите од оваа категорија на региони ги остварува преку неколку фондови: Европскиот фонд за регионален развој (*European Regional Development Fund-ERDF*), Европскиот социјален фонд (*European Social Fund*) и Кохезискиот фонд.

- **Регионална конкурентност и вработување.** Оваа цел ги покрива сите региони кои не се покриени со претходната категорија. Дури 16% од буџетот на регионалната политика на ЕУ е посветен на постигање на оваа цел. Намерата е да се креираат нови вработувања преку подобрување на конкурентноста и правејќи ги регионите поатрактивни за бизнис и инвестиции. Иновативноста, промоцијата на претприемништвото и заштитата на животната средина се приоритетите на оваа категорија на цели. Можни проекти вклучуваат поддршка на научно-истражувачки центри, универзитети, мали бизниси и старт-ап (*start-up*) бизниси, обезбедување на тренинг и сл. Регионалната политика на ЕУ целите од оваа категорија на региони ги остварува преку: Европскиот фонд за регионален развој или Европскиот социјален фонд.
- **Европска територијална соработка.** Целта е да се намали значењето на границите во Европа помеѓу државите, но и во рамките на државите преку унапредување на регионалната соработка. Соработката може да биде на неколку нивоа: прекугранична (наменета за соседните региони), транснационална (наменета за мултилатерална соработка на повеќе региони од повеќе земји кои се поделени на повеќе пошироки програмски области - Програма на Централна Европа, Програма на Југоисточна Европа, Програма на

медитеранските земји и сл.) и интеррегионална (наменета за соработка во делот на креирање на политиките, градење на капацитетите за истражување и развој, вклучувајќи ги следните програми: *Interact II, ESPON, Interreg IVC и URBACT*). Во финансиска смисла, целта се смета за најмалку значајна, со само 2,5% од вкупниот буџет на регионалната политика на ЕУ. Целите од оваа категорија, регионалната политика на ЕУ ги остварува исклучиво преку Европскиот фонд за регионален развој.

Од наведеното можеме слободно да заклучиме дека регионалната политика на ЕУ се фокусира на клучните детерминанти на конкурентноста со цел да ја постигне својата цел, а тоа е намалување на диспаритетите на регионите со крајна цел подобрен животен стандард и социјална инклузија за сите граѓани на Европа. Токму кластерското вмрежување на фирми и институции може да даде силен импулс во остварувањето на целите на регионалната политика на ЕУ, а што секако ќе доведе до одржлив локален и регионален економски развој. За програмскиот период 2014-2020 г. Европа ќе инвестира 325 милијарди евра во европските региони.

**Фондовите** кои се во функција на реализирање на целите на регионалната политика на ЕУ, се следните:

- **Европски фонд за регионален развој (*European Regional Development Fund-ERDF*)** кој подржува програми кои се однесуваат на регионалниот развој, економскиот напредок, зајакната конкурентност и територијална соработка низ Европа. Финансиските приоритети вклучуваат модернизирање на економската структура, креирање на одржливи работни места и економски раст, истражување и иновации и сл. Инвестициите во инфраструктурата исто така се битен сегмент, особено за помалку развиените региони;
- **Европски социјален фонд (*European Social Fund*)** кој се фокусира на неколку клучни области и тоа: подобрување на адаптивноста на работната сила и претпријатијата,

зајакнување на пристапот до вработување и учеството во пазарот на работната сила, социјална инклузија и промовирање на партнерствата во делот на вработувањето;

- **Кохезиониот фонд** кој учествува во интервенции од обласа на заштитата на животната средина и трансевропските транспортни мрежи. Се однесува на земји-членки со бруто домашен приход помал од 90% од просекот на ЕУ.
- Четирите заеднички иницијативи беа развиени од страна на Европската комисија во соработка со Европската инвестициона банка (*European Investment Bank*) и други финансиски институции во 2007-мата година со цел да ја унапредат политиката на регионален развој на ЕУ: две од нив наменети за техничка помош (***Jaspers & Jasmine***), додека една од нив да го подобри пристапот на малите и средни претпријатија до микрофинансирањето (***Jeremie***), а една од нив да го поддржи одржливиот урбан развој (***Jessica***).
- **Инструментот за претпристапна помош - ИПА кој претставува поддршка на земјите кандидатки и потенцијални кандидатки за членство во Унијата**. Имено, почнувајќи од јануари 2007 г., Инструментот за претпристапна помош - ИПА заменува серија програми и финансиски инструменти на ЕУ, наменети за земјите кандидатки и потенцијални кандидатки за членство во Унијата и тоа: *PHARE, PHARE CBC, ISPA, SAPARD, CARDS* и финансискиот инструмент за Турција. ИПА е составен од пет компоненти и тоа:
  - Транзициска помош и институционална надградба;
  - Прекугранична соработка (со земји-членки на ЕУ и останати подобни земји за ИПА);
  - Регионален развој (транспорт, животна средина, регионален и економски развој);
  - Човечки ресурси (зајакнување на човечкиот капитал) и

- Рурален развој. [108]

*Табела 9: Фондови за регионален развој на ЕУ*

| **Фонд** | **Цели и приоритети** |
|---|---|
| **Европски фонд за регионален развој (*European Regional Development Fund-ERDF*)** | • Модернизирање на економската структура<br>• Креирање на одржливи работни места<br>• Економски раст<br>• Истражување и иновации<br>• Инфраструктура (за помалку развиените региони) |
| **Европски социјален фонд (*European Social Fund*)** | • Подобрување на адаптивноста на работната сила и претпријатијата<br>• Зајакнување на пристапот до вработување и учество на пазарот на работна сила<br>• Социјална инклузија<br>• Промовирање на партнерства во делот на вработувањето |
| **Кохезионен фонд (за земји-членки чиј БДП е помал од 90% од просекот на ЕУ)** | • Заштита на животната средина<br>• Трансевропски транспортни мрежи |
| **Иницијативи во соработка со ЕИБ:** | |
| ***Jasper & Jasmine*** | • Техничка помош |
| ***Jeremie*** | • Подобрување до пристапот до финансии за малите и средни претпријатија |
| ***Jessica*** | • Одржлив урбан развој |
| **Инструмент за претпристапна помош - ИПА** | • Транзициска помош и институционална надградба<br>• Прекугранична соработка |

[108] European Commission, Regional Policy –Inforegio, the Funds, http://ec.europa.eu/regional_policy/thefunds/index_en.cfm

| | |
|---|---|
| | • Регионален развој (транспорт, животна средина, регионален и економски развој<br>• Човечки ресурси (зајакнување на човечкиот капитал<br>• Рурален развој |

Извор: Составено од авторот

### *3.3.2. Принципи и приоритети на политиката на регионален развој на ЕУ од аспект на искористеноста на структурните фондови*

Потребна е соработка на повеќе нивоа (на ниво на ЕУ, национално и регионално) при детерминирањето на приоритетите за квалитетно искористување на структурните фондови во функција на одржлив регионален и локален економски развој. Генерално, приоритетите се поставени на ниво на ЕУ и потоа се трансформирани во национални приоритети од страна на земјите и регионите.

На ниво на ЕУ, генералните приоритети се воспоставени со Стратешките упатства на заедницата (*Community Strategic Guidelines- CSG*), во кои се дефинирани рамковните услови за активностите кои треба да бидат преземени со цел да се искористат фондовите. Истите ги содржат **принципите и приоритетите на политиката на регионален развој на ЕУ** и сугерираат начини на кои европските региони можат да извлечат максимална корист од користењето на фондовите кои се на располагање на национално и регионално ниво. **Приоритетите** се следни:

- ***Подобрување на атрактивноста на земјите-членки, региони и градови*** преку подобрување на пристапот, обезбедување на адекватен квалитет и ниво на услуги и зачувување на природните ресурси;
- ***Охрабрување на иновативноста, претприемништвото и растот на економијата базирана на знаење*** преку поддршка

на капацитетите за истражување и иновации, вклучувајќи ги современите информатичко–комуникациски технологии и

- ***Креирање на нови и поквалитетни работни места*** преку привлекување на повеќе луѓе во претприемачките активности, подобрување на адаптивноста на работната сила и претпријатијата преку зголемување на инвестициите во човечкиот капитал.

**Националната стратешка референтна рамка (*National Strategic Reference Framework –NSRF*)** ги воспоставува основните приоритети за искористување на ЕУ структурни фондови кои се на располагање на земјите-членки. Документот го изготвува секоја земја посебно согласно своите специфики и истиот претставува преглед на економските слабости и предности на регионите на земјите-членки и поставува пристап за идно искористување на Структурните фондови.

**Оперативните програми кои се изготвуваат за секој регион во ЕУ** произлегуваат од Националната стратешка референтна рамка (*National Strategic Reference Framework –NSRF*) и истите ги рефлектираат потребите на секој регион индивидуално.

Иако им е дозволена определена флексибилност, истите мора да бидат во согласност со приоритетите посочени во Националната стратешка референтна рамка (*National Strategic Reference Framework –NSRF*)

**Оперативните програми вклучуваат активности кои го помагаат кластерското вмрежување и тоа:**

- **Изградба на научно-истражувачка инфраструктура: научни паркови, бизнис инкубатори**
- **Кластерски иницијативи за поврзување на универзитетите со малите и средни претпријатија**
- **Кластерски организации-специјализирани агенции и сл.**

на земјата-членка. Регионалните оперативни програми вообичаено вклучуваат активности кои се во насока на потхранување на кластерското вмрежување и тоа:

- Изградба на научно-истражувачка инфраструктура како на пример, научни паркови или бизнис инкубатори;

- Кластерски иницијативи за поврзување на универзитетите со малите и средни претпријатија;
- Кластерски организации: специјални агенции и сл.[109]

Заклучокот е дека регионалната политика на ЕУ е најдобриот сојузник на кластерите што се гледа низ неколку аспекти:

- Систем на управување на повеќе нивоа и регионално управување;
- Дизајнирање и испорака на интегрирани и иновативни регионални развојни стратегии;
- Концентрирање на финансиите во помалку развиените региони и сл.

Дека европските политики се од клучно значење за стимулирање на регионалното кластерирање, говорат и практичните примери. Имено, во повеќе земји и региони, европските фондови, а особено Европскиот фонд за регионален развој поддржале бројни кластерски иницијативи. Така на пример, во Велика Британија, преку втората стратешка цел од Регионалната политика на ЕУ – регионална конкурентност и вработување, Европскиот фонд за регионален развој поддржува проекти насочени кон развивање на синџирите за снабдување, локално снабдување и активности на поврзување на компаниите со цел да се развијат специфични кластери. Фондот воедно поддржува проекти насочени кон развивање на кластерски стратегии, проекти насочени кон кластерско просторно идентификување, развивање на кластерски групи водени од бизнис секторот, подобрување на примената на информатичко-комуникациска технологија, поттикнување на истражувањето и развојот, како и дозволување на искористување на резултатите од истражувањето на другите фирми од кластерот.

Особено значајна иницијатива на Европската комисија, насочена кон развивање на регионални кластерски политики е РИС **Регионални иновативни стратегии** (***RIS - Regional Innovation Strategies***) - која што

[109] A. Goncalves, Balanced and Sustainable Development through Regional Competitiveness, European Commission, DG Regional Policy, Presentation to the Third Clustering Conference, Istanbul , 3-4 December, 2008

Европскиот фонд за регионален развој ја води од 1994 година. Регионалните иновативни стратегии се насочени кон следните цели:

- Да ја направи промоцијата на иновациите клучен приоритет во политичките агенди на властите на регионално ниво;
- Да го зголеми бројот на иновативни проекти во фирмите;
- Да промовира вмрежувања и соработка помеѓу приватниот, јавниот сектор и фирмите и
- Да промовира поефикасно користење на оскудните ресурсите за иновативни активности.

Најчестиот резултат во 30-те региони кои што зеле учество во пилот-проектот на РИС е промоцијата на секторските бизнис мрежи, синџири за снабдување и бизнис форуми со фокус на иновативноста (*Landabaso, 2001*). Останатите резултати кои РИС ги генерирал се следните: нови врски помеѓу бизнисот и базата на знаење, интеграција и координација на различни видови на инфраструктура за истражување и технолошки развој, како и развој на нови финансиски инструменти за финансирање на иновативноста. Најголем приоритет им е даден на надградбата на помалку развиените делови од регионалните иновативни системи.

Инспирирана од резултатите на РИС, Европската комисија во јануари 2001 година им даде можност на сите региони во Европската Унија да развијат регионална програма за иновативни активности за период од две години. Ландабасо (2001) направил анализа колку регионите ја искористиле оваа иницијатива во функција на развој на кластери и бизнис мрежи. Регионите предложиле три типа на кластерски политики:

- Традиционален пристап во зајакнувањето на врските во бизнис мрежите и секторските платформи. Фирмите колективно дизајнираат иновативни акциони планови што вклучуваат “меки” аспекти, како што е градењето на доверба, како и напорите да се максимизира одговорот на постоечката регионална технолошка инфраструктура на потребите за поддршка на иновативноста;

- Промовирање на употребата на информатичко-комуникациската технологија кај малите и средни претпријатија како алатка за олеснување на бизнис вмрежувањето. Некои предлози вклучуваат мерки кои ќе ги направат резултатите од истражувањето и развојот во напредните региони подостапни за помалку развиените и
- Интегрирани синџири за снабдување со цел да се подобри капацитетот за иновации на снабдувачите на мали и средни претпријатија. [110]

Пристапот се фокусира на широк сет на врски помеѓу регионалните играчи, а особено се фокусира на начинот на кој образовните и организациите за истражување и развој, организациите за дифузија на технологии, јавниот сектор и фирмите делуваат меѓусебно со цел да ја зајакнат регионалната конкурентност.

[110] European Commission, *Regional Clusters in Europe*, Observatory of European SME's 2002/No3, pg. 51

## 4. Улогата на кластерите во регионалниот и локалниот економски развој на Република Македонија

Во услови кога Република Македонија се стреми за вклучување кон европското семејство, усогласувањето на развојната политика со стратешките приоритети дефинирани во Лисабонската стратегија се поставува како императив.

**Концептот на кластерите ги дава сите претпоставки за подобрување на микроекономските детерминанти на конкурентноста.**

И додека истата ги истакнува знаењето и иновациите како основа на градењето на конкурентна економија, а Европа се соочува со високи диспаритети во економски развој на земјите-членки, кои на локално и регионално ниво се уште поголеми, фокусирањето на микроекономските фактори на конкурентноста ги ставаат во центарот на вниманието локалниот и регионалниот економски развој. Всушност, новите конкурентски односи, поттикнати од глобализацијата и либерализацијата на трговијата, наметнуваат поголема мобилност на факторите за производство, при што регионите и локалните заедници многу повеќе од самите земји, се натпреваруваат за привлекување на што повеќе мобилни фактори за производство (капитал, луѓе).

**Во услови кога Европа се соочува со високи диспаритети на економски развој на земјите-членки, фокусот на микроекономските фактори на конкурентноста ги ставаат локалниот и регионалниот економски развој во центарот на вниманието.**

Конкурентноста во современите економски односи е функција на иновативната способност на компаниите во комбинација со поддржувачка владина политика која ќе обезбеди правна, административна, институционална и инфраструктурна рамка за непречен раст и развој на стопанските субјекти. Притоа, во последно време, фокусот сè повеќе се префрла од националната на регионалната и локална конкурентност, со оглед на фактот дека микроекономските детерминанти на конкурентноста се во директна зависност од локалната или регионалната поддржувачка

политика. Токму концептот на кластерите кој го практикуваат речиси сите земји од светот во конципирањето на своите политики, а во насока на подобрување на локалниот и регионалниот економски развој, ги дава сите претпоставки за подобрување на микроекономските детерминанти на конкурентноста.

## 4.1. Анализа на локалниот и регионалниот економски развој на Република Македонија

Локалниот и регионалниот економски развој на Република Македонија, слично како и во повеќето земји кои се соочија со процесот на транзиција и структурните промени, се карактеризира со висок степен на **нерамномерност и нееднаквост** поттикната од неколку фактори:

- Прво, приватизацијата има силна просторна димензија што се должи на поранешните одлуки на централните планери за локација. Следствено, регионите со поразновидна индустриска и економска база беа поспособни да ги реструктурираат своите локални економии, за разлика од локалните заедници/региони зависни исклучиво од една индустрија;
- Второ, рестуктуирањето на економиите во транзиција доведе до зголемена поделба на услугите. Поголемите урбани подрачја, особено главните градови имаат поголема корист од ова, додека, пак, руралните подрачја се во незавидна состојба со недоволна лоцираност на услужните дејности.
- Трето, странските директни инвестиции имаат тенденција да генерираат поларизиран образец на развој, со тоа што се концентрираат на главните градови поради нивната подобра деловна инфраструктура, телекомуникациите, врските за меѓународен транспорт и поголемите групи на квалификувани работници и
- На крај, регионите поблиску до ЕУ веројатно имаат подобра логистичка позиционираност, во однос на останатите региони кои се лоцирани подалеку од производството и потрошувачката на ЕУ

во смисла на подобар пристап до пазарите, следствено подобро информирање, комуникација и сл.

**Фактори за нерамномерност и нееднаквост во локалниот и регионалниот економски развој на РМ:**

- **Просторната димензија на приватизацијата**
- **Зголемената поделба на услугите**
- **Странските директни инвестиции како генератор на поларизиран развој**
- **Влијанието на регионалната блискост до ЕУ**

Следствено, Република Македонија денес се карактеризира со силно нагласен нерамномерен регионален и локален економски развој, со централизирана моќ на главниот град околу кој гравитираат сите позначајни стопански и услужни субјекти. Потребата од инструменти и политики кои ќе придонесат кон урамнотежен развој, со цел вклучување на економски заостанатите локални заедници и региони се поставува како императив во услови кога Република Македонија ги усогласува своите развојни приоритети со Лисабонската стратегија во која регионалниот развој со цел намалување на развојните диспаритети е една од клучните карактеристики. Политичката импликација е дека на помалку развиените области им се потребни поголеми сили за да понудат високообразовно и квалификувано население, да ја подобрат инфраструктурата за да привлечат странски инвестиции и да создадат институции што ќе го поддржат ендогениот локален и регионален економски развој. Институциите на локалната и регионалната власт ја имаат клучната улога во процесот на поддршка на процесите на локален и регионален економски развој кои во крајна линија ќе го подобрат квалитетот на животот и ќе ја промовираат социјалната инклузија на локално ниво.

### *4.1.1. Анализа на локалниот и регионалниот економски развој на РМ - актуелна состојба*

Иако Уставот на Република Македонија предвидува дека “Републиката ќе го промовира економскиот прогрес и ќе се грижи за побалансиран просторен и регионален развој, како и за побрз раст на економски недоволно развиените подрачја” (Устав, 1991), во пракса постоечките регионални нееднаквости се засилија во текот на процесот на транзиција. Причините за тоа можеме да ги групираме во фактори од економска и фактори од неекономска природа. Факторите од економска природа го должат своето потекло на последиците наследени од поранешната заедничка држава во која процесот на планска алокација на индустријата беше неправеден.

***Причини и фактори за регионална нееднаквост:***
**Економски:**
- Наследената индустриска структура од поранешната држава
- Недостаток од високо техничко-технолошки индустрии
- Слабата диверзифицираност на индустријата

**Неекономски**
Низок степен на доверба и несигурност предизвикани од:
- Долгиот транзициски период со структурни шокови
- Оддолжувањето на приемот во ЕУ и НАТО

Па така, Република Македонија служеше како суровинска база за индустриите од останатите републики, како последица на што индустриската структура што ја наследи по осамостојувањето се базираше на производи со низок степен на финализација и мала додадена вредност главно во традиционалните индустриски сектори. Недостатокот од високо техничко-технолошки индустрии, не само што ја стави во неповолна конкурентска позиција Република Македонија во процесот на отворање на македонската економија, туку напоредно со процесот на губење на пазарите и пропаѓање на големи индустриски субјекти, дополнително придонесе кон зголемувањето на разликите во локалниот и регионалниот економски развој. Особено во регионите и локалните заедници во кои локалниот и регионалниот развој се базираше на слабо диверзифицирана

индустриска база, односно, региони и локални заедници кои својот развој го темелат на еден или неколку стопански сектори. И кога на сето тоа ќе се додаде влијанието на факторите од неекономска природа: нискиот степен на доверба и напнатата социо-психолошка ситуација присутна во последните години што се должи на високиот степен на несигурност за иднината, очекуван е слабиот поттик за продуктивни инвестиции (домашни и странски), нискиот степен на вложувања и претприемништво. Имено, земјата страдаше од екстремно долг транзициски период со структурни шокови, на што може да се додаде и неповолната политичка состојба предизвикана од оддолжувањето на процесот на пристапување во НАТО и Европската Унија, што дополнително влијаеше за зголемување на несигурноста и немањето интерес за преземање на бизнис иницијативи. И додека иновациите се сметаат за клучен фактор за подобрување на конкурентноста, а странските директни инвестиции се главниот инструмент за подигање на иновативниот капацитет на индустриите, следствено, недостатокот од истите ќе доведе до слаба регионална/локална конкурентност.

Големите диспаритети во регионалниот развој на Република Македонија се должат воедно и на долгогодишното непостоење на регионална развојна политика што резултираше во моноцентричен модел на развој каде што центарот по своите економски и други општествени карактеристики значително се издвои од другите населени места, што е спротивно со официјалните политички декларации кои обично го нагласуваат полицентричниот пристап на развој. Имено, и покрај политичките дискусии, честопати се користат концептите за “еднаквост” и “еквитет”, но, сепак, главниот акцент е на концептот на “можностите” што заедницата треба да ги понуди (Узунов, 2004). Во овој контекст треба да се спомнат и политичките акции што се разликуваат, преземени од централната власт, каде што “можноста” за еднаков развој треба да им се даде на сите региони подеднакво, наместо селективно, т.е. според партиското приклонување на избраните градоначалници и членовите на општинските совети.

#### *4.1.1.1. Индикатори на диспаритетите на економскиот развој на Република Македонија*

Регионалниот економски развој во Република Македонија ќе го анализираме преку одбрани индикатори користејќи ја како база класификацијата на економски индикатори за локален економски развој на Светската банка, спомната во првиот дел од трудот каде што беа дефинирани локалниот и регионалниот економски развој. Притоа, со оглед на фактот дека не постојат расположливи податоци на ниво на локални заедници, анализата ќе биде направена на база на региони, согласно податоците од Државниот завод за статистика и тоа за оние параметри за кои постојат расположливи податоци. Воедно, фокусот е ставен на диспаритетите на развој во Република Македонија, како основен критериум на кој се базира и Регионалната политика на ЕУ.

*Табела 10 : Основни карактеристики на планските региони*

| **Регион** | **Површина во км2** | **Број на жители 2012** | **Густина на населеност** | **Број на општини** | **Општини со седиште во село** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | 25713 | 2061044 | 82.7 | 84 | 41 |
| **Вардарски** | 4042 | 153659 | 38 | 9 | 4 |
| **Источен** | 3537 | 178814 | 50.6 | 11 | 3 |
| **Југозападен** | 3340 | 220840 | 66.1 | 13 | 8 |
| **Југоисточен** | 2739 | 173187 | 63.2 | 10 | 5 |
| **Пелагониски** | 4717 | 232959 | 49.4 | 9 | 4 |
| **Полошки** | 2416 | 317003 | 131.2 | 9 | 7 |
| **Североисточен** | 2310 | 175442 | 75.9 | 6 | 3 |
| **Скопски** | 1812 | 609140 | 336 | 17 | 7 |

*Извор: Државен завод за статистика*




1. **Економска структура.** Дека економскиот развој на Република Македонија се карактеризира со големи диспаритети ќе потврди и анализата на неколку индикатори:
   - **Бруто домашен производ (БДП) по жител** (види графикон 18). Анализата на БДП на регионално ниво покажува голема нерамномерност во нивото на развој меѓу Скопскиот и другите плански региони во земјата. Според податоците од Државниот завод за статистика од 2011-та година, најголемо учество во БДП на Република Македонија има Скопскиот регион со 42,4%, додека, пак, најмало Североисточниот регион со 5,5%.

     Поголем бруто производ по жител во споредба со просекот на Република Македонија имаат Скопскиот регион со индекс 144, Југоисточниот регион со индекс 115,6, Вардарскиот со 102,2 и Пелагонискиот регион со индекс 102.

**Графикон 18: Учество на регионите во создавањето на БДП во 2011-та година**




*Извор: Државен завод за статистика, Бруто домашен производ и инвестиции во основни средства, по региони 2011-та година*

Сите други региони имаат бруто домашен производ под просекот на Република Македонија. Најмал бруто домашен производ по жител, во однос на националниот просек има Полошкиот регион со индекс 46,9 (види графикон 19). Доколку го анализираме графиконот 20 ќе забележиме дека постои значителна разлика во бруто домашниот производ по жител, така што Скопскиот плански регион има за околу 3 пати повисок БДП по жител од Полошкиот плански регион. Иако во земјите од ЕУ се среќаваат и поголеми разлики во регионалниот развој (пример Велика Британија каде што најбогатиот регион е за 9,7 пати побогат од најсиромашниот) сепак, се смета дека тоа е карактеристика за територијално поголеми земји. Споредено со земји со слична големина, Македонија се карактеризира со исклучително нерамномерен економски развој меѓу главниот град и останатите населени места. Така, во Словенија соодносот

на регионалните разлики во БДП по жител изнесува 2,1; во Летонија 2,2; Литванија 2,5; Естонија 2,2. И покрај забележителниот позабрзан раст на БДП по жител во Југоисточниот, Вардарскиот и Североисточниот плански регион, потребен е континуиран и динамичен раст во подолг временски период за да се намали економскиот јаз помеѓу Скопскиот плански регион и останатите региони.

**Графикон 19: Регионален БДП по жител 2011-та година**




*Извор: Државен завод за статистика, Бруто домашен производ и инвестиции во основни средства, по региони 2011-та година*

**Графикон 20: Бруто домашен производ по години, по жител, во денари**




| | Вардарски регион | Источен регион | Југозападен регион | Југоисточен регион | Пелагониски регион | Полошки регион | Североисточен регион | Скопски регион |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 194092 | 170486 | 140262 | 189566 | 219635 | 93966 | 104775 | 312040 |
| 2010 | 206667 | 206770 | 155572 | 219714 | 225437 | 98848 | 108664 | 314809 |
| 2011 | 228324 | 206773 | 162253 | 258230 | 227732 | 105728 | 145554 | 321544 |

*Извор: Државен завод за статистика*

- **Увоз и извоз.** Анализата на надворешно-трговската размена на регионите, исто така ја потврдува доминацијата на Скопскиот регион со учество од дури 52,5% во вкупниот извоз и 70,5% во вкупниот увоз на Република Македонија во 2011-та година. Од другите плански региони, најголем извоз остваруваат Вардарскиот (како резултат на извозот на фероникел од страна на "Фени") и Источниот регион (како резултат на извозот од металната и текстилната индустрија). Најлоши перформанси во поглед на извозно-увозните активности покажуваат Југозападниот и Североисточниот регион кои воедно имаат најниско учество во производството. Поддршката на развојот на конкурентни индустрии се наметнува како основен предизвик на регионалниот развој на Република Македонија;

Графикон 21: Учество на регионите во вкупниот извоз за 2011-та година




Графикон 22: Учеството на регионите во вкупниот увоз за 2011-та година




*Извор: Регионите во Република Македонија 2013, Државен завод за статистика*

**Деловни субјекти.** Од графикон 23 може да се забележи дека според бројот на активни деловни субјекти повторно доминира Скопскиот регион со вкупно 28563 регистрирани во 2012 година. Североисточниот плански регион бележи најниска бројка на активни деловни субјекти со само 4283, што го потврдува фактот дека економските активности имаат тенденција да се концентрираат во главниот град. Причините за тоа можат да бидат од различна природа, но се претпоставува дека близината и достапноста на услужни дејности, како и концентрацијата на сите позначајни институции се причина за лоцирање на деловните активности во главниот град. Позитивен тренд е растот на бројот на активни деловни субјекти, и тоа во сите плански региони, што е резултат на позитивните владини реформи во делот на олеснителните процедури за почнување на бизнис, при што времето за регистрирање на бизнис изнесува 4 часа, даночните реформи, односно воведувањето на рамен данок од 10% за данокот на добивка и персоналниот данок на доход, намалените социјални придонеси (збирно 24,6%), како и активните мерки за вработување, кои поттикнаа отворање на нови бизниси. Во структурата на деловните субјекти во сите региони доминираат малите и средни претпријатија, при што бројот на претпријатија со повеќе од 250 вработени е поголем единствено во Скопскиот регион - вкупно 125, што се должи на наследената индустриска структура и концентрацијата на големите индустриски гиганти во овој регион.

Графикон 23: Број на деловни субјекти во 2012-та година




| | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | 4828 | 5299 | 6484 | 5503 | 7523 | 6050 | 3691 | 23815 |
| 2012 | 5975 | 5913 | 7564 | 6373 | 8468 | 7285 | 4283 | 28563 |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Македонија 2013*

- **Секторска структура.** Од анализата на податоците од графикон 24 може да се забележи дека индустријата има најголемо учество во создавањето на бруто домашниот производ во Пелагонискиот и Источниот со 35% од вкупно создадениот БДП и Вардарскиот регион со 30% од вкупниот БДП. Учеството на индустријата во создавањето на БДП е високо и во Југозападниот регион со 22%, а не е занемарливо и учеството во Југоисточниот регион со 18%, Североисточниот со 17% и Скопскиот регион со вкупно 16% од вкупниот БДП. Земјоделството е доминантно во создавањето на БДП во Југоисточниот плански регион со вкупно 33% од вкупниот БДП, додека во останатите региони доминираат трговијата и останатите услужни дејности во создавањето на вкупниот БДП. Сепак, земјоделството е важна секторска дејност во создавањето на БДП и во Пелагонискиот и Полошкиот плански регион со учество од 17%, како и во Североисточниот плански регион со учество од 14% од вкупниот БДП. Преработувачката индустрија е најголем работодавач со учество од 31% од вкупниот број вработени. Анализата на секторската структура ни покажува дека индустријата е најзначаен економски сектор во економската структура на повеќето плански региони и дека натамошниот развој треба да се поттикнува преку стимулирање на постојните индустриски гранки, но и инвестиции во нови индустрии. Воедно, со оглед на високото учество на земјоделството во формирањето на БДП во поголем број региони, искористувањето на потенцијалот во создавањето на додадена вредност, преку инвестиции во современи производни преработувачки капацитети ќе биде еден од основните предизвици за регионалниот развој во иднина.

Графикон 24: Бруто додадена вредност, по сектори на дејност, по региони, во милиони денари




| | Вардарски регион | Источен регион | Југозападен регион | Југоисточен регион | Пелагониски регион | Полошки регион | Североисточен регион | Скопски регион |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уметност, забава и рекреација, други услужни дејности | 511 | 821 | 891 | 3068 | 1020 | 278 | 355 | 35888 |
| Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување, образование | 4411 | 4714 | 5411 | 3811 | 6216 | 6534 | 3598 | 32961 |
| Стручни, научни и технички дејности | 446 | 529 | 932 | 395 | 1231 | 782 | 544 | 10237 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 1862 | 2758 | 3729 | 2273 | 3635 | 3956 | 2070 | 10927 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 154 | 154 | 604 | 163 | 464 | 163 | 47 | 9652 |
| Информации и комуникации | 163 | 282 | 275 | 58 | 312 | 124 | 171 | 17606 |
| Трговија, угостителство, сообраќај | 7299 | 4171 | 7518 | 6912 | 6319 | 5774 | 5393 | 39930 |
| Градежништво | 2153 | 3092 | 2804 | 2553 | 3163 | 2122 | 3136 | 10900 |
| Рударство, преработувачка индустрија, енергија | 9318 | 11514 | 6794 | 6902 | 16363 | 4555 | 3840 | 27762 |
| Земјоделство, шумарство, рибарство | 4420 | 4427 | 2498 | 12974 | 7840 | 4946 | 3173 | 3616 |

*Извор: Државен завод за статистика*

2. **Локални ресурси.** Од табела 10 можеме да забележиме дека планските региони се разликуваат по своите основни карактеристики. Притоа, највоочлив е фактот дека најмалиот регион по површина - Скопскиот, има најголема густина на населеност - 319 жители на км$^2$, а воедно апсорбира повеќе од ¼ од вкупното население во Република Македонија. Најголемиот регион во Република Македонија - Пелагонискиот, пак, се одликува со мала густина на населеност - 50 жители на км$^2$. Унапредувањето на рамномерниот регионален развој, значително ќе влијае врз рамномерната дистрибуција на населението во Република Македонија, односно, ќе го спречи приливот на населението во главниот град, односно во Скопскиот плански регион.

- **Природни ресурси.** Планските региони во Република Македонија се одликуваат со изобилство од природни ресурси, чие планско користување претставува битен фактор во поттикнувањето на регионалната конкурентност на планските региони (види табела 11).

***Табела 11: Природни ресурси во планските региони***

| Регион | Земјоделска површина (во ха) | Вкупна обработлива површина (во ха) | Пасишта (во ха) | Шумски фонд |
|---|---|---|---|---|
| Вардарски | 147759 | 55175 | 92557 | 134936 |
| Источен | 177972 | 76701 | 101238 | 155227 |
| Југозападен | 136574 | 50012 | 86557 | 187029 |
| Југоисточен | 120583 | 55291 | 65171 | 141216 |
| Пелагониски | 262880 | 111987 | 150416 | 133010 |
| Полошки | 168946 | 42898 | 126047 | 91064 |
| Североисточен | 172662 | 79249 | 93405 | 70182 |
| Скопски | 80493 | 39094 | 41167 | 76171 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Со учество во БДП со 11%, земјоделството е значаен сектор во Република Македонија, при што најголемо учество во бруто додадената вредност има Југоисточниот плански регион со 31,9% учество, по што следи Пелагонискиот плански регион со учество од 19,1% и Вардарскиот плански регион со 13,36% (види графикон 25).

**Графикон 25: Учество на регионите во бруто додадената вредност во земјоделството за 2011-та година**




*Извор: Државен завод за статистика*

Најголем процент од обработливата земјоделска површина во сите региони опаѓа на ораници и бавчи (види графикон 26), што значи дека сите региони имаат потенцијал за производство на земјоделски култури.

Графикон 26: Структура на обработлива површина по региони во 2012-та година




*Извор: Државен завод за статистика*

Истите се најзастапени во Пелагонискиот регион, што е и причина овој регион да биде најголемиот производител на житни (со 22% од вкупното производство), индустриски (44%) и фуражни култури (26%). Со учество од 56% од вкупното производство, Југоисточниот регион е доминантен производител на градинарски култури, што претставува одлична база за преработувачката и конзервната индустрија во овој регион. Овошни насади има најмногу во Источниот и Пелагонискиот регион, при што во Пелагонискиот регион доминира производството на јаболка со вкупно 71% од вкупното производство во РМ, кое воедно е доминантно во споредба

со сите останати овошја (вкупно 121171 тони). Од останатите овошја позначително производство има сливата со вкупно 35444 тони, при што најзастапена е во Источниот плански регион. Површини засадени со лозја има најмногу во Вардарскиот регион, заради што истиот регион доминира во производството на грозје со вкупно 110100 тони или 46% од вкупното производство, додека воедно со вкупно учество од 51% Вардарскиот регион е најголемиот производител на вино во Република Македонија (види графикон 27).

**Графикон 27: Производство на одредени земјоделски производи во тони за 2012-та година**




*Извор: Државен завод за статистика*

По него следува Југоисточниот плански регион со вкупно производство од 74841 тони или 31% од вкупното производство на грозје во РМ, додека во производството на вино учествува со 18%. Врз основа на овие податоци, може да се заклучи дека Вардарскиот

и Југоисточниот плански регион се одликуваат со конкурентски предности за развој на винската индустрија и воедно винскиот туризам. Доминацијата на пасиштата во вкупната земјоделска површина во Република Македонија создава одлични услови за развој на сточарството, при што најголема површина под пасишта има Пелагонискиот регион, со 20% учество во вкупната површина, по што следува Полошкиот регион со вкупно 17% од вкупната површина под пасишта во РМ.

**Графикон 28: Вкупен број на добиток по региони за 2012-та година**




*Извор: Државен завод за статистика*

Тоа е и причината поради која Пелагонискиот регион е водечкиот производител на добиток и добиточни производи во РМ, со учество

од 18%, при што на графиконот 28 може да забележиме дека Пелагонискиот регион е водечки производител на овци и говеда со вкупно 20%, односно 23% од вкупното производство.

Врз основа на податоците изнесени во табела 11, може да се заклучи дека најголем потенцијал за развој на дрвната индустрија има Југозападниот плански регион со вкупна површина шумски фонд 187029 хектари.

Интересно е да се истакне дека Република Македонија располага со големи богатства од минерални суровини, чија експлоатација има силно влијание во економијата на некои од планските региони. Ова особено се однесува на експлоатацијата на фероникел во Вардарскиот регион (рудникот Фени), олово-цинковите руди во Североисточниот (Тораница) и Источниот плански регион (Саса), лигнитот и белиот мермер во Пелагонискиот плански регион (Суводол, Осломеј, Мермерен Комбинат). И покрај фактот дека рударството во РМ учествува со само 1,5% во БДП, со оглед на проценките за истражување и експлоатација на минералните ресурси, се очекува зголемување на значењето на овој сектор во иднина за развој на планските региони. Во овој контекст, вреди да се спомне и богатството на Република Македонија со извори на минерална вода кои претставуваат одлична можност за развој на бањскиот туризам, особено во Североисточниот, Скопскиот, Југоисточниот и Источниот плански регион.

Во однос на туризмот, податоците од графикон 29 говорат дека најатрактивен за туристите е Југозападниот регион во кој во 2012 година се реализирале вкупно 1198260 ноќевања, од кои 362163 (30%) од страна на странски туристи. Атрактивноста на регионот е предодредена од богатото археолошко богатство на Охрид и природното богатство на Охридското Езеро и Националниот парк Галичица, пред сѐ. По него следува Скопскиот регион со вкупно 346643 ноќевања од кои дури 72% или 249230 се реализирани од странски туристи и Југоисточниот регион со вкупно 305163 ноќевања, од кои 86113 реализирани од странски туристи. Се смета

дека атрактивноста на Југоисточниот регион е пред сè благодарение на природните богатства (Дојранското Езеро, Смоларскиот и Колешинскиот водопад), но и казино понудата која во последните години е застапена во околината на Гевгелија. Од податоците може да се забележи дека туризмот во Република Македонија се потпира на езерскиот и конференциски вид, додека останатите видови на туризам сè уште се недоволно развиени. Постои силен потенцијал за развој на бањскиот, руралниот и планинскиот туризам, што ќе биде еден од главните предизвици во новата Стратегија за развој на туризмот во која се предвидува учеството на туризмот да достигне 5% од БДП до 2015 година.

**Графикон 29: Број на ноќевања на туристи по региони за 2012-та година**




*Извор: Државен завод за статистика*

Што се однесува до инфраструктурата, од аспект на развиеноста на патната мрежа, може да се каже дека сите региони се релативно

добро покриени со магистрални и регионални патишта. Во Република Македонија има вкупно 911 км магистрални патишта, 3772 км регионални патишта и 9355 локални патишта. Вкупно 259 км од патната мрежа во РМ припаѓаат на автопатиштата, додека 553 км од патната мрежа припаѓаат на меѓународни европски патишта.

**Графикон 30: Локана патна мрежа во км за 2012 година**




*Извор: Државен завод за статистика*

Графикон 30 ни ја покажува структурата на локалната патна мрежа по региони за 2012-та година, при што може да се забележи дека Источниот, Југоисточниот и Вардарскиот регион се одликуваат со најнеповолна локална патна мрежа во РМ, со дури 62% земјени и непресечени патишта во Источниот и Југоисточниот регион и 57% во Вардарскиот плански регион. Скопскиот и Полошкиот регион се одликуваат со најповолно развиена локална патна мрежа, при што

дури 65, односно 66% од вкупната патна мрежа е асфалт или коцка, додека солидна патна мрежа имаат и Југозападниот и Пелагонискиот плански регион со повеќе од половина асфалтирана од вкупната локална патна мрежа.

Реновираните аеродроми во Скопје и Охрид се од исклучително значење за поврзувањето на регионите со странските пазари, но и развојот на туризмот, а особено значајна инвестиција во насока на регионалниот развој, а во делот на авиосообраќајот ќе има изградбата на карго аеродромот во Штип.

Што се однесува до железничката мрежа, Република Македонија се одликува со нерамномерна опслуженост на регионите со железнички услуги. Истата е најмногу развиена по Коридорот 10, додека одредени региони, како што е Североисточниот (Крива Паланка), Југозападниот (Охрид, Струга, Дебар) и Југоисточниот регион (Радовиш и Струмица) воопшто не се опфатени во железничката мрежа. Позитивен тренд се подготовките за надградба на железничката мрежа на Коридорот 8 – поточно изградба на пругата, Бељаковце - Куманово,  Бељаковце - Крива Паланка и Кичево - Лин, реконструкција на пругите на Коридорот 10, како и други проекти за модернизација на железничкиот сообраќај, кои се главно финансирани од третата компонента на ИПА наменет за регионалниот развој.

Од аспект на локацијата и пристапот до извозните пазари, значајно е да се истакне близината на Солунското (80 км) и Драчкото (150) пристаниште, од каде што се транспортира голем дел од македонското производство наменето за извоз.

3. **Човечки ресурси.** Од графикон 31 може да се забележи дека стапката на невработеност во повеќето региони е повисока од државниот просек кој во 2012 година изнесува 31%, а уште позабележителен е големиот диспаритет во стапките на невработеност помеѓу регионите. Особено загрижува високата стапка на невработеност во Североисточниот плански регион, каде

што повеќе од половината од работоспособното население е невработено.

**Графикон 31: Стапка на активност на населението над 15 години по региони за 2012-та година**




*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Македонија 2013*

Според најновите статистички податоци објавени од страна на Агенцијата за вработување на РМ, во ноември 2013 година вкупно 95279 лица активно бараат вработување, додека 120626 лица не се активни на берзата на трудот. Најголемиот процент од баратели на работа имаат завршено средно образование - вкупно 33655 лица, додека следни на листата се лицата без образование и основно образование - вкупно 25661 и лицата со непотполно средно училиште - вкупно 16100.[111] Стручна доквалификација, преквалификација или оформување на образовниот процес на овие лица во согласност со потребите на пазарот на трудот е еден од главните предизвици во процесот на намалување на невработеноста. Воедно, мерки за поттикнување на претприемништвото и тоа како на централно, така и на локално

[111] Агенција за вработување на РМ

ниво, како и нудење на поволности од типот на ослободување од плаќање на давачки или формирање на бизнис инкубатори се уште некои од мерките за поттикнување на вработувањето во РМ. Овде треба да се спомне дека се постигнати значителни напори во делот на подигање на степенот на образование на ниво на РМ, за што во најголем дел се заслужни мерките на Владата на РМ во делот на дисперзираното високо образование, со што се овозможи достапност до високото образование за сите граѓани од сите плански региони во РМ.

**Графикон 32: Број на дипломирани студенти по региони**




*Извор: Државен завод за статистика*

Од графиконот 32 може да се забележи дека бројот на дипломирани студент во 2012 година пораснал за скоро 3 пати во споредба со 2002 година, што е сигнал за позитивна промена во образовната структура на населението во РМ.

## 4. Институции

Во поглед на мрежата на институции кои се во поддршка на локалниот/регионалниот економски развој може да се каже дека истата е прилично рамномерно застапена во сите плански региони. Притоа ***Центрите за развој на планските региони*** кои ќе бидат подетално образложени подолу во трудот ја имаат основната задача како регионални и меѓувладини институции, да ги јакнат капацитетите на мрежите на локалната и руралната заедница, бизнис секторот, да го стимулираат развојот на локално и регионално ниво, а во функција на намалување на диспаритетите во развојот помеѓу планските региони.

Со поддршка на Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД) формирани се 17 ***Центри за локален економски развој*** (ЛЕР), а 43 такви Центри се поддржани од страна на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) во одделни или групи општини.

Оперативни се вкупно 5 ***регионални центри за поддршка на претприемништвото*** (РЦПП), односно Фондации за развој на мали и средни претпријатија, лоцирани во Скопје, Велес, Куманово, Струмица и Битола, како и 2 Агенции за поддршка на претприемништвото (ЕСА), односно Фондации за поддршка на претпријатија, лоцирани во Тетово и Охрид. Од останатите вреди да се спомнат Ромскиот деловен центар, Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување, Бизнис старт-ап центарот при Универзитетот Св. Кирил и Методиј - Скопје, Националниот центар за иновации и претприемачко учење лоцирани во Скопје, Фондацијата за одржлив економски развој Преда Плус лоцирана во Прилеп, Регионалната агенција за развој на Пелагонија – ПРЕДА, лоцирана во Прилеп, Бизнис старт-ап Центарот во Битола, Стопанската комора на РМ (со вкупно 16 регионални центри во сите плански региони: Берово, Велес, Гостивар, Кавадарци, Кочани, Охрид, Скопје,Тетово, Битола, Гевгелија, Дебар, Кичево,

Куманово, Прилеп, Струмица, Штип), Сојузот на стопански комори на РМ, Стопанската комора на Северозападна Македонија и Занаетчиската комора на РМ со свои 15 регионални канцеларии и тоа: Битола, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Куманово, Прилеп, Ресен, Скопје, Струга, Струмица, Охрид, Тетово, Штип.

Во РМ, оперативни се вкупно 7 ***инкубатори*** (Велес, Струмица, Охрид, Прилеп, Делчево, Македонска Каменица и Штип), како и инкубаторот Претприемачки сервис за млади (ПСМ Инкубатор) во Скопје.

***Евро-инфо кореспондентен центар*** (ЕИКЦ) кој е дел од мрежата на преку 300 центри на ЕУ, нуди информации и помош за работи поврзани со бизнисот на ЕУ (на пример, пазари на ЕУ, деловна соработка, барање на партнер, фондови и тендери на ЕУ, стандарди во ЕУ и сл.)

***Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија*** (ЕИИЦМ - *Enterprise Europe Network*) кој претставува проектен конзорциум координиран од Универзитетот Св. Кирил и Методиј од Скопје. Членки на конзорциумот се Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување, Агенцијата за поддршка на претприемништвото и Стопанската комора. Главна цел на ЕИИЦМ е да овозможи организиран настап на малите и средни претпријатија на глобалниот пазар така што ќе се надминат постоечките бариери. Подобрување на конкурентноста на економијата преку зголемување на степенот на иновации на МСП е основната мисија на ЕИИЦМ.

Во РМ работат околу 150 ***домашни и странски консултанти***, а постојат и најмалку 20 локални и билатерални асоцијации, кои покриваат одделни сектори.

Регионална поставеност, делумно, имаат и ***институциите во поддршка на научно-истражувачките и иновативните дејности***. Па така, од четирите Центри за трансфер на технологија (ЦТТ), три се во Скопје, а еден во Битола и тоа: технолошки јадра на Природно-математичкиот факултет, Машинскиот факултет, Електро-

техничкиот факултет и Медицинскиот факултет, Центар за истражување, развој и континуирано образование при Машинскиот факултет, Центар за применети истражувања и перманентно образование во земјоделството при Земјоделскиот факултет, Евро-регионалниот технолошки центар при Техничкиот факултет во Битола, Регионален центар за социјални иновации на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ), како и Регионалниот иновациски центар во Штип.

Од останатите институции може да се спомнат ***Агенцијата за вработување*** која ги нуди своите услуги преку 30 подрачни единици - Центри за вработување распоредени рамномерно во сите региони во РМ, ***Централниот регистар*** со свои 27 регионални канцеларии во сите региони во РМ, како и ***Управата за јавни приходи*** со вкупно 5 регионални дирекции, 8 даночни одделенија и 72 даночни шалтери од кои 41 се лоцирани во ист број на општини, додека 3 мобилни даночни шалтери ги опслужуваат останатите 31 општина.

***Агенцијата за странски директни инвестиции и промоција на извозот*** е во директна поддршка на регионалниот развој преку промоцијата на можностите за инвестирање пред странските потенцијални инвеститори, како и помош во пласманот на македонските производи на странските пазари. Во овој контекст, особено е значајно отворањето на технолошко-индустриски и развојни зони во 3 региони во Република Македонија и тоа: 2 во Скопскиот регион –ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2, една зона во Источниот регион -ТИРЗ Штип и една зона во Полошкиот регион - ТИРЗ Тетово (планирано е отворање на ТИРЗ во Прилеп, Гевгелија, Кичево, Струмица, Ранковце, Струга и Радовиш). Поволностите кои се нудат за инвестирање во ТИРЗ во делот на даночните ослободувања (данок на приход и персоналниот данок на доход за првите 10 години, ослободување од плаќање царински и други давачки за стоки наменети за извоз), бесплатни дозволи за градење, бесплатни приклучоци за гасовод, водовод и канализациона мрежа, па дури и субвенции за изградба на

производните капацитети до 500000 евра во зависност од бројот на вработувања и вкупната инвестиција, ги прават овие зони вистински магнет за странските инвеститори, што може директно да влијае во унапредувањето на регионалниот развој, особено што зоните се регионално разместени. Овие зони се менаџирани од Дирекцијата за технолошко-индустриски и развојни зони, а тесната соработка со локалните власти има клучна улога во успехот на зоните во смисла на привлекување на странски директни инвестиции.

#### *4.1.1.2. Политика на регионалниот развој во Република Македонија*

Потребата од планирање на регионалниот развој во Република Македонија произлезе не само од големите диспаритети помеѓу центарот (Скопје) и останатите делови од земјата, туку и процесот на приближување кон Европската Унија што влијаеше за подигање на свеста кај релевантните институции за значењето на планирањето на регионалниот развој, како предуслов за намалување на разликите меѓу регионите што би овозможило побрзо задоволување на економските критериуми за влез во ЕУ.

*Со Законот за рамномерен регионален развој* (Сл. весник на РМ бр. 63/2007) е дефинирана основната рамка за водење на политиката на рамномерен регионален развој во земјата. Законот ги одредува целите, правилата и одговорните субјекти во врска со политиката на рамномерен регионален развој и обезбедува правна рамка за планирање, финансирање и алокација на средства за унапредување на рамномерниот регионален развој. Законот (член 5) пропишува воспоставување на плански региони во Република Македонија, како функционални територијални единици за потребите на планирањето на развојот и реализација на мерките и инструментите за поттикнување на развојот. Планските региони се совпаѓаат со статистичките региони определени со Номенклатурата на територијални единици за статистика НТЕС-3 (Сл. весник на РМ бр. 158/2007), со цел да се обезбеди статистичка основа за планирањето на развојот на регионите. Република Македонија има осум плански региони: Вардарски, Источен, Југозападен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски плански регион. Согласно со законската рамка, планските региони претставуваат основна единица за планирањето на развојот.

Номенклатура на територијалните единици - НТЕС е заснована врз територијалната организација на локалната самоуправа на Република Македонија и е усогласена со класификацијата на Европската Унија *Nomenclature of Territorial Units for Statistics-NUTS*.
Основната цел на класификацијата НТЕС е да обезбеди единствена и унифицирана поделба на територијалните единици на регионално и на локално ниво. НТЕС е основа за прибирање, обработка и публикување на регионална статистика и се користи за планирање и водење на регионалната политика на Република Македонија.
Номенклатурата има 5 нивоа и тоа:

- На НТЕС ниво 1 и НТЕС ниво 2 територијата на Република Македонија е една единица
- На НТЕС ниво 3 се статистички региони (8 единици)
- На НТЕС ниво 4 се општините (84 единици)
- На НТЕС ниво 5 се населените места (1776 единици)

Заради хиерархискиот карактер на Номенклатурата, деловите од подрачјата на 10-те скопски општини што го сочинуваат Скопје како населено место се посебни единици на НТЕС ниво 5.

Визијата за регионален развој упатува на крајната цел: *“Рамномерен и одржлив развој на целата територија на Република*

*Македонија, кој се карактеризира со висока стапка на економски раст и конкурентни плански региони помеѓу кои постојат мали диспаритети и каде што оптимално се користат природните, човечките и енергетските ресурси, постои висока економска и социјална кохезија и населението ужива добар животен стандард.”*

Главните цели на политиката на рамномерен регионален развој се:

- Рамномерен и одржлив развој на целата територија на земјата, базиран врз моделот на полицентричен развој;
- Намалени нееднаквости меѓу и во различните плански региони и подобрување на квалитетот на живот на сите граѓани;
- Зголемена конкурентност на планските региони со засилување на нивниот иновациски капацитет и оптимално користење и валоризирање на природното богатство, човечкиот капитал и економските особености на планските региони;
- Зачувување и развивање на посебниот идентитет на планските региони, како и нивна афирмација и развој;
- Ревитализација на селата и развој на подрачјата со специфични развојни потреби и
- Поддршка на меѓуопштинската и прекуграничната соработка на единиците на локална самоуправа во функција на поттикнување на рамномерен регионален развој.

Законот за рамномерен регионален развој ги утврдува следните субјекти како носители на политиката на рамномерен регионален развој:

- Владата на Република Македонија;
- Советот за рамномерен регионален развој, со кој претседава заменикот премиер за економски прашања и во кој седат министрите за локална самоуправа, за финансии, за сообраќај и врски, за труд и социјална политика, за култура, за животната средина, за земјоделство и претседателите на Советите на планските региони;
- Министерството за локална самоуправа и
- Советите за развој на планските региони. Членовите на советите вклучуваат градоначалници од планскиот регион. Советите исто

така можат да вклучат и експерти, претставници на стопанските комори, синдикатите, граѓанските здруженија, и други релевантни партнери од приватните и од граѓанските сектори во својата работа.

**Графикон 33: Институционална поставеност на регионалниот развој во Република Македонија**




*Извор: Извештај за спроведување на политиката за рамномерен регионален развој на Република Македонија 2008-2010*

Други важни субјекти во регионалниот развој се Бирото за рамномерен регионален развој (во минатото познато како Биро за развој на недоволно развиени региони) и 8-те Центри за развој на планските

региони. Бирото е орган во состав на Министерството за локална самоуправа, со статус на правно лице. Неговите одговорности се движат од обезбедување на аналитички бази за пишување на плански документи, подготовка на годишни извештаи за имплементација на акциските планови, но и професионална помош за Центрите за рамномерен регионален развој и дистрибуира информации за асортиманот и опсегот на средства за стимулација на регионалниот развој (види графикон 33).

Осумте Центри за развој на планските региони се лоцирани во општината со најголем број на жители во секој плански регион. Тие, сепак, се формирани од сите општини во рамките на регионот и се финансирани од нивните буџети и Владата на основа 50%-50% за првите пет години. Според тековната легислатива, Центрите за рамномерен регионален развој ќе се финансираат единствено од општинските придонеси, почнувајќи од 1 јануари 2013.[112]

Регионалното развојно планирање се базира на два клучни документи. Првиот е Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2009-2019[113], кој покрива период од 10 години и беше усвоен од владата во 2009-та година, додека вториот документ е Програмата за развој на планските региони кој покрива период од 5 години и се подготвува во секој од 8-те региони од страна на Центрите за развој на планските региони. Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2009-2019 ги дефинира целите и приоритетите на општо, стратешко ниво, додека подетално, мерките и инструментите за поттикнување на развојот, како и нивното финансирање, надлежните институции и механизмите за имплементација се определени во Акциониот план (2010-2012) за спроведување на Стратегијата за рамномерен регионален развој[114]. Програмите за развој на планските региони се усвојуваат од осумте поединечни Совети за развој на планските региони, со претходна согласност добиена од Советот за рамномерен регионален развој на земјата. Истите мора да бидат елаборирани според

[112] ОБСЕ, Извештај за оценување на децентрализацијата 2006-2011, декември 2011, стр. 42
[113] Стратегија за рамномерен регионален развој на Република Македонија 2009-2019, Службен весник на РМ бр. 119/09
[114] Акционен план 2010-2012 за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија, Службен весник на РМ бр. 62/10

националната Стратегија за регионален развој и програмските документи за пристапот на земјата во ЕУ и да се засновани на методологијата

***Приоритети на регионалниот развој дефинирани во Стратегијата за регионален развој на РМ 2009-2019***

**Стратешка цел - Конкурентни плански региони што се одликуваат со динамичен и одржлив развој:**

1. Поттикнување на економскиот раст во планските региони
2. Развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони
3. Препознавање и искористување на иновативниот потенцијал и подигање на техничко-технолошката основа на носечките индустрии во планските региони
4. Подигнување на нивото на човечкиот капитал во планските региони
5. Креирање на конкурентски предности во планските региони
6. Оптимално користење и валоризација на природните ресурси и енергетските потенцијали во планските региони
7. Заштита на животната средина во планските региони

**Стратешка цел 2 - Поголема демографска, економска, социјална и просторна кохезија помеѓу и во планските региони**

1. Демографска ревитализација и порамномерна дистрибуција на населението помеѓу и во планските региони
2. Градење на функционално - просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони
3. Зголемување и порамномерна дисперзија на инвестициите и вработеноста помеѓу и во рамките на регионите
4. Подигнување на степенот на социјален развој во планските региони
5. Поддршка на подрачјата со специфични развојни потреби
6. Развивање на прекуграничната и меѓусебната соработка на планските региони
7. Подигање на капацитетите за планирање и реализација на развојот во планските региони

предвидена од Министерството за локална самоуправа.

Врз основа на целите дефинирани во Законот за рамномерен регионален развој, во Стратегијата за рамномерен регионален развој се дефинираат стратешките цели и приоритети на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој на Република Македонија за периодот 2009-2019. Притоа, направен е обид за што е можно поблиско усогласување на стратешките цели на Стратегијата за регионален развој со приоритетите на политиката на ЕУ за економско-социјална кохезија и приоритетите идентификувани во Лисабонската стратегија на ЕУ.

Ваквото усогласување е направено со цел да се поттикне развојот на планските региони според зацртаните насоки во ЕУ и да се дејствува во поглед на подигнување на капацитетите на планските региони и единиците на локалната самоуправа за користење на соодветните компоненти од расположливите ИПА фондови на ЕУ. [115]

Извори на финансирање на регионалниот развој:

- Буџет на РМ
- Буџетите на единиците на локална самоуправа
- Фондовите на ЕУ (Инструментот за претпристапна помош - ИПА)
- Други меѓународни извори
- Донации и спонзорства и др.

**Законот за рамномерен регионален развој предвидува годишно издвојување на најмалку 1% од БДП од Буџетот на РМ за поттикнување на рамномерниот регионален развој**

Овие средства се распределуваат од страна на Владата на РМ и тоа:

- 70% за финансирање на проекти за развој на планските региони (преку Центрите за развој на планските региони, а сразмерно на степенот на развој на регионите, согласно Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеност)
- 20% за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби
- 10% за финансирање на проекти за развој на селата

Имајќи ги предвид утврдените цели на политиката на регионален развој во Законот за рамномерен регионален развој, Стратегијата го разработува моделот на полицентричен развој. Моделот на полицентричен развој е фокусиран на намалување на диспаритетите во развојот меѓу планските региони што подразбира алоцирање на поголема поддршка кон помалку развиените региони. Притоа, ниту еден плански регион не е изоставен од политиката на регионален развој, туку се настојува поддршката да биде во функција на намалување на

[115] Иако кохезионата политика на ЕУ и Лисабонската стратегија во дадениот временски период не се однесуваат директно на земјите кандидати за влез во Унијата, нивното почитување е важно од аспект на идното членство на Република Македонија во ЕУ. Оттаму, наведените цели се соодветно респектирани при креирањеto на стратешките цели за регионален развој.

диспаритетите меѓу регионите што повлекува повисока поддршка за регионите со пониско ниво на развој.

Имено, со цел да се постави основа за креирање на политиката на регионален развој, направена е класификација на планските региони според степенот на развиеност. Во Одлуката за класификација на планските региони според степен на развиеност, донесена во декември 2008 година, планските региони се класифицирани на следниот начин (види табела 12):

**Табела 12: Класификација на планските региони според степен на развиеност 2008-2012**

| **Плански регион** | **Според развојниот индекс** | **Според економско-социјалниот индекс** |
|---|---|---|
| ***Скопски*** | 1.48 | 1.86 |
| ***Југоисточен*** | 0.89 | 1.38 |
| ***Пелагониски*** | 0.73 | 0.79 |
| ***Југозападен*** | 0.72 | 0.50 |
| ***Полошки*** | 0.72 | 0.18 |
| ***Вардарски*** | 0.69 | 0.63 |
| ***Источен*** | 0.67 | 0.95 |
| ***Североисточен*** | 0.56 | 0.33 |

*Извор: Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2008-2012, Службен весник на Република Македонија бр. 162/2008*

Индексите на планските региони покажуваат колку регионите отстапуваат во развојот споредено со просекот на земјата, при што:

- Индекс 1 означува дека нивото на развој на планскиот регион е еднакво на просечниот развој на ниво на Република Македонија;
- Индекс поголем од 1 означува дека нивото на развој на планскиот регион е повисоко од просечниот развој на ниво на Република Македонија и

- Индекс помал од 1 означува дека нивото на развој на планскиот регион е пониско од просечниот развој на ниво на Република Македонија.

Согласно утврдената класификација на планските региони, според степенот на развиеност, утврдено е учеството на планските региони во распределбата на средствата за финансирање на развојни проекти. Од графиконот 34 може да се забележи дека најголемиот процент на финансиски средства од оние предвидени за рамномерниот регионален развој се предвидени за регионите кои имаат најмал развоен и екномско-социјален индекс, односно, за регионите кои заостануваат во развојот.

**Графикон 34: Учество на планските региони во распределбата на средствата за финансирање на развојни проекти 2008-2012**




*Извор: Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2008-2012, Службен весник на Република Македонија бр. 162/2008*

Па така, за Североисточниот плански регион кој има развоен индекс 0,56 и економско-социјален индекс 0,33, односно регионот кој е најмалку развиен, предвидени се 16,7 % од вкупните финансиски средства. Следствено, за најразвиениот Скопски плански регион се предвидени

најмалку финансиски средства 6,4%. Со оваа мерка се планира намалување на диспаритетите во развојот помеѓу планските региони.

Се поставува прашањето колку практично се спроведува политиката на рамномерен регионален развој. Од графикон 35, кој го прикажува финансирањето на проекти од Програмата за рамномерен регионален развој по години, може да се забележи дека вкупниот износ на финансиски средства наменет за рамномерен регионален развој е далеку од 1% од БДП, износ кој е предвиден како задолжителен во Законот за рамномерен регионален развој. Процентот низ годините се движи помеѓу 0,4 и 0,04% од БДП, што значи дека на регионите и општините им се на располагање недоволно финансиски средства за реализирање на политиката на рамномерен регионален развој. Тоа, пак, имплицира дека регионалниот развој сѐ е уште силно централизиран, што делумно се оправдува со недоволно развиениот капацитет на Центрите за развој на планските региони и локалните самоуправи за децентрализирано управување со финансиските средства наменети за рамномерен регионален развој и подготовка и имплементација на развојни проекти. Од таа причина, законски пропишаните финансиски средства во износ од 1% од БДП се реализираат преку ресорните министерства.

Уште повеќе, неповолен тренд во делот на спроведувањето на политиката за рамномерен регионален развој е континуираното намалување на финансиските средства наменети за истата. Па, така, вкупниот износ на средства наменети за рамномерен регионален развој се преполовени во 2013 споредено со 2009 година од 188 300 на 74 229 милиони денари (види графикон 35). Што се однесува до типот на проекти што се финансираат со средствата од Програмата за рамномерен регионален развој, најзастапени се проекти за развој на инфраструктурата (од вкупно 71 проект во 2009 година дури 43 проекти), додека проекти за креирање на конкурентски предности во планскиот регион се далеку помалку по број (вкупно 7 во 2009 година). Овој тренд се должи на потребите и развојните приоритети на планските региони, при што во приоретизирање на потребите, општините секогаш даваат предност на решавање на инфраструктурните проблеми пред да пристапат кон

проекти кои се во насока на унапредување на микро факторите на конкурентноста.

**Графикон 35: Финансирање на проекти од Програмата за рамномерен регионален развој**




| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Проекти за развој на планските региони | 131810 | 118160 | 92065 | 13323 | 51960 |
| Проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби | 37660 | 33760 | 26305 | 3807 | 14846 |
| Проекти за развој на селата | 18830 | 16880 | 13152 | 1903 | 7423 |

Извор: Биро за регионален развој

#### *4.1.1.3. Политика на локален економски развој во РМ*

Што се однесува до локалниот економски развој, диспаритетите во развојот се уште поочигледни. Еден дел од овие разлики потекнуваат од наследената концентрација на активности во градските населби, особено во градот Скопје, а друг дел потекнува од природата на активностите што преовладуваат и од процесот на транзиција. Разликите во ниво на развој доведоа до уште поголем степен на концентрација и агломерација што придонесуваат за уште поголемо зголемување на економските разлики помеѓу општините и регионите.

> Обновениот интерес за ***децентрализација*** во земјите во развој и транзиција беше придружуван од процесот на демократизација и економска транзиција што се одвиваше во овие општества.
>
> Децентрализацијата на јавната власт во многу земји се одвиваше со цел да се зацврсти локалната власт и да се обезбедат подобри услови за луѓето во нивните локални заедници, додека во некои земји, главните причини за децентрализацијата беа политички.
>
> Децентрализацијата и локалната власт стануваат сè повеќе признати како основни компоненти на ефикасна демократизација, бидејќи обезбедуваат поволна средина, во која донесувањето на одлуки и испораката на услуги ќе станат поблиску до луѓето. Централните власти, сместени во главните градови, обично се преокупирани со национални и регионални политички проблеми и честопати не успеваат да обезбедат адекватни локални услуги. Сепак, потребна е координација на политиките на сите нивоа, со цел децентрализацијата да ги оствари своите ефекти во насока на подобена испорака на јавните услуги на локално ниво, со цел да се спречи истата да стане инструмент за остварување на целите на локалните елити.

Ова особено станува очигледно ако го споредиме градот Скопје со останатите урбани центри, а разликата е уште подраматична ако оваа споредба ја направиме со руралните средини. Долгиот процес на транзиција придонесе за зголемување на економските активности и ресурси во главниот град, додека многу населени места од остатокот на земјата економски ослабеа. Следствено, со оглед на високиот степен на

концентрација на економски активности во главниот град, истиот го привлекува населението од останатите региони во земјата. Големата концентрација на активности во приватниот и јавниот сектор го прави Скопје генератор на работа, што е и магнет за инвестиции и деловни активности во приватниот сектор, како домашни, така и странски.

По напуштањето на еднопартискиот систем и воведувањето на плуралистичкиот систем во Република Македонија почнаа интензивни процеси на централизација на власта, што беше сосема спротивно на другите земји на поранешниот еднопартиски систем, кои ефикасно ги спроведоа процесите на децентрализација на власта. Општините во Република Македонија останаа речиси без никакви надлежности. Сите надлежности беа во рацете на државата, која ја остваруваше својата политика на локално подрачје директно или преку свои дисперзирани подрачни органи, кои не беа одговорни пред граѓаните на општините, туку пред централните државни органи. Општините функционираа во правен вакуум сè до октомври 1995-та година кога беше донесен првиот Закон за локална самоуправа, кој започна да се применува од декември 1996 година. Со тоа започнаа првите чекори на децентрализација на власта. Поинтензивните процеси на децентрализација следуваа по усвојувањето на уставните амандмани во 2001 година и донесувањето на новиот Закон за локална самоуправа во 2002 година.

> Со донесувањето на Законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија (Сл. Весник на РМ бр. 55, 2004), земјата е организирана во 84 општини, од кои 34 се основани во градови, 10 припаѓаат на главниот град Скопје, а 40 се основани во руралните населби.

Почнувајќи од 2005 година, Република Македонија ја прифати амбициозната агенда за децентрализација. Некои услуги кои во минатото беа под ингеренција на централната власт сега се пренесоа на локално ниво. Овој пренос има импликации врз квалитетот на живот, бидејќи имплицира изменета дистрибуција на јавните услуги на просторно ниво.

Паралелно со спроведувањето на реформата на локалната самоуправа, целите на процесот на децентрализација беа натамошната демократизација на општеството, како и подобрувањето на јавните услуги за граѓаните, при што особено внимание се посветува на интегрираниот и одржлив развој на единиците на локалната самоуправа. Овие елементи се од особено значење за создавањето на амбиент за привлекување на инвестиции, економски раст и постигнување на развој кој подеднакво ќе се грижи за економските, социјалните и еколошките аспекти на единиците на локалната самоуправа.

Имено, една од најважните активности на современите локални власти е нивната одговорност да бараат, привлекуваат и задржуваат инвеститори. Секоја нова инвестиција значи нови работни места, нови деловни можности за постојните претпријатија, како и за генерирање на општински приходи преку плаќањето на даноците и таксите.

*Со донесувањето на Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5, 2002) и Законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија (Сл. весник на РМ бр. 55, 2004) се направи нормативна рамка за креирање на политиката на локалниот економски развој. Така, член 22, став 1, алинеја 3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5, 2002) во кој се дефинираат надлежностите на локалните самоуправи предвдува дека општините се надлежни за:*

***"локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на малите и средни претпријатија и на претприемништвото на локално ниво, и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локална мрежа на институции и агенции за промовирање на партнерство."***

И погоре во трудот, во делот каде што го дефиниравме локалниот економски развој беше спомнато дека генерално, постојат две стратегии за поттикнување на локалниот развој. И додека едната е насочена кон привлекување на инвестиции, странски или домашни, (преку директни мерки во вид на субвенции, ослободување од давачки и сл.) како генератори на економски раст, втората е насочена кон создавање на поволна деловна клима која ќе го поттикне претприемништвото и ќе привлече инвестиции во локалната заедница. Во секој случај, политиката на локален економски развој е инклузивна и во корелација на политиката на економски развој на властите на централно ниво.

Се поставува прашањето колку локалните самоуправи во Република Македонија можат да креираат политики на локален економски развој. Имено, со Законот за локална самоуправа се дефинираат активностите кои локалните власти треба да ги преземаат со цел унапредување на конкурентските позиции на својата локална заедница, односно унапредување на локалниот економски развој и тоа:

- **Планирање на локалниот економски развој**. Оваа надлежност, пред сè, подразбира изработка на плански документи, најчесто во форма на Стратегија за локален економски развој, каде што се планираат мерките и активностите со кои треба да се подобри економската состојба во општината. Во овие плански документи најчесто се опфаќаат и развојните и структурните приоритети на општината, но и носителите и одговорните субјекти за реализација на Стратегијата за локален економски развој. При изработката на Стратегиите за локални економски развој се вклучени повеќе заинтересирани страни кои заеднички ги утврдуваат развојните приоритети на општината.
- **Утврдување на развојните и структурните приоритети.** Овие приоритети се утврдуваат во планските документи донесени од страна на Советот на општината, најчесто во Стратегијата за локален економски развој. Многу општини се соочуваат со висока стапка на невработеност како последица на транзицијата, а развојот

на трудово-интензивните индустриски гранки е на ниско ниво. Во развојните стратегии се бараат начини и мерки како да се решат овие проблеми. Една од мерките што општините често ги дефинираат при утврдувањето на своите развојни и структурни приоритети е преквалификацијата на работната сила со цел намалување на невработеноста. Образувањето на млади кадри во редовниот образовен процес за оние стопански гранки за кои постои побарувачка на работна сила е една од мерките кои можат да придонесат за решавање на истиот проблем;

- **Поддршка на развојот на малите и средни претпријатија и на претприемништвото.** Оваа надлежност е нова за општините и е во директна зависност од нивната инвентивност и креативност, во согласност со своите стратешки документи за локален економски развој да изнајдат начини, форми и мерки со кои ќе дадат поддршка во развојот на малите и средни претпријатија и претприемништвото во нивната општина. Една од мерките за поддршка на малите и средни претпријатија може, на пример, да биде создавање на индустриски зони каде што заинтересираните мали и средни претпријатија би можеле да добијат градежно земјиште за нивните стопанско-деловни објекти, по цени што ќе бидат пониски од пазарните цени. За реализација на истото, основен предуслов е општината да има одредено градежно земјиште во сопственост, со кое ќе може да стопанисува и истото да го уреди за потребите на можните инвеститори. Локалната самоуправа треба да биде еден од промоторите на производите и предностите кои ги нуди општината, но е можно и неколку општини од одреден микро регион да се здружат и да ги понудат производите и предностите на тој микро регион пред домашната и светска јавност и заинтересираните страни. Промоцијата на туристичките можности и предности на општината е една од основните обврски на единиците на локалната самоуправа;
- **Учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции за промовирање на партнерства.** Општината

треба да учествува во создавањето и воспоставувањето на институции и агенции кои ќе работат на промовирање на партнерствата, но и на промовирање на предностите за привлекување на капитал во општината, а со тоа и привлекување на инвеститори кои би отвориле свои индустриски капацитети во општината. Формирањето или поддршката на институциите и агенциите за поддршка на малите и средни претпријатија треба да им овозможат на малите и средни претпријатија одредени поволности, како заеднички настапи на саемски манифестации, правна помош, финансиски консалтинг и слично, со што ќе им се намалат трошоците за работа.

Локалниот економски развој на град Скопје кој е дефиниран со Законот за Град Скопје донесен во 2004 година е поделен така што градските власти се грижат глобално за економскиот развој на ниво на градот, додека скопските општински власти за економскиот развој на територијата на нивната општина. Градот Скопје воедно е надлежен за развојот и поттикнувањето на алтернативните видови на туризам и на културниот туризам. Градот Скопје исто така треба да создаде туристичка промоција за условите за престој на туристите во градот, и да врши туристичка промоција на градот (графикон 36).

Грижата за локалниот економски развој е сосема нова надлежност на општините, со оглед на фактот дека овие надлежности досега ги имаше централната власт преку своите подрачни единици. Следствено, се очекува истата допрва да се развива. Законот не содржи пропишани мерки за тоа како да се реализира надлежноста на локалниот економски развој. Тој остава простор на општините самите да развијат методи, најсоодветни на своите социо-економски и финансиски потреби.

Графикон 36: Надлежност за локален економски развој

| Општина | Град Скопје | Општина во Град Скопје |
|---|---|---|
| Планирање на локален економски развој; Утврдување на развојните и структурните приоритети; Водење на локалната економска политика; Поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст учество во воспоставувањето и во развојот на локална мрежа на институции и агенции за промовирање на партнерството. | Планирање на локален економски развој на Град Скопје; Утврдување на развојните и структурните приоритети на ниво на Град Скопје; Водење на локалната економска политика на ниво на Град Скопје; Утврдување на стратегијата и давање на поддршка на развојот на малите и на средните претпријатија и на претприемништвото; Развој и поттикнување на алтернативниот и на културниот туризам; Промовирање на условите за престој на туристите во Градот Скопје и туристичко-пропагандно информирање. | Планирање на локалниот економски развој на општината; Утврдување на развојните и структурните приоритети на општината; Поддршка на развојот на малите и средни претпријатија и на претприемништвото во општината. |

*Извор: Реалност или само надлежност: Извештај од следењето на децентрализацијата во областа на локалниот економски развој за 2010-та година, Скопје, 2011*

Локалниот економски развој на град Скопје кој е дефиниран со Законот за Град Скопје, донесен во 2004 година, е поделен така што

градските власти се грижат глобално за економскиот развој на ниво на градот, додека скопските општински власти за економскиот развој на територијата на нивната општина. Градот Скопје е воедно надлежен за развој и поттикнување на алтернативните видови на туризам и на културниот туризам. Градот Скопје исто така треба да создаде туристичка промоција за условите за престој на туристите во градот, и да врши туристичка промоција на градот (графикон 36).

Грижата за локалниот економски развој е сосема нова надлежност на општините, со оглед на фактот дека досега овие надлежности ги имаше централната власт преку своите подрачни единици. Следствено, се очекува истата допрва да се развива. Законот не содржи пропишани мерки за тоа како да се реализира надлежноста на локалниот економски развој. Тој им остава простор на општините самите да развијат методи, најсоодветни на своите социо-економски и финансиски потреби.

***Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа,*** донесен во 2004 година[116] ја пропишува финансиската рамка на општините, им обезбедува можност да генерираат свои сопствени извори на приходи и им дозволува да донесат извршни одлуки за локалното трошење. Со овој закон, реализацијата на локалниот економски развој практично стана можна. Правната рамка на земјата исто така дозволува општините да формираат партнерства со приватниот сектор и со секторот на граѓанското општество. ЛЕР претставува сложен и повеќедимензионален процес и затоа е поддржан преку растечка лепеза на закони, подзаконски акти и политики.

***Законот за градежно земјиште***, усвоен во февруари 2011 година[117], создаде дополнителни можности за забрзан локален економски развој. По исполнувањето на критериумите опишани во член 89 од законот, општините и градот Скопје можат да се здобијат со правото да управуваат со градежното земјиште. Предностите за локалниот економски развој се многустрани. На пример, законот ја поедноставува постапката за формирање на јавно-приватно партнерство и договарање помеѓу

[116] Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Службен весник на РМ бр. 61/2004
[117] Закон за градежно земјиште, Службен весник на РМ бр. 17/2011

потенцијални приватни инвеститори и оние општини кои се здобиле со правото да управуваат со градежното земјиште. Ова значително го олеснува процесот на склучување на деловни договори, затоа што се создаваат директни линии на комуникација помеѓу самата општина и инвеститорот.

***Структура на приходи на општините:***

1. Сопствени приходи:
   - Локални даноци (данок на имот, данок на наследство и подароци, данок на промет на недвижен имот и др.)
   - Локални такси (комунални, административни и ср.)
   - Локални надоместоци (надомест за уредување на градежно земјиште, надоместоци од комуналната дејност, надоместоци за просторни и урбанистички планови и др.)
   - Приходи од сопственост (закупнина, камати, продажба на имот)
   - Приходи од донации
   - Приходи од парични казни утврдени со закон
   - Приходи од самопридонес и др.
2. Приходи од персонален данок на доход
   - 3% од персонален данок на доход на лични примања од плати од физички лица
   - 100% од персонален данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност
3. Дотации од Буџетот на РМ и од буџетот на фондовите
   - Приходи од данок на додадена вредност - во висина од 3% од наплатениот ДДВ за претходната фискална година (овој процент во 2013 ќе биде 4,5%). Дистрибуцијата на овие средства се врши во согласност со Уредбата за методологија и распределба на приходите од данок на додадена вредност
   - Наменска дотација - за финансирање на конкретна активност
   - Капитална дотација - за финансирање на инвестициски проекти врз основа на Програма на Владата на РМ
   - Блок дотација - за реализирање на надлежностите на локалната самоуправа согласно Законот за локална самоуправа (член 22, точки 5, 7, 8 и 9)
   - Дотација за делегирана надлежност - за финансирање на делегирана надлежност од орган на државната управа на градоначалникот на општината

***Законот за меѓуопштинска соработка*** (Сл. весник на РМ бр. 79/20009), пак, предвидува здружување на финансиски, материјални и други средства заради заедничко вршење работи од надлежност на општините и остварување на заеднички интереси и цели. Се очекува примената на овој закон да им помогне особено на малите општини кои се соочуваат со недостиг на материјални, финансиски, човечки и други ресурси за

реализирање на обврските од пренесените надлежности. Особено во делот на планирање на политиката на локален економски развој, во имплементација на мерки и инструменти за подобрување на локалната бизнис клима, законот може да има силна применлива вредност.

Се поставува прашањето колку локалните самоуправи во Република Македонија успеваат да ги остварат надлежностите во делот на локалниот економски развој. Како главни предизвици во процесот на креирање на политики на локален економски развој се сметаат следните:

- Неусогласеност меѓу големината на општините и опфатот на надлежностите и финансиските, кадровските и другите капацитети за планирање и имплементација на надлежностите;
- Огромни разлики меѓу општините од аспект на развиеноста, како и разликите меѓу руралниот и урбаниот дел во рамките на една општина;
- Едностепена локална самоуправа. Воспоставените плански региони во Република Македонија се статистички и претставуваат некаков хибрид помеѓу статистичко - административната поделба на државата која се управува од централната власт и заедниците на општините, со оглед на тоа што во сите органи на регионите членуваат претставници на единиците на локалната самоуправа. И покрај донесувањето на Законот за меѓуопштинска соработка во 2009 година, истата во пракса, со ретки исклучоци не функционира.
- Монотипни општини. Ова значи дека сите единици на локалната самоуправа имаат исти надлежности, без оглед на нивната големина во поглед на населението, територијата и економските и други потенцијали. Ова дополнително го отежнува извршувањето на надлежностите.

Како заклучок, можеме да кажеме дека фискалните и финансиските аспекти на децентрализацијата и натаму остануваат најзначаен и најкомплексен предизвик бидејќи недостигот од ресурси ја

спречува имплементацијата на пренесените надлежности на локално ниво, што е највпечатливо кај локалниот економски развој, поради комплексноста на надлежноста.

Во анализата направена во рамките на Извештајот за оценување на децентрализацијата 2006-2011, од страна на ОБСЕ, дури 2/3 од општините кои ги базираат своите економски активности на акциски планови имале и имаат пречки во нивната имплементација. Уште повеќе општините го наведуваат немањето на финансиски ресурси како главната пречка во имплементирањето на акциските планови за ЛЕР. Втората најчеста пречка наведена од страна на општините е слабата соработка со бизнис заедницата на локално ниво, па тесно следена од слабата инфраструктура.

***Табела 13: Видови на активности имплементирани од општините за промоција на ЛЕР, 2007-2010***

| **Активности имплементирани да се подобри ЛЕР (бр. на општини)** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** |
|---|---|---|---|---|
| ***Подобрена локална инфраструктура*** | 61 | 53 | 65 | 59 |
| ***Промовирање на економските потенцијали*** | 52 | 38 | 55 | 53 |
| ***Подобрени и стандардизирани административни процедури*** | 36 | 24 | 36 | 31 |
| ***Намалени општински даноци и такси*** | 16 | 17 | - | 25 |
| ***Учество во работа на регионални бизнис мрежи*** | 9 | 27 | 29 | 29 |
| ***Формирани јавно-приватни партнерства*** | 10 | 8 | - | 6 |

*Извор: ОБСЕ, Извештај за оценување на процесот на децентрализација 2006-2011, декември 2011*

Во однос на видовите активности имплементирани од општините за промоција на ЛЕР, уште од почетокот на процесот на децентрализацијата доминира подобрувањето на локалната инфраструктура, со цел зголемување на економскиот развој на локално ниво и привлекување на инвеститори. Втората најважна активност е унапредување на економскиот

потенцијал, следено од подобрени и стандардизирани административни процедури и од намалени општински даноци и такси.

И покрај фактот што јавно-приватните партнерства се широко познати алатки за ЛЕР, во другите современи демократски и пазарни општества, ова е најмалку користената активност за промоција на инвестициите во земјата (види табела 13).

Бројот на општините кои предвиделе простор за економска зона во своите ДУП-ови, генерално останува константен (61 или 62 општини) во последните години. Процентот на општините кои ги ажурирале своите бази на податоци на постојните локални бизниси, сепак се има покачено од околу 42% во 2007 година, на 50% во 2008 година и на 70% во 2010 година.

Генерално, заклучок е дека со правната рамка во Република Македонија, се обезбедува можност општините да имаат независност во креирањето на своите политики на локален економски развој. Во овој контекст, општините се слободни да ги користат сите пристапи во политиката на локален економски развој кои се применуваат и во развиените земји, а кои беа спомнати во првиот дел од трудот (подобрување на локалната бизнис клима, инвестирање во физичката инфраструктура, инвестирање во бизнис инфраструктурата, инвестирање во меката инфраструктура – развој на човечки ресурси, институционална инфраструктура, поддршка на малите и средни претпријатија, поттикнување на претприемништвото, промовирање на внатрешните инвестиции, привлекување на странски инвестиции, поддршка на кластерското вмрежување итн.).

Она што е многу значајно е дека политиките на локален економски развој треба да бидат инклузивни, односно, при формулирањето на локалните економски политики и стратегиите за локален економски развој, значајно е да се усогласат политиките на централно, регионално и локално ниво, за да можат истите да ги остварат најдобрите резултати, особено, со оглед на фактот што најголемиот дел од локалните самоуправи во Република Македонија го немаат потребниот административен, финансиски и кадровски капацитет да одговорат на надлежностите кои им се пренесени.

### *4.1.2. СВОТ (SWOT) анализа и фактори за унапредување на локалниот и регионалниот економски развој на РМ*

Анализата на актуелната состојба во регионалниот и локалниот економски развој на Република Македонија ќе ја поткрепиме со анализа на предностите, недостатоците, можностите и предизвиците во регионалниот/локалниот економски развој како теориско-методолошка алатка која ќе ни помогне да ги идентификуваме клучните фактори за поинтензивен регионален/локален економски развој.

Притоа, анализата ги сумира резултатите од анализата на индикаторите за регионален/локален економски развој направена погоре во трудот, како и институционалната рамка на регионалниот и локалниот економски развој анализирана исто така погоре во трудот. Истата не ги обработува проблемите што се надвор од институционалните рамки, како и аспектите кои имаат краткорочна димензија.

| **Силни страни** | **Слаби страни** | **Можности** | **Закани** |
|---|---|---|---|
| **Институционална и правна рамка** | | | |
| -Република Македонија ја има обезбедено правната рамка за регионален/локален економски развој<br>-Институционалната поставеност обезбедува услови за поддршка на регионалниот/локалниот економски развој | -Недоволната координираност и соработка помеѓу институциите во спроведување на политиките за регионален/локален економски развој<br>-Слабите административни капацитети на повеќето општини за успешно спроведување на политиките за регионален/локален економски развој | -Искористување на средствата од ИПА (Првата компонента за институционален развој)<br>-Јакнење на Центрите за развој на планските региони како носечки столбови на политиката на регионален/локален економски развој<br>Меѓуопштинската соработка како битна алатка за заедничка реализација на надлежностите во делот на регионален/локален економски развој | -Неисполнувањето на законската обврска за одвојување на 1% од буџетот за регионален економски развој<br>-Политичките конфронтации помеѓу владејачките структури на централно и локално ниво како пречка за реализација на политиките на регионален/локален економски развој. |

| Економска структура | | | |
|---|---|---|---|
| -Индустријата е најголем создавач на бруто додадената вредност во повеќето региони<br>-Растот на бројот на деловни субјекти во последните години е позитивен тренд | -Големите диспаритети во развојот помеѓу регионите, при што е забележлива економската доминација на Скопскиот регион<br>-Доминација на малите и средни претпријатија, при што големите претпријатија со повеќе од 250 вработени се во мал број и најмногу во Скопскиот регион<br>-Трговијата и услугите се уште доминираат во создавањето на бруто додадената вредност во голем број општини<br>-Во скоро сите региони забележлива е доминацијата на базичните индустрии, за разлика од многу помалата застапеност на високотехнолошки интензивни индустрии<br>-Надворешно-трговската активност е пред се карактеристика на Скопскиот регион | -Кластерско вмрежување на малите и средни претпријатија<br>-Привлекување на странски директни инвестиции како фактор за регионален/локален економски развој<br>-Искористување на европските фондови за јакнење на конкурентноста, особено втората компонента од ИПА (Прекугранична соработка) и третата компонента (Регионален развој)<br>-Мерки за стимулирање на претприемништвото на регионално/локално ниво | -Трендот на поларизација-односно концентрација на производните сили во Скопскиот регион |

| Локални ресурси | | | |
|---|---|---|---|
| -Изобилството со природни ресурси дава одлична можност за развој на земјоделството и туризмот, но и дрвната индустрија.<br>-Добрата локација и поврзаност на регионите со главните извозни пазари | -Недоволно искористување на природните ресурси, како фактор за конкурентска предност на регионите<br>-Недоволно развиена туристичка инфраструктура<br>-Недоволно искористени потенцијали за развој на бањскиот, руралниот и планинскиот туризам | -Зголемување на додадената вредност во земјоделството преку инвестиции во преработувачки капацитети<br>-Кластерски пристап во промоцијата на туристичките потенцијали на регионите<br>-Можност за користење на фондовите од ЕУ, особено втората компонента од ИПА | -Недоволно развиената патна и железничка инфраструктура, особено во руралните подрачја |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | (Прекугранична соработка), третата компонента (Регионален развој) како и петата компонента (Рурален развој) | |
| **Човечки ресурси** | | | |
| -Дисперзирано високо образование<br>-Бројот на дипломирани студенти континуирано расте во сите региони | -Голем диспаритет во вкупниот број невработени помеѓу регионите<br>-Најголемиот број од лица што активно бараат работа се со ниски квалификации-недооформено образование или средно образование | -Програми за неформално образование (доквалификација, преквалификација) на лицата кои активно бараат работа согласно потребите на пазарот на трудот<br>-Усогласување на образовните програми со потребите на пазарот на трудот<br>-Мерки за поттикнување на претприемништвото, како и отворање на бизнис инкубатори<br>-Можност за искористување на четвртата компонента од ИПА наменета за јакнење на човечките ресурси | -Недоволна соработка и координираност помеѓу централната и локалната власт, образовните институции и бизнис секторот |
| **Институции** | | | |
| -Соодветна регионална покриеност со институции за поддршка на претприемништвото, бизнис развојот и инвестициите | -Недоволно институции за истражување и развој и поддршка на иновации на локално и регионално ниво<br>-Непостоење на централна база на институции, програми и проекти кои се во насока на унапредувањето на претприемништвото и бизнис развојот на локално и регионално ниво | -Институциите за поддршка можат да дадат силен стимул во спроведувањето на политиката за регионален/локален економски развој<br>-воспоставување на платформа за дијалог помеѓу институциите на централно, регионално и локално ниво, деловната заедница, граѓанскиот сектор, образовниот сектор и останатите засегнати страни е од клучно значење при формулирање на | -Недоволната координираност во спроведувањето на политиките помеѓу различните институции на централно, регионално и локално ниво |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | квалитетни политики и стратегии за регионален/локален економски развој | |

Република Македонија ја има обезбедено комплетната правно-институционална рамка која треба да обезбеди услови за рамномерен регионален развој и локален економски развој. Сепак, потребна е поголема координираност на институциите, но и на политиките на централно, регионално и локално ниво, за да се обезбеди усогласеност на развојните проекти за максимални резултати во остварувањето на целите за рамномерен регионален, односно, локален економски развој. Воедно, согласно со фактот дека најголемиот дел од општините се со слаби административни капацитети (кадровски и финансиски), јакнењето на Центрите за развој на планските региони, како носечки столбови на политиката на регионален/локален развој е од клучно значење. Особено што Центрите за развој на планските региони ќе обезбедат координација и усогласување на политиките на централно и локално ниво, што е од исклучително значење, особено во случаи на политички несогласувања помеѓу градоначалниците и Владата. Во таа насока, исполнувањето на законската обврска за одвојување на 1% од буџетот за рамномерен регионален развој ќе овозможи зајакнување на капацитетите на Центрите за развој на планските региони, при што ќе се обезбеди поголема децентрализација во регионалниот/локалниот економски развој и можност за развојни проекти во соработка со локалните самоуправи, кои ќе значат јакнење на регионалната/локалната конкурентност. Притоа, особено е значајно искористувањето на средствата од втората компонента од ИПА за институционален развој за јакнење на капацитетите на Центрите за развој на планските региони. Меѓуопштинската соработка, исто така, која е правно регулирана, може да претставува значаен фактор за реализација на определени надлежности, особено во помалите општини и тоа како во делот на локален економски развој, така и во останатите надлежности кои на индиректен начин ќе придонесат кон локален економски развој.

Основната карактеристика на политиката на регионален развој во Република Македонија – нерамномерноста и големите развојни

диспаритети помеѓу регионите, како и неконзистентната политика на рамномерен регионален развој се воедно и детерминантите на кои треба да се работи во насока на подобрување на регионалниот економски развој. Имено, за регионалниот економски развој да биде во согласност со политиките на Европската Унија, потребни се напори за создавање на регионална конкурентска способност, во зависност од расположливите и потенцијалните ресурси во одделните региони. Ова, пак, значи создавање на услови за развој на претприемништвото, привлекување на странски и домашни инвестиции, со цел креирање на нови работни места и задржување на населението во регионите кои заостануваат во развојот.

Анализата на регионалниот/локалниот економски развој покажува дека индустријата е најголемиот создавач на бруто додадената вредност во повеќето региони. Следствено, подигнувањето на конкурентноста на постоечките стопански субјекти, но и привлекувањето на нови инвестиции е еден од основните фактори за подигање на регионалната/локалната конкурентност. Притоа, забележан е раст во бројот на активни деловни субјекти во последните години, што е позитивен тренд, но сепак, во структурата на претпријатија доминираат мали и средни претпријатија, додека големите претпријатија со повеќе од 250 вработени се во многу мал број. Токму кластерското вмрежување на овие мали и средни претпријатија, како и останатите поддржувачки институции (особено научно-истражувачките) може да претставува еден од клучните фактори за подигнување на конкурентноста преку зголемување на продуктивноста, специјализацијата и по пат на отворање на нови работни места, особено со оглед на големите диспаритети во развојот помеѓу Скопскиот и останатите региони, при што и покрај трендот на поинтензивно зголемување на бруто-домашниот производ на некои региони, сепак, тенденцијата за лоцирање на деловните активности во близина на главниот град, останува закана за идниот регионален/локален развој на РМ. Привлекувањето на странски инвестиции и нивно соодветно насочување во планските региони согласно нивните конкурентски предности, е една од битните детерминанти за постигнување на рамномерност во регионалниот/локалниот економски развој. Истите

можат да дадат значаен стимул во забрзувањето на локалниот/регионалниот економски развој по пат на зголемување на вработувањата, производна диверзификација, трансфер на знаење и технологии. Воедно, со оглед на силната доминација на Скопскиот регион во увозно-извозните активности, во споредба со останатите региони, извозната ориентираност на странските компании директно ќе влијае за промена и регионално разместување на надворешно-трговската активност. Координираните напори на властите на централно, регионално и локално ниво во привлекувањето на странски директни инвестиции се клучна претпоставка за остварување на политиката на рамномерен регионален и локален економски развој. Воедно, мерките за поттикнување на претприемништвото бараат координирани напори на институциите на централно, регионално и локално ниво со цел спроведување на мерки и активности кои ќе поттикнат отворање на нови бизниси и кои ќе отворат нови работни места.

Во таа насока, значајно е искористувањето на средствата од европските фондови за јакнење на конкурентноста, особено втората компонента од ИПА наменета за прекугранична соработка (поддржува проекти кои се во насока на подобрување на регионалниот/локалниот економски развој и тоа инфраструктурни и меки проекти), третата компонента од ИПА наменета за регионален развој (значајно е Владата да ги земе предвид мерките за јакнење на регионална конкурентност во креирањето на Оперативните програми за регионален развој), како и Програмата за конкурентност и иновативност – ЦИП и транснационалните програми – Програмата за Југоисточна Европа кои поддржуваат проекти кои се во насока на јакнење на конкурентноста.

Поттикнувањето на регионалната/локалната економија претставува повеќекратен, сложен процес, кој бара внимание и напори од сите инволвирани субјекти одговорни за неговата имплементација. Локалниот економски развој е законска обврска на општините. Следствено, идентификувањето на развојните и структурните приоритети е клучен фактор во креирањето на позитивно бизнис опкружување кое стимулативно ќе делува врз економскиот развој воопшто.

***Мерки и активности за зголемување на атрактивноста на регионот/општината, поттикнување на претприемништвото и странските директни инвестиции***:

- Воспоставување на ***систем за поддршка на компаниите*** кои се на почетокот на своето работење и се соочуваат со институционални пречки, како и ***поддршка на истражувачко - развојната дејност*** на компаниите преку отворање на бизнис инкубатори, технолошки паркови и иновациски центри
- ***Отстранување на правните пречки за отпочнување и водење на бизнис*** преку подобрување на административните процедури и квалитетот на испорака на услугите (сертификација за стандардизирани административни процедури од Меѓународната организација за сертификација ИСО на пр.)
- ***Изградба на економска или технолошко - индустриска развојна зона*** поткрепено со повластени локални давачки и слични субвенции, стручна работна сила и добра инфраструктура

Сепак, и покрај фактот што локалните власти имаат независност во креирањето на политиките на локален економски развој, за да истите остварат максимални резултати, потребна е координација со политиките на централно ниво, додека истите можат идеално да се реализираат во соработка со регионалните центри за развој. Локалните власти имаат директна одговорност во создавањето на позитивно бизнис опкружување кое ќе привлече нови инвестиции, ќе отвори нови работни места, или воопшто ќе создаде услови за развој и раст. Уште повеќе, инвестирањето во развојни проекти од локалниот економски развој, можеби на краток рок нема да дадат резултати, но на долг рок ќе ја зголемат даночната база и следствено ќе придонесе за зголемување на приходите на општината, кои подоцна можат да се искористат во нови развојни проекти.

Особено е значајно локалните и регионалните власти да создадат конкурентска предност во согласност со расположливите ресурси.

Анализата на локалните ресурси со кои располагаат регионите во Република Македонија покажува река сите региони се одликуваат со изобилство од природни ресурси кои им овозможуваат развој на земјоделството, туризмот, но и дрвната индустрија. Сепак, регионите во Република Македонија не ги користат доволно истите за да создадат конкурентска предност. Во ова смисла, особено би ги потенцирале можностите за винската индустрија и винскиот туризам во Вардарскиот регион, производството на градинарски култури во Југоисточниот регион, производството на овошје во Источниот и Пелагонискиот регион, производството на житни, индустриски и фуражни култури во Пелагонискиот регион, како и производството на добиток во Полошкиот и Пелагонискиот регион, можностите за развој на дрвната индустрија во Југозападниот регион, можностите за развој на туризмот во Југозападниот, Југоисточниот и Скопскиот регион, при што бањскиот туризам во Североисточниот, Источниот, Скопскиот и Југоисточниот регион итн. Регионите во Република Македонија имаат релативно добар пристап до извозните пазари со оглед на поволната географска позиционираност на земјата и добрата поврзаност со главните автопатишта (Коридорот 8 и Коридорот 10). Притоа, недоволната развиена патна и железничка инфраструктура, особено во руралните подрачја, можат да бидат сериозна пречка во развивањето на конкурентските предности на регионите во РМ, особено во Источниот, Југоисточниот и Вардарскиот регион за патната, и Североисточниот, Југозападниот и Источниот регион за железничката инфраструктура. Сепак, близината до Солунското и Драчкото пристаниште од каде што се извезува најголемиот дел од македонското производство, како и реновирањето на скопскиот и охридскиот аеродром и најавата за изградба на карго аеродромот во Штип се фактори за конкурентска предност на македонските региони. Она што е најзначајно за подигање на регионалната конкурентност на македонските региони е зголемување на додадената вредност, за што се потребни инвестиции во преработувачки капацитети, со цел земјоделските производи да се финализираат во производи со повисока додадена вредност. За искористување на

туристичкиот потенцијал значајни се напори за промоција на туристичките знаменитости и специфичности на регионите при што кластерскиот пристап може да биде значаен фактор за подигање на регионалната конкурентност. Воедно, потребни се инвестиции во развојот на туристичката инфраструктура, со цел да се подобри туристичката понуда и да се привлечат поголем број странски туристи кои имаат најголемо влијание врз економскиот развој, со оглед на тоа дека истите носат девизен прилив во економијата на РМ. Сите македонски региони имаат можност за искористување на средствата од втората компонента од ИПА наменета за прекугранична соработка - Програма за прекугранична соработка со Бугарија (Југоисточниот, Североисточниот и Источниот регион), Програмата за прекугранична соработка со Грција (Пелагонискиот, Вардарскиот, Југоисточниот и Југозападниот регион), Програмата за прекугранична соработка со Албанија (Пелагониски, Југозападен и Полошки регион) и Програмата за прекугранична соработка со Косово (Североисточниот, Полошкиот и Скопскиот регион) и тоа за проекти за развој на инфраструктурата, туризмот и сл., од третата компонента од ИПА наменета за регионалниот развој од која можат да се финансираат инфраструктурни проекти, како и средства од петтата компонента од ИПА која се однесува на одржливиот развој и диверзификација на економските активности во руралните области каде што невработеноста е екстремно висока, следствено има силна регионална и локална развојна компонента (ИПАРД).

Во однос на човечките ресурси, како детерминанта за рамномерен регионален/локален економски развој, карактеристика на македонските региони е што процентот на невработено население кај најголемиот дел од регионите е повисок од националниот просек, а забележителни се и големи диспаритети помеѓу регионите, при што најголем број од лицата кои активно бараат работа се со ниски или без квалификации, со недооформено образование или без средно образование. Позитивен тренд има во бројот на дипломирани студенти кој континуирано расте во последните години, благодарение на дисперзираноста на високото образование. Уште понеповолен тренд претставува големиот диспаритет

во бројот на невработени во регионите. Сепак, многу значаен фактор за развој на регионалната/локалната конкурентност е постоење на стручна работна сила која ќе одговори на потребите на пазарот на трудот. Во таа смисла, соработката помеѓу властите на централно, регионално и локално ниво со бизнис секторот и образовните институции со цел креирање на образовни програми кои ќе обезбедат стручни профили на кадар кои ќе одговорат на потребите на бизнисот е битен фактор за креирање на регионална конкурентска предност. Креирање на програми за неформално образование (доквалификација, преквалификација) на лицата што активно бараат работа во тесна соработка со средните стручни училишта, центрите за образование на возрасни и други образовни установи во координација со бизнис секторот е битен фактор за соодветно профилирање на кадри. Воедно, усогласување на образовните програми во средното и високото образование со потребите на пазарот на труд, како и соодветно долгорочно планирање во согласност со развојните политики на локално, регионално и централно ниво е од клучно значење во напорите за постигнување на регионална/локална конкурентска предност. Воедно, мерките за привлекување на инвестиции треба да кореспондираат на расположливиот кадар, но и кадровскиот потенцијал и образовната структура на поедини региони/локални заедници. Мерките за поттикнување на претприемништвото можат да придонесат за намалување на невработеноста во македонските региони, при што на располагање се голем број инструменти, како на пример, отворање на бизнис инкубатори, активни мерки за поттикнување на вработеноста (субвенции за самовработување, отворање на сопствен бизнис, вработување на невработено лице итн.), отворање на технолошко-индустриски развојни зони итн. Притоа, македонските институции можат да ги искористат средствата од четвртата компонента од ИПА наменета за развој на човечки ресурси, со цел претворање на човечките ресурси во фактор на регионална/локална конкурентска предност.

Во однос на институциите за поддршка на претприемништвото како битен фактор за рамномерен регионален/локален економски развој, може да се заклучи дека во Република Македонија постои соодветна регионална

покриеност со институции кои се во насока на поддршка на бизнис развојот и инвестициите. Па така, сите региони во Република Македонија се покриени со канцеларија на Централниот регистар, каде што секој заинтересиран може лесно да регистрира бизнис, канцеларија на Агенцијата за вработување каде што може лесно да се информира за расположливиот кадровски потенцијал на локално ниво, како и да регистрира вработувања, канцеларија на УЈП за регистрирање на даночни обврзници, Регионални деловни центри за поддршка на малите и средни претпријатија и претприемништвото, голем број на консултанти итн. Она што недостасува се поголем број на институции за истражување и развој, како и институции за поддршка на иновации кои се битен фактор во стимулирањето на истражувачката дејност и иновирање на нови производи и услуги, со цел зголемување на конкурентската способност на регионалната/локалната економија. Соработката на локалните власти со институциите за поддршка се една од битните претпоставки за успешно реализирање на политиките за локален/регионален економски развој. Ова особено што токму институциите за поддршка, можат да бидат клучниот носител на политиката на регионален/локален економски развој. За таа цел, усогласување на политиките, стратегиите и мерките и активностите на различните институции на централно, регионално и локално ниво е од клучно значење во насока на подигање на конкурентската способност на македонските региони и општини. Особено е значајно развивањето на врските помеѓу научно–истражувачките институции и бизнис секторот, за што може да биде применет кластерскиот пристап.

### 4.2. Кластерите во функција на унапредување на регионалниот и локалниот економски развој на Република Македонија

Се поставува прашањето дали кластерското вмрежување може да даде придонес кон унапредувањето на локалниот и регионалниот економски развој во Република Македонија, односно како со примената на кластерскиот концепт може да се изгради локална/регионална конкурентност и препознатливост.

Погоре кажавме дека современиот концепт за регионална конкурентност е детерминиран од продуктивноста, која, пак, е директно условена од способноста на компаниите да применат софистицирани методи и напредна технологија и да понудат единствени производи со висока додадена вредност и високо диференцирани услуги. Софистикацијата на бизнис операциите, пак, е условена од квалитетот на бизнис опкружувањето на одредена локација.

Кластерите преку повеќедимензионалното поврзување на индустриите, добавувачите на специјализирани инпути, каналите за дистрибуција, производителите на комплементарни производи, истражувачките и научните институции можат да ја подобрат конкурентноста на фирмите преку зголемување на продуктивноста, иновативноста и поттикнувањето за формирање на нови бизниси, што, пак, од друга страна ќе создаде услови за локален и регионален економски развој. Кластерите го поттикнуваат унапредувањето на сите горенаведени детерминанти на регионалната конкурентност преку интерактивен процес во кој истите служат како информатори и поттикнувачи на политиките, како средство за имплементација на мерките од економската политика и како основа за јавно-приватен дијалог кој го поттикнува унапредувањето на бизнис опкружувањето.

Особено во Република Македонија, која се соочува со големи диспаритети во економскиот развој на локално и регионално ниво, кластерското вмрежување може во голема мерка да придонесе кон зајакнување на конкурентските позиции на постоечките претпријатија,

креирање на локална или регионална препознатливост или брендирање, поттикнување на инвестициите и следствено, намалување на невработеноста.

Притоа е важно да се подигне свеста за позитивните ефекти од кластерското поврзување, која во Република Македонија е на ниско ниво, и тоа како кај стопанствениците, така и кај властите на сите нивоа: централно, регионално и локално во насока за што подобро разбирање на концептот и преземање на мерки за што поефикасно кластерско вмрежување, а со цел истото да биде во функција на економски напредок и подигање на конкурентната способност. Во Глобалниот индекс на конкурентност (2013-2014) каде што кластерите се ценат како индикатори за софистицираноста на бизнис операциите Република Македонија се наоѓа на 95-тото место во конкуренција од 148 држави според степенот на кластерскиот развој што го потврдува фактот дека се потребни напори за поголемо популаризирање и актуализирање на кластерскиот концепт во функција на подигање на конкурентноста на националната економија.

### *4.2.1. Краток историјат на кластерското вмрежување во РМ*

Кластерите во Република Македонија за првпат беа промовирани од страна на Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД) преку Проектот за јакнење на конкурентноста на Република Македонија (*MCA-Macedonian Competitiveness Activity*), а кој имаше за цел да им помогне на македонските претпријатија во пазарниот настап на странските пазари преку градење и јакнење на нивните конкурентски потенцијали до степен на создавање на соодветни конкурентски предности и способности за поагресивен, позаинтересиран и поконкурентен настап. За целите на Проектот за јакнење на конкурентност "кластерите ги сочинуваат македонските тела кои се здружиле заедно со цел унапредување на интересите на определена македонска индустрија".[118] Според Проектот (*Macedonian Competitiveness Activities-MCA*), се обезбедува помош на ниво на

[118] USAID, *"Macedonia Competitiveness Activity Final Project Report"*, December 2006, pg. 9

фирма и на ниво на кластер за да се поддржи остварувањето на трите стратешки цели за јакнење на конкурентноста:

- Да се изградат пет кластери од деловни субјекти кои ќе станат конкурентни извозници на регионалниот и глобалниот пазар;
- Да се втемели "култура на конкурентност" во приватниот и во јавниот сектор која нема да ѝ се спротивставува туку успешно ќе ја прифаќа конкуренцијата, како во земјата, така и во странство. Силните и бројни врски што ќе се создадат во кластерот поттикнуваат внатре-кластерска соработка и конкуренција, а згора на тоа ја забрзуваат иновацијата и продуктивноста;
- Да се префрли примарното водство во поглед на конкурентноста на земјата од јавниот на приватниот сектор.[119]

Во согласност со горенаведените цели, беа формирани пет индустриски кластери преку самоизбирачки конкурентен процес базиран на секторски анализи и три евалвациски критериуми: лидерство, претприемништво и посветеност; стратешки потенцијал и влијанието врз Република Македонија. Веќе во првата четвртина од 2003 година беа избрани кластерот за јагнешко месо и сирење и кластерот за туризам. До крајот на 2003 година беа избрани кластерот за информатичка технологија (ИТ) и кластерот за вино, додека кластерот за текстил беше избран во 2004 година. Иако на почетокот активностите на групата за дигитални медиуми беше во рамките на кластерот за информатичка технологија, со текот на времето истата израсна во независен кластер. Специфичните проекти за секој кластер беа дизајнирани од страна на членките на кластерите и МСА експертите, а предложените иницијативи заедно со планираниот буџет за нивно остварување беа презентирани и одобрувани од страна на УСАИД (Американска агенција за меѓународен развој).

Откако беа избрани кластерите, МСА, користејќи го пристапот на пазарна побарувачка, ги почна активностите во насока на работа со

[119] Проф. Д-р Владимир Петковски "*Стратегии на МЕО - неавторизиран материјал за подготовка на испит*" 2006-07

секторите која вклучуваше иницијативи како на секторско, така и на ниво на компании, изградба на заеднички маркетинг конзорциум, унапредување на производството и на самиот производ, како и работа на полето на бизнис опкружувањето. Пазарниот пристап овозможи воспоставување на бизнис врски помеѓу компаниите и пазарот, вклучително врски со надворешните клиенти и добавувачи, а не само врски помеѓу фирмите во рамките на кластерот. Активностите беа дизајнирани така што ќе можат да овозможат најдобро можно согледување на спонтаните пазарни механизми што би ги придвижило компаниите кон преземање ризици од аспект на унапредување на производите и освојување на нови пазари.

Во најголем дел, функциите на кластерите беа пренесени на одредени веќе постоечки или нови асоцијации од областите на делување и тоа: Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ, Македонската асоцијација за дигитални медии - МАДЕ, Асоцијацијата на трговски агенции (АТАМ) и Хотелската асоцијација на Македонија (ХОТАМ) во туризмот, МАКВИНО во винската индустрија, Текстилната трговска асоцијација во текстилната индустрија, како и Асоцијацијата на овчари од Западна и Источна Македонија во дејствувањето на кластерот за јагнешко месо и сирење.

Она што е карактеристика за овие кластери е дека истите се формирани на целата територија на Република Македонија, што одговара на пошироката дефиниција за кластерите исклучувајќи ја географската детерминанта како фактор за нивното формирање и развој. Оттука ефектите од кластерското вмрежување на горенаведените кластери ќе бидат ставени во контекст на нивното влијание врз националната конкурентност на Република Македонија. Еве ги накратко резултатите кои ги постигнаа кластерите формирани во рамките на Проектот за конкурентност на УСАИД:

- **Кластерот за јагнешко месо и сирење** им помогна на производителите да ги прилагодат производите на потребите на пазарот и следствено да успеат да ги задоволат барањата на целните крајни потрошувачи. Млекарниците добија дозволи за извоз во трети земји и во ЕУ, воведоа HACCP стандарди за квалитет и

инвестираа во подобрувањето на квалитетот, производството, маркетингот, пакувањето и дистрибуцијата. Индустријата прифати нова култура на извоз на млечни и месни производи на странските пазари заснована на заеднички настап и стратешки пристап, при што се следат потребите на побарувачката;

- **Кластерот за туризам** од неговото формирање, па до 2005 година успеа да го зголеми бројот на туристи за 75% како резултат на заедничка маркетиншка стратегија која вклучуваше учество на саеми, создавање на нови промотивни материјали, промотивни тури за странски туроператори и новинари, обука за угостителски персонал, кампањи за чиста околина и сл. Кластерот го прифати предизвикот за креирање на уникатна туристичка понуда која ќе ги задоволи вкусовите на пребирливата странска побарувачка;
- **Кластер за ИТ/Дигитални медиуми** успеа да ги пробие македонските претпријатија на нови пазари, да создаде нова индустрија и да се стекнат со значителна признаеност на светскиот пазар. Со формирањето на ИТ конзорциум, софтверските компании го надминаа проблемот со нивната големина што ги спречуваше да добиваат профитабилни проекти за големи клиенти.
- **Кластерот за вино** успеа да се искачи нагоре во синџирот на вредности преку продажба на производи со повисока додадена вредност наменети за попребирливите купувачи, а по пат на подобрување на квалитетот и примена на заедничка маркетинг стратегија. Просечната цена на вино спакувано во шише порасна за 40% во 2005 година. Винарниците се здобија со HACCP стандарди за квалитет и ИСО сертификати, а се подготвија и стратегии за пристап на потенцијалните пазари;
- **Кластерот за текстил** успеа да им ја смени стратешката насоченост на македонските текстилни претпријатија, при што истите здружено ги фокусираа своите напори кон поскапите европските пазари. Истите успеаја да ја подобрат својата конкурентска предност преку подобрување на производните капацитети, зголемување на

флексибилноста во производството, создавање сопствени креации и градење на силни македонски брендови.

Всушност, ИТ кластерот, или МАСИТ (Стопанската комора за информатичка и комуникациска технологија), Тиквешкиот вински пат кој ги обединува винскиот и туристичкиот кластер во една заедничка промоција на винската индустрија и винскиот туризам со регионална насоченост во Тиквешкиот регион, како и кластерот за текстил, денес се сметаат за најуспешни кластерски иницијативи во Република Македонија. Покрај кластерите формирани во рамките на Проектот за јакнење на конкурентност, во Република Македонија се почнати уште неколку кластерски иницијативи.

### *4.2.2. Актуелна состојба во кластерското вмрежување во РМ*

За анализа на кластерите и кластерските иницијативи во Република Македонија ги користиме податоците од истражувањето спроведено од страна на Министерството за економија, во рамките на проектот за изработка на Национален атлас на кластери на РМ, како дел од Програмата за конкурентност, иновативност и претприемништво за 2013 година. Методолошкиот пристап соодветствува на пристапите кои се користат во земјите од ЕУ, прилагоден за локалните услови, земајќи ги предвид факторите како што се: релативно мала економија, лимитирани статистички податоци на регионално ниво, големата концентрација на компаниите во Скопскиот регион (38,7% од активните компании) итн. Идентификацијата на кластерите се одвива на неколку нивоа: макро, односно национално ниво, мезо или регионално ниво (во осумте плански региони) и микро ниво, односно, врските помеѓу компаниите (добавувачи, конкуренти, клиенти) и врските помеѓу компаниите и поддржувачките институции (научно-истражувачки, образовни институции).

Токму со оваа анализа е извршено мапирање на компаниите согласно нивната географска концентрација со цел да се процени водечката индустрија во регионите, што претставува појдовна основа за идентификација на постоечките и потенцијалните кластери во регионите.

Резултатите од истото се прикажани во табела 14. Од истата може да се забележи дека во скоро сите региони преовладуваат базичните индустрии, додека високо-технолошки гранки не се карактеристика на индустриската структура во РМ. Па така, доминацијата на текстилната индустрија е застапена во Скопскиот, Североисточниот, Источниот, Југозападниот и Полошкиот регион; хемиската индустрија е присутна во Скопскиот и Вардарскиот регион, производството на мебел во Скопскиот, Источниот, Југоисточниот, Вардарскиот, Југозападниот и Полошкиот регион; градежништвото доминира во Скопскиот, Југоисточниот, Југозападниот и Полошкиот регион; металопреработувачката индустрија доминира во Североисточниот, Источниот, Југоисточниот и Вардарскиот регион; земјоделството во Југоисточниот, Полошкиот и Пелагонискиот регион. Од технолошко поинтензивните индустрии единствено Скопскиот регион може да се истакне со доминацијата на автомобилската индустрија, како и производството на електрични апарати и опрема кое е воедно присутно уште и во Источниот и Југоисточниот плански регион.

*Табела 14: Носечки индустрии во регионите во РМ*

| *Регион* | *Носечки индустрии* |
|---|---|
| *Скопски* | *Производство на текстил, Производство на хемиски производи, Производство на автомобили, приколки и полуприколки, Авионски транспорт, Хотели и ресторани, Карго складирање, Активности на други транспортни агенции, Недвижности, Јавна администрација, Снабдување со ел. енергија, гас и вода, Рециклирање, Издавачка дејност, Пошти и телекомуникации, Здравствени и социјални дејности, Производство на мебел, Градежништво, Производство на електрични машини и апарати, Активности на туристички агенции, туроператори и туристичка помош* |
| *Североисточен* | *Производство на други неметални минерални производи, Производство на облека, обработка на крзно, Производство на основни метали* |
| *Источен* | *Производство на храна и пијалаци, Производство на текстил, Активности на туристички агенции, туроператори, туристичка помош,* |

| | |
|---|---|
| | *Производство на основни метали, Производство на електрични машини и опрема, Производство на мебел, Издавачка дејност* |
| ***Југоисточен*** | *Земјоделство, Производство на храна и пијалаци, Активности на туристички агенции и туроператори, туристичка помош, Производство на мебел, Градежништво, Производство на електрични машини и опрема, Производство на основни метали* |
| ***Вардарски*** | *Производство на храна и пијалаци, Снабдување со ел. енергија, гас и вода, Производство на основни метали, Производство на хемиски производи, Производство на мебел* |
| ***Пелагониски*** | *Земјоделство, Активности на туристички агенции, туроператори и туристичка помош, Активности на други транспортни агенции, Снабдување со ел. енергија, гас и вода* |
| ***Југозападен*** | *Активности на туристички агенции, туроператори и туристичка помош, Производство на храна и пијалаци, Производство на мебел, Градежништво, Производство на текстил* |
| ***Полошки*** | *Земјоделство, Производство на храна и пијалаци, Производство на текстил, Производство на облека, обработка на крзно. Производство на мебел, Градежништво, Снабдување со ел. енергија, гас и вода* |

*Извор: Република Македонија Национален Атлас на Кластери, Министерство за економија, Скопје 2013*

Според податоците од Министерството за економија, институција задолжена за спроведување на кластерската политика во Република Македонија, во моментов постојат вкупно 12 активни регистрирани кластери и неколку кластерски иницијативи кои се во различна фаза од својот развој и тоа: ИТ кластерот или МАСИТ (Стопанска комора на информатичка и комуникациска технологија на Република Македонија), кластерот за текстил или ТТЗ-ТК (Текстилно трговско здружение-Текстилен кластер-Македонија), кластер за преработка на храна или МАП (Македонска асоцијација на преработувачи), кластер за индустријата за преработка на дрво-ЦДИ,  кластерот за храна, вино и туризам - Фондацијата "Тиквешки вински пат", автомобилскиот кластер, кластерот за кондиторска индустрија, кластерот за фармерско

одгледување на полжави - Агро-Хеликс, кластерот за млечни и месни производи, кластерот за мода и дизајн - Македонска модна формација - ММФ, туристичкиот кластер на југозападна Македонија –ЕДЕН, туристичкиот кластер Осогово, туристичкиот кластер во Полог, кластерот за земјоделска механизација - БИПОМ-М, кластерот за ориз, кластерот за семенарство на Сојузот на стопански комори на Македонија, кластерот на поледелство на Сојузот на стопански комори на Македонија, кластерот за мелничко-пекарската индустрија на Сојузот на стопански комори на Македонија, кластер за пчеларство-MacBee, Здружението на органски производители – Органика. Овие кластерски иницијативи се на различно ниво на развој и како такви имаат потреба од постојана поддршка со цел нивен понатамошен забрзан развој.[120]

*Табела 15: Кластери и кластерски иницијативи во Република Македонија*

| **Кластер/кластерска иницијатива** | **Седиште** | **Географски опсег** | **Година на основање** |
|---|---|---|---|
| **ИТ** кластер или МАСИТ (Стопанска комора на информатичка и комуникациска технологија на Република Македонија) | Скопје/Скопски плански регион | Национален | 2000 |
| Кластер за **текстил** или ТТЗ-ТК (Текстилно трговско здружение-Текстилен кластер-Македонија) | Штип/ Источен плански регион | Национален | 2003 |
| Кластер за **преработка на храна** или МАП (Македонска асоцијација на преработувачи) | Скопје/Скопски плански регион | Национален | 2007 |
| Кластер за индустријата за **преработка на дрво** - ЦДИ | Скопје/Скопски плански регион | Национален | 2007 |
| Кластер за **храна, вино и туризам**-Фондацијата “Тиквешки вински пат” | Неготино/Вардарски плански регион | Регионален | 2006 |
| **Автомобилски** кластер | Скопје/Скопски плански регион | Национален | 2008 |

[120] Republic of Macedonia, *National Cluster Atlas*, Ministry of Economy, Skopje 2013

| | | | |
|---|---|---|---|
| Кластер за **кондиторска индустрија** | Штип/Источен плански регион | Национален | 2010 |
| Кластер за фармерско одгледување на **полжави** - Агро-Хеликс | Велес/Вардарски плански регион | Национален | 2005 |
| Кластер за **млечни и месни производи** | Скопје/Скопски плански регион | Национален | 1998 |
| Кластер за **мода и дизајн** - Македонска модна формација- ММФ | Скопје/Скопски плански регион | Национален | 2005 |
| **Туристички** кластер на југозападна Македонија – ЕДЕН | Охрид/Југозападен плански регион | Регионален | 2011 |
| **Туристички** кластер Осогово | Крива Паланка/Североисточен плански регион | Локален | 2008 |
| **Туристички** кластер во Полог | Тетово/Полошки плански регион | Регионален | 2012 |
| Кластер за **земјоделска механизација** - БИПОМ-М | Битола/Пелагониски плански регион | Национален | 2007 |
| Кластер за **ориз** | Облешево/Источен плански регион | Регионален | 2010 |
| Кластер за **семенарство** на Сојузот на стопански комори на Македонија | Скопје/Скопски плански регион | Национален | 2011 |
| Кластер на **поледелство** на Сојузот на стопански комори на Македонија | Скопје/Скопски плански регион | Национален | 2011 |
| Кластер за **мелничко-пекарската индустрија** на Сојузот на стопански комори на Македонија | Скопје/Скопски плански регион | Национален | 2011 |
| Кластер за **пчеларство** - МасВее | Гевгелија/Југоисточен плански регион | Национален | 2012 |
| Здружението на **органски производители** – Органика | Отовица,Велес/ Вардарски плански регион | Регионален | 2013 |

*Извор: Составено од авторот користејќи ги податоците од Националниот атлас на кластери на Министерството за економија, 2013*

Од Табела 15 може да се забележи дека кластерите во Република Македонија се или во фаза на раѓање - латентни кластери или во растечка фаза, со оглед на фактот дека најголем број од кластерските иницијативи се почнати пред само неколку години. Сè уште не може да се каже дека постојат зрели, оперативни кластери, со оглед на фактот дека во рамките на постоечките кластери сè уште не се создадени силни врски и услови за поттикнување за создавање на нови бизниси, иако веројатно кластерот за храна, вино и туризам - Фондацијата "Тиквешки вински пат", текстилниот и кластерот за информатичка технологија покажуваат потенцијал за брз раст, со оглед на фактот што истите се имаат институционализирано во рамките на нивните асоцијации, имаат веб-страница и активно преземаат заеднички активности.

Интересно е што најголем број од кластерските инцијативи во Република Македонија се секторски организирани и географската детерминанта е исклучена во нивниот раст и развој. Овој тренд е веројатно оправдан со оглед на малата големина на македонската економија, како и големата дисперзираност на индустриите и малиот индустриски капацитет на земјата. Со регионален/локален карактер се карактеризираат единствено кластерските иницијативи во областа на туризмот и новата кластерска иницијатива за производители на органска храна. Сепак, од табела 15 може да се забележи дека седиштата на кластерските иницијативи во Република Македонија се дисперзирани на територијата на целата држава, што остава простор за локален/регионален пристап во кластерскиот развој на овие иницијативи.

***Табела 16: Структура на кластерите и кластерските иницијативи во РМ***

| **Кластер/кластерска иницијатива** | **Број на вработени** | **Број на членови** | **Годишен бруто производ** |
|---|---|---|---|
| **ИТ** кластер или МАСИТ (Стопанска комора на информатичка и комуникациска технологија на Република Македонија) | - | 73 вкупно<br>2 големи<br>4 средни<br>67 мали | 7% од БДП |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Кластер за **текстил** или ТТЗ-ТК (Текстилно трговско здружение - Текстилен кластер -Македонија) | 11500 | 65 вкупно<br>14 големи<br>28 средни<br>21 мали<br>2 поддржувачки институции | 500 милиони евра |
| Кластер за **преработка на храна** или МАП (Македонска асоцијација на преработувачи) | 854 | 26 вкупно<br>4 средни<br>15 мали<br>7 микро | 42.3 милиони евра |
| Кластер за индустријата за **преработка на дрво** - ЦДИ | 1350 | 56 вкупно<br>2 големи<br>12 средни<br>42 мали | - |
| Кластер за **храна, вино и туризам** - Фондацијата "Тиквешки вински пат" | 459 | 36 вкупно<br>1 големо<br>3 средни<br>11 мали<br>21 поддржувачки институции | - |
| **Автомобилски** кластер | 2500 | 29 вкупно<br>4 големи<br>7 средни<br>14 мали<br>4 поддржувачки институции | - |
| Кластер за **кондиторска индустрија** | 1500 | 29 вкупно<br>10 големи<br>5 средни<br>14 мали | 48 милиони евра |
| Кластер за фармерско одгледување на **полжави** - Агро-Хеликс | 80 | 24 вкупно<br>5 големи<br>3 средни<br>16 мали | 100 000 евра |
| Кластер за **млечни и месни производи** | 2637 | 24 вкупно<br>8 големи<br>9 средни<br>5 мали<br>2 поддржувачки | 220 милиони евра |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Кластер за **мода и дизајн** - Македонска модна формација - ММФ | - | 15 вкупно | - |
| **Туристички** кластер на југозападна Македонија – ЕДЕН | - | 35 вкупно<br>4 средни<br>16 мали<br>15 поддржувачки институции | - |
| **Туристички** кластер Осогово | 20 | 11 вкупно<br>2 средни<br>5 мали<br>4 поддржувачки институции | - |
| **Туристички** кластер во Полог | 80 | 15 вкупно<br>6 средни<br>6 мали<br>3 поддржувачки институции | - |
| Кластер за **земјоделска механизација** - БИПОМ-М | 700 | 29 вкупно<br>5 големи<br>8 средни<br>9 мали<br>7 поддржувачки институции | - |
| Кластер за **ориз** | - | 17 вкупно<br>5 големи<br>11 средни<br>1поддржувачки институции | - |
| Кластер за **семенарство** на Сојузот на стопански комори на Македонија | 200 | 5 вкупно<br>4 средни<br>1 мали | - |
| Кластер на **поледелство** на Сојузот на стопански комори на Македонија | 400 | 8 вкупно<br>5 средни<br>3 мали<br>1 поддржувачки институции | - |
| Кластер за **мелничко-пекарската индустрија** на Сојузот на стопански комори на Македонија | 400 | 10 вкупно<br>7 средни<br>3 мали | - |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 1 поддржувачки институции | |
| Кластер за **пчеларство** - MacBee | 3 | 16 вкупно<br>15 мали<br>1 поддржувачки | - |
| Здружението на **органски производители** – Органика | - | 4 вкупно<br>1 големо<br>1 средно<br>2 мали | - |

*Извор: Составено од авторот користејќи ги податоците од Националниот атлас на кластери на Министерството за економија, 2013*

Најголемиот дел од кластерите во Република Македонија се должат на историските предиспозиции, резултат се на традиционални активности и ја одржуваат својата предност во знаењето (*know-how*) со години, додека техно-кластерите кои се високотехнолошки ориентирани и добро адаптирани кон нови технологии се многу помалку застапени. Карактеристика на техно-кластерите е дека истите се формираат најчесто околу научно-истражувачките институции или во рамките на технолошките паркови, а такви сè уште не постојат во Република Македонија. Веројатно тоа е причината што најголем дел од кластерите во Република Македонија се формирани во традиционалните индустрии на кои се потпира индустриското производство во земјата и истите се од “маршалов” тип, што значи група на мали и средни претпријатија здружени со цел да остварат економија од обем, поголема специјализација и соработка, а благодарение на развиените врски со добавувачите, инфраструктурата, како и поддржувачки институции (види табела 16).

Анализата на структурата на кластерските иницијативи во Република Македонија покажува дека истите се карактеризираат со занемарливо учество на научно-истражувачки организации во нивната структура, како и други поддржувачки институции што е една од основните карактеристики на успешните кластерски иницијативи во светот.

*Табела 17: Цели и визија на кластерските иницијативи во РМ*

| **Кластер/кластерска иницијатива** | **Визија** | **Цели** |
|---|---|---|
| **ИТ** кластер или МАСИТ (Стопанска комора на информатичка и комуникациска технологија на Република Македонија) | Раст на македонскиот ИКТ бизнис, негова препознатливост и имиџ како во земјата, така и во странство, унапредување на македонската економија со посилна, поорганизирана и прогресивна ИКТ индустрија | Јавен дијалог, конкурентност, соработка и вмрежување, извозни капацитети, одржливост |
| Кластер за **текстил** или ТТЗ-ТК (Текстилно трговско здружение - Текстилен кластер - Македонија) | Подобрување на конкурентноста, следење на глобалните модни трендови и промени и приспособување кон истите | Поддршка на извозните активности на производителите, подобрување на продуктивноста, ефикасноста и управувачките способности, подобрување на имиџот на извозните производи, истражување на нови можности на светските пазари, привлекување на странски инвестиции |
| Кластер за **преработка на храна** или МАП (Македонска асоцијација на преработувачи) | Информирање за новите пазарни трендови, координирани активности за заеднички настап на саеми, лобирање, тренинг и обука | Подобрување на конкурентноста, подобрување на квалитетот на производите, зајакнување на потенцијалот за настап на странските пазари |
| Кластер за индустријата за **преработка на дрво** - ЦДИ | Вертикална и хоризонтална соработка со цел постигнување на заедничките цели и интереси | Борба со сивата економија, лиценцирање, напредни методи за производство на дрвен материјал, заеднички бренд, меѓународна соработка, нови пазари, саеми и работилници |

| | | |
|---|---|---|
| Кластер за **храна, вино и туризам** - Фондацијата "Тиквешки вински пат" | Економски развој на Тиквешкиот регион преку развој на алтернативен туризам, винарство и земјоделие | Развој на винските патишта во РМ, развој на потребната инфраструктура, промоција на странските пазари, вмрежување и едукација |
| **Автомобилски** кластер | Да се придонесе кон растот и развојот на автомобилската индустрија во РМ по пат на подобрување на конкурентноста и продуктивноста | Заеднички настап на саеми, организирање на обуки и тренинзи со цел размена на искуства помеѓу науката и бизнисот, размена на информации, вмрежување, мерки за соработка со странски партнери |
| Кластер за **кондиторска индустрија** | Просперитет на македонската кондиторска индустрија во Европа и во светски рамки | Зголемување на конкурентноста на македонската кондиторска индустрија преку развој на иновативноста на членките |
| Кластер за фармерско одгледување на **полжави** - Агро-Хеликс | Одгледување и продажба на полжави; да се охрабрат македонските граѓани да вклучат полжави во нивното мени | Изградба на повеќе фарми, зголемување на бројот на бизнис партнери од развиени Европски земји, подобрување на методите за одгледување на полжави, отворање на фабрики за производство и дистрибуција на полжавите во земјата и странство |
| Кластер за **млечни и месни производи** | Подобрување на конкурентноста на индустријата за млечни и месни производи, лобирање, техничка помош | Развој на препознатлив бренд, едукација, обезбедување на информации, поддршка и промоција |
| Кластер за **мода и дизајн**- Македонска модна формација - ММФ | Македонска модна сцена со сопствен изложбен простор и колекции | Соработка помеѓу членките, соработка со образовните институции и текстилната индустрија |
| **Туристички** кластер на југозападна Македонија – ЕДЕН | Креирање на светски атрактивна дестинација со високо-квалитетна понуда | Зајакнување на соработката помеѓу бизнис заедницата, јавниот и |

| | | |
|---|---|---|
| | | граѓанскиот сектор во областа на туризмот, заеднички проекти |
| **Туристички** кластер Осогово | Подобрување на промоцијата на постоечките ресурси во областа на туризмот и привлекување на странски инвеститори | Туристички развој, унифицирање на ресурсите, соработка, промоција на културното и историско наследство |
| **Туристички** кластер во Полог | Институционално зајакнување и соработка и развој на туризмот во Полог | Зајакнување на соработката помеѓу туристичките оператори, анимирање на руралниот, алтернативниот и еколошкиот туризам |
| Кластер за **земјоделска механизација** -БИПОМ-М | Да се креираат и развијат врските помеѓу металопреработувачкиот сектор и земјоделството и науката | Производство на земјоделска механизација за одгледување на стока, користејќи ги домашните суровини, технолошки капацитети и човечки ресурси |
| Кластер за **ориз** | Висока конкурентност на производителите на ориз на домашниот и странските пазари | Соработка помеѓу производителите и преработувачите, подобрување на квалитетот со цел задоволување на меѓународните стандарди |
| Кластер за **семенарство** на Сојузот на стопански комори на Македонија | Подобрување на конкурентноста на произведувачите на семенски материјал, како и услужните компании | Информирање, размена на идеи и кадар во областа на развој и научни истражувања за семенскиот материјал, регионална соработка |
| Кластер на **поледелство** на Сојузот на стопански комори на Македонија | Раст и развој на земјоделството преку зголемување на конкурентноста | Претставување на интересите, информирање, платформа за размена на идеи и кадар |
| Кластер за **мелничко-пекарската индустрија** на Сојузот на стопански | Раст на конкурентноста, имплементација на мерки за препознавање на Македонија | Размена на информации, советодавни услуги за раст на конкурентноста, |

| | | |
|---|---|---|
| комори на Македонија | како дестинација за странски инвестиции и бизнис соработка | иницирање на хоризонтални и вертикални врски во синџирот на вредности |
| Кластер за **пчеларство** - MacBee | Заштита на автохтоната Македонска пчела и нејзиното производство | Заштита на интересите, создавање на основни услови за одгледување, истражување, заштита и промоција на македонската пчела |
| Здружението на **органски производители** – Органика | Да се брендира Вардарскиот регион како препознатлив за здрава и безбедна органска храна; да им помогне на членките да ја подобрат својата конкурентност и да ја подобрат продажбата | Развој на органското фармерство во Македонија, експертски совети и зајакнување на капацитетите на фармерите, размена на искуства, вмрежување и соработка, брендирање и промоција на локалните и меѓународните пазари |

*Извор: Составено од авторот користејќи повеќе извори*

Анализата на визијата на кластерите и кластерските иницијативи во Република Македонија (табела 17) покажува дека најголемиот дел од кластерите и кластерските иницијативи се фокусирани на зајакнување на конкурентноста кај индустриските кластери или регионално брендирање и промоција кај кластерите од областа на туризмот. Целите на кластерите и кластерските иницијативи во РМ, пак, се движат во насока на зајакнување на соработката, размена на информации, заштита на интересите, зајакнување на извозните капацитети, истражување на нови пазари, привлекување на инвестиции, додека само мал број од кластерските иницијативи имаат за цел соработка со образовните и научно-истражувачките организации и развој на иновативноста.

Анализата на успешните кластери во светот покажува дека истите се карактеризираат со способност за прибирање, примена и проширување на знаењата во областа на дејствување, односно со способност за иновативност, соочувајќи се со современите бизнис предизвици. Се чини

дека токму тоа е особината која им недостасува на македонските постоечки кластери. Имено, македонските кластери покажале слаб потенцијал за иновативност во рамките на своето делување, за развој на нови производи и услуги со цел подобро позиционирање на глобалниот пазар. Постојните кластери го базираат своето функционирање повеќе на меѓусебна соработка во делот на пласман на производите на странските пазари, како и соработката во делот на подобро снабдување на вертикална основа - што би значело подобра комуникација со добавувачите. За жал, соработката во рамките на кластерите во остварувањето на можеби најважната негова функција – истражување и развој на нови производи, а со цел развивање на уникатност и посебност што на долг рок би донело корист за сите негови членки е незначителна.

Така, според анкетата направена за потребите на изработката на индустриска политика на Република Македонија, македонските компании покажуваат највисоко ниво на соработка во смисла на мрежно поврзување со нивните добавувачи и тоа 3,71 (на скала од 1=слаб до 6=јак), по што следува соработката со потрошувачите – 3,67. За жал соработката со конкурентите не е на завидно ниво и изнесува 2,23, што покажува дека нашите компании не ги користат предностите од колективните акции.[121] Токму оваа анкета ги потврдува и емпириските резултати од кластерското вмрежување во земјата. Имено, кластерите во Република Македонија многу повеќе се посветени на поврзувањето во синџирите на добавувачи, заеднички пласман и настап на странските пазари, како и лобирање кај владата и нејзините институции за поголеми концесии, а многу малку се посветени на заеднички активности во истражувањето и развојот во насока на зголемена иновативност со цел развивање, на нови производи и услуги, креирање на брендови што е основната детерминанта за долгорочно подобрување на конкурентскиот настап на меѓународните пазари. Истата анкета покажала дека интензитетот на соработката со добавувачите и потрошувачите е поголем кај фирмите со доминантна странска сопственост отколку домашните фирми и кај извозно ориентираните фирми отколку во фирмите ориентирани кон домашниот

[121] Министерство за економија на Република Македонија, *Индустриска Политика на Република Македонија 2009-2020*, јуни 2009

пазар. Ова покажува дека ориентацијата кон извозните пазари поттикнува соработка, т.е. мрежно поврзување со други фирми и дека фирмите во странска сопственост имаат поголема свесност за бенефитите кои ги нуди кластерското поврзување.

Министерството за економија во 2012 година ги истражувало иновативните способности на компаниите во рамките на кластерите. На основа на собраните податоци од истражувањето во следните параметри: инвестиции во истражување и развој, вработување во секторите за истражување и развој, пријавени иновации и нови технологии, најиновативен производен (услужен) систем во Република Македонија, произлегува дека тоа се системот за метали и алати, системот за електроника (оптика), како и системот за информациска и комуникациска технологија, особено индустријата за автомобилски делови, градежништвото, индустријата за преработка на храна, транспорт и шпедиција и индустријата за информатичка технологија, заедно со засега, најистакнатиот систем-македонската фармацевтска индустрија.[122]

Сумирано во неколку точки би можело да се каже дека на досегашниот степен на развој, кластерите во Република Македонија се карактеризираат со следново:

- Кластерите не се зрели за самостојна работа и бараат понатамошна поддршка од науката и владината политика;
- Кластерите кои се потпреле на асоцијациите се посилни, имаат подобра преговарачка позиција, подобра мрежа;
- Кластерите немаат вклучено различни институции за поддршка и недостасуваат промотивни активности за привлекување на нови членови;
- Евидентна е потребата од обуки за зголемување на менаџерскиот капацитет на водството на кластерите. [123]

[122] Министерство за економија на Република Македонија, Национален Атлас на Кластери, Скопје 2013

[123] Министерство за економија, *Унапредување на кластерското здружување,* Скопје, 10.03.2009

### *4.2.3. Фактори за успешно кластерско организирање на локално и регионално ниво*

Светските искуства говорат дека успешните кластери, како во развиените, така и во земјите во развој, израснале природно и неформално со текот на времето, а како резултат на заеднички активности. Погоре во делот каде што го објаснивме формирањето на кластерите и неговите развојни фази спомнавме дека самото формирање на кластерите може да биде резултат на одредени предиспозиции - изобилство или близина до ресурси, необичната локална побарувачка, иновативна компанија, присуството на сродни индустрии и сл. Понекогаш, формирањето на кластерот е резултат на случаен фактор, а понекогаш властите на централно, регионално или локално ниво го иницираат формирањето на кластерите. Иницијален катализатор за кластерско вмрежување може да биде поволност за инвестиции, динамичен лидер или регионална/национална економска криза (пристап одозгора надолу) или пак здружување на повеќе актери во соработката меѓу фирмите, зајакнување на регионалните врски и воведување на одредени поддржувачки рамковни услови (пристап одоздола нагоре).

Без оглед на иницијалниот фактор кој го предизвикува формирањето на кластерот, генерално, за да почне процесот на структурно развивање на кластерот се смета дека клучни фактори се формирањето и развивањето на социјален капитал за да ја поддржи кластерската идеја, одржување или воспоставување на механизми за изградба на доверба, развивање на стратешките врски во кластерот, формулирање на визија и стратегија со цел да се дојде до фазата преземање на акција. Притоа, се смета дека ***недоволниот социјален капитал*** е проблем со кој се соочуваат земјите во развој и транзиционите земји во обидот да креираат успешни кластерски врски. Имено, социјалниот капитал како претпоставка за заедничка акција претставува збир на групни вредности, норми и верувања на чија основа се гради довербата помеѓу членовите на одредена мрежа. Социјалната кохезија и детерминираноста за индивидуалните придонеси во колективната ефикасност на мрежата се во основата на кластерскиот концепт.

Формулирањето на објективни цели е од клучна важност со цел да се охрабрат индивидуалните фирми мрежно да се поврзат во кластери и да преземаат колективни акции. Непостоењето на социјален капитал ја поткопува довербата во стравот од губење на стратешките информации, особено од големите фирми при што фирмите покажуваат тенденција за преземање на индивидуални акции, особено во делот на истражувањето и развојот. Балансот помеѓу соработката и конкуренцијата е клучен фактор за успешно кластерско организирање. Токму ова е една од основните причини заради кои кластерите многу често ја губат својата вистинска функција и се претвораат во неформални репрезентативни асоцијации на фирми за лобирање за поголеми концесии кај владините институции. Подигањето на свеста за потенцијалните позитивни ефекти кои може да ги донесе кластерското вмрежување преку програми за обуки и тренинг, конференции и семинари може да го подобри капацитетот на бизнис лидерите и на кластер менаџерите во процесот на конципирање на кластерска стратегија и кластерски иницијативи кои ќе бидат во функција на подобрување на перформансите на сите засегнати странки во процесот на формирање, раст, но и одржлив развој на кластерите. Во овој дел, клучна улога треба да има владата и нејзините институции кои ќе создадат платформа за дијалог помеѓу приватниот и јавниот сектор со цел дифузија на информации, креирање на политики и програми за колективни акции.

Не секое кластерско вмрежување ги остварува ефектите од заедничките акции. За таа цел, потребна е детална анализа пред да се одвојат значителни средства од буџетот за нивно формирање и поддршка на кластерските иницијативи. Се смета дека пазарното тестирање треба да претходи на одлуката за економската оправданост за вложување во кластерското вмрежување. Според Портер, за остварување на вистинската цел – подигање на конкурентноста преку унапредување на продуктивноста и иновативноста – поголема важност имаат извозно ориентираните индустрии. Генерално, за формирањето на кластерот е потребна критична маса, што претставува основа за развивање на внатрешната динамика на кластерот, а истата се карактеризира со концентрација на определен број на фирми, работници, експерти, финансиери, менаџери, претприемачи итн.

Една од методите за процена на *економската рационалност* за кластерско вмрежување која ја практикуваат многу земји во светот, е **кластерското просторно идентификување** (САД, Велика Британија, Шведска, Словенија), што претставува лоцирање на индустриите и анализа на нивните перформанси во рамките на националната економија, по пат на статистичко прибирање на информации и податоци, процена на нивната дисперзираност или концентрација и врските и екстерните економии. Оваа метода има за цел економска рационализација на одлуките за кластерско организирање како претпоставка за успешно формулирање на стратегии и конкретни акциони мерки.

Тоа би можело да биде корисна практика во Република Македонија, при што, со вклучување на бизнис и политичките лидери, би се избегнало формирањето на кластерите во функција на изнудување на субвенции за непродуктивни проекти. Уште една битна претпоставка за формулирање на стратешките цели и соодветна кластерска стратегија, а која ќе претставува основа за кластерското вмрежување е пазарната анализа. Пазарната сегментација, СВОТ (*SWOT*) анализата, анализата на пазарните трендови, Портеровиот дијамант, анализата на конкурентските позиции, треба да даде слика за конкурентните способности на индустриите, што ќе претставува основа за конципирање на стратешките цели во насока на формирање на кластерот во функција на подобрување на перформансите и подобро конкурентско позиционирање. Понекогаш, компаниите не се свесни за сопствените конкурентски способности, немаат доволни познавања за состојбите на странските пазари, позициите на конкурентите, движењето на пазарните трендови и сл. Согледувањето на конкурентските позиции и пазарните трендови ќе им овозможи на компаниите формулирање на стратешките цели за заедничка акција во форма на заеднички маркетинг иницијативи, брендирање, заеднички обуки и тренинзи, формирање на регионален или национален идентитет и секако, креирање на заеднички нови производи и услуги преку континуирана размена на информации и поттикнување на иновативноста. Формулирањето на објективни цели при самото формирање на кластерите ќе го олесни самиот процес на евалвација и мониторинг како показател за

успешноста и ефективноста на конкретните кластерски акции што е од особена важност во одлуката за понатамошно функционирање и финансирање или прекин на иницијативата доколку истата се покаже дека не продуцира резултати. Дали тоа ќе биде раст во извозот, добивките, вработувањата, платите, индустриската профитабилност или основањето на нови претпријатија, зависи од целите на формирање на кластерот и конкретните кластерските иницијативи.

Искуствата покажале дека кластерите во земјите во развој и транзиционите земји главно се фокусираат на изнудувањето на поголеми субвенции од страна на владата, зголемувањето на додадената вредност и извозот, за разлика од развиените земји кои повеќе се фокусираат во развојот на иновациите и бизнис опкружувањето. Следствено, за разлика од развиените земји во кои кластерските активности се фокусирани на заеднички истражувања и развој, како и формирање на нови бизниси, во земјите во развој истите се во насока на унапредување на човечките ресурси, развој на врските со добавувачите и заедничка логистика, додека во транзиционите земји активностите се фокусирани на лобирање за промени во бизнис опкружувањето и менаџмент обуки. Со оглед на фактот дека софистикацијата на бизнисите е најзначајниот фактор за долгорочно подигање на продуктивноста, а со тоа и конкурентноста на компаниите, кластерите во Република Македонија мора да ја перципираат потребата од континуирано технолошко унапредување, иновации и заеднички истражувања и развој, како крајни цели во процесот на кластерско вмрежување. Тоа ја наметнува потребата од поддржувачка политика на владата во насоката да создаде политичка, правна и административна рамка за успешно кластерско организирање преку создавање на платформа за дијалог помеѓу бизнис секторот и научно – истражувачките и академските институции во насока на креирање на глобално конкурентни кластери кои ќе понудат единствени производи со висока додадена вредност на странските пазари. Проактивната политика на властите на сите нивоа - централно, регионално и локално во функција на формирањето, растот и одржливиот развој на кластерите се рефлектира во сите полиња од економско делување, почнувајќи од

обезбедувањето макроекономска стабилност, па преку унапредување на бизнис опкружувањето, зајакнувањето на врските во рамките на кластерот, поддршката на претприемништвото и малите и средни претпријатија, привлекувањето странски директни инвестиции, па сè до политиката на локален и регионален развој. Погоре спомнавме дека се препорачува иницијативите за кластерско здружување да се препуштат на приватниот сектор, а властите на локално, регионално и централно ниво да ја преземат улогата на катализатор. За успешно кластерско организирање потребна е поддржувачка политика на властите на сите нивоа која ќе го мотивира, помага и унапредува кластерското вмрежување во насока на остварување на економски напредок и подигање на конкурентноста на националната економија преку одржлив економски развој.

Дали географската близина треба да биде фактор за успешно кластерско организирање во Република Македонија со оглед на општоприфатената дефиниција за *"географска и секторска концентрација на повеќе засегнати страни кои заеднички профитираат, но и придонесуваат за перформансите на одредена индустрија*"? За да се одговори на ова прашање, потребно е да се разбере повеќедимензионалноста на кластерите и да се прифати кластерското вмрежување како филозофија на економското дејствување во рамките на која фирмите ги подобруваат своите перформанси врз основа на соработка, конкуренција, флексибилност и специјализација. Успешни кластери се формирале околу иновативните претпријатија, често мултинационални компании или, пак, развиени и големи фирми, околу истражувачки центри во рамките на технолошки паркови, понекогаш истите претставуваат концентрација на мали и средни претпријатија од сродни индустрии кои делат заеднички ресурси (хоризонтални кластери), а понекогаш концентрација на фирми од синџирот добавувачи (вертикални кластери). Географската концентрација е важна од аспект на зголемените користи од близината и екстерните економии, но во многу случаи, географската дисперзираност не претставувала пречка за секторско вмрежување на компаниите во насока на формулирање на стратегија за

заеднички акции и остварување на ефектите од колективната ефикасност. Сепак, географската концентрација на фирмите може да претставува основа за регионален развој, при што децентрализацијата на власта овозможува иницирање и финансирање на кластерски вмрежувања на локално и регионално ниво.

Она што е важно да се има предвид е дека успешните кластери израснале неформално во период од 10 до 20 години, што значи дека е потребно време за да се почувствуваат вистинските ефекти од кластерското организирање. Така, и во Република Македонија во која кластерите се наоѓаат во рана фаза од својот развој ќе биде потребно време за истите да станат глобално препознатливи и конкурентни, секако, во зависност од интензитетот и динамиката на нивниот раст и развој.

### *4.2.4. Кластерите во функција на подобрување на локалниот и регионалниот развој во РМ*

Се поставува прашањето како кластерското вмрежување може да влијае врз унапредувањето на локалниот/регионалниот економски развој во РМ, односно, врз детерминантите за локална/регионална конкурентност. Уште повеќе, како да ги примениме позитивните концепти од кластерско вмрежување низ светот, во функција на креирање на локално/регионално брендирање и препознатливост.

Имено, погоре во трудот направивме СВОТ анализа на регионалниот економски развој во Република Македонија. Генерално, заклучоците се во насока дека се потребни напори за да се унапреди регионалниот развој во РМ, односно, да се постигне порамномерен регионален развој, особено во делот на поттикнување на инвестициите, претприемништвото, отворањето на нови работни места итн. Направена е и анализа на актуелните состојби во кластерското вмрежување во земјата, со генерален заклучок дека и покрај тоа што сите активности се за пофалба, останува да се работи на сериозни проекти кои на вистински начин ќе придонесат за економскиот развој на земјата, и тоа како на централно, така и на регионално и локално ниво. Се поставува прашањето

како кластерскиот пристап може да помогне во унапредувањето на локалниот и регионалниот економски развој во РМ имајќи ја предвид актуелната состојба во РМ од аспект на индустриската структура во која се позастапени ниско интензивните индустрии, доминацијата на малите и средни претпријатија, диспаритетите во развојот помеѓу регионите, разместеноста на ресурсите и сл.

Во првиот дел од трудот беше дефинирано како кластерите можат да придонесат кон унапредување на локалниот и регионалниот економски развој, преку подобрување на продуктивноста, иновативноста и стимулирањето на отворање на нови бизниси. Особено ***малите и средни претпријатија***, на чии перформанси се базира и македонската индустрија, можат да извлечат корист од кластерското вмрежување преку соработката, флексибилноста и специјализацијата. И погоре во делот во кој го објаснивме начинот на кој кластерите ја унапредуваат регионалната конкурентност спомнавме дека продуктивноста на фирмите во рамките на кластерот расте благодарение на подобрениот пристап до специјализирани инпути и специјализирана работна рака, зголемениот пристап до информации, институции и јавни добра, како и преку поттикнување на комплементарностите. Зголемената продуктивност води кон раст на вработеноста, го поттикнува претприемништвото и формирањето на нови бизниси, што како краен резултат влијае позитивно на локалниот и регионалниот економски развој.

Една од најзначајните улоги на кластерот е што истиот служи како ***платформа за дијалог помеѓу властите на сите нивоа - централно, регионално и локално, научно-истражувачките и академски институции, бизнис секторот, граѓанскиот сектор и останатите засегнати страни,*** што како резултат води кон подобро артикулирање на потребите на бизнис секторот и следствено, концип ирање на мерки и активности од политиките на локален и регионален економски развој. И погоре во трудот спомнавме дека една од улогите на кластерите е дека истите служат како информатори на политиките. Од таа причина, особено е важно во кластерите во РМ да се вклучуваат што повеќе различни институции.

Кластерот ***поттикнува соработка и подобрена комуникација***. Во рамките на таа комуникација се зајакнуваат врските со добавувачите кои создаваат чувство на лојалност и доверба како основа за долгорочна соработка, не само во делот на навремено и ценовно пристапно снабдување на специјализирани инпути, туку и во делот на развој на нови производи преку размена на информации, заеднички инвестиции во истражување и развој, па дури и нови технологии за производство на инпути за потребите на индустриите.

Со растот и развојот на кластерот *се* ***стимулира претприемништвото;*** присуството на голем број фирми од сродни индустрии ги поттикнуваат иновативните претприемачи да ги согледаат можностите за дополнување на алките во синџирот на добавувачи што конечно, влијае за намалувањето на трансакциските трошоци на фирмите во рамките на кластерот преку зголемена пристапност до инпути. На тој начин фирмите извлекуваат корист од присуството на добавувачи на суровини, репроматеријали, делови, но и специјализирана опрема и механизација. Добро развиените врски во синџирот на добавувачи претставува добар стимул и за странски директни инвестиции, но и за подизведувачки договори со странски фирми.

Идеален пример за ова е автомобилскиот кластер во РМ кој се карактеризира со сè поголем раст, но и со силно развиени хоризонтални и вертикални врски. Па така, не само што самиот автомобилски кластер полека прераснува во синџир на добавувачи за големите мултинационални автомобилски гиганти, туку истиот привлекува нови компании – добавувачи, со што расте кластерот и се зајакнуваат врските помеѓу компаниите во рамките на кластерот и неговите добавувачи. Воедно, голем број домашни компании го диверзифицираат или преструктурираат своето производство за да одговорат на барањата на растечкиот кластер.

Имено, присуството на солидна мрежа од добавувачи, стручна работна сила и поддржувачки институции може да даде позитивен сигнал за странските инвеститори кои во кластерите ќе видат солидна почетна основа за вложување на својот капитал. Ова е од особена важност за локалниот и регионалниот економски развој на Република Македонија, со

оглед на фактот дека странските инвестиции претставуваат битен фактор за унапредување на техничко-технолошкото ниво во производството и стимулирање на иновациите. Токму локалните и регионалните власти можат да ги користат кластерите во делот на ***привлекување на домашни и странски директни инвестиции.*** Честа практика, особено во земјите во развој е кластерите да претставуваат основа за склучување на подизведувачки договори за производство на делови, компоненти и полупроизводи за странски мултинационални компании. Токму ова ги сочинува динамичните детерминанти за развој на конкурентноста од кои можат да имаат корист кластерски вмрежените фирми во Република Македонија преку тесна специјализација и комплементарно производство. Ова е од особена важност за електронската, автомобилската индустрија, производство на земјоделска механизација и сл. Уште повеќе, со оглед на малиот индустриски капацитет на земјата, поврзувањето на сродни кластери во регионот може да биде фактор за креирање на силни, глобално конкурентни кластери способни да преземаат поголеми проекти и да привлечат странски партнери во напорите за зголемена интернационалнизација и подигање на конкурентноста. И обратно, формирањето на кластери околу поголемите фирми или мултинационални компании во земјата може да претставува солидна основа за поттикнување на локалниот и регионалниот развој на Република Македонија. Така, иако кластерите во земјите во развој се врзуваат за развојот на конкурентските способности на малите и средни претпријатија преку нивно вмрежување и соработка во напорите за настап на странските пазари, големите фирми, а особено мултинационалните компании, претставуваат солидна основа за концентрација на добавувачи, комплементарни производители и поддржувачки институции кои ќе ги остварат ефектите од екстерните економии или ефектите од прелевање (*spill over*), што во крајна линија ќе ги подобри перформансите на постоечките, а ќе створи солидна основа и за формирање на нови бизниси. Во таа насока, кластерите не претставуваат само фактор за привлекување на странските директни инвестиции, туку и обратно – ***странските директни***

***инвестиции креираат поволна клима за кластерско вмрежување*** со цел конкурентско оспособување во сродни или комплементарни индустрии.

Кластерското вмрежување ја поттикнува ***специјализацијата*** и тоа не само во производството и во синџирот добавувачи, туку и во работната сила, услугите и инфраструктурата. Во рамките на кластерот се акумулираат човечки ресурси специјализирани во индустријата или сродни индустрии што го олеснува пристапот на фирмите до стручна и квалитетна работна сила. Уште повеќе фирмите се здружуваат во организирање на обуки и тренинзи, а не ретко и јавните, образовните и академски институции го поттикнуваат развојот на човечки ресурси преку специјализирани едукативни и тренинг програми за потребите на индустријата со што дополнително се создава база на висококвалитетна и стручна работна сила. Согледувајќи ја можноста од сопствена реализација, талентите ширум земјата се привлечени во кластерите благодарение на флексибилноста која им се нуди во присуството на концентрација од фирми од исти или слични економски дејности. Флексибилноста на работната сила која ја овозможува кластерот придонесува за пренос на знаења и информации преку неформалните, лични контакти. Присуството на стручњаци од индустријата, но и концентрацијата на врвни менаџери поттикнува соработка и конкуренција, што од една страна ја стимулира иновативноста во напорите да се изнајде супериорен начин на производство, единствен извозен производ или напредни менаџмент практики, но и колективните акции во напорите за пазарна реализација на акумулираното знаење и информации преку креирање единствен производ со висока додадена вредност, бренд и локална или регионална препознатливост. Ова, пак, ги фаворизира спонтаните механизми за специјализација и формирањето на нови бизниси. Пример за иновативен кластер кој го должи успехот токму на овие фактори е погоре спомнатата Силиконска Долина. Токму ова е уште една од детерминантите за динамичен развој на регионалната конкурентност, а на која треба да се фокусираат кластерите во Република Македонија. Имено, со оглед на фактот дека иновативноста и производството на единствен, извозен производ со висока додадена вредност е фактор за долгорочна

конкурентност, кластерите во Република Македонија треба да ја поттикнат соработката помеѓу индустриите, јавните институции и научно-истражувачките и академски институции во напорите за креирање на заеднички висококонкурентни производи и услуги со кои успешно ќе се настапи на странските пазари. Улогата на властите на локално и регионално ниво треба да биде во насока на ***поттикнување и поддршка на продуктивниот дијалог*** преку унапредување на бизнис опкружувањето, обезбедување на специјализирани бизнис услуги и информации, организирање на обуки и тренинзи, работилници, формирање на технолошки паркови и бизнис инкубатори, како и студиски посети на успешни иновативни кластери. И обратно, кластерите претставуваат основа за информирање на властите на локално и регионално ниво за ефикасно креирање на политиките и економските мерки во насока на подобрување на перформансите на индустриите. Истите креираат т.н. ***кластерска инфраструктура*** во рамките на која се формираат дата бази на податоци за индустријата, за врските во рамките на индустријата, веб-страници за активностите, специјализирани асоцијации кои го креираат системот на комуникација и сл. што можат да ѝ укажат на владата за потребата од стимулативни и корективни мерки на нејзината политика.

Кластерите ја поттикнуваат ***комплементарноста*** и тоа како во производството преку дополнување и комплетирање на производната понуда со што се зголемува репутацијата на кластерот и истиот станува попривлечен за клиентите благодарение на диверзифицираната понуда, но и преку збогатување и надополнување на понудата со поврзување на сродни кластери во рамките на националната економија. Пример за последново е туристичко-винскиот кластер. Преку надополнување на понудата се подобруваат перформансите на двете индустрии кои можат да остварат колективни ефекти од заедничкиот производ - вински туризам. Ефектите за локалната и регионалната економија се максимизираат, надополнети со поттикнувачка политика на локално и регионално ниво. Калифорнискиот вински кластер чијшто успех го анализиравме погоре во трудот успеал да оствари ефикасна комплементарна поврзаност со туристичкиот кластер што придонесува за повеќе од 20 милиони туристи

годишно и прилив од повеќе од 2 милијарди долари за американската економија. Комплементарноста ќе стимулира формирање на нови бизниси при што стимулативната политика на властите на локално и регионално ниво во делот на подобар пристап до финансиски средства, поттикнувачки мерки за развој на претприемништвото или поддршка на иновативни проекти на малите и средни претпријатија е од клучно значење за што поголем раст и развој на кластерот, а во функција на зголемување на локалната и регионалната конкурентност.

Кластерското вмрежување претставува значаен фактор за ***подигање на извозните потенцијали на индустриите*** преку зголемената соработка, специјализација и комплементарно производство, особено за малите и средни претпријатија кои често имаат проблеми со пазарната реализација, заради високите трошоци за истражување на пазарите, маркетинг, обуки и тренинзи и презентација и учество на трговски саеми, манифестации и сл. кластерското здружување може значително да им ги подобри позициите во напорите за освојување на нови странски пазари. Активностите се преземаат колективно, со поддршка на институциите, а организирањето во трговски асоцијации и производствени конзорциуми им го олеснува пристапот до пазарни информации и ги редуцира трошоците за успешен настап на меѓународните пазари. Но, она што е многу поважно за долгорочен раст на конкурентската способност, следствено одржлив економски развој е креирањето на единствени производи со висока додадена вредност, што значи дека активностите во рамките на македонските кластери треба да се фокусираат многу повеќе на ***зголемени иновации и развој на нови производи и брендови*** кои ќе придонесат за кластерската, но и локалната, регионална, па и национална глобална препознатливост. Така, иако поимот иновативност се врзува за високотехнолошките индустрии, истата е од клучно значење и за традиционалните индустрии на кои се потпира македонската економија. Така иновативниот пристап во производството на облека на пример преку креирање на висококвалитетни дизајнирани модели на облека, можат значително да ја сменат позицијата на македонските текстилни производители кои наместо лон- производство кое го сочинува околу 80%

од вкупното производство на текстил во Република Македонија, ќе можат да понудат конкурентни дизајнирани производи со висока додадена вредност. Соработката помеѓу кластерот за текстил и кластерот за мода и дизајн може да резултира токму во конципирање на иновативни креации со кои македонската текстилна индустрија ќе се пробива на странските пазари, или, пак ќе ги задоволи делумно потребите на домашниот пазарен сегмент. Токму "Трета Италија" како што е анализирано погоре во трудот конкурентскиот успех го должи на традиционалните индустрии преку зголемена иновативност, технолошко унапредување, соработка и комплементарност во рамките на кластерската вмреженост.

Се поставува прашање колку е ефективно кластерирањето во Република Македонија, со оглед на фактот што земјата е многу мала, со слаба индустриска база, дисперзирана на целата територија. Дали во такви услови се исплатливи напорите за секторска и географска концентрација на фирми и поддржувачки институции во функција на локалниот и регионалниот развој. И погоре спомнавме дека кластерите се формираат спонтано, благодарение на присуство на критична маса од заинтересирани засегнати страни, помогнати од поддржувачката политика на локално, регионално и централно ниво. Но, не се ретки и примерите на формирање на кластерите од страна на властите било преку отворање на индустриско технолошки развојни зони, технолошки паркови, бизнис инкубатори или слично. Сепак, за да се даде поддршка на определена кластерска иницијатива потребна е сериозна анализа на потенцијалот на истата за остварување на позитивни ефекти врз локалниот и регионалниот економски развој. Не секоја кластерска иницијатива е успешна, при алокацијата на финансиските ресурси за кластерска поддршка потребна е селекција и утврдување на прецизни критериуми. Од друга страна, пак, властите на локално и регионално ниво треба да бидат способни да препознаат успешно кластерско вмрежување и да создадат услови за негов непречен развој. Создавањето на квалитетно локално и регионално бизнис опкружување е од клучно значење за растот на кластерот. Иако кластерите во Република Македонија формирани на локално и регионално ниво можеби никогаш нема да успеат да се стекнат со

глобална препознатливост и со глобална конкурентност, сепак, реализацијата на успешни кластерски иницијативи може значително да придонесе за локалниот, регионалниот, па и севкупниот економски развој на земјата.

***Координација на политиките на централно, регионално и локално ниво*** е еден од најзначајните фактори во насока на успешно кластерско организирање во Република Македонија. Финансиската независност на локалните самоуправи како следна фаза од процесот на децентрализација ќе им овозможи на локалните власти да креираат поквалитетни политики за локален економски развој, следствено истите ќе можат да креираат политики во насока на поддршка на кластерското вмрежување на локално и регионално ниво. Создавањето на услови, пак, од страна на централната власт, преку макроекономска стабилност, па преку обезбедување на квалитетна инфраструктура и институционална и правна основа, поуспешно реализирање на средствата од европските фондови во функција на регионалниот развој и слично, ќе биде појдовна основа за успешно кластерско вмрежување.

Кластерите се многу повеќе од бизнис асоцијации за презентација на интересите на членките на локално, регионално или национално ниво. Целта на нивното формирање и активности не треба да се ограничува на статичките детерминанти за развој на конкурентноста, преку заеднички пазарен настап и меѓународна презентација, туку многу повеќе на преземање на заеднички проекти за зајакнување на колективната ефикасност преку зајакнати врски, размена на информации и развивање на нови производи во функција на зголемена иновативност и подобрување на конкурентската способност на долг рок, што значи поголем фокус на динамичните детерминанти за развој на конкурентноста.

# 5. Модел на кластерска политика со мерки и активности за унапредување на кластерското вмрежување во Република Македонија

Врз основа на аргументите што претходно ги образложивме за тоа како и зошто кластерското вмрежување може да биде значајно за локалниот и регионалниот економски развој, односно како кластерите влијаат позитивно врз растот на конкурентноста, било локална, регионална или глобална, во продолжение на трудот ќе биде предложен **модел на кластерска политика.**

Во сите пристапи е апсолвирано дека кога станува збор за поимот кластери и кластерска политика, не постои еден и единствен модел на кластерска политика, како што не постои универзален модел на кластерско вмрежување. Во креирањето на политиките за поддршка на кластерите мора да се земат во предвид спецификите на секоја земја поодделно, па дури и спецификите во самото кластерското вмрежување. Моделот на кластерска политика треба да ги следи економските текови во земјата, индустриската структура и нејзината диверзифицираност, тенденциите на економски развој и слично.

Токму потребата од промена на класичниот пристап во индустриската политика од традиционален во кластерски со цел да кореспондира на современите конкурентски предизвици ја објаснил Портер, што подетално беше образложено погоре во трудот. Па така, кластерскиот пристап во индустриската политика треба да обезбеди фер конкурентски услови за сите, без таргетиран и селективен пристап, да ги зајакне врските преку формирање на синџири на добавувачи, да ја поттикне конкуренцијата преку ривалството и влезот на странски директни инвестиции.

Економските теоретичари препорачуваат властите да се воздржат од креирање на кластери. Наместо тоа, треба да се посветат на креирање на поволно бизнис милје, односно поддржувачка политика за непречен раст и развој на истите. Сепак, праксата покажува дека постојат два пристапи во креирањето на кластерите и тоа:

- ***Пристапот одоздола нагоре (bottom-up),*** кој подразбира спонтано креирање на кластерите, при што властите се јавуваат во улога на катализатор и
- ***Пристапот одозгора надоле (top-down)***, кој подразбира формирање на кластерот најчесто со поддршка на владата, при што во примена се различни механизми, како на пример, креирање на индустриска зона или технолошки парк специфично наменет за развој на одреден кластер.

Првиот пристап е повеќе карактеристика на формирањето на кластерите во Европа (особено Маршаловиот, италијански концепт на кластери), додека вториот е типичен за азиските земји, кој сè повеќе станува позитивен модел на кластерски развој кој се прифаќа како успешен од земјите ширум светот.

Иако Портер, но и Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) на Конференцијата на министри од областа на индустриската политика и мали и средни претпријатија, одржана во јуни 2000 година во своите препораки за формулирање на кластерската политика имплицитно препорачува кластерските иницијативи да се препуштат на приватниот сектор, а јавниот сектор да ја преземе улогата на катализатор, сепак, бројни се полемиките во научните кругови дали во целост треба да се отфрли азискиот модел на кластерска поддршка кој несомнено се покажува како успешен.

Од таа причина не ретко се случува моделот на кластерска политика да вклучува елементи од едниот и од другиот пристап на формирање на кластерите.

Кластерската политика е најчесто дел од политиката за регионален развој, иновативната политика и делот од индустриската политика кој се фокусира на развојот на мали и средни претпријатија. И покрај фактот што пристапите како што се **иновативни системи** и **моделот троен хеликс** (*Triple Helix*) се сметаат за различни од кластерскиот пристап, сепак, истите имаат заедничка платформа, а тоа е ***стимулирање на конкурентноста и иновативноста***. Оттука, не ретко овие модели се сметаат за комплементарни, па елементи од едниот и од другиот пристап

се преклопуваат во политиките за поттикнување на иновативноста, политиките на истражување и развој, политиките на стимулирање на комерцијализација на научните истражувања итн.

Од тие причини, се препорачува креаторите на политиките да тежнеат кон комбинирање на најсоодветните мерки соодветно на локалните економски услови, но и развојните потенцијали на постоечките и потенцијалните кластери.

## 5.1. Модел на кластерската политика во функција на локалниот и регионалниот економски развој

### *5.1.1. Начелни пристапи*

Се поставува прашањето: Каков модел на кластерска политика би обезбедил соодветен кластерски развој во Република Македонија, а во функција на унапредување на локалната, односно, регионална конкурентност?

Погоре во трудот ги разгледавме искуствата на земјите ширум светот во делот на конципирање на кластерската политика. Со оглед на аспирациите на Република Македонија за членство во Европската Унија многу е логично да се следат нејзините препораки, но и позитивни искуства од земјите-членки, за да се обезбеди најсоодветната поддршка за кластерскиот развој.

Па така, во конципирањето на својата индустриска политика, Република Македонија ги следеше трендовите во промена на пристапот ***од традиционален кон кластерски пристап***, што воедно е во согласност со индустриската политика на ЕУ која е во правец на имплементација на Лисабонската стратегија. Тоа значи дека истата е ***проактивна,*** развојна политика ориентирана кон иднината, ***хоризонтална*** и не се фокусира на поддржување на селектирани индустрии, со цел проактивните македонски компании да ги развијат и зголемат конкурентските способности и да се преориентираат кон производи и услуги со повисока додадена вредност,

кои ќе овозможат одржливо долгорочно функционирање на меѓународните пазари.

Европската Унија на кластерите гледа како на многу значаен инструмент за поттикнување на иновативноста. Од таа причина ја има формирано **Европската кластерска политичка група** како тело што ќе им помогне на земјите-членки во конципирањето на кластерската политика која ќе обезбеди поддршка на кластерите. Ова значи дека во конципирањето на моделот на кластерската политика земјите од ЕУ ја земаат предвид повеќестепеноста на власта, односно кластерската политика се формулира на повеќе нивоа: **супранационално ниво (на ниво на ЕУ), национално, регионално и локално ниво**.

И додека во земјите од Европа со федерална структура (Германија, Италија) во кои регионите имаат силна автономија и истите претставуваат административни центри со широк распон на надлежности, кластерската политика е децентрализирана, односно формулирањето и имплементацијата на кластерската политика им е препуштена на регионите и локалните заедници, скандинавските земји имаат централизиран пристап кон индустриската и регионалната политика, што значи дека пошироките рамковни услови се во надлежност на националните власти кои водат сметка за усогласувањето на политиките со генералната политика на ЕУ, додека имплементацијата на кластерската политика е препуштена на регионите и локалните заедници. Всушност, истражувањата покажуваат дека најголемиот дел од кластерските иницијативи во Европа биле иницирани од локални или регионални владини агенции со поддршка на индустриските асоцијации.

Согласно фактот дека Република Македонија има силен централизиран пристап во индустриската политика (политиката на конкурентност, развој на мали и средни претпријатија, политиката за привлекување на странски директни инвестиции) и политиката на регионален развој, се чини дека скандинавскиот модел на кластерска политика повеќе соодветствува на економско-политичката констелација

на Република Македонија. Особено доколку се земе предвид фактот дека регионите во земјава немаат формално-правен карактер, што значи дека истите немаат надлежности во делот на креирањето на политиките. Од друга страна, пак, децентрализацијата на локалните самоуправи им дава голема автономија и можност за креирање на политиките за локален економски развој, што треба да се земе предвид во формулирањето на моделот на кластерска политика кој најмногу ќе придонесе за подобрување на локалниот, односно, регионален развој.

Сепак, за да кластерската политика биде во функција на поддршка на кластерите кои ќе имаат потенцијал да придонесат за растот на конкурентноста, а во функција на локалниот и регионален развој, потребен е ***долгорочен пристап и координација на политиките на централно, регионално и локално ниво***. И погоре во трудот спомнавме дека не сите кластерски иницијативи прераснуваат во конкурентни кластери способни да произведат раст на продуктивност, нови работни места и нови инвестиции. Следствено, фокусот на политиките за кластерска поддршка треба да биде во насока на поттикнување на вмрежувања и врски кои ќе донесат иновативност, зголемување на извозниот потенцијал и создавањето на додадена вредност.

***Формулирањето на кластерската политика*** во Република Македонија е препуштено на ***Министерството за економија***, при што, водејќи се од Портеровите, но и препораките на ОЕЦД, во процесот на кластерскиот развој, Министерството ја има улогата на катализатор. Овој пристап поттикнува континуирани промени и прилагодувања на националната економија кон динамичното опкружување на глобалната конкуренција и новите технологии. Пристапот е воедно стратешки и динамичен.

- **Стратешки**, бидејќи обезбедува проток на специфичните знаења во бизнис секторот, овозможувајќи им на компаниите да го усовршат знаењето и вештините потребни за одржлив развој на потребните капацитети за работа во услови на глобална конкуренција и новите економски услови.

- **Динамичен,** бидејќи е фокусиран на надминување на сите пречки кои можат да се појават, за понатамошниот развој на кластерите.

Централните принципи за развој на кластерите во Република Македонија се пристапот ***"одоздола нагоре" ("bottom-up") и пристапот "учење низ пракса"***. Овие се воедно најновите доктрини во кластерскиот развој и истите овозможуваат постојано прилагодување на мерките, како и воведување на нови инструменти за имплементација на кластерската политика, прилагодено на актуелниот степен на развој на определен кластер. Тоа значи дека формирањето на кластерите во Република Македонија е спонтан процес, кој е најчесто иницииран од динамичен лидер, додека владата ја има улогата на олеснувач на процесите преку донесување на соодветни мерки и инструменти на економската политика. Поддршката на кластерите во РМ е домен на Министерството за економија, а во случај на регионални и локални агломерации, на Министерството за локална самоуправа.

Па така, Министерството за економија е одговорно за:

- *Формулирањето на кластерската развојна политика;*
- *Имплементацијата на кластерската политика и*
- *Надгледувањето на резултатите.*

Но, и покрај фактот што Министерството за економија е централната институција задолжена за конципирање и следење на кластерската политика во Република Македонија, постои широк спектар на политики кои се компатибилни и кои содржат елементи од политиката на кластерски развој. Па така, ***кластерската политика е дел од иновативната политика, политиката на регионален развој, но и политиката на развој на мали и средни претпријатија***. Оттука, може да се каже дека постои силна меѓуинституционална преплетеност во мерките и активностите кои се однесуваат на растот на конкурентноста на македонската економија, односно силна меѓусебна поврзаност и координираност во политиките кои директно или индиректно го засегаат кластерскиот развој. Се смета дека токму таа силна институционална

поврзаност и координација е причината за позитивниот резултат во кластерскиот развој по 2006 година, од кога што се формирани најголемиот број на кластерски иницијативи во земјава.

Дека на индустриските кластери како нов феномен во Република Македонија им се посветува доволно внимание говори фактот што истите се составен елемент од скоро сите позначајни стратешки документи од областа на економската развојна политика. Па така, Владата на Република Македонија во својот ***Национален развоен план за 2008-2013***[124], ја истакнува својата стратешка определба за поддршка на претприемништвото и малите и средни претпријатија, каде што кластерите, заедно со бизнис инкубаторите, ги посочува за клучни елементи во делот на изградба на инфраструктурата за поддршка и унапредување на работата на претпријатијата. Во ***Програмата на Владата на Република Македонија за периодот 2011-2015*** година, кластерите се вбројани меѓу клучните инструменти за подобрување на конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија, при што Владата ќе се залага за зајакнување на технолошката соработка во рамките на кластерот, како и подобрување на врските со науката и истражувачките организации. Воедно, во Програмата, во делот за *децентрализација и регионален развој*, Владата на Република Македонија ќе се залага за создавање на конкурентни плански региони - динамични и одржливи во развојот по примерот на европските региони/општини. Министерството за економија им посветува особено внимание на кластерите во два клучни стратешки документи од областа на економската политика: во ***Индустриската политика на Република Македонија 2009-2020***, како и во Програмата за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија. Владата на Република Македонија, следејќи ги искуствата на соседните држави почнувајќи од 2009 година, донесува годишна ***Програма за поддршка и развој на кластерското здружување во Република Македонија*** со што јасно ја потврдува својата проактивна улога во развојот на кластерското

[124] Влада на Република Македонија, Национален развоен план 2008-2013, Просперитетна економија

вмрежување во земјата во функција на подобрување на конкурентноста и одржлив економски развој.

Во продолжение на трудот ќе разработиме модел на кластерската политика во функција на локалниот и регионалниот економски развој, а врз основа на емпириските истражувања за успешни примери на кластерската политика изнесени погоре во трудот.

### *5.1.2. Основни елементи на моделот на кластерска политика*

Моделот на кластерска политика кој е применлив за македонската економија е во согласност со заложбите за создавање на конкурентна економија базирана на знаење, што впрочем е дефинирано во сите стратешки документи кои ги дефинираат параметрите на долгорочниот економски развој.

Се има предвид и фактот што индустриската политика на Република Македонија за периодот 2009-2020 година е усогласена со индустриската политика на ЕУ. Истата е проактивна и претставува збир на владини мерки за поттикнување и поддршка, создавање и развивање конкурентна домашна индустрија подготвена за настап на глобалниот пазар, базирана на знаење, иновации и соработка меѓу актерите на индустрискиот развој.

Обновената ***индустриска политика во ЕУ***, базирана врз препораките на Лисабонската стратегија, ги промовира истражувањата, креирањето знаење и имплементација на технологии. Таа е ***хоризонтална*** по природа и упатува на соработка со другите политики за забрзување на пристапот кон пазарот, со охрабрување за создавање нови фирми и конкуренција, градејќи ја конкурентноста врз основа на иновативност. Владата има функција на катализатор и промотор на развојот, а не презема активности за директна интервенција во индустријата -индивидуални сектори.

И покрај фактот што согласно силниот централизиран пристап во индустриската, но и регионалната политика во Република Македонија, најмногу ѝ соодветствува моделот на централизирана кластерска политика каде што цел на политиката, која е централно координирана на национално ниво е подобрување на конкурентската предност на индустријата, сепак, со оглед на сѐ поголемиот фокус кон политиките на регионална, односно локална конкурентност, оптималниот модел на кластерска политика кој ќе биде во функција на локалниот, односно, регионален економски развој е моделот на ***интегрирана кластерска политика*** кој вклучува значителна координација помеѓу политиките на сите нивоа.

Следејќи ги рамките поставени во Индустриската политика на РМ, Владата ќе ги креира пошироките рамковни услови, ќе создаде амбиент за поттикнување на конкурентноста, односно развојот на иновативноста, малите и средни претпријатија, инвестициите, истражувањето и развојот, без селективно таргетирање на определена индустрија.

Формулирањето и имплементацијата на ***интегрирана кластерска политика*** е комплексен процес и подразбира координација на политиките на сите институции (министерства, агенции и сл.) од различни полиња на политиките (и тоа вклучувајќи ја политиката на истражување и развој, регионалната политика, фискалната политика, политиката на образование и обука, политиката на транспорт и урбано планирање) и на сите политички нивоа (централно, регионално и локално). Координацијата, притоа, треба да биде како на ниво на поширокта рамковна политика (макроекономска политика, инфраструктура, тематски политики и регулатива), така и на ниво на специфичните програми за поддршка на кластерите. Ова значи потреба од повеќедимензионален пристап во креирањето на кластерската политика.

Оптималниот модел на кластерската политика кој ќе биде во функција на локалниот и регионален економски развој ќе биде структуриран на три нивоа: ***национално, регионално и локално***, при што е потребна силна координација на мерките и активностите, со цел максимизирање на резултатите.

***Интегрираниот пристап во кластерската политика е во согласност со Индустриската политика на РМ*** во која се вели дека:

"*Современата индустриска политика се развива и делува како интегрирана политика во координација со другите политики. Таа е тесно поврзана со политиките на: образование, наука и иновации, регионален развој, одржлив развој, животна средина, МСП и претприемништво, трговија, СДИ, внатрешен пазар, вработување и конкуренција. Оваа комплексност е многу важна и за креирањето и за спроведувањето на индустриската политика, а за ефикасна имплементација на истата е потребен амбиент на доверба и широк национален консензус кој ги третира конкурентноста и претприемништвото од перспектива на раст и развој во целост почитувајќи ги принципите на државна помош. Индустриската политика е применлива на национално и регионално ниво. Таа го поттикнува развојот на проактивни, иновативни региони кои економски се специјализираат согласно нивните автентични конкурентни предности. Мерките на индустриската политика го поддржуваат регионалниот развој на учесниците и нивните активности за дефинирање и имплементирање на единствени и успешни регионални развојни стратегии.*"

- **Улогата на властите на национално ниво** во кластерската политика е во делот на креирање на поволни макроекономски услови, како и поволна деловна клима за развој на претприемништвото и поттикнување на нови инвестиции преку координација на:
  - Индустриската политика
  - Политиката за иновативност и политиката за истражување и развој
  - Политиката за мали и средни претпријатија
  - Политиката за регионален развој
  - Политиката за инвестиции
  - Политиката за образование итн.

Воедно, властите на централно ниво ќе обезбедат:

  - Административно-правна рамка (регулатива) за непречен кластерски развој
  - Институционална инфраструктура
  - Физичка инфраструктура.
- **Улогата на институциите на регионално ниво** во кластерската политика е во делот на имплементација на политиките на централно ниво со цел создавање на услови за развој на регионалната конкурентност преку развивање на Програми за развој на планските региони кои ќе имаат кластерски пристап, односно ќе бидат насочени кон мерки и активности кои ќе поттикнат развој на иновативноста во следните сегменти:
  - Брендирање и развој на туризмот
  - Поддршка на малите и средни претпријатија
  - Поттикнување на инвестиции итн.
- **Улогата на властите на локално ниво** во кластерската политика е во делот на создавање на поволна деловна клима на локално ниво со цел развој на локалната конкурентност преку кластерски пристап во развивањето на Стратегиите за локален економски развој, односно креирање на претприемничка клима и тоа преку мерки и активности во следните сегменти:
  - Подобрување на административните процедури (едношалтерски систем, ИСО стандардизација и сл.)
  - Поддршка на развојот на претприемништвото
  - Стимулирање на инвестициите
  - Развој на човечки ресурси
  - Учество во формирање на локални и регионални развојни агенции
  - Воспоставување на локална мрежа на институции и агенции за промовирање на партнерства
  - Обезбедување на базичната инфраструктура
  - Обезбедување на поддржувачки услуги за малите и средни претпријатија

- Обезбедување на информации за малите и средни претпријатија
- Промоција итн.

Во основата на моделот на кластерска политика е ***пристапот на тројна спирала (triple helix)*** (графикон 37), кој се карактеризира со создавање на цврсти врски помеѓу:

- **властите** (на централно, регионално и локално ниво) кои ќе обезбедат административно-правна рамка за квалитетен развој на кластерите, ќе ги создадат оптималните услови за подобрување на квалитетот на животот, ќе ги направат потребните реформи за подобрување на деловната клима, односно условите за почнување на бизнис, развој на претприемништвото и нови инвестиции, ќе обезбедат финансирање за базичните проекти од областа на истражувања и развој, меѓу другото, ќе креираат институционална инфраструктура (лаборатории, технолошки паркови, технолошко-индустриски и развојни зони, инкубатори и сл.), како основа за преземање на иновативни проекти, грантови за мали и средни претпријатија за проекти за истражување и развој итн.
- **академските институции** (универзитети, научно-истражувачки центри, институти и сл.), како расадник на претприемачи и промотори на претприемачката култура, кои ќе обезбедат техничка помош и образование, ќе ја стават на располагање истражувачката инфраструктура, ќе обезбедат развој на човечки ресурси за потребите на бизнисот, ќе поттикнат партнерства итн. и
- **бизнис секторот** кој ќе обезбеди технички знаења и вештини, производен маркетинг, ќе презема применети истражувања итн.

Имено, кластерот треба да послужи како инструмент за воспоставување на цврсти врски и дијалог помеѓу јавниот и приватниот сектор и академските организации, што ќе резултира во креирање на мерки и активности за потребите на бизнис секторот, но и комерцијализација на научните достигнувања, што е во согласност со заложбите за креирање на конкурентна економија базирана на знаења.

**Графикон 37: Пристапот тројна спирала (*Triple Helix*)**




*Извор: Составено од авторот користејќи повеќе извори*

Всушност, кластерите би требало да се развиваат преку интегрирана кластерска развојна стратегија, развиена и поддржана од релевантните владини министерства, впрочем, што е пракса на многу европски земји (на пример, Хрватска од нашето потесно опкружување). Интегрираната кластерска стратегија ќе се состои од четири елементи кои се надградуваат еден со друг (графикон 38).

Графикон 38: Модел на кластерска политика (интегрирана кластерска стратегија)




*Извор: Составено од авторот користејќи повеќе извори*

- **Елемент 1: Макроекономски рамковни услови.** Стабилна макроекономска политика и фискална консолидација се неопходните макроекономски рамковни услови кои ќе обезбедат креирање на нови работни места, раст на извозот и економски развој на кластерот. Макроекономските и фискалните политики не се типични кластерски специфични политики, но тие се значајни бидејќи го креираат општото бизнис опкружување на земјата. Овој елемент на моделот на кластерска политика е во надлежност на властите на централно ниво, односно на Владата на РМ во координација со Народната банка на РМ.
- **Елемент 2. Структурни рамковни услови, вклучувајќи ја инфраструктурата, функционални пазари на стоки, услуги и работна сила и регулативата, односно правната рамка.** Стабилни макроекономски услови се неопходни, но не и доволни за економски раст и креирање на нови работни места. Функционалните пазари и слободното движење на капиталот, работната сила, стоките, услугите и знаењето креираат динамични пазари кои овозможуваат поволни услови за развој на кластерот. Функционални пазари се постигнуваат по пат на дерегулација, додека, пак, регулативата може да воспостави нови пазари и да овозможи инвестиции во инфраструктурата, образованието, истражувањето и развојот. Дополнително, регулаторни прилагодувања во областа на даночната политика и политиката на конкурентност, се воедно значајни инструменти на структурната политика, кои имаат влијание врз развојот на кластерите. Овој дел од моделот на кластерската политика е во надлежност на властите на централно ниво, но воедно властите на локално ниво можат да интервенираат во областите од нивна надлежност (даночна политика, инфраструктура, олеснување на административните процедури и сл.). Политиките и програмите од овој елемент од моделот се кластерски специфични и истите треба да ги имаат предвид специфичните потреби на различните индустрии, но и

специфичните потреби на различните нивоа во развој на кластерите.

- **Елемент 3: Тематски програми за проектно финансирање и политики кои не се кластерски специфични во областа на истражувањето и развојот, иновативноста, трансферот на технологија, развојот на претприемништвото и малите и средни претпријатија, инвестициите, меѓународната соработка, образование и тренинг.** Во рамките на интегрираната кластерска политика, кластерите ќе имаат корист од програми и политики кои не се кластерски специфични, односно не ги засегаат директно кластерите, но можат да дадат поттик во кластерскиот развој. Ова особено се однесува на иновативните политики и програми како на пример: *програми за развој на иновативноста и истражувањето и развојот, комерцијализација на научните истражувања, канцеларии за трансфер на технологија, поддршка на организации од областа на истражување и развој, технолошка инфраструктура* (лаборатории, технолошки паркови итн.), *политики за истражување* (од страна на универзитетите, институтите, МАНУ, стратешки истражувачки програми), *програми за поттикнување на претприемништвото и малите и средни претпријатија, политики за интернационализација* (промоција на извозот, меѓународна соработка и сл.), *политики за привлекување на инвестиции* (домашни и странски), *политики за образование и обука и политики на регионален развој.*

> Примери за технолошка инфраструктура:
> *Техничкиот истражувачки центар во **Финска** кој поддржува применети истражувања;*
> *Напредната технолошка група од **Данска** која претставува мрежа од 9 независни истражувачки организации;*
> *Организацијата за применети научни истражувања во **Холандија*** итн.

- **Елемент 4: Интегрирани кластерски програми.** Таквите програми треба да се состојат од два елемента:
  - **Прво,** финансиска и/или техничка помош за развој на капацитетите на кластерските организации
  - **Второ,** паметни тематски и програми за вмрежување (фокусирани истражувања и развој, бизнис развој и тренинг) кои се однесуваат на специфичните развојни потреби на членките на кластерот за да:
    - им се развијат нивните капацитети и
    - за да се олеснат заедничките проекти кои се во насока на развој на кластерот.

Тоа значи дека кластерите и неговите членки добиваат поддршка од една интегрирана кластерска програма.

> Пример за интегрирана кластерска политика:
>
> ***Баварската кластерската иницијатива*** *претставува програма за поттикнување на конкурентноста на Баварија преку промовирање на соработката помеѓу компаниите и истражувачките организации во 19 стратешки области. Покрај техничка и финансиска поддршка на кластерските организации, истата вклучува буџет наменет за истражувања и развој за членките на кластерот.*

Идеално, би требало да има различни интегрирани кластерски програми со цел да се опфатат специфичните развојни потреби на ***кластерите во различни фази на развојот:***

- кластерски програми *за кластери во фаза на раѓање*;
- кластерски програми *за зрели кластери* (национални шампиони и светски кластери) и
- кластерски програми *за кластери во транзиција* (кластери во фаза на преструктурирање и кластери во растечки индустрии).

Ваков пристап ќе обезбеди максимално задоволување на потребите на кластерите. Ова од причина што мерките и активностите за, на пример, кластерот на кондиторски производи кој е релативно нов, креиран во 2010 година, не можат да бидат исти со мерките и активностите на кластерот за информатичка технологија кој ги има сите карактеристики на зрел кластер и следствено бара поинаков пристап во поддржувачката политика.

Во оваа смисла можеби е потребно кластерските програми да се разликуваат и ***според нивото на политики*** на кое се креираат, односно:

- кластерски програми на *национално ниво;*
- кластерски програми на *регионално ниво* и
- кластерски програми на *локално ниво.*

Од аспект на ***видот на кластерот*** можеме да разликуваме:

- кластерски програми за *индустриски кластери*;
- кластерски програми за *кластери од областа на туризмот* и
- кластерски програми за *кластери од областа на високата технологија.*

Оваа класификација ќе овозможи полесно дефинирање на индикаторите за различните видови кластери и полесно следење на резултатите.

Сепак, многу е значајно да се дефинираат прецизни критериуми пред да се алоцираат значителни средства од буџетот (на централно или локално ниво сеедно) за специфични кластерски програми.

Функционирањето на кластерите треба да биде препуштено на пазарните услови и секоја интервенција на политиките во смисла на акредитирање на кластерските здруженија или тежнеење кон нивна формализација може да биде демотивирачка за членките во кластерот. Оттука, улогата на властите треба да биде во рамките на обезбедување на поддржувачка политика.

Сепак, кога властите се одлучуваат да финансираат кластерски иницијативи, потребно е да постои сет на индикатори кои би биле во насока на што порационална алокација на средствата и, секако, што

подобри резултати во смисла на зголемен број на работни места, зголемен извоз, зголемени инвестиции, поголема додадена вредност итн.

Најчесто во светот се практикува бројот на работни места кои ги креира одреден кластер, или извозниот капацитет. Врз основа на овие индикатори можат да се идентифицираат кластери кои можат да бидат национални шампиони, односно кластери кои имаат силно влијание врз создавањето на БДП за земјата, регионот или локалната заедница, но и кластери кои можат да прераснат во светски кластери и за кои би биле потребни посебни мерки и активности за нивна промоција и интернационализација. Од таа причина, формулирање на специфични кластерски програми за различните фази од развојот на кластерот е многу важен. Тоа ќе го направи следењето на резултатите полесно, а воедно ќе обезбеди финансиска поддршка на сите кластери, а не само на зрелите и веќе етаблирани кластери. На таков начин ќе им се овозможи на кластерите во транзиција полесно да се преструктурираат, што може да биде од клучно значење, особено доколку кластерот е со силен развоен потенцијал.

Секако, по фазата на идентификација на кластерите, следува процес на формулирање на кластерската специфична политика со прецизни мерки и активности, како и индикатори за полесно мерење на резултатите. Последната фаза од процесот на формулирање на кластерска политика е процесот на евалвација на потребата од корективни активности во наредниот период со цел да се обезбеди рационална алокација на ресурсите во насока на остварување на општата цел-подобрување на конкурентноста, односно, подобрување на локалниот и регионален развој на РМ.

### *5.1.3. Улогата на владата во кластерскиот развој*

Во предложениот **Интегриран модел на кластерска политика,** владата ја има носечката улога. Таа е одговорна и присутна во сите елементи на моделот; таа е одговорна за креирање на рамковните услови, но и за формулирањето и имплементацијата на специфичните кластерски

политики. Имено, со оглед на фактот дека Владата треба да креира позитивно бизнис милје за развој на кластерите, нејзината улога е да креира административно-правна и институционална рамка, како и инфраструктура (физичка и мека) која ќе обезбеди услови за развој на кластерите и јакнење на нивните конкурентски предности. Особено е значајно да се земе предвид централизираниот пристап во индустриската политика, но и политиката на регионален развој, што, пак, значи дека токму владата ќе ги создаде сите стратешки политички рамки во кои ќе се движат мерките и активностите насочени за кластерскиот развој.

Во таа насока се препорачува формулирање на ***долгорочна стратегија за кластерски развој***, која на едно место ќе ги опфати сите релевантни актери кои се занимаваат со развојот и давање поддршка на кластерите, што ќе резултира во координиран и кохерентен пристап, како и консензус за стратешките рамки за идниот развој на кластерите.

Воедно, со оглед на фактот дека интегрираната кластерска политика е сложен "систем на управување на повеќе нивоа" и предвидува координација на активностите и политиките на различни институции (министерства, агенции, центри за развој на планските региони, општини итн.) потребно е формирање на ***Национално координативно тело за кластери***. Ова тело ќе ги обедини на едно место мерките и активностите на сите актери вклучени во формулирањето и имплементацијата на кластерската политика и ќе претставува платформа за размена на идеи и препораки за унапредување на кластерското вмрежување.

Да ја разгледаме накратко улогата на владата во моделот на интегрирана кластерска политика елабориран погоре во трудот низ еден компаративен процес на постоечкиот и предложениот модел.

**Елемент 1**. Спомнавме дека основната улога на владата треба да биде во обезбедувањето на макроекономска и фискална стабилност со цел да се овозможи позитивен амбиент за економски развој, односно инвестиции и раст на претприемништвото. Во таа насока, одржувањето на ниска инфлација (до 2% како оптимално ниво препорачано од Европската централна банка), стабилниот курс на денарот што ќе резултира во ценовна стабилност и нискиот буџетски дефицит треба да бидат

долгорочни приоритети со цел да се осигури амбиент на доверба и сигурност како за домашните, така и за странските претприемачи и инвеститори. Република Македонија е во групата на земји кои можат да се пофалат со макроекономска и фискална стабилност кои честопати се истакнуваат како клучни за привлекувањето странски директни инвестиции. Па така, просечната стапка на инфлација е 2%, додека буџетскиот дефицит во 2013 година изнесува 4,1% од БДП (за споредба европскиот просек за истата година беше 3,3% од БДП).

**Елемент 2.** ***Структурните рамковни услови,*** односно воспоставувањето на правна рамка, како и инфраструктурата кои ќе стимулираат раст и развој на кластерите, исто така спаѓаат во базичните услови за креирање на позитивен деловен амбиент. Истите се ***кластерски специфични***, што значи дека во формулирањето на правната рамка, како и инфраструктура (институционална и физичка), треба да се земат предвид специфичните потреби на различните типови на кластери. Во оваа смисла, создавањето на ***правна рамка*** за непречено функционирање на кластерот за текстил на пример, бара почитување на потребите на членките на кластерот (пример, стимулативни мерки за увоз на современа опрема за модернизирање на производниот процес). Истото важи и во делот на ***инфраструктурата***, при што освен *физичката* инфраструктура, особено се значајни инвестициите во *мека* инфраструктура (пример, регионални канцеларии на Агенцијата за привлекување на инвестиции и промоција на извозот). Воспоставување правна рамка која ќе обезбеди поволна бизнис клима значи креирање политики кои ќе обезбедат функционални пазари, фер конкуренција и слободно движење на стоките, услугите и капиталот. Тоа значи креирање на стимулативна даночна, трговска и царинска политика, политика на социјални здравствени придонеси, но и креирање на поддржувачка регулатива во областа на малите и средни претпријатија, поттикнување на претприемништвото и инвестициите, поттикнување на истражувањето и развојот, заштитата на интелектуалната сопственост, политика на образование и обука итн. Од друга страна, физичката и институционалната инфраструктура треба да одговорат на специфичните развојни потреби на кластерите, но и на специфичните развојни потреби

на регионите, односно локалните заедници. Во предложениот модел на кластерска политика, улогата на владата во кластерското вмрежување е во насока на создавање на пошироките рамковни услови кои ќе обезбедат *поволна клима за истражување и развој, иновации, поттикнување на претприемништвото, привлекување на странски директни инвестиции* и сл.

Особено е значајно обезбедувањето на соодветна ***регулатива од областа на регионалниот и локалниот развој***, со што ќе се овозможи регионален пристап во индустриската политика, но воедно ќе им се зајакне финансиската самостојност на локалните самоуправи, како би можеле да одговорат на зголемените надлежности кои им се наметнуваат со процесот на децентрализација. Во оваа насока особено е значајно ***исполнувањето на финансиските обврски предвидени со Законот за рамномерен регионален развој***, односно доследно *обезбедување на 1% од БДП годишно* за да се обезбедат поголеми средства за реализација на проекти за рамномерен регионален развој, како и ***ревидирање на методологијата за споделување на даночните приходи со општините***, при што може да се размисли за *зголемување на процентот на ДДВ наменет за општините од сегашните 4,5%, како и зголемување на општинскиот удел во персоналниот данок на доход од сегашните 3%,* со што би се обезбедила поголема финансиска самостојност на локалните власти во имплементацијата на локални развојни политики. Воедно, воведување на *гарантен фонд за аплицирање за проекти финансирани од ЕУ,* може да биде силна ***поддршка на општините во процесот на искористување на средствата од ЕУ*** за развојни проекти.

Со оглед на фактот дека Владата е носител на политиката за регионален развој, се препорачува во креирањето на политиката да се земе предвид кластерскиот пристап во индустриската политика, односно да се инкорпорираат елементи кои ќе овозможат доследно ***имплементирање на индустриската политика на регионално ниво***.

Од аспект на **институционалната поддршка,** значајно е да се обезбеди ***одржлив модел за финансирање на Центрите за развој на регионите***, кои можат да бидат клучни имплементатори на владините политики, но и позитивна врска која ќе ги артикулира развојните потреби

на општините во владините политики. Од аспект на институционалната мрежа која е во насока на поддршка на кластерите во РМ, значајно е да се продолжи со градење на ***инфраструктурата за поддршка на научните истражувања и трансферот на знаења и нови технологии*** (технолошко-индустриски и развојни зони, технолошки паркови, истражувачки центри и сл.), а воедно се препорачува ***регионално дисперзирање на канцелариите за поддршка на инвестициите и промоција на извозот***, со што ќе се овозможи поголема институционална поддршка на регионално ниво за нашите извозници и потенцијалните странски инвеститори.

Со оглед на фактот дека кластерскиот развој е силно детерминиран од соодветна **политика на човечки ресурси**, *образовните институции, а особено универзитетите, треба да одговорат на потребите на кластерите за обезбедување на* ***стручна работна сила***. Следствено, *образовните профили на високообразовните установи треба да се динамични и прилагодливи на потребите на бизнис заедницата*. Воедно, универзитетите треба постојано да обезбедуваат квалитетен ***менаџерски кадар***, како и ***претприемачи*** кои ќе бидат носители на кластерскиот развој.

Република Македонија направи значителни **реформи во делот на создавање на позитивна деловна клима,** за што зборува и фактот дека истата е рангирана во врвните ***10 светски реформатори*** од страна на Светската банка во Доинг Бизнис извештајот, ***4 години по ред***. Реформите во административно-правната рамка се во согласност со европските директиви, што ветува сообразност на политиките со политиките на ЕУ. Со потпишувањето на ***три мултилатерални договори***: 1. *Пактот за стабилност и асоцијација, 2. ЕФТА* (Швајцарија, Норвешка, Ирска и Лихтенштајн) и 3. *ЦЕФТА* (Македонија, Молдавија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово) и ***два билатерални договори за слободна трговија*** (со Турција и Украина), Република Македонија доби **пристап до 650 милионски пазар на слободна трговија**. ***Едношалтерскиот систем*** овозможува регистрација на компанија за само ***4 часа***, додека реформите во областа на ***социјалното осигурување*** придонесоа Република Македонија со ***26,4%*** учество на социјалното осигурување, да се најде во земјите од регионот со најниски давачки од оваа област. Особено се

значајни реформите кои Република Македонија ги направи во сферата на даноците, односно, воведувањето на ***рамниот данок од 10%*** за данокот на добивка и персоналниот данок на доход, што ја карактеризира земјата како даночен рај, односно, делува стимулирачки за странските инвеститори. Во делот на стимулирањето на инвестициите, особено е значајна изградбата на ***технолошко-индустриските и развојни зони***, кои во моментов ги има вкупно 4, а планирани се за изградба уште 7. Понатамошна надградба на мрежата на овие зони и во други региони, заедно со стимулирачките мерки кои се нудат за странските инвеститори во истите ќе претставуваат вистински мотор за унапредување на регионалниот развој, особено доколку во нивната изградба се земе предвид регионалната позиционираност на определени кластери.

Со ***усвојување на низа закони согласно директивите на ЕУ*** постигнат е значителен напредок во деловната клима меѓу кои: Законот за трговски друштва, Законот за едношалтерски систем, Законот за договорен залог, Законот за стечај, Законот за извршување, Законот за лизинг, Законот за Македонската банка за поддршка на развојот итн.

Што се однесува до ***институционалната рамка*** во насока на поддршка на кластерите, формирана е цела мрежа од институции кои на директен или индиректен начин имаат улога во поттикнување на кластерскиот развој. Централна институција која е задолжена за формулирање и имплементација на кластерската политика е ***Министерството за економија.***

***Агенцијата за промоција на претприемништвото на РМ*** во соработка со мрежата на институции за развој на малите и средни претпријатија има значајна улога во промовирањето на развојот на кластерите почнувајќи од 2002 година. Таа е имплементирачкиот орган на Министерството за економија, одговорна за воспоставување на ефективен систем за промоција на малите бизниси, претприемништвото и самовработувањето, како и културата на претприемништво.

Мрежата од институции која го поддржува кластерскиот развој е составена од:

- ***Државни институции***. Министерски комитет за претприемништво и конкурентност, Меѓуминистерка експертска работна група, Заменик на претседателот на Владата одговорен за економски прашања, Национален совет за претприемништво и конкурентност, Министерство за економија, Министерство за образование и наука, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за информатичко општество и администрација, Секретаријат за европски прашања;
- ***Посреднички институции со можност за активно учество.*** Агенција за странски директни инвестиции и промоција на извозот, Агенција за промоција на претприемништвото, Центри за развој на мали и средни претпријатија (12), Стопански Комори, Технолошки паркови (3), Финансиски институции и
- ***Инфраструктура за трансфер на знаења и применети истражувања***. Универзитети (Скопје, Тетово, Битола, Штип), технолошки центри, институти, лаборатории. [125]

**Елемент 3.** Владата ќе развива програми кои ***не се кластерски специфични***, а сепак имаат силно влијание за кластерскиот развој. Такви програми се од областа на истражувањето и развојот, иновативноста, трансферот на технологии, развојот на претприемништвото, малите и средни претпријатија, поттикнувањето на инвестициите, образованието и

---

[125] Владата на РМ има направено особен напредок во делот на образованието, особено со дисперзирањето на наставата на државните универзитети, со што го направи високото образование регионално достапно. Со оваа мерка се постигна значителен пораст во бројот на запишани студенти (околу 80% од завршените средношколци се запишуваат на факултет). Република Македонија одвојува околу 6% од БДП за образование што е просек повисок од повеќето ОЕЦД земји. Сепак, во Извештајот на Светскиот форум за конкурентност за 2013 година, неадекватно едуцираната работна сила се смета за еден од проблематичните фактори за водење бизнис, што значи дека понатамошно прилагодување на наставните програми со потребите на бизнисот ќе биде од клучно значење.

тренингот итн. Многу земји воопшто *немаат специфична кластерска политика, туку истата е дел од политиките кои се дел од овој елемент.*

Индустриската политика на Република Македонија (2009-2020), која е во согласност со индустриската политика на ЕУ и е во правец на имплементација на Лисабонската стратегија, е проактивна, развојна политика ориентирана кон иднината, хоризонтална по природа и не се фокусира на поддржување селектирани индустрии, со цел проактивните македонски компании да ги развијат и зголемат конкурентските способности и да се преориентираат кон производи и услуги со повисока додадена вредност, кои ќе овозможат одржливо долгорочно функционирање на меѓународните пазари.

*Визијата на **Индустриската политика на Република Македонија (2009-2020)** се фокусира на концептот на економски развој кој поддржува охрабрување на домашната индустрија за производство на производи и услуги со повисока додадена вредност, базирани на знаење, иновации и меѓусебна соработка.*

*Таа се базира на развивање на можности за апликативни истражувања и индустриско производство на одржливи, органски и специјализирани високотехнолошки производи и услуги за потребите на меѓународниот пазар, со сопствен дизајн, високо обучена работна сила, модерен менаџерски пристап, користење на истражување и развој.*

Истата делува како ***интегрирана политика*** во координација и тесна поврзаност со другите политики: образование, наука и иновации, регионален развој, одржлив развој, животна средина, мали и средни претпријатија и претприемништво, трговија, странски директни инвестиции, внатрешен пазар, вработување и конкуренција. Оваа комплексност имплицира амбиент на доверба и широк национален консензус кој ги третира конкурентноста и претприемништвото со цел ефикасна имплементација, а за чија цел била формирана Меѓуминистерска група за развој на индустриската политика.

Мерките и активностите на Индустриската политика на РМ (2009-2020) преку кои може да се влијае на забрзувањето на развојот на

македонската индустрија може да се структурираат во пет области на делување (табела 18).

***Табела 18: Области на делување и соодветни мерки и активности на Индустриската политика на РМ (2009-2020)***

| *Области на делување* | *Мерки и активности* |
|---|---|
| *Меѓународна соработка и поттикнување на странски директни инвестиции* | Подобрување и поттикнување на меѓународната соработка на клучните учесници во економскиот развој;<br>Зајакнување на професионалната мрежа за соработка меѓу деловните партнери;<br>Размена на знаења и искуства, учење и развој на менаџмент, маркетинг и други деловни способности;<br>Привлекување на квалификувани кадри за создавање и Промоција на иновативни бизниси и привлекување на странски директни инвестиции. |
| *Применети истражувања, развој и иновации* | Зголемени инвестиции во истражувањата и развојот од страна на јавниот и приватниот сектор;<br>Поттикнување и соработка помеѓу индустријата, научните, истражувачките и владините институции;<br>Развивање на технолошката инфраструктура и технолошко-индустриски развојни зони;<br>Создавање нови производи и услуги;<br>Зголемување на примената на нови технологии;<br>Вработување на истражувачи со повисоко образование и<br>Заштита на правата на интелектуалната и индустриската сопственост. |
| *Еколошки производи и услуги за одржлив развој* | Искористување на енергетските и еколошките поволности како предуслов за создавање на одржливо производство на органски производи;<br>Ваквиот пристап ќе доведе до преструктурирање на клучните индустрии (прехранбената, текстилната, земјоделството, туризмот) и зголемување на |

| | |
|---|---|
| | конкурентноста во однос на сегментираните пазари кои претставуваат голема можност за македонската индустрија. |
| *Развој на малите и средни претпријатија и претприемништвото* | Зголемување на нето растот на новите претпријатија годишно и<br>Промовирање на брзорастечки иновативни мали и средни претпријатија преку подобро финансирање, а преку подобрување на бизнис климата која ќе го поттикне претприемачкиот дух, доживотното учење и ќе ги промовира иновациите. |
| *Соработка во кластери и мрежи* | Заемна соработка во областа на развојот, набавките, продажбата, проширувањето на знаењето и взаемни иновативни решенија, заеднички настап на пазарот, заедничка промоција, заеднички обуки за создавање поефикасна работна сила и сл. Овие квалитети на кластерингот Република Македонија сѐ уште треба да ги развива преку:<br>Зголемување на свеста и обуки;<br>Анализи за поддршка на кластерите и активности за развивање на стратегии за поттикнување на партнерствата во ланците за снабдување и<br>Иницирање на вмрежување со институции за истражување и развој, технолошки центри и индустријата. |

*Извор: Составено од авторот според податоци од Индустриската политика на РМ (2009-2020)*

Клучен предуслов за ефикасно имплементирање на индустриската политика е соработката помеѓу министерствата, јавниот и приватниот сектор и науката со цел добивање информации за креирање на мерки на индустриската политика, дистрибуирање на надлежностите и оценување на резултатите. Искуствата од другите земји покажуваат дека за успешно креирање и имплементирање на индустриската политика неопходно е

создавање на имплементациска структура која подразбира консензус на национално ниво и интердисциплинарен пристап за чија цел е предвидено формирање на Комитет за конкурентност на ниво на министри. [126]

Базирано врз индустриската политика на РМ, Владата на Република Македонија ја креира својата ***политика за поддршка на мали и средни претпријатија и претприемништвото, како и политиката за иновативност,*** а кои содржат мерки и активности кои директно или индиректно се однесуваат на кластерите.

***Политиката за развој на мали и средни претпријатија и поттикнување на претприемништвото*** е преточена во следните клучни програмски документи:

- ***Национална стратегија за развој на мали и средни претпријатија*** (2002-2013) која ги дава генералните насоки за развој и поддршка на претприемништвото и развојот на малите и средни претпријатија преку дефинирање на визија, цели и приоритети во оваа област на економско делување за подолг временски период. Притоа, во делот на промовирање на науката, технологијата и иновативноста во функција на развој на МСП, потенцирано е дека *ќе продолжат активностите за зајакнување на постоечките и основање на нови кластери како фактор за зголемување на конкурентноста на МСП и дека ќе јакне свеста на национално и локално ниво за важноста за здружување во кластери во интерес на конкурентно производство и зголемен извоз.* [127]
- ***Програма за развој на претприемништво, конкурентност и иновативност на малите и средни претпријатија*** која го дефинира спроведувањето на стратегијата. Во Програмата е истакнато дека *покрај поддршката во создавањето и зајакнувањето на МСП мрежите и развој на постоечките МСП кластери, потребни се иницијативи за подигање на свеста, распространување на најдобрите практики помеѓу мотивираните сопственици на МСП и создавање*

[126] Министерство за економија на Република Македонија*, Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020*, јуни 2009, стр. 6-8

[127] Министерство за економија, "*Ревидирана национална стратегија за развој на малите и средни претпријатија (2002-2013")*, Скопје, април 2007, стр. 4,8

*на соодветен форум за дискусија и на крај, рамка за менаџирање на кластерите како целина.* [128]

- ***Годишните програми***, пак, ги содржат конкретните мерки и активности, како и финансиската конструкција за нивно имплементирање.

Стратегијата и Програмата имаат за цел да го поддржат секторот на малите и средни претпријатија преку градење на нова и јакнење на постојната институционална инфраструктура, подобрување на правното опкружување и обезбедување на нефинансиски и финансиски услуги. Во табела 19 е направен преглед на целите и приоритетите на клучните документи од политиката за поддршка на мали и средни претпријатија во РМ.

***Табела 19: Преглед на целите и приоритетите на клучните документи од политиката за поддршка на малите и средни претпријатија во РМ***

| ***Програмски документ*** | ***Цели и приоритети*** |
|---|---|
| ***Стратегијата за развој на малите и средни претпријатија (2002-2013)*** | Подобрување во креирањето на политиката;<br>Поедноставување на правното и регулаторното опкружување;<br>Подобрување на пристапот до финансии;<br>Поедноставување на оданочувањето;<br>Промовирање на информатичката и комуникациската технологија;<br>Науката, технологијата и иновативноста во функција на развој на МСП;<br>Промовирање на претприемништвото во образованието и обуката;<br>Охрабрување на интернационализацијата на МСП;<br>Подобрување на услугите за деловен развој и<br>Јакнење на дијалогот помеѓу приватниот и јавниот сектор. |

[128] Влада на Република Македонија, *Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија (2007-2010), стр. 7, 28*

| | |
|---|---|
| ***Програмата за развој на претприемништво, конкурентност и иновативност на малите и средни претпријатија*** | Зајакнување на институционалната рамка;<br>Подобрување на деловното опкружување;<br>Подобрување на пристапот кон финансии за МСП и поедноставувањето на оданочувањето;<br>Подобрување на конкурентноста и иновативноста |
| ***Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2014-та*** | Развој на малите и средни претпријатија;<br>Имплементација на индустриската политика (поддршка на проекти за зголемување на конкурентноста и поддршка на патенти) и<br>Поддршка и развој на кластерското здружување. [129] |

*Извор: Составено од авторот, врз основа на програмските документи од веб страната на Министерство за економија www.economy.gov.mk*

Со оглед на фактот дека основната цел на кластерското вмрежување е поттикнување на иновативноста на неговите членки, особено е значајно да постои квалитетно ***иновативно милје***. Клучен фактор за подобрување на иновативното опкружување е трансферот на знаење помеѓу универзитетите и бизнис секторот и токму воспоставувањето на квалитетни врски на принципот тројна спирала (*triple helix*) треба да биде една од основните цели на политиката на иновативност.

**Политиката за поддршка на развојот на иновативноста** е преточена во следните програмски документи:

- ***Стратегија за иновации 2012-2020,*** која произлезе од потребата за поголема заложба на Македонија за поголем технолошки раст и развој. Стратегијата треба да создаде платформа со која ќе се овозможи кохерентен пристап за поттикнување и мотивирање на иновациите како основа на секоја економија. Стратегијата за

[129] Значајно е да се спомне дека во делот посветен на имплементација на индустриската политика ќе се имаат во предвид критериумите согласно член 4 од Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2013-2017. (Сл.весник на РМ бр. 88/2013), што значи регионален пристап во имплементацијата на индустриската политика

иновации, посветува особено внимание на зголемувањето на иновативните способности на малите и средни претпријатија и истата е во согласност со националната политика за мали и средни претпријатија заснована на европскиот "закон за мали бизниси."[130] *Амбициозната цел поставена со Стратегијата е* ***да се зголеми процентот кој се одвојува за иновации, истражувања и развој од сегашните 0,22% на 1,8% во 2020 година***.[131]

- ***Националната програма за научно истражување и развој (2012-2016)*** е стратешки документ чија основна цел е насочување на Република Македонија кон креирање на општество кое ќе биде базирано на знаење (*knowledge based society*). Националната програма ги дефинира целите, содржината и опсегот на научните истражувања, при што особено става акцент на координацијата, имплементирањето и финансирањето на научно-истражувачките достигнувања, меѓународната соработка и синергијата со бизнис секторот. Една од петте клучни цели на програмата е: *"развој на отворено општество и конкурентна економија преку поддршка на социо-економскиот развој, економската политика, структурните реформи, образованието, истражувањето, информатичкото општество и целокупниот развој на националниот иновативен систем."*

[130] Еден од најзначајните инструменти кои се предвидени со Стратегијата за иновации 2012-2020 е формирањето на **Фонд за иновации и технолошки развој** кој почна со работа на 1-ви јануари 2014 година. Целта на Фондот е промовирање и поттикнување на иновациската дејност, подобрување на пристапот до финансиски услуги за иновации, развивање на инфраструктура за иновации и технолошки развој и развој на партнерства помеѓу универзитетите, истражувачките центри и нивно вклучување во главните текови во приватниот сектор (комерцијализацијата), за да изгради конкурентна економија основана на знаење. Фондот ги остварува своите цели преку давање на кофинансирани грантови за старт-ап, спин-оф трговски друштва и иновации, кофинансирани грантови за трансфер на технологии, кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации, техничка помош преку деловно-технолошки акцелератори, еквити и мезанин инвестиции, како и поддршка при формирање на приватни фондови.

[131] Просекот кој го налагаат ЕУ и Лисабонската стратегија е 3%, додека сегашниот просек на ЕУ е 2,03%. На првото место во 2012 година била Финска со 3,78% од БДП одвоени за иновации, истражување и развој, а веднаш по неа се Шведска и Данска кои го надминуваат таргетот поставен од Европската стратегија 2020.

- ***Програмата за поттикнување и помагање на технолошкиот развој (2012-2015)*** е национален документ за поттикнување и помагање на технолошкиот развој на Република Македонија. Таа е насочена кон имплементација на Стратегијата ЕУ 2020 која промовира паметен, одржлив и инклузивен развој, фокусирајќи се на зајакнувањето на приватниот сектор и создавањето предуслови за раст и развој, базирани на знаење и иновации. Основна цел на овој документ е да обезбеди поттикнување на факторите за успешно позиционирање на Република Македонија на меѓународниот пазар на знаење и иновации. Преку утврдување на потребата од интензивирање на активностите во функција на забрзан технолошки развој, темелен врз трансфер на знаења, развојни истражувања и иновации, треба да се придонесе кон овозможување економски раст и развој, и подобрување на деловната клима за развој на конкурентската способност на претпријатијата, особено оние кои се посветени на развојот преку сопствени потенцијали поддржани од науката.

***Стратешки цели на Стратегијата за иновации 2012-2020*** се следните:

- *Зголемување на иновативните активности на бизнис секторот*
- *Зајакнување на човечките ресурси за иновации*
- *Креирање регулаторна средина за поддршка на иновациите*
- *Зајакнување на капацитетите на истражувачките институции*
- *Зголемување на интеракциите меѓу чинителите на иновациите и обезбедување стратешки, реален и координиран пристап кон инвестициската политика.*

И покрај тоа што во Република Македонија се воочува значителен напредок во делот на политиките за иновативност, истражување и развој, мали и средни претпријатија, сепак, многу е значајно практичното

спроведување на истите, за што се потребни квалитетни мерки и активности.[132]

**Елемент 4.** Формулирање на ***долгорочна кластерска програма, или кластерска стратегија*** во која ќе се обединат сите актери и политики во врска со кластерскиот развој, ќе обезбеди долгорочен и квалитетен пристап во дефинирањето на насоките за развој на кластерското здружување во земјата. Кластерската стратегија ќе ги дефинира рамките за конкретните програми кои се однесуваат на *зајакнувањето на капацитетите на кластерските организации*, но и програмите кои се однесуваат на поддршка на *конкретни развојни проекти или проекти на вмрежување*. Оваа кластерска стратегија би обезбедила кохерентна рамка за дефинирање на правците во кои би требало да се насочи кластерското вмрежување во земјата, при што ќе се поставаат објективни цели кои истите треба да ги постигнат во насока на јакнење на конкурентноста (национална, регионална или локална) на македонската економија.

Со оглед на тесната поврзаност на политиката за развој на кластерите со политиките за иновативност, истражување и развој, мали и средни претпријатија, претприемништво, образование и обука, долгорочната кластерска стратегија ќе биде усогласена со овие политики, но истата воедно ќе ги надополни и надгради. Кластерската стратегија ќе биде усогласена со европските политики од областа на кластерскиот развој и ќе дава насоки за поефикасно искористување на средствата од европските фондови наменети за кластерски развој.

Базирано на Хрватскиот модел на кластерска стратегија, ***долгорочната кластерска стратегија на РМ*** би се фокусирала на следните стратешки полиња на дејствување:

- Унапредување на управувањето со политиката за развој на кластери;
- Јакнење на кластерите и кластерските здруженија;

[132] Само за споредба, една од најиновативните држави во Европа, Данска, има вкупно 38 национални стратегии за поттикнување на иновативноста и 67 јавни и приватни организации кои ја поттикнуваат иновативноста, Финска има вкупно 24 национални стратегии за поттикнување на иновативноста и 64 поддржувачки организации. Финска е водечка земја во креирање на технолошки чисти кластери со цел да се има поздрава и почиста средина.

- Поттикнување на иновации и развој на нови технологии;
- Јакнење на извозните потенцијали и интернационализација на кластерите;
- Јакнење на знаењето и вештините за развој на кластерите и
- Ефикасно искористување на средствата од фондовите од ЕУ.

Стратегијата би се базирала на опсежна СВОТ анализа на кластерското вмрежување во земјата, на неговите предности, недостатоци, можности и закани, опсежен процес на мапирање на постоечките и потенцијалните кластери во РМ, како и сериозна анализа за потенцијалот за нови кластери, особено во областа на високата технологија.

Од Стратегијата би произлегле **Програми за поддршка на кластерското вмрежување** со прецизирање на мерки и активности во секое од полињата на дејствување. Притоа, може да произлезат ***Програми за различните фази од развојот на кластерите*** (кластери во фаза на раѓање, зрели кластери и кластери во фаза на транзиција), ***Програми за различните типови на кластери*** (индустриски, кластери од областа на туризмот, кластери од областа на високата технологија), како и ***Програми од различни актери*** (национални, регионални или локални).

Во Република Македонија, почнувајќи од 2009 година се донесува ***Програма за поддршка на кластерите*** чија основна цел е:

- Закрепнување на клучните фактори на деловниот успех (знаење, иновативност, претприемништво, технологија);
- Закрепнување на конкурентската способност на македонските претпријатија со поттикнување на извозот, непосредни инвестиции и надворешни инвестиции;
- Воспоставување на законска рамка, кој што овозможува траен и одржлив развој на сите актери на пазарот и
- Рамномерен развој со јакнење на економската виталност на регионите.

Програмата е структурирана повеќедимензионално, па освен што се поддржуваат проекти од кластерски здруженија со цел зголемување на иновативните способности на претпријатијата, се поддржани и проекти

кои се во насока на ширење на свеста за позитивните ефекти од кластерското вмрежување, а воедно поддржани се активности кои се во насока на унапредување на процесот на управување со политиките за поддршка на кластерите.

### *5.1.4. Улогата на властите на локално и регионално ниво во кластерското вмрежување*

Политиката за регионален развој во РМ е силно централизирана, при што Владата на РМ ги утврдува стратешките цели во **Стратегијата за рамномерен регионален развој**, додека Советите и Центрите за развој на планските региони ја утврдуваат **Програмата за развој на планските региони** како 5-годишен документ, а кој во целост треба да биде компатибилен со Стратегијата и програмските документи за интеграција на земјата во Европска Унија.

Локалните власти, пак, имаат сосема поинаква улога која произлегува од делегираните надлежности, согласно Законот за локална самоуправа, при што локалните самоуправи се одговорни за *"локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на малите и средни претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локална мрежа на институции и агенции за промовирање на партнерство."*

Во предложениот ***Модел на кластерска политика***, *Центрите за развој на планските региони,* согласно нивната специфична административна поставеност, (која е различна од онаа во ЕУ каде што регионите се политички субјекти), ***се институциите преку која ќе се имплементира индустриската политика на регионално ниво, следствено и кластерската политика.***

Всушност, со оглед на нивната функција, ***Центрите ќе претставуваат одлична врска помеѓу властите на централно и локално ниво,*** за артикулација на потребите на локалните самоуправи, но воедно и

имајќи ги предвид ингеренциите на Владата при креирање на националните развојни политики.

Многу е значајно во планирањето на Програмите за развој на планските региони, Центрите да успеат да ги идентификуваат потенцијалите за кластерски развој и да предвидат соодветни мерки и активности за нивно унапредување, во согласност со долгорочната кластерска стратегија. На таков начин ќе се обезбеди повеќестепена поддршка на кластерите и следствено, подобри ефекти од кластерското вмрежување.

Локалните власти, пак, имаат сосема поинаква улога која произлегува од делегираните надлежности, согласно Законот за локална самоуправа, при што локалните самоуправи се одговорни за *"локалниот економски развој: планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на малите и средни претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локална мрежа на институции и агенции за промовирање на партнерство."*

Улогата на локалните власти во предложениот **Модел на кластерска политика** ќе биде во ***креирање на политиките на локално ниво за поддршка на кластерите***, во согласност со политиките на централно ниво, а усогласени со развојните потреби на локалните бизниси, односно, кластери. Во оваа смисла особено е значајно креирање на квалитетно локално бизнис опкружување кое ќе обезбеди услови за раст и развој на кластерите.

- ***Центрите за развој на планските региони ќе претставуваат одлична врска помеѓу властите на централно и локално ниво и нивните програми треба да бидат усогласени со кластерската политика на централно ниво.***
- ***Центрите за развој на планските региони се институциите преку кои ќе се имплементира индустриската политика, следствено и кластерската политика на регионално ниво.***
- ***Улогата на локалните власти во предложениот модел на кластерска политика ќе биде во креирањето на поволно локално бизнис милје за раст и развој на кластерите.***
- ***Кластерскиот пристап во политиката на локален економски развој значи обезбедување на локална бизнис клима која ќе ја поттикне иновативноста, како најзначаен фактор за подобрување на локалната конкурентност.***
- ***Кластерите се идеален инструмент за промоција и брендирање на локалната заедница, за поттикнување на претприемништвото и нови инвестиции на локалните власти.***
- ***Партнерството со локалните и регионални развојни агенции кои можат да бидат имплементирачката структура за кластерската политика на локално, односно, регионално ниво е од исклучително значење за растот и развојот на кластерите.***

***Улогата на властите на локално ниво*** во предложениот модел е согласно дефинираните активности кои локалните власти треба да ги преземаат согласно Законот за локална самоуправа и тоа:

- ***Планирање на локалниот економски развој и утврдување на развојните и структурните приоритети***. Улогата на властите на локално ниво во кластерската политика е во делот на создавање на поволна деловна клима на локално ниво со цел развој на локалната конкурентност преку кластерски пристап во развивањето на ***Стратегиите за локален економски развој***. Стратегиите за локален економски развој треба да бидат усогласени со останатите програмски документи на централно и регионално ниво, со што ќе се обезбеди континуитет во поддржувачките политики. Ова се однесува особено на политиката за поддршка на кластерското вмрежување, при што *мерките и*

*активностите на локално ниво треба да бидат во согласност со долгорочната кластерска стратегија.* Врз основа на Стратегиите за локален економски развој се донесуваат ***Програми за локален економски развој*** (вообичаено годишни) кои, исто така, ќе имаат кластерски пристап и ќе обезбедат квалитетна деловна клима за бизнис развој. ***Политиката за локален економски развој ќе обезбеди услови за поттикнување на иновативноста, како најзначаен фактор за подобрување на локалната конкурентност.*** Во планирањето на политиките за локален економски развој, локалните власти треба да ги идентификуваат потребите на постоечките, но и потенцијалите за развој на нови кластери, при што Програмите за локален економски развој треба да предвидуваат *конкретна поддршка за перспективни и зрели кластери*, но и *мерки и активности кои на индиректен начин позитивно ќе влијаат врз нивниот раст и развој.*[133]

Во многу земји каде што е изразена улогата на локалните власти во кластерскиот развој, локалните самоуправи назначуваат ***лице одговорно за развивање на кластерската политика на локално ниво.*** На таков начин се обезбедува подобрена комуникација помеѓу властите на централно, регионално и локално ниво, со цел координација на политиките и активностите на сите актери, но и подобрена комуникација помеѓу властите на локално ниво и бизнис секторот, при што најсоодветно можат да се артикулираат потребите на кластерите во локалните развојни политики.

- ***Поддршка на развојот на малите и средни претпријатија и на претприемништвото.*** Кластерскиот пристап во поддршката на развојот на малите и средни претпријатија и претприемништвото на локално ниво, значи дека локалните власти ќе ги земат предвид потребите на кластерите во процесот на креирање на политиките. Притоа властите на локално ниво можат да предвидат:

[133] Како на пример: мерки и активности за олеснување на административните процедури (едношалтерски систем, ИСО стандардизација и сл.), во делот на обезбедување на физичка инфраструктура, даночни стимулации во делот на комуналните трошоци, политиката за развој на човечки ресурси (преквалификации, усогласување на средното стручно образование со потребите на бизнисот, обуки за менаџерите и сл.), итн.

- ***мерки и активности кои директно се во насока на поддршка на кластерите***, или
- ***мерки и активности кои не се кластерски специфични, но имаат директно влијание врз развојот на иновативноста, следствено го помагаат развојот на кластерите.*** Пример за такви мерки се следните: *бизнис инкубатори, слободни економски зони, промоција* (извозна, за инвестиции, туристичка и сл.), *брендирање* (на локалната заедница, на локални производи, туристичко брендирање и сл.), *бизнис центри за советодавна помош, аналитички информации, мерки за унапредување на синџирите на добавувачи* итн.

- ***Учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции за промовирање на партнерства.*** Искуствата од успешните кластери во светот говорат дека кластерите ја имаат добиено најголемата поддршка од регионални или локални развојни агенции. Следејќи ги овие искуства, локалните самоуправи во Република Македонија треба да се охрабрат во формирањето на регионални или локални развојни агенции кои ќе бидат имплементирачката продолжена рака на локалните самоуправи, односно кои ќе спроведуваат проекти за поддршка на кластерските здруженија во согласност со локалните и националните развојни политики.

Локалните власти можат да имаат клучно влијание за понатамошниот развој на определен кластер и соодветно квалитетно формулирање на кластерската политика на локално ниво бара сериозен пристап. Поттикнувачките мерки за кластерско вмрежување можат да дадат силен импулс во понатамошната концентрација, па дури и пренесување на деловните активности во определена локална заедница. Со оглед на фактот дека локалните власти имаат слобода во креирањето на локалните развојни политики, истите треба да имаат способност да препознаат потенцијал за кластерско вмрежување и да создадат услови за извлекување на максимална корист од истото (во смисла на нови работни места, нови инвестиции, можност за промоција итн.). Долгорочните

ефекти од кластерското вмрежување можат да бидат многу значајни за локалната економија, па постоењето на свест за развој на кластерска политика на локално ниво треба да биде приоритет на сите модерни, европски ориентирани локални самоуправи.

## 5.2. Тестирање на моделот преку емпириски истражувања

Тестирањето на моделот на кластерска политика во чија основа се наоѓа пристапот на тројна спирала (*triple helix*) го правиме врз два кластери:

- Кластерот за вино, храна и туризам и
- Автомобилскиот кластер

Моделот кој опфаќа четири елементи во својата основа ги разгледува макроекономските рамковни услови; структурните рамковни услови; тематските програми за финансирање во областа на: истражувањето и развојот/иновациите, трансферот на технологија, развојот на претприемништвото и МСП, извозната промоција, меѓународната соработка и образование и обука на централно, регионално и локално ниво и кластерските програми.

Пристапот на тројна спирала (*triple helix*), пак, ги вклучува клучните чинители на иновативното опкружување на кластерот и тоа: владата (на централно, регионално и локално ниво), бизнис секторот и академските институции.

### *5.2.1. Кластер за вино, храна и туризам*

Македонија им припаѓа на таканаречените “стари лозарски земји”, како што се Франција, Италија и Шпанија.[134] Комбинацијата на поволна клима и голем број сончеви денови, како и квалитетот на земјата, резултираат со одлична зрелост и квалитет на виновата лоза за производство на квалитетно вино. Просечното годишно производство на

[134] Единица за координација на БЕРИС проектот, Министерство за економија, *Завршен извештај “Техничка помош за ревизија и имплементација на Националната стратегија за развој на туризмот на РМ (2009-2013)”*, 15 февруари 2011

вино е околу 90 милиони литри од кои околу 80% се извезуваат. Виното е едно од најзначајните извозни производи, во регионот и во земјите од ЕУ. Производство на супериорно, препознатливо вино е иден предизвик за македонските винарници. ***Винскиот туризам,*** пак, во Република Македонија претставува нова категорија на развојот, која зазема посебно место во стратегиските цели.

Дека Република Македонија е винска земја во која производството и трговијата со вино е еден од најзначајните сектори, потврдува и фактот што на самиот почеток на ***Проектот за конкурентност на Американската агенција за развој – УСАИД во 2003*** како еден од петте сектори кои се истакнаа по трите евалвациски критериуми: лидерство, претприемништво и влијанието врз Република Македонија беше избран кластерот за вино. Воедно, во првите пет најзначајни стратешки сектори во Република Македонија беше избран и кластерот за туризам.

Базирајќи се на искуствата во светот (Калифорнискиот вински кластер како школски пример за кластерско вмрежување), во рамките на проектот почна иницијатива за соработка на кластерот за вино со кластерот за туризам, по пат на формирање на Фондацијата вински пат.

***Фондацијата "Тиквешки вински пат***" е кластер на храна, вино и туризам, основана во јули 2006 година од 4 локални самоуправи: Кавадарци, Неготино, Росоман и Демир Капија и претставници од приватниот сектор. Фондацијата е поддржана од Министерството за економија, Министерството за култура, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство[135] и Факултетот за туризам од Охрид. Фондацијата е составена од 36 членки од приватниот сектор, невладини организации, институции и музеи. ***Фондацијата работи во три сектори: туризам, вино и рурален туризам***. Од 2010 година Фондацијата функционира како кластер за храна, вино и туризам.

***Мисијата на кластерот е*** економски развој на Тиквешкиот регион преку развој на алтернативниот туризам, виното и земјоделството. ***Целта на кластерот*** е развој на винските патишта во Република Македонија,

[135] Фондацијата е регистрирана како социо-економски партнер на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, што ја потврдува заложбата за една од основните функции на кластерот-подобрување на јавно-приватниот дијалог.

развој на инфраструктура за функционирање на винските патишта, промоција на странските пазари, вмрежување во меѓународни мрежи на вински патишта[136], едукација и развој на алтернативниот туризам во Тиквешкиот регион.

Помеѓу ***активностите*** кои ги имаат преземено до сега се вбројуваат: изработка на студија за развој на туризмот во Тиквешијата, креирање на винскиот пат, поставување на патни ознаки, едукација на членките, тест тури во кои се утврдени слабите и силните страни, изградба на првиот Музеј на виното во Неготино и негова промоција, партнери во создавање на Туристички информативен центар во Неготино (Желкова куќа), учество и организација на манифестации, промоција на Тиквешкиот регион итн. Во понатамошниот период се предвидуваат активности за проширување на кластерот за вино, храна и туризам во Тиквешијата.

Во рамките на проектот ***"Зајакнување на одржливи врски и кластерски развој во туристичката индустрија на Република Македонија со цел намалување на сиромаштијата и стимулирање на економски раст"***, спроведен од Министерството за економија, а финансиран од УНИДО, Тиквешкиот вински туристички кластер, заедно со Охридскиот езерски кластер, се идентификувани како два клучни кластери за развој на туризмот во Република Македонија. Од приложената ***СВОТ анализа за туристичко - винскиот кластер***, можат да се идентификуваат силните и слабите страни, како и заканите и можностите.

| | |
|---|---|
| ***Силни страни*** | Историја и традиција-Тиквешкиот регион има историја поврзана со винскиот туризам во минатото и силен вински идентитет и традиција во производството на вино;<br>Постоењето на повеќе од 70 винарници;<br>Лесна достапност-лоциран во централниот дел на Македонија-Тиквешкиот регион е на самиот Е-75 меѓународен европски коридор;<br>Присуство на културно наследство и природни убавини-цркви, манастири, кањонот Демир Капија и Тиквешкото Езеро;<br>Неколку културни настани посветени на виното и<br>Близината до археолошкиот локалитет Стоби. |

[136] Во 2009-тата Фондацијата стана членка на *Iter Vitis* –Културни патишта на Западна Европа, во друштво со 19 други земји меѓу кои и Франција, Италија, Шпанија, Португалија и други.

| | |
|---|---|
| ***Слаби страни*** | Само неколку винарници имаат туристички активности како што е тестирањето на вино;<br>Винарниците се разделени од лозјата;<br>Само една винарија има сместувачки капацитети;<br>Недоволно сместувачки капацитети во градовите Неготино, Демир Капија и Кавадарци;<br>Недостаток од компетентни лица (вински експерти, гастрономи и сл.);<br>Недостаток од организирана промоција на винскиот идентитет на регионот и<br>Слаба продажна стратегија. |
| ***Можности*** | Владините програми за поддршка на руралниот туризам преку ИПАРД фондовите;<br>Постоењето на неколку организации кои би можеле да го забрзаат развојот на винскиот туризам (Фондацијата "Тиквешки вински пат", Тренинг центарот за рурален туризам ЦЕНЕТ, Тренинг центарот Камник итн.) и<br>Глобалниот тренд на зголемен интерес на туристите за автентичен туризам, при што винскиот туризам ја гледа својата можност за развој. |
| ***Закани*** | Некои од земјите во регионот, а особено Србија, интензивно го развиваат винскиот туризам;<br>На глобалните пазари, винскиот туризам се развива во целиот свет и<br>Политички промени, што можат да ја загрозат соработката помеѓу општините во креирање на заедничка туристичка понуда. |

Изнесените силни страни, секако претставуваат многу силна основа за натамошен развој на туристичко-винскиот кластер. Најголем дел од нив се наследени и дадени, а дел од нив се креирани (зголемен број нови винарници, културни настани посветени на виното). Слабите страни, од друга страна, укажуваат дека мора да се вложуваат сериозни, дополнителни напори за нивно отстранување, во што е можно покус рок. Можностите, секако, треба да се искористат што поцелосно и со зголемен интензитет, и тоа во сите идентификувани области, без одлагање. Што се однесува до заканите, иако во случајот со македонскиот туристичко-вински кластер доаѓаат, главно, од надворешното, меѓународно опкружување, тие треба будно да се следат, и соодветно да се дејствува.

Се смета дека создавањето на цврсти врски помеѓу членките на кластерот, но и помеѓу останатите чинители, а особено властите на локално ниво, зајакнувањето на човечкиот потенцијал во областа вински туризам, како и креирањето на уникатен маркетинг микс за иновативниот туристички производ ќе бидат од клучно значење за успехот на туристичко-винскиот кластер.

**Графикон 39: Интегриран кластерски пристап во политиките на поддршка на кластерот за храна, вино и туризам**




*Извор: Составено од авторот*

Во графиконот 39 даваме ***преглед на мерките и активностите*** кои се преземени преку интегриран кластерски пристап на политиките на

*Владата на РМ, Центрите за развој на планските региони* како извршители на политиките и *локалните самоуправи* како директно одговорни за политиките за локалниот економски развој.

Како што може да се види во сите три аспекти на интегрираниот кластерски пристап (макроекономски рамковни услови, структурни рамковни услови и тематски програми), постојат елементи на активна политика и поддршка на развојот и на натамошното унапредување на овој кластер, пред сѐ, на национално ниво (макроекономска и фискална стабилност; Закон за вино и Закон за туристички развојни зони). Исто така, тематските програми кои се преземени на национално, регионално и локално ниво, зборуваат за активен однос и поддршка, што на туристичко-винскиот кластер му се даваат на сите три нивоа.

Во низа програмски документи се предвидени мерки и активности кои директно или индиректно го помагаат развојот на кластерот за вино, туризам и храна (види табела 20).

***Табела 20: Преглед на програмски документи на Владата на РМ за поддршка на кластерот за вино, храна и туризам***

| ***Програмски документ*** | ***Врска со кластерот за вино, храна и туризам*** |
|---|---|
| ***Националната стратегија за рурален туризам 2012-2017***[137] | Винскиот туризам е дефиниран како ***особено атрактивна гранка*** во концепт на руралниот туризам за Вардарскиот регион, но и останатите региони со мали винарници и традиционално угостителство |
| ***Националната Стратегија за развој на туризмот (2009-2013)***[138] | Го смета винскиот туризам за едно од ***перспективните, нови концепти на туризам*** кој, главно, бил развиен од Фондацијата "Тиквешки вински пат". На оваа форма на туризам треба да се гледа како концепт на рурален туризам со тематика-вино, при што се предлага, покрај посетите на винарниците и капацитетите за производство и |

[137] Министерство за економија на РМ, *"Национална стратегија за рурален туризам за период од 2007-2013"*, Скопје, 2007

[138] Министерство за економија на РМ, "*Национална стратегија за развој на туризмот (2009-2013),* Скопје 2008

| | |
|---|---|
| | тестирање на вино, да се вклучи целосно руралната средина во поголема област на производство на вино.[139] |
| ***Програма за користење на средствата од Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на ЕУ (ИПАРД) за период 2007-2013*** | Во рамките на мерката 302, за ***развој на руралниот туризам,*** предвидена е поддршка за *реконструкција и адаптација на рурални сместувачки капацитети, реконструкција на вински подруми и услужни дејности како што се: точки за тестирање и продажба на вино;*<br>Во рамките на мерката 101 се предвидува *поддршка за обновување на лозовите насади;*<br>Во рамките на мерката 103 се предвидува поддршка за *опрема за унапредување на производството на вино.* |
| ***Нацрт Стратегија за винарство и лозарство (2010-2015)***[140] | За остварување на целта ***развој на туризмот*** предвидени се мерки за *инвестиции во инфраструктурата, промотивни активности, реконструкција на сместувачки капацитети, како и промоција на транзитен туризам под мотото "Македонија винска земја".* |

*Извор: Составено од авторот*

Активностите на Фондацијата "Тиквешки вински пат" се влезени во препораките за развој на производи и услуги во Стратегијата за развој на туризмот во Република Македонија, што е потврда дека *преземените мерки и активности за развој на "винскиот пат" и неговото позиционирање како главен регионален и значаен национален туристички бренд има соодветна валоризација и поддршка и од централната власт.*

139 Во ***завршниот извештај во рамките на БЕРИС проектот на Светска банка за реформа на деловната средина и институционално зајакнување***, во делот на дефинирање на рамките на техничката помош за ревизија и имплементација на Националната стратегија за развој на туризмот (2009-2013), ***винскиот туризам*** беше идентификуван како еден од петте туристички кластери со потенцијал за развој во Република Македонија.
140 Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ, "*Нацрт стратегија за винарство и лозарство (2010-2015)",* Скопје 2010

Од позитивната законска регулатива, особено значајни се ***Законот за вино*** (со кој се утврдуваат односите од примарното производство до крајниот производ со што ќе се подигне конкурентноста на оваа стопанска гранка), како и ***Законот за туристички развојни зони***[141], (со кој се предвидуваат бројни поволности за потенцијалните инвеститори, се отвора можност за формирање на таква зона во Тиквешкиот регион, што позитивно ќе влијае врз развојот на кластерот за вино, храна и туризам).

Една од основните стратешки цели на ***Вардарскиот плански регион*** е развој на одржлив, транзитен и алтернативен туризам. Па така,

- Во ***Програмата за развој на Вардарскиот плански регион***, развојот на винскиот туризам е идентификуван како една од основните стратешки цели, која ќе обезбеди зголемување на конкурентноста на регионот, како и афирмација и развој на неговиот идентитет. [142]
- Во 2011 година, следејќи ја заложбата и приоритетите на Владата на РМ за развој на туризмот, Центарот за развој на Вардарскиот плански регион ја изработи ***Стратегијата за промоција и маркетинг на Вардарскиот плански регион (2011-2015).***[143] Во делот на активностите за поттикнување на понатамошниот развој и иновации на производите на културниот туризам е предвидено поттикнување на винската понуда, преку развој на ***Винскиот пат како главен бренд на Вардарскиот регион***. [144]

***Локалните самоуправи: општините Кавадарци, Неготино и Демир Капија,*** чија територија го опфаќа Тиквешкиот вински пат, преку своите Сектори за локален економски развој покажуваат силна посветеност на винскиот туристички сектор, како еден од приоритетните во нивните политики за локален економски развој. Неколку заеднички проекти во

---

[141] Закон за туристички развојни зони, Сл. весник на РМ бр. 141 од 09.11.2012

[142] Еден од импементираните проекти *"Поддршка за формирање на регионална мрежа за маркетинг и промоција на туризмот во Вардарскиот плански регион и креирање на туристички веб портал и календар на настани"*, во чии рамки беше изаботен интернет порталот www.srcetonamakedonija.mk, има за задача да ги промовира транзитниот и алтернативниот туризам (винскиот) кои можат да обезбедат конкурентност како туристичка дестинација

[143] Центар за развој на Вардарскиот плански регион, *"Стратетија за промоција и маркетинг на Вардарскиот плански регион (2011-2015)"*, септември 2011

[144] За таа цел предвидени се активности како "Приказна за виното Вранец", инаугурација на регионалното вино Вранец како винска и регионална дестинација, како и "Патот на виното", по пат на дегустации на вино и обиколки на винариите во регионот

минатото, меѓу кои и Фондацијата “Тиквешки вински пат” ја потврдуваат силната соработка помеѓу овие три локални самоуправи. Некои од позначајните ***проекти*** кои се дел од нивните развојни програми, а се во насока на ***поддршка на винскиот туризам*** се следните:

- ***Поддршка и промоција на настани во врска со виното*** (Недела на виното - Св. Трифун, Тиквешки гроздобер итн.);
- ***Обнова на стари напуштени куќи и нивна адаптација во сместувачки капацитети;***
- ***Проект Музеј на виното во Демир Капија***, еден од 5-те музеи во Европа кој е посветен на виното и конзумната култура;
- ***Проект “Етно село”,*** изградба на сместувачки капацитети за руралниот туризам;
- ***Тренинг центар ЦЕНЕТ – Демир Капија***, во рамките на Програмата за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција, или Центар за тренинг и вмрежување чија цел е обука во областа на руралниот туризам, при што Развој на винските патишта е една од Програмите за тренинг и обука;
- ***Проект “Гастрономските патишта на Кајмакчалан”,*** на Општина Кавадарци, во рамките на ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција, во чии рамки беше основана “Куќа на вкусовите”, како гастрономски информативен центар итн.

Постигнатите ***ефекти од кластерското вмрежување во винскиот туризам*** можат да се забележат од следните податоци:

- ***Бројот на ноќевања на туристи во Вардарскиот плански регион*** од 2006 се зголемил од 16935 на 25989 во 2012 година, односно од 7417 странски туристи во 2006 година на 19662 странски туристи во 2012 година, што е зголемување за околу 2,5 пати;[145]
- Расте ***бројот на здруженија на производители на вино***, што најавува подобра соработка, заеднички проекти и следствено подобри резултати. Па така, покрај Фондацијата “Тиквешки вински пат”, во

[145] www.stat.gov.mk

регионот работи и здружението Вина од Македонија (*Wines of Macedonia*), а во април 2014 е формирано уште едно Здружение на македонските винари со седиште во Демир Капија.

- Зголемен е ***бројот на винарници*** од 28 во 2003 на 86 во 2010 година. Се смета дека ова зголемување се должи на зголеменото производство на висококвалитетно вино во шишиња. Со ***проектот "150 винарници"***[146] кој Владата на РМ го имплементира во соработка со општините, се очекува инвестициите во винарството и натаму да растат. [147]
- Зголемен е ***извозот на вино.*** Па така, споредбено со 2007 година извозот е за 48% зголемен по количина и 24% според вредност. Во 2013 година податоците од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство говорат за рекорден извоз од околу 885 331 хектолитри вино со вкупна вредност од околу 50 милиони евра. Особено позитивен тренд е порастот на извоз на вино во шишиња, од 5,5 милиони литри во 2005 година на 17 милиони литри во 2013 година, што е зголемување за три пати.

Од горенаведеното можеме да забележиме дека кластерот за вино, храна и туризам во својата основа ги содржи принципите на тројната спирала (*triple helix*), со соодветна застапеност и меѓусебна поврзаност на трите елементи: бизнис секторот, владата и академските институции, иако со простор за унапредување на присуството, улогата на секој од нив, како и врските помеѓу нив (види графикон 40).

[146] Публикација *"Winaries"*, www.investinmacedonia.com

[147] Предвидени се поволности за нови инвестиции во винарници, со што се очекува да се зголеми конкуренцијата, да се подигне техничко-технолошката основа и следствено да се постигне поголема конкурентност. Во рамките на проектот се предвидени 66 локации во 6 општини. Врз основа на тие критериуми, во Тиквешкиот регион се планирани вкупно 48 винарници по должината на "Тиквешки вински пат" со што ќе се отворат нови работни места, но и ќе се збогати туристичката понуда во овој регион. Владата на РМ нуди државна помош во форма на кофинансирање за заинтересираните инвеститори.

**Графикон 40: Пристапот на тројна спирала во кластерот за храна, вино и туризам**




*Извор: Составено од авторот*

Впрочем, кластерот во својата поставеност, врските и функционалноста во многу елементи кореспондира со школскиот пример за кластерско вмрежување, образложен во првиот дел од трудот, а тоа е Калифорнискиот вински кластер. Понатамошниот развој на кластерот за вино, храна и туризам е во директна зависност од активностите на сите релевантни чинители, при што особено е значајна проактивната улога на

академските институции, соработката и иницијативите на властите на централно, регионално и локално ниво, како и способноста за креирање на иновативен заеднички маркетинг микс на членките на кластерот.

Иако уште се во фаза на развој, анализата погоре потврдува дека интегрираниот пристап во кластерската политика создава клима за понатамошен раст и развој на кластерот за вино, храна и туризам. Правно-административната рамка, институционалната вмреженост, координираноста на политиките на централно и локално ниво, се во насока на поддршка во создавањето на уникатен, иновативен туристички производ кој ќе придонесе во економскиот развој и конкурентноста на локалните заедници, регионот, но и целата национална економија.

### *5.2.2. Автомобилски кластер на Македонија*

Производството на делови и компоненти за автомобилската индустрија во Република Македонија има традиционално големо значење за економијата, кое дополнително и забрзано се зголемува со влегувањето на странски инвестиции и изградбата на неколку големи фабрики/погони во последните 6 години. Почетоците на секторот во Македонија се во 60-тите години на 20 век со растот на "Црвена застава" во Србија и основањето на повеќе компании доставувачи на делови за возилата од Крагуевац. Соодветно, во Македонија постои традиција и искуство во производството на делови за автомобилската индустрија, кои стојат на располагање на потенцијалните инвеститори и постојните компании за забрзување на нивниот раст.

Имајќи предвид дека улогата на снабдувачите во вкупното возило расте во континуитет и во моментот се проценува дека снабдувачите се одговорни за 65% од вредноста на возилата, а обезбедуваат околу 50% од инвестициите за истражување и развој на автомобилската индустрија (ЦЛЕПА 2012) , вклучувањето на Република Македонија во европските, па и светските синџири за снабдување на автомобилски делови претставува вистински предизвик. Големите компании се во потрага по локации со пониски трошоци за производство, што е вистинска можност за локалните компании за вклучување во синџирот на добавувачи.

***Автомобилскиот кластер на Македонија*** претставува група на компании производители на автомобилски компоненти, универзитети, истражувачки и развојни центри кои работат заедно во насока на развој на автомобилската индустрија во Македонија. Кластерот е основан во 2009 година под покровителство на Германското друштво за меѓународна соработка – ГИЗ.

**Графикон 41: Интегриран кластерски пристап во политиката на поддршка на автомобилскиот кластер**




*Извор: Составено од авторот*

Целта на кластерот е да придонесе кон растот и развојот на автомобилската индустрија во Македонија преку зголемување на конкурентноста и производството, како и зајакнување на синџирите на добавувачи по пат на интензивирање на соработката помеѓу универзитетите и компаниите во македонската автомобилска индустрија.

Во графиконот 41 даваме преглед на ***интегрираната кластерската политика во функција на поддршка на автомобилскиот кластер,*** односно политиките кои имале директно или индиректно влијание врз растот и развојот на овој сектор. Од приложеното може да се забележи дека во сите три аспекти на интегрираниот кластерски пристап (макроекономски рамковни услови, структурни рамковни услови и тематски програми), постојат елементи на активна политика и поддршка на развојот на кластерот. Во тој контекст, особено е значајна поддршката на централно ниво, преку обезбедувањето на макроекономска и фискална стабилност, политиката на привлекување на странски директни инвестиции, а особено поволностите кои за тоа се обезбедуваат во рамките на технолошко-индустриските развојни зони. Воедно, тематските програми кои се преземаат на национално, регионално и локално ниво (во овој случај Општина Илинден), се дополнителна потврда за активниот пристап и поддршка кои на автомобилскиот кластер му се даваат на сите нивоа.

Во ***Програмата за работа на Владата на РМ (2011-2015)*** се истакнува дека развојот на економијата, зголемувањето на економскиот раст и домашните и странските инвестиции, како услов за отворање на нови работни места и подобар живот на граѓаните, се главните цели на Владата на РМ. Визијата на Индустриската политика на РМ (2009-2020), која е проактивна е да ја поттикнува ориентацијата на македонската индустрија кон создавање на производи и услуги со повисока додадена вредност базирани на знаење, иновации и соработка.

Владата на РМ го има сместено секторот за производство на автомобилски компоненти во 4-те стратешки, во својата политика на привлекување на странски директни инвестиции и промоција на извозот.[148]

[148] Во ***Стратегијата за промоција на извозот и препораки за реорганизација на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот - Инвест Македонија*** секторот за

Република Македонија во последните неколку години силно се фокусираше на развивање на ***политиката на странски директни инвестиции,*** односно промовирање на земјата како поволна дестинација за странските инвеститори, водејќи се од претпоставката дека истите ќе донесат нови технологии и нови знаења, ќе ја подобрат извозната структура и ќе делуваат врз структурната диверзификација на македонската индустрија.

Промотивните активности се институционално организирани во рамките на ***Агенцијата за странски директни инвестиции и промоција на извозот,*** како владина агенција одговорна за привлекување и развивање на странските инвестиции и е целосно на располагање на инвеститорите во текот на процесот на донесување и реализирање на своите инвестициски одлуки.[149]

Во технолошко-индустриските развојни зони се нудат низа поволности за странските инвеститори, а дополнително, предвидени се ***бенефиции во вид на финансиски поттикнувачки средства*** до вкупен износ од 500 000 евра кои можат да се доделат како надомест за градежните трошоци во зависност од вредноста на инвестицијата и бројот на вработени.

Во споредба со земјите од регионот, Република Македонија се истакнува по ***конкурентната работна сила***. Во услови кога земјите од Централна Европа се соочуваат со пораст на цената на трудот, Република Македонија нуди особено трошковно конкурентна оперативна средина за производителите на автомобилски делови.

---

автомобилски делови е категоризиран во состав на индустријата за метали и прецизна механика, заедно со текстилната, прехранбената и ИКТ индустријата.

[149] Агенцијата има меѓународни претставништва со економски промотори лоцирани во канцеларии низ целиот свет, што овозможува директна поддршка на меѓународните инвеститори на локациите каде што тие работат (за организирање средби или било какви прашања во врска со деловната клима во Македонија), но и поддршка на македонските извозници директно на пазарите каде што тие извезуваат или сакаат да извезуваат.

Во рамките на технолошко-индустриските развојни зони се нудат следните ***поволности за инвестирање***:

- *0% корпоративен и персонален данок на доход за првите 10 години;*
- *0% данок на додадена вредност и царински давачки за стоки, суровини, опрема и машини;*
- *0% акциза;*
- *Завршена инфраструктура која овозможува бесплатен приклучок за природен гас, вода, електрична енергија и пристап до главната меѓународна патна мрежа;*
- *Бесплатни дозволи за градба, регулирање на градежното земјиште и сл.;*
- *"Зелен" царински канал за извоз на стоките во ЕУ;*
- *Закуп на земјиштето на 99 години по атрактивни цени;*
- *Брзи активности за регистрација на активностите во ТИРЗ што дополнително ги намалуваат трошоците за почнување на бизнис итн.*

Традиционално силните ***технички училишта*** во Македонија нудат одлична база за секторот за производство на автомобилски делови. Воедно, Владата им излегува во пресрет на инвеститорите во нивните потреби за работна сила преку програми за стручно образование и тренинг.[150]

Машинството е една од најстарите, најдобро воспоставените и најшироките инженерски дисциплини. Покрај образовната дејност, ***Машинскиот факултет*** е лидер по научни активности во областа на машинското инженерство. Со својот кадровски потенцијал, истиот претставува центар на научниот развој, научната мисла и примената на науката во индустријата.

Соработката на Машинскиот факултет со автомобилската индустрија во Република Македонија е континуирана и е во делот на заеднички истражувачки проекти, стипендии за студенти и организирање

[150] Министерството за образование и наука спроведува проект за подигнување на интересот за студирање на техничките науки

на тренинзи во рамките на програмите за доживотно учење. Всушност, следните ***проекти имале исклучително значење за развојот на автомобилскиот кластер***:

- ***Бизнис Старт-ап Центар***, е институција која ги следи, контролира и развива идеите на студентите од нивна концепција до нивен успешен развој во стабилни компании на пазарот (*spin-off*). [151]
- ***Центар на извонредност (CIRCO),*** креиран во 2005 како заедничка инвестиција на Машинскиот факултет и Проектот на Американската агенција за развој – УСАИД, Е-Биз. Центарот обезбедува напредни инженерски услуги за машинската индустрија во Република Македонија.
- ***Џонсон Контролс Тренинг центарот*** започна со работа во 2005 како резултат на соработката помеѓу Машинскиот факултет -Скопје и "Џонсон Контролс", светски лидер во производството на автомобилски компоненти. Центарот ги тренира перспективните работници за работа во компании кои користат напредни технологии. [152]

Со оглед на фактот дека најголемиот број на фабрики од автомобилскиот сектор се лоцирани во Скопје 1 ТИРЗ, во продолжение ќе направиме краток преглед на интегрираниот пристап во кластерската политика на Скопскиот плански регион и Општина Илинден на чија територија е лоцирана Скопје 1 ТИРЗ.

Во ***Програмата за развој на Скопскиот плански регион***, една од стратешките области е економијата, - МСП, иновации, индустрија, односно зголемување на нивото на економска развиеност на регионот преку поттикнување и развој на носечките индустрии и искористување на конкурентните предности на регионот преку:

- *Поттикнување и развој на микро, мали и средни претпријатија;*
- *Поттикнување и развој на иновативноста и конкурентноста на носечките индустрии;*
- *Промоција и привлекување на нови и странски инвестиции и*

[151] www.bsc.ukim.edu.mk
[152] Invest in Macedonia, "*Automotive Components Sector in the Republic of Macedonia*", 2014

- *Развој на човечки ресурси спрема потребите на стопанството.*

Една од основните цели на ***Програмата е поттикнување на развојот на иновативноста и конкурентноста на носечките индустрии***, при што, оваа конкретна цел ќе се реализира преку спроведување на програми и проекти во насока на ***поттикнувањето на развојот на индустријата за автомобилски делови*** и привлекувањето на странски директни инвестиции во технолошко-интензивни индустрии.

***Општина Илинден, пак, е успешен пример за кластерски пристап во политиката на локален економски развој.*** Па така, во согласност со Стратегијата за намалување на невработеноста, еден од приоритетите е воведување на *средно образование кое ќе профилира кадри според потребите на локалната бизнис заедница.* За таа цел Општина Илинден има потпишано *Меморандум за соработка во областа на образованието со "Џонсон Контролс", "Ван Хол" и "Џонсон Мети"*, со кој се овозможува иновативен пристап во образованието преку обезбедување на практична настава и обука за учениците. Со ваквите меморандуми за соработка се овозможува подигнување на нормите, вредностите и стандардите на образованието, како една од најважните фактори за локален економски развој. [153]

Ако автомобилскиот кластер се смести во рамките на пристапот на тројна спирала (*triple helix*), како што направивме во графикон 42, ќе се види дека автомобилскиот кластер е одличен пример за квалитетно изградени врски помеѓу академските институции и бизнис секторот, но и одличен пример за проактивниот пристап на локалните власти во развојот на кластерот. Постои функционална и делотворна поврзаност на трите клучни елементи: владата, академските институции и бизнис секторот, при што особено нагласуваме дека во секторот академски институции (образование), постои спремност за соработка и се преземени конкретни иницијативи и чекори од страна на мултинационалните компании од оваа област ("Џонсон Контролс", "Џонсон Мети" и "Ван Хул"), преку создавање на посебни центри за стручно образование на ниво на Општина Илинден.

[153] www.ilinden.gov.mk

## Графикон 42: Пристапот на тројна спирала во автомобилскиот кластер




*Извор: Составено од авторот*

***Ефектите од функционирањето на автомобилскиот кластер*** во РМ се следните:

- ***Бројот на компании произведувачи на автомобилски делови порасна*** од 30-тина на околу 50 во 2013 година;
- ***Вкупни странски директни инвестиции*** од 126,8 милиони евра за периодот 2005-2010;
- Континуирано расте ***бројот на вработени во автомобилскиот сектор.***[154]
- ***Вкупниот извоз од технолошко-индустриските развојни зони во 2013 година бил 25% од вкупниот извоз во Република Македонија,*** а вкупниот извоз од зоните се очекува да надмине една милијарда евра во 2014 година.[155]

Влезот на големите странски гиганти од индустријата за автомобилски делови и компоненти несомнено ја раздвижува и домашната економија, односно домашните производители на делови за автомобилската индустрија. Особено е значајно малите и средни претпријатија да ја искористат можноста и да влезат во синџирот на добавувачи на големите произведувачи. Такви позитивни примери веќе постојат: помеѓу белгиската компанија "Ван Хул" и компанијата "Унипласт" од Струга за изработка на пластични компоненти, соработката помеѓу "Џонсон Мети" и "Те-те пласт" која произведува делови од пластика, како и кочанската "Тинг" која произведува делови од инокс, "Завар" итн. Забележително е дека компаниите добавувачи не се задолжително лоцирани во истиот регион каде што е и самата компанија, што значи дека развивањето на синџирите на добавувачи може да има директно влијание врз регионалниот и локаниот економски развој.[156]

---

[154] Во ТИРЗ Скопје 1 и Штип во 2013 има вкупно 2500 вработени. Фабриката "Кромберт и Шуберт" во Битола отвори 800 нови работни места, а се очекува бројката да порасне на 2500 во 2015 година: "Џонсон Контролс" во Штип вработи 1000 лица, а се очекува нивната бројка да достигне 1400; "Ван Хул" вработи 400-500 лица, "Кемет Електроникс" 500 лица, "Технохозе" 150 лица, сите во зоната ТИРЗ Скопје 1. "Дрекселмајекр" во Кавадарци планира 4000 вработувања, а најавени се инвестициите на "Макарт" од Германија со вкупно 600 вработувања и "Амфенол" од САД со вкупно 1500 вработувања.

[155] www.lider.mk, од интервјуто со директорот на Дирекцијата за технолошки развојни зони, Виктор Мизо

[156] www.republika.mk, од интервјуто со директорот на Дирекцијата за технолошки развојни зони, Виктор Мизо

## 5.3. Мерки и активности за подобрување на кластерското организирање во функција на локалниот и регионалниот развој на Република Македонија

Успехот на кластерското вмрежување во земјава е директно зависен од создавањето на позитивна деловна клима од страна на властите на централно, регионално и локално ниво. Во таа насока, интегрираната кластерска политика претставува збир на политики, односно мерки и активности кои директно или индиректно го стимулираат кластерското вмрежување, а во функција на раст на конкурентноста, иновативноста и продуктивноста.

Од успешната реализација на политиките во делот на подобрување на бизнис опкружувањето, но и конкретните акциски планови, програми и стратегии во насока на поддршка и унапредување на конкурентноста, иновативноста, претприемништвото и развојот на малите и средни претпријатија, ќе зависи интензитетот на развојот на кластерското вмрежување, а во функција на локалниот и регионален економски развој.

Со оглед на фактот дека интегрираната кластерска политика подразбира координација на политиките на централно, регионално и локално ниво, усогласување на политиките и тесната соработка на властите на сите нивоа е од клучно значење во целта да се креира поттикнувачко бизнис опкружување кое ќе ја стимулира иновативноста во функција на унапредување на конкурентноста.

Сепак, за конкретните мерки и активности да имаат ефект, потребна е ***развиена свест на бизнис лидерите*** за значењето на кластерингот во подобрувањето на перформансите и конкурентското оспособување, способност и иницијатива за преземање конкретни акции, но и слух од политичките лидери за потребите на бизнис заедницата со цел конципирање на политики и стратегии во насока на надминување на проблемите, создавање на подобри услови за деловно работење и поттикнување на кластерското организирање. Во таа насока, потребен е квалитетен јавно-приватен дијалог во функција на унапредување на локалниот и регионалниот економски развој. Она што е од исклучива важност за квалитетно формулираните мерки и активности во функција

на реализирање на политиките е создавање на механизам за континуирано следење и евалвација, промени и прилагодувања, но и укинување на мерките кои не покажуваат позитивни ефекти, во функција на ефикасна имплементација.

### *5.3.1. Мерки и активности за успешно кластерско организирање*

Погоре во трудот беше обработен модел на кластерска политика преку еден интегриран пристап на политиките на сите нивоа, изведен врз основа на позитивните емпириски истражувања на кластерските политики во земји каде што истите успеале да ја остварат својата функција, односно успеале да придонесат за унапредување на локалната, регионалната, па и конкурентноста на целата национална економија.

Истиот е компатибилен со генералните стратешки насоки на ***Индустриската политика на Република Македонија 2009-2020,*** во која кластерското вмрежување во функција на подобрување на конкурентската способност е дефинирано како еден од стратешките приоритети.

Кластерскиот пристап во Индустриската политика на Република Македонија ја дава основата за останатите политики кои се во насока на поддршка на иновативноста, малите и средни претпријатија, претприемништвото, политиката на привлекување на странски директни инвестиции итн., а чија усогласеност е од клучно значење за создавањето на бизнис опкружување кое ќе биде во насока на поддршка на кластерското вмрежување. Табела 21 дава преглед на мерките и активностите кои се однесуваат на кластерите во позначајните програмски документи.

*Табела 21: Преглед на мерките и активностите кои се однесуваат на кластерите во позначајните програмски документи*

| *Програмски документ* | *Мерки и активности* |
|---|---|
| ***Индустриска политика на РМ (2009-2020)*** | *Понатамошно **подигање на свеста и обука** за кластеринг/мрежно поврзување.*<br>*Поддршка на кластерите за подготовка на **стратегии и програми за развој,** акционен план и специфични проекти.*<br>*Забрзување на партнерството во **синџирот на добавувачи.***<br>*Поттикнување на **технолошки центри и паркови** на регионално ниво, поддршка на вмрежување на институции за информации и развој за да се обезбеди разновидност на применети технолошки услуги и интегрирани и ефикасни иновации.*[157] |
| ***Националната стратегија за развој на малите и средни претпријатија (2002-2013)*** | *Поттикнување на приватниот сектор да ја зголеми вредноста на инвестициите во **истражување и развој;***<br>*Основање на **институции за истражување и развој** за трансфер на технологии, за нови технологии и иновации;*<br>*Поддршка на **технолошкиот развој на МСП;***<br>*Воведувања на **даночни олеснувања** за МСП секторот за инвестирање во истражување и развој, односно, финансиски стимулации;*<br>*Одредување на релевантни **индикатори** за следење на развојот на науката, технологијата и иновациите согласно со најдобрите практики на ЕУ (Иновативна таблица);*<br>*Зголемување на фирмите корисници на средствата за развој, и **висината на средства** кои ги одредува државата за оваа намена и*<br>***Јакнење на постојните** и создавање на интерес за создавање на **нови кластери.*** |
| ***Стратегијата за*** | Во рамките на мерката за ***Формирање на Фонд за*** |

[157] Министерство за економија на Република Македонија, Индустриска Политика на Република Македонија 2009-2020, јуни 2009

| | |
|---|---|
| ***иновации на Република Македонија 2012-2020*** | ***иновации и технолошки развој*** се предвидува техничка помош (консултантски услуги) за мали и средни претпријатија, односно, ***грантови за комерцијализација на истражувачки проекти за кластерите***, како и во делот на ***зголемување на протокот на знаењето и интеракциите помеѓу актерите во иновациите***, предвидени се ***мерки за поттикнување на бизнис мрежите и кластерите*** и тоа: *Оценка и утврдување на приоритети за поддршка на кластерите* и *учество на трговски саеми.* |
| ***Стратегијата за рамномерен регионален развој 2009-2019*** | Во рамките на приоритетот – поттикнување на економски раст во планските региони, како една од мерките е предвидена ***поддршка при формирањето на кластери и деловни мрежи на носечките индустрии во планските региони***. |

*Извор: Составено од авторот, врз основа на официјални програмски документи*

Според мерките и активностите содржани во програмските документи, може да се види дека Владата на РМ има кластерски пристап во политиката за развој на мали и средни претпријатија и претприемништвото, политиката за поттикнување на иновативноста, како и политиката за рамномерен регионален развој. Тоа значи дека Владата ги смета кластерите за значаен инструмент во својата развојна економска политика и истата им посветува внимание во сите клучни стратешки документи.

Министерството за економија, почнувајќи од 2009 година ја изработува годишната ***Програма за развој на кластерското вмрежување***, во која се содржани мерки и активности за поддршка на кластерите. Во табела 22 е направен преглед на мерките и активностите предвидени во Програмата за развој на кластерското вмрежување по години и намена на средства.

*Табела 22: Програма за развој на кластерското вмрежување*

| *Година* | *Намена на средства* |
|---|---|
| *2009* | Изработка на ***каталог- карта и веб-страница на кластерите***;<br>Обука за ***унапредување на менаџментот***, а со цел да се обезбеди долгорочност во планирањето и организирањето на кластерите;<br>***Регионално поврзување и вмрежување со кластерските асоцијации во регионот и ЕУ***;<br>Поддршка за ***формирање на нови кластери***;<br>Организирање на ***конференција за кластерите***, во функција на размена на добри практики и искуства, како и оцена на процесот на кластерингот во Република Македонија.[158] |
| *2010* | Изготвување на ***водич за кластери*** кој ќе придонесе за популаризација на самиот процес на кластеринг, подигање на свеста за полезноста од ваквиот начин на здружување, интернационализација на кластерите и нивниот потенцијал во европски и светски рамки;<br>Организирање на ***семинари за подигање на свеста за кластерингот на локално и регионално ниво***, а во соработка со центрите за локален економски развој (ЛЕР), центрите на АППРМ и компаниите;<br>Поддршка на ***проекти од кластерските здруженија*** преку кофинансирање во висина од 75% од проект, при што истите треба да опфаќаат активности со кои ќе се поттикне: вмрежувањето на кластерските здруженија во Европа и пошироко, развој на производи и иновативноста.[159] |
| *2011* | Организирање на ***семинари за кластеринг*** (популаризација на процесот на кластеринг, како и подигање на свеста за потребите од ваквиот начин на поврзување);<br>Поддршка на ***проекти од кластерските здруженија*** (вмрежување на кластерските здруженија во Европа и пошироко, развој на производи и иновативност);<br>Надградба на ***капацитетите на вработените во институциите за поддршка на кластерингот и***<br>Организирање ***тркалезна маса*** на тема "Индикатори за успешен |

[158] Влада на Република Македонија, *Програма за поддршка и развој на кластерското здружување во Република Македонија*, 2 Јануари, 2009
[159] Влада на Република Македонија, *Програма за поддршка и развој на кластерското здружување во Република Македонија*,11.02.2010

| | |
|---|---|
| | кластер" (дефинирање на услови и тело за акредитирање на кластерските здруженија) |

*Извор: Составено од авторот, врз основа на официјални програмски документи*

Од 2013 г. оваа Програма станува дел од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво, во која покрај мерки за поддршка на кластерското здружување, содржани се мерки за поддршка на малите и средни претпријатија и мерки за имплементација на индустриската политика.

Во ***Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2013 година***, во делот за Поддршка на кластерските здруженија се предвидени следните мерки:

***Мерка 1. Поддршка на проекти на кластерските здруженија за следните активности:***

- *Заеднички проекти за поврзување на кластерите со универзитетите;*
- *Развој на иновативност и развој на брендирани производи;*
- *Развој на кластерите за секторска извозна промоција;*
- *Организирање на тематски саеми;*
- *Развивање на стандарди за квалитет и прилагодување на барањата на ЕУ пазарите.*

***Мерка 2. Изготвување на Атлас за кластерите***

***Мерка 3. Евалвација на кластерските политики и кластерските здруженија***. Евалвацијата треба да опфати:

- *Оценка на успешноста на реализираните програми и*
- *Оценка на нивото на развој на кластерските здруженија врз база на дефинирани индикатори.*

***Мерка 4. Поддршка за хостирање на веб порталот*** www.konkurentnost.mk

Средствата кои се издвојуваат во Програмата за поддршка на кластерското вмрежување се движат од околу 25000-40000 евра годишно.

Со оглед на фактот дека останатите комплементарни програми предвидуваат мерки и политики за поддршка на иновативноста, малите и средни претпријатија итн., вкупната финансиска поддршка на кластерите е многу поголема од финансиската поддршка предвидена во Програмата.[160]

Според мерките и активностите предвидени со Програмата за поддршка на кластерското вмрежување, може да се забележи дека постои политичка волја за развој на кластерите во Република Македонија, што е позитивен сигнал за иднината на кластерингот во земјата. Сепак, потребен е интегриран пристап на политиките со цел максимизирање на позитивните ефекти.

### *5.3.2. Стратегија за развој на кластерите во Република Македонија*

Сметаме дека политиките кои се во насока на јакнење на кластерите во Република Македонија треба да се интегрираат во еден документ кој ќе ги воспостави стратешките рамки на идното кластерско вмрежување во земјата. Тоа би било од исклучително значење и би имало за цел координирање на мерките и активностите во сите области и на сите нивоа на политиките.

Таквиот документ, или Стратегија за развој на кластерите во Република Македонија ќе треба да ги даде насоките за понатамошно развивање на програмите за поддршка на кластерите од страна на властите на централно, регионално и локално ниво.

[160] Во земјите од регионот, во Србија се одвојуваат околу 1 милион евра за иновации и кластери, Хрватска има финансирано 46 кластери во вкупен износ од 4,5 милиони евра во периодот од 2006-2013[160], додека Словенија има одвоено дури 6 милиони евра за неколкугодишен проект за поддршка на кластерското вмрежување.

Врз основа на предложениот **Модел на кластерска политика** предлагаме ***Стратегија за развој на кластерите во Република Македонија*** која ќе содржи *мерки и активности во насока на унапредување на кластерската политика*, но и *мерки и активности за јакнење на конкурентската способност на самите кластери.*

***Стратешки цели на Стратегијата за развој на кластерите во Република Македонија:***

- *Унапредување на управувањето со политиката за развој на кластери;*
- *Јакнење на кластерите и кластерските здруженија;*
- *Поттикнување на иновации и развој на нови технологии;*
- *Јакнење на извозните потенцијали и интернационализација на кластерите;*
- *Јакнење на знаењето и вештините за развој на кластерите и*
- *Ефикасно искористување на средствата од фондовите од ЕУ*

За реализација на стратешките цели, се предлагаат следните ***мерки и активности***:

1. ***Унапредување на управувањето со политиката за развој на кластерите*** :

- ***Кластерско мапирање***, со цел да се подобри управувањето со кластерската политика по пат на идентификација на постоечките кластери;
- ***Национална координација на кластерите***, со цел да се воспостави национален координативен механизам за кластерите – Национално координативно тело за кластерите;
- ***Институционално зајакнување на Центрите за развој на планските региони***, со цел регионален пристап на кластерската политика преку регионално мапирање на кластерите и кластерски програми, во насока на подобрување на регионалната конкурентност;

- ***Мониторинг и евалвација на кластерите***, со цел да се обезбеди ефикасна и рационална алокација на буџетот за поддршка на кластерите;
- ***Соработка со Европската кластерска политика***, при што размената на искуства, но и учеството во креирањето на политиките во делот на унапредување на конкурентноста е од исклучително значење, а особено во делот на примена на позитивни и потврдени практики;
- Зајакнување на капацитетите за ***искористување на фондовите и програмите наменети за финансирање на кластерите на ЕУ*** за институциите одговорни за реализација на кластерската политика.

*2. Зајакнување на кластерите и неговите членки:*

- ***Јакнење на капацитетите на кластерите, кластерските асоцијации/мрежи и кластерските членки*** преку информации, консултантска и финансиска помош;
- Поддршка за ***зајакнување на конкурентноста на кластерите***, односно поддршка на кластерските организации во обезбедувањето на услуги за своите членки;
- Поддршка за ***зајакнување на кластерите за креирање на синџири на добавувачи***, како и вклучување во светските синџири на добавувачи;
- Кластерско ***вмрежување на регионално ниво,*** односно, воспоставување и/или развивање на кластерски вмрежувања на регионално ниво и зајакнување на соработката.

***3. Поттикнување на иновативноста и трансфер на нови технологии:***

- Поддршка за ***иновации,*** при што е значајно да се подигне свеста на членките на кластерот за инструментите кои им стојат на располагање за подигнување на нивните иновативни вештини и нивната конкурентност.[161]
- Зајакнување на ***трансферот на технологии***, со цел да се подигне конкурентноста. Притоа на кластерите им стои на располагање

[161] Во оваа насока особено е значајно да се обезбеди поддршка во искористувањето на инструментите, односно, фондовите на ЕУ, особено новиот инструмент Хоризонт 20-20 преку кој се планира да се реализира стратешката цел-Иновативна Европа

институционалната инфраструктура за трансфер на технологии (технолошките паркови, бизнис инкубаторите, старт-ап центрите итн.), Фондот за иновации и технолошки развој кој финансира проекти од областа на трансферот на технологии и, секако, Програмите на ЕУ;

- Поддршка на ***соработката со академските и институциите за истражување и развој***, односно преземање на заеднички проекти во насока на унапредување на конкурентноста.

*3. **Зајакнување на извозниот потенцијал и интернационализацијата на кластерите***:

- Поддршка на ***извозните активности*** на кластерските организации, при што од особено значење може да биде кластерскиот пристап во промоција на извозот;
- Кластерски пристап во ***политиката за привлекување на странски директни инвестиции***[162];
- ***Вмрежување и соработка со кластерските организации во регионот, како и Европската Унија***, со цел развивање на заеднички активности и проекти.

*5. **Унапредување на знаењата и вештините за развој на кластерите***:

- Унапредување на ***знаењата и вештините***, преку воспоставување на систем на курсеви, семинари, тренинзи и обуки, како и студиски патувања за кластерските членки, но и за поддржувачките организации. Воспоставување на систем за сертификација на кластерски менаџери може да биде една од мерките кои би го подигнале нивото на управување со кластерските организации. Во оваа насока особено е значајно да се зајакнат вештините за креирање на кластерски стратегии, кои ќе имаат реални и остварливи цели, со прецизни индикатори за мерење на резултатите, како и систем за евалвација на стратегиите за евентуални корективни акции;

[162] Преку Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот

- ***Информативен и комуникациски план***, односно активности кои ќе ги промовираат кластерските активности, по пат на креирање на веб-страница за кластерите, публикации, информативни материјали и сл.

*6. Ефикасно искористување на европските фондови:*

- ***Зајакнување на капацитетите за ефикасно искористување на европските фондови*** при што кластерите ја имаат можноста за искористување на фондовите од Втората компонента на Инструментот за претпристапна помош - Прекугранична соработка, Програмите на заедницата на ЕУ, а особено Програмата Хоризонт 20-20;
- Обезбедување на ***кофинансирање во форма на гарантни фондови и слично за учество во европски проекти***, како и странска консултантска помош за изработка на проекти, формирање и вклучување во конзорциуми од партнери и сл.

Врз основа на Стратегијата ќе произлезат ***Програми за кластерски развој*** со конкретни проекти, извори на финансирање и одговорни институции.

Програмите за поддршка на кластерите треба да ги имаат предвид ***различните мерки за поддршка за кластерите во различни фази од својот развој:*** кластери во фаза на раѓање, зрели кластери (национални шампиони и светски кластери) и кластери во фаза на транзиција. Се препорачува најголема поддршка да добијат кластерите кои имаат потенцијал да преземаат истражувачки проекти, да креираат нови работни места и го зголемуваат извозот.

Многу е значајно воспоставувањето на ***прецизни критериуми за финансирање на кластерски проекти***. Искуството на Чешка[163] е применливо во предложениот модел на кластерска политика. За да добие финансиска поддршка, кластерот мора да ги исполнува следните ***критериуми***:

[163] Чешка во периодот од 2009-2013 има поддржано 18 кластерски организации со вкупна вредност од 28 милиони евра

- Треба да има барем ***15 независни члена;***
- ***Универзитет или научно-истражувачка организација*** мора да биде членка на кластерот;
- Најмалку ***60%*** од кластерот треба да бидат ***мали и средни претпријатија;***
- ***Физибилити студија*** која ќе ја потврди одржливоста на кластерот (одржлива кластерска стратегија со прецизни цели, индикатори итн.).

Врз основа на Стратегијата за развој на кластерите, Центрите за развој на планските региони ќе ги планираат своите ***Програми за развој на планските региони***, предвидувајќи мерки и активности за имплементација на политиката за поддршка на кластерите во следните сегменти:

- ***брендирање и развој на туризмот;***
- ***поддршка на малите и средни претпријатија;***
- ***поттикнување на инвестиции*** итн.

Врз основа на Стратегијата за развој на кластерите, локалните самоуправи ќе го применат кластерскиот пристап во развивањето на ***Стратегиите за локален економски развој***, при што Програмите за локален економски развој ќе вклучуваат мерки и активности за поддршка на политиката за развој на кластерите и тоа:

- ***Подобрување на административните процедури*** (едношалтерски систем, ИСО стандардизација и сл.);
- ***Поддршка на развојот на претприемништвото,*** односно мерки и активности за помош и поддршка на малите и средни претпријатија, старт-ап центри, субвенции и сл.;
- ***Стимулирање на инвестициите*** (домашни, но и странски), по пат на инвестиции во слободни зони, бизнис инкубатори, кластерски пристап во промоцијата на локалната заедница како бизнис дестинација, поволности во смисла на ослободување од плаќање на комуналии за инвестиции и сл.;

- *Развој на човечки ресурси*, по пат на мерки и активности за обезбедување на работна сила во согласност со потребите на кластерот;
- *Учество во формирањето на локални и регионални развојни агенции* кои се од исклучително значење за растот и развојот на кластерите;
- Воспоставување на *локална мрежа на институции и агенции за промовирање на партнерства*;
- Обезбедување на *базичната инфраструктура*;
- Обезбедување на *поддржувачки услуги за малите и средни претпријатија*, како на пример, бизнис информативни центри, консултантски услуги;
- Обезбедување на *информации за малите и средни претпријатија* (анализи за пазарните трендови, дата-бази, информации за можностите за искористување на средствата од европските фондови итн.);
- *Промоциј*а, при што локалните заедници можат да развијат политика на брендирање врз основа на кластерите итн.

Соработката и координацијата на политиките на властите на сите нивоа е клучна за креирањето на мерки и активности кои ќе создадат поттикнувачка бизнис клима за раст и развој на кластерите, во функција на унапредување на локалната, регионалната и конкурентноста на целата национална економија.

### *5.3.3. Предизвици и потенцијали за кластерско организирање во Република Македонија во функција на локалниот и регионалниот економски развој*

Иако кластерското вмрежување во Република Македонија е релативно во својата *рана фаза на развојот* со оглед на фактот дека најголемиот број од кластерските иницијативи се формирани пред само

неколку години, сепак, забележана е зголемената свест за позитивните ефекти од кластерското вмрежување како кај јавниот, така и кај приватниот сектор.

Зголемениот интерес на Владата на Република Македонија за што поголема популаризација на кластерите како инструмент за унапредување на продуктивноста, иновативноста и следствено, конкурентноста на националното стопанство, се гледа во фактот што кластерите се опфатени во сите стратешки документи од економската политика, особено политиката за иновативност, конкурентност и претприемништво. Воедно, Владата на РМ, почнувајќи од 2009 година, обезбедува директна финансиска поддршка за кластерски развојни проекти, а кои ќе имаат позитивни ефекти врз конкурентноста. Од друга страна, по завршувањето на Проектот за конкурентност на Американската агенција за развој – УСАИД, со кој пионерски започна кластерингот во Република Македонија, почнати се повеќе кластерски иницијативи, иницирани од различни актери и на различни нивоа (локално, регионално и национално).

Меѓу клучните предизвици и потенцијали за развој на кластерите во Република Македонија се следните:

- ***Интегриран пристап на кластерската политика.*** За успешно кластерско организирање и за понатамошен раст и развој на веќе почнатите кластерски иницијативи потребни се засилени и координирани напори од страна на креаторите и имплементаторите на политиките на сите нивоа (локално, регионално и национално) и од страна на сите актери: јавниот сектор, приватниот сектор и академската заедница (научно-истражувачките организации и универзитетите) преку интегриран пристап на политиките заснован на ***принципот на троен хеликс.*** За ова цел се препорачува изработка на долгорочна ***Стратегија за развој на кластерите***, базирана на предложениот модел на интегрирана кластерска политика, како и воспоставување на ***национално координативно тело за следење и евалвација на политиките***.
- ***Фокус на кластерите кои имаат влијание врз унапредувањето на индикаторите за конкурентност (локална, регионална или***

***национална).*** Кластерите сè повеќе се прифаќаат како инструмент за унапредување на иновативноста, па оттука креаторите на политиките сè повеќе се согласуваат дека фокусот треба да биде ставен на кластерите кои имаат потенцијал да влијаат врз унапредување на индикаторите за конкурентност (локална, регионална или национална), во смисла на раст на извозот, бројот на работни места, инвестициите, иновативниот капацитет на малите и средни претпријатија итн. Моделот на интегрирана кластерска политика кој беше обработен погоре во трудот, предлага ***разграничување на политиките за поддршка на кластерите според фазите од развој*** и нивниот развоен потенцијал, при што мерките и активностите се прилагодуваат за кластерите кои се во *почетна фаза од својот развој* и имаат мал, локален домет; кластерите кои се во *зрела фаза* при што истите можат да бидат *национални шампиони* или кластерите кои имаат потенцијал да прераснат во *светски кластери*; како и кластерите кои се во фаза на *транзиција,* односно *кластери кои се преструктурираат* или кластери кои се формираат *околу растечки индустрии.* Разграничувањето на кластерите ќе биде од исклучително значење во насока на рационализирање на финансиите и ресурсите за поддршка, при што ***најголемата поддршка ќе биде алоцирана за кластерите кои покажуваат реален потенцијал за раст и развој, имаат одржливи кластерски стратегии со конкретни цели и индикатори.*** Сепак, со оглед на фактот дека успешните кластери во светот израснале неформално во период од 15 до 20 години, потребно е да им се даде време на кластерските иницијативи со цел да се почувствуваат вистинските ефекти.

- ***Иновативниот капацитет на кластерот е најзначајниот критериум по кој се мери неговиот развоен потенцијал.*** Анализата на кластерите во Република Македонија покажува дека најголемиот број од кластерите во земјата се во ***традиционалните индустрии или во туризмот***, додека многу мал дел од кластерите се во областа на напредните технологии. Но, ова не треба да се разбере како

ограничувачки фактор со оглед на фактот дека токму кластерите во северна Италија (кои се сметаат за школски пример за успешни кластери во светот) се во традиционалните индустрии. Она што е многу поважно е ***способноста на кластерот за иновативност, преземање на заеднички иницијативи за истражување и развој,*** што како краен ефект ќе произведе зголемување на продуктивноста и раст на конкурентноста. ***Конкурентската предност не се наследува, туку истата се гради***, што значи дека не е нужно постоењето на долга традиција во определена индустрија за да се формираат конкурентни кластери. Најважен е потенцијалот за раст и развој, за преземање на истражувачки проекти, за иновативни практики, што значи дека конкурентни кластери можат да се создаваат и растат во зависност од ангажираноста на актерите. Впрочем, иновативноста е широк поим; под истиот термин не се подразбираат само активности во делот на истражувањето и развојот, туку и иновативни практики, методи на работа, иновативни промотивни активности и сл. кои ќе придонесат кон унапредување на продуктивноста, зголемување на бројот на вработени, раст на извозот, зголемени инвестиции итн. Според едно истражување на Министерството за економија од 2012 година, за иновативните способности на компаниите во рамките на кластерите од аспект на следните параметри: *инвестиции во истражување и развој, вработување во секторите за истражување и развој, пријавени иновации и нови технологии*, **најиновативен производен (услужен) систем** во Република Македонија произлегува дека е *системот за метали и алати, системот за електроника (оптика), како и системот за информациска и комуникациска технологија*, особено индустријата за *автомобилски делови, градежништвото, индустријата за преработка на храна, транспорт и шпедиција и индустријата за информатичка технологија*, заедно со засега, најистакнатиот cсстем - *македонската фармацевтска индустрија.*[164] Ова може да послужи како генерална насока во идното кластерско

[164] Министерство за економија на Република Македонија, Национален атлас на кластери, Скопје 2013

вмрежување, односно креирањето на поддржувачките мерки и активности, со оглед на фактот дека токму иновативниот капацитет на кластерот е битна претпоставка за остварување на ефектите од истиот, односно, унапредување на конкурентноста.

- ***Целта на кластерската политика не мора да биде креирање на кластери од светски ранг. Кластерското вмрежување, особено за малите и средни претпријатија кои се доминантни во македонската економија, може да биде од исклучително значење за зајакнувањето на нивната конкурентност. Не сите кластерски иницијативи имаат потенцијал да прераснат во светски кластери, но ефектите од истите можат да бидат од исклучително значење за локалната, односно, регионална конкурентност,*** што, пак, ќе има позитивно влијание за изедначувањето на диспаритетите во регионалниот и локалниот развој на Република Македонија.
- ***Географската детерминанта не е ограничувачки фактор во постигнувањето на ефектите од кластерското вмрежување.*** Анализата на кластерите во Република Македонија покажува дека кластерите во земјата се најчесто ***секторски организирани***, при што единствено кластерите во областа на туризмот и новата кластерска иницијатива за органска храна ја имаат географската детерминанта во нивниот раст и развој, односно имаат локален/регионален карактер. Со исклучувањето на географската детерминанта од кластерското организирање се намалуваат ефектите од локационата економија (зголемена комуникација, намалени трансакциски трошоци заради близината на добавувачите). Но, *дисперзираноста на кластерот на територијата на целата земја, може да биде фактор за унапредување на локалниот, односно, рамномерниот регионален развој,* особено за мала економија каква што е Република Македонија. Ова е од особено значење за ***индустриите во кои има потенцијал за развивање на силна мрежа на добавувачи*** (на пример, автомобилската). Сепак, со оглед на фактот дека најуспешните примери за кластерско вмрежување во светот се локализирани, односно се организирани на ниво на

локални заедници или региони, во иднина можно е ***преструктурирање на постоечките кластери***, онаму каде што тоа е рационално, секако со поддршка на политиките на властите на локално, регионално и национално ниво, а со цел максимизирање на ефектите од кластерското вмрежување.

- ***Потребна е зголемена свест и поголемо разбирање на концептот кластери во Република Македонија.*** Многу е значајно да се развие свеста за кластерското вмрежување во Република Македонија, како и да се развие поголемо разбирање за концептот. Кластерите не претставуваат бизнис асоцијации за презентација на интересите на членките и лобирање. Функциите на кластерот се многу покомплексни и оттука е потребно поттикнување на кластерите да преземаат повеќе проекти за истражување и развој и иновации. Клучна улога во овој процес имаат кластерските менаџери. За таа цел, ***подигањето на менаџерските способности*** на кластерските лидери во ***креирањето на кластерски стратегии*** кои ќе содржат реални и конкретни цели, со прецизни индикатори и систем за евалвација, како и подигање на нивните способности да преземаат развојни проекти е од исклучително значење за растот и развојот на кластерите.
- ***Поттикнување на меѓукластерската соработка.*** Притоа, оваа соработка може да биде ***неформална***, во смисла на заедничко преземање на активности, учество на проекти и сл. но и ***формална***, како што е примерот со Фондацијата "Тиквешки вински пат" (настаната како производ на соработката помеѓу кластерот за вино и кластерот за туризам). Ваквите соработки можат да бидат во ***комплементарни сектори***, како што е примерот погоре, но и во ***сектори кои не се комплементарни***. Така, на пример, соработката на ИКТ кластерот со кластерот за текстил (изработка на заеднички проекти, во насока на подигање на свеста за користење на ИКТ во текстилната индустрија, ИКТ применливи решенија во производството, маркетингот и промоцијата) може да има силно влијание во унапредувањето на конкурентноста на двата сектора.

- ***Соработка на кластерите со кластерите од регионот и нивна интернационализација.*** Потребни се поттикнувачки мерки за преземање на иницијативи за ***поврзување со кластерите од регионот, па и пошироко.*** Воедно, потребно е зајакнување на свеста за ***европските платформи за кластери*** кои овозможуваат соработка и размена на информации, како и зајакнување на капацитетите за искористување на средствата од Програмите на ЕУ за поддршка на кластерите.

***Интегрираниот пристап на кластерската политика на принципот на троен хеликс, со прецизни и долгорочни стратешки цели, преточени низ активностите и мерките на властите на сите нивоа –централно, регионално и локално, како и централно координативно тело за следење, евалвација и преземање на корективни акции ќе бидат во основата на кластерското организирање во Република Македонија, а во функција на унапредувањето на локалната, регионалната и, следствено, националната конкурентност.***

Она што е најзначајно за успешно кластерско организирање во Република Македонија е поддржувачката политика на властите на сите нивоа (централно, регионално и локално). Интегрираната кластерска политика треба да обезбеди административно- правна, институционална и инфраструктурна рамка, но и директна финансиска или техничка помош со цел создавање на услови за успешен раст и развој на постоечките, но и формирање и развој на нови кластери во напредни индустрии.

## Заклучок

Современиот концепт за конкурентност е детерминиран од продуктивноста, која, пак е директно условена од начинот на кој компаниите се натпреваруваат, нивната способност да применат софистицирани методи и напредна технологија и да понудат единствени производи со висока додадена вредност и високодиференцирани услуги. Софистикацијата на бизнис операциите, пак, е условена од квалитетот на бизнис опкружувањето на одредена локација.

Всушност, создавањето на конкурентно способна национална економија која успешно ќе се соочува со предизвиците кои ги носат забрзаните техничко-технолошки промени, пак, подразбира координација на политиките на централно, регионално и локално ниво во функција на создавањето на квалитетно бизнис опкружување кое ќе биде во функција на растот на продуктивноста и иновативноста на стопанските субјекти.

Локалните и регионалните власти се ставени пред нов предизвик во услови кога развојот е директно детерминиран од знаењето и иновативноста, што подразбира вмрежување и партнерства на хоризонтално и вертикално ниво и следствено, формулирање на интегрирани политики во функција на создавање на квалитетно локално и регионално милје за одржлив економски развој.

Конкурентската предност се креира и одржува низ високо локализиран процес (*Porter*, 1990) што го пренасочува фокусот од национална на локална/регионална конкурентност, при што конкурентноста произлегува не само од индивидуалните фирми, туку од врските помеѓу фирмите. Впрочем, примерот на Калифорнискиот вински кластер, кластерот за софтвер и ИКТ – Силиконска Долина, како и “маршаловите” кластери во “Трета Италија”, потврдува како со примена на концептот на кластерското вмрежување, овие кластери успеале да постигнат глобална препознатливост. Калифорнискиот вински кластер е пример за иновативен регион, којшто стана препознатлив по висококвалитетните вина, а благодарение на континуираното иновирање и

подобрување на продуктивноста. Успехот на кластерите во “Трета Италија” и ефектите кои истите ги имаат постигнато за развојот на локалната и регионална економија претставува предизвик за економските теоретичари, но и за креаторите на политиките ширум светот.

Новата парадигма на развојот подразбира раст на конкурентноста на локално и регионално ниво што претпоставува конципирање на индустриски политики во функција на подобрување на иновативната база, подобрување на капацитетите на регионите и локалните заедници да создаваат нови вредности, да апсорбираат нови знаења со крајна цел - подобрување на конкурентските позиции. Глобализацијата е генерален процес, но развојот се случува конкретно во локалните заедници. Раст и развој остваруваат земји кои ќе успеат локалните компаративни предности да ги трансформираат во глобални конкурентски предности.

И додека конкурентската предност на одредена локација или регион е во директна зависност од присуството на стопански субјекти кои се способни да остварат конкурентска предност во форма на пониски трошоци или диференцирани производи кои диктираат премиски цени, креаторите на политиките на сите нивоа (централно, регионално и локално) имаат директна одговорност во создавањето на поволно бизнис опкружување кое ќе обезбеди непречени услови за раст и развој.

Со почнувањето на процесот на кластеринг во земјата, и воедно популаризацијата на концептот, разбудена е свеста кај македонските бизнис и политички лидери за позитивните ефекти од кластерското вмрежување, што резултира во сè поголем број на кластерски иницијативи, додека кластерскиот пристап е применет во конципирањето на индустриската политика на Република Македонија.

Во Република Македонија, во моментов постојат вкупно 12 активни регистрирани кластери и неколку кластерски иницијативи кои се во различна фаза од својот развој и следствено бараат соодветен пристап на политиките кои ќе кореспондираат на динамиката на нивниот раст, на потребата од нивно преструктурирање, а во функција на остварување на ефектите од кластерското вмрежување.

Кластерите во Република Македонија или се во фаза на раѓање - латентни кластери или во растечка фаза, со оглед на фактот дека најголем број од кластерските иницијативи се почнати пред само неколку години. Сѐ уште не може да се каже дека постојат зрели, оперативни кластери, со оглед на фактот дека во рамките на постоечките кластери сѐ уште не се создадени силни врски и услови за поттикнување за создавање на нови бизниси, иако веројатно кластерот за храна, вино и туризам - Фондацијата "Тиквешки вински пат", текстилниот и кластерот за информатичка технологија покажуваат потенцијал за брз раст, со оглед на фактот што истите се имаат институционализирано во рамките на нивните асоцијации, имаат веб-страница и активно преземаат заеднички активности. Воедно, автомобилскиот кластер со оглед на сѐ поголемиот број на странски инвеститори, а благодарение на позитивната деловна клима и поттикнувачката политика на Владата на РМ, но и соработката со регионалните кластери има силен потенцијал да се развие во силен синџир на добавувачи за глобалните пазари, особено што странските инвеститори креираат поволна база за развивање на синџирите на добавувачи во рамките на кластерот, што е одлична можност за малите и средни претпријатија во Република Македонија.

Најголем број од кластерските иницијативи во Република Македонија се секторски организирани и географската детерминанта е исклучена во нивниот раст и развој. Од една страна големината на економијата и дисперзираноста на индустријата ја оправдуваат ваквата кластерска организираност, особено во индустриите што имаат интенција да направат силна мрежа на добавувачи (како што е на пример автомобилскиот сектор). Иако исклучувањето на географската детерминанта од кластерското организирање ги намалува ефектите од локационата економија (зголемена комуникација, намалени трансакциски трошоци заради близината на добавувачите), сепак, и анализата на автомобилскиот кластер погоре во трудот покажува дека дисперзираноста на кластерот на територијата на целата земја, не само што не е ограничувачки фактор, туку, напротив, ги зајакнува ефектите на

кластерот во насока на локалниот, односно, рамномерниот регионален развој.

Со регионален/локален карактер се карактеризираат единствено кластерските иницијативи во областа на туризмот и новата кластерска иницијатива за производители на органска храна. Сепак, седиштата на кластерските иницијативи во Република Македонија се дисперзирани на територијата на целата држава, што остава простор за локален/регионален пристап во кластерскиот развој на овие иницијативи. Со оглед на фактот што најуспешните примери за кластерско вмрежување во светот се локализирани, односно се организирани на ниво на локални заедници или региони, во иднина е можно преструктурирање на постоечките кластери, онаму каде што тоа е рационално, секако со поддршка на политиките на властите на локално, регионално и национално ниво, а со цел максимизирање на ефектите од кластерското вмрежување.

Способноста на властите на локално/регионално ниво да препознаат кластерска иницијатива која има потенцијал да придонесе кон унапредување на локалната, односно регионална конкурентност, и да преземат мерки и активности кои ќе го поттикнат нејзиниот раст и развој, е од посебно значење. Особено е значајно властите на локално и регионално ниво да ги прифатат кластерите како инструмент во нивните развојни политики и да ги интегрираат во стратешките документи со конкретни мерки и активности, па дури и конкретна финансиска поддршка. Светските искуства говорат дека токму властите на локално и регионално ниво ја имале клучната улога во иницирањето, развојот и растот на кластерите. Позитивен пример во Република Македонија имаме кај локалните власти од Вардарскиот регион, кои увидувајќи го потенцијалот кој го има винскиот туризам за унапредување на локалната економија, го помогнале основањето на Фондацијата “Тиквешки вински пат”, чија задача е да го развива кластерот за вински туризам во функција на унапредување на локалната/регионална конкурентност.

Светските искуства говорат дека кластерските иницијативи треба да се препуштат на приватниот сектор, додека властите на сите нивоа

(локално, регионално и национално) треба да ја имаат улогата на катализатор или поттикнувач. Токму создавањето на позитивна деловна клима на национално и локално ниво, како и поттикнувачките политики за поддршка на малите и средни претпријатија, претприемништвото, привлекувањето на инвестиции, истражување и развој, иновативност, образование и наука, се од клучно значење во насока на унапредувањето на кластерското вмрежување. Следејќи ги европските искуства, односно координирајќи ги политиките со политиките на Европската Унија, Република Македонија има кластерски, хоризонтален пристап во индустриската политика. Кластерите се присутни во сите стратешки документи од економската политика, а особено е значајно што во последните години сѐ повеќе се посветува внимание на политиката за истражување и развој и политиката за иновативност како битен фактор за поттикнување на конкурентноста.

Иако, генерално, е развиена свеста за предностите од кластерското вмрежување и е направен значителен напредок во делот на обезбедување на институционална, правно-административна рамка за развој на кластерското вмрежување, потребни се понатамошни напори за координација на политиките на сите нивоа, интегрирање на кластерите во Програмите за регионален развој, како и во политиките за локален економски развој, долгорочен пристап во креирањето на кластерската политика соодветно на карактерот на кластерите кои бараат долгорочен пристап за да се почувствуваат ефектите од истите, координација на политиките за мали и средни претпријатија, претприемништвото, привлекување на странски директни инвестиции, истражување и развој, иновативност, образование и обука, со цел рационализација на ресурсите итн.

Искуствата говорат дека кластерскиот пристап во политиката за привлекување на странски директни инвестиции може да биде исклучително ефикасна метода, особено во секторите кои имаат потенцијал за интегрирање во синџирите на добавувачи, односно, во секторите во кои постои база на мали и средни претпријатија кои можат да се интегрираат во синџирите на добавувачи за странските компании.

Токму примената на кластерскиот пристап во промоцијата на Република Македонија како атрактивна бизнис дестинација, може значително да ги зголеми ефектите од истата, а воедно властите на локално, односно регионално ниво треба да размислуваат за интегрирање на кластерите во нивните политики за промоција и привлекување на странски директни инвестиции.

Во услови кога Република Македонија се соочува со високи диспаритети во регионалниот развој, и во услови кога локалниот економски развој е детерминиран од способноста на локалната економија да креира нови работни места, нови инвестиции итн., концептот на кластерско вмрежување може да даде значителен стимул во унапредувањето на локалната, односно регионалната конкурентност.

Властите на локално и регионално ниво имаат можност за поттикнување на кластерското вмрежување во функција на локалниот и регионалниот економски развој преку поддржувачка политика, креирање на локални стратегии и мерки и активности во насока на поддршка на кластерите, но, сепак, нивната политика мора да биде усогласена со политиката на властите на централно ниво.

Моделот на интегрираната кластерска политика претставува современ пристап кон развојот кој подразбира интегрирани и заеднички напори на сите засегнати страни, вклучувајќи го приватниот и јавниот сектор, но и академската заедница (научно-истражувачките организации и универзитетите) во насока на создавање на подобри услови за економски раст и создавање на нови работни места.

Всушност, од анализата на два кластери (кластерот за вино, храна и туризам - Фондацијата "Тиквешки вински пат" и автомобилскиот кластер) покажавме како преку интегриран пристап во кластерската политика на сите нивоа можат да се постигнат високи резултати. Иако овие кластери се наоѓаат во раната фаза од својот развој, ефектите можат да бидат уште подобри, секако, во зависност од способноста за преземање на иницијативи од страна на кластерските актери, но и во зависност од понатамошното развивање на поддржувачката политика, односно

инструменти и мерки и активности кои ќе бидат во функција на нивен раст и развој и тоа како на централно, така и на регионално и локално ниво.

Моделот на интегрирана кластерска политика кој е применет во организирањето на кластерот за храна, вино и туризам и автомобилскиот кластер, покажавме дека се базира на принципот на тројна спирала (*triple helix*). Овој пристап подразбира меѓусебна корелација и координација на трите столба на кои се потпира кластерското организирање: владата, односно властите на централно, регионално и локално ниво; академските институции, односно, образовните институции и научно-истражувачките центри и бизнис секторот, претставен од мали и средни претпријатија, корпорации, но и нивни асоцијации, здруженија и репрезентативни организации, како поддржувачки институции. Всушност, пристапот на тројна спирала подразбира активна партиципација и меѓусебна поврзаност на сите чинители во процесот на формирање и развој на кластерот, а тоа практично го потврдуваат и двата анализирани кластери.

Кластерот за храна, вино и туризам е типичен пример за географски и секторски концентриран кластер, многу близок до дефиницијата за кластерско вмрежување прифатена во глобални рамки. Интегрираниот пристап на политиките, пак, на централно, регионално и локално ниво, е дополнителен катализатор и стимул за неговиот раст и развој. Кластерот за храна, вино и туризам е во областа на туризмот и неговата специфика е што истиот не е типичен индустриски кластер. Сепак, резултатите што ги постигнува истиот во делот на брендирање на регионот и привлекувањето на туристи, па дури и како индиректен ефект, во делот на зголемување на продажбата и извозот на виното, се забележителни. Веројатно еден од најзначајните фактори за неговиот раст е политичката волја на властите на сите нивоа и нивните позитивни политики во делот на креирање на поволна клима за негов развој. Тука особено е значајна проактивната улога на локалните самоуправи, односно, Општина Кавадарци, Општина Демир Капија и Општина Неготино, кои успеале да ги увидат можностите што ги нуди кластерското вмрежување и да ги искористат истите за нивниот локален економски развој. Позитивните политики, односно, нивната соработка во креирањето на позитивна локална деловна клима за

развојот на кластерот е веројатно клучниот фактор за ефектите што ги остварува истиот.

Автомобилскиот кластер, пак, е типичен индустриски кластер, секторски организиран, но географски дисперзиран. Во основата и на автомобилскиот кластер е пристапот на тројна спирала, при што позитивните ефекти што ги постигнува истиот се директен резултат од интеракцијата и заедничките напори на трите столба: владата, академските институции и бизнис секторот. Интегрираниот пристап, пак, на политиките на властите на сите нивоа: централно, регионално и локално е дополнителен стимул за растот и развојот на овој кластер. Позитивните политики на Владата на РМ во делот на промовирање на Република Македонија како поволна бизнис локација, привлече голем број на странски директни инвестиции кои го јакнат и развиваат кластерот, додека властите на локално ниво (во анализираниот случај, Општина Илинден), со своите позитивни политики за локален развој го помагаат развојот на кластерот по пат на обезбедување на човечки ресурси за потребите на индустријата. Во овој контекст, особено е значајна улогата на академските институции, а во конкретниот случај Машинскиот факултет, како расадник на кадри, но и како центар на истражувачката дејност, со директна апликативна примена во индустријата. Иако географски дисперзиран, кластерот покажува силен потенцијал за развој, особено ставен во контекст на глобалната економија, во чии рамки кластерот претендира да прерасне во силен синџир на добавувачи за автомобилската индустрија.

Она што е значајно да се разбере е дека кластерското вмрежување може значително да придонесе врз унапредувањето на локалната и регионалната конкурентност. Следствено, потребно е понатамошно подигање на свеста за позитивните ефекти од истото, со цел развивање или преструктурирање на постојните или формирање на нови кластерски иницијативи. Следејќи ги позитивните примери на интегриран кластерски пристап, анализирани преку кластерот за храна, вино и туризам, како и автомобилскиот кластер, властите на локално и регионално ниво треба да размислат за проактивен пристап и искористување на можностите кои ги

нуди кластерското вмрежување за јакнење на локалната, односно, регионалната конкурентност.

Од успешната реализација на политиките во делот на подобрување на бизнис опкружувањето и тоа како на национално, така и на регионално и локално ниво, од успешната реализација на политиките за поддршка на малите и средни претпријатија, претприемништвото, привлекувањето странски директни инвестиции, политиката на регионален и локален економски развој итн., но и од успешната реализација на конкретните мерки и активности во функција на поддршка на кластерското вмрежување ќе зависи интензитетот на развојот на кластерите, а во функција на унапредување на локаниот, регионалниот, па и економскиот развој на целата национална економија.

Успешната реализација, пак, на политиките и конкретните мерки и активности е во директна зависност од свеста на бизнис лидерите за значењето и можностите што ги нуди кластерингот за подобрување на перформансите и конкурентското оспособување, нивната способност и иницијатива за преземање на конкретни акции, но и слухот на политичките лидери на локално, регионално и централно ниво за потребите на бизнис заедницата со цел конципирање на политики и акциони мерки и проекти за надминување на проблемите, создавање на услови за деловно работење и кластерско организирање.

Тоа значи дека успешноста во креирањето на политиките и нивната имплементација е резултат на квалитетен јавно-приватен дијалог кој треба да помогне во формирањето на реална слика за состојбата, предизвиците и потенцијалите за унапредување на конкурентската способност на македонските стопански субјекти во функција на одржлив економски развој.

Она што е од исклучива важност за квалитетно формулирање и реализирање на политиките е создавање на механизам за следење и евалвација, промени и прилагодувања, но и укинување на мерките кои не покажуваат позитивни ефекти, во функција на ефикасна имплементација.

Интегрирањето на политиките што се во насока на јакнење на кластерите во Република Македонија во еден документ кој ќе ги

воспостави стратешките рамки на идното кластерско вмрежување во земјата, ќе биде од исклучително значење со цел координирањето на мерките и активностите во сите области и на сите нивоа на политиките.

Таквиот документ, или Стратегија за развој на кластерите во Република Македонија ќе ги даде насоките за понатамошно развивање на програмите за поддршка на кластерите од страна на властите на централно, регионално и локално ниво, ќе обезбеди јакнење на капацитетите за квалитетно формулирање и спроведување на кластерската политика, но и мерки и активности за јакнење и идно развивање на кластерското вмрежување во земјава.

Единствено со заеднички и долгорочен пристап на политиките на национално, регионално и локално ниво, со партнерство помеѓу приватниот и јавниот сектор и активно вклучување на истражувачките, образовните и академските институции, може да се очекува изградбата на кластерите и кластерската политика да биде во функција на економски напредок и подигање на локалната, регионална, и следствено, национална конкурентност.

## Користена литература:


- Altenburg T, Stamer JM, "*How to promote clusters: Policy experiences from Latin America*", World Development 27(7), 1999
- Thomas Anderson, Sylvia Schwaag Serger, Jens Sorvik, Emily Wise Hansson, "*The Clusters Policies Whitebook*", International Organisation for Knowledge Economy and Enterprise Development- IKED, 2004
- T.J.Bartik, *Local Economic Development Policies,* Upjohn Institute for Employment Research, Michigen, Januari 2003
- B.Begovic, Z.Vacic, G.Matkovic, B.Mijatovic, *Lokalni ekonomski razvoj,* Beograd 2006
- Maximilian Benner, "*Cluster policy in developing countries", 2013*
- Patrizio Bianchi, Lee M. Miller, Silvano Bertini, "*The Italian SME Experience and Possible Lessons for Emerging Countries*", UNIDO, March 1997
- J.Birkinshaw, *Upgrading the Industry Clusters and Foreign Investments*, Int. Studies of Mgt, & Org., vol 30, no 2, Summer 2000
- E. Bojar, M.Bojar, T.Zminda, The Clusters as a Factor for Attracting Foreign Direct Investments in Less Developed Regions, Lublin University of Technology, Romanian Journal of Regional Science, Vol.2, No 1, Summer 2008
- Alex Bolland, "*Industrial clusters: Identification and Public Policy*", Working Paper 09-02, University of Sussex
- Ron A. Boschma, "*The Industrial Rise of Third Italy: Open Window or Locational Oportunity?",* Congress of the European Regional Science Association, Vienna, 1998
- California Wine Export Program, "*World Vineyard, Grape and Wine Report 2008*
- Thomas A.Christensen, Thomas Lammer-Gamp, Gerd Meier zu Kocker, *"Let's Make a Perfect Cluster Policy and Cluster Programme: Smart Recommendations for Policy Makers",* Berlin/Copenhagen 2012
- Commission of the European Communitie, *More Research and Innovation-Investing for Growth and Employmentt: A Common Approach*, Brussels, 12.10. 2005
- Commission of the European Communities, *Putting Knowledge into Practice:A Broad Based Innovation Strategy for the EU*",COM (2006)502 final, Brussels, 13.09.2006
- Commission of the European Communities, *Toward world-class clusters in the EU: Implementing the broad-based innovation strategy,* Brussels 05.11.2008
- Joseph Cortright, "*Making Sense of Clusters: Regional Competitiveness and Economic Development*", The Brookings Institution Metropolitan Policy Progam, March 2006

- Philip Cooke, "*Problems and Prospects for Clusters in Theory and Practice*", Centre for Advanced Studies, Cardiff University, 2008
- DG Entrerprise and Industry Report, "*Innovation Clusters in Europe, A Statistical Analysis and Overview of Current Policy Support*", European Community, 2007
- European Commission Entrerprise and Industry, *Global Cluster Initiative Survey 2012*, Survey Summary Report
- ГИЗ, " *Маркетинг план за секторот на автомобилски делови и компоненти во Република Македонија"*, Скопје 2012
- Државен завод за статистика*, "Бруто домашен производ и инвестиции во основни средства, по региони 2009-та година",* Соопштение бр. 3.1.11.03 од 13.06.2011
- Државен завод за статистика*, "Регионите во Република Македонија 2009",* Скопје 2010
- Единица за координација на БЕРИС проектот, Министерство за економија, *Завршен извештај "Техничка помош за ревизија и имплементација на Националната стратегија за развој на туризмот на РМ (2009-2013)"*, 15 Февруари 2011
- Michael J. Enright, Paolo Tenti, "How the Diamond Works: The Italian Ceramic Tile Industry", from Porter's "The Competitive Advantage of Nations"
- Europe Innova Cluster Mapping Project, "*Cluster Policy in Europe: A Brief Summary of Cluster Policies in 31 European Countries*", Oxford Research AS, January 2008
- Europe INNOVA, *Innovation Clusters in Europe, A Statistical Analysis and Overview of Current Policy Support*, European Communities 2007
- EU INNOVA, The High Level Advisory Group on Clusters, chaired by Senator Pierre Laffitte, "*European Cluster Memorandum, Promoting European Innovation Through Clusters: An Agenda for Policy Action"*, 2006
- European Commission, "*European Trend Chart on Innovation*", Thematic Report Covering Cluster Policies, 2003
- European Commission, *Regions Delivering Innovation through Cohesion Policy,* SEC (2007) 1547, 14.11. 2007
- European Commission, *Regional Clusters in Europe,* Observatory of European SME's 2002/No3
- European Union, Regional Policy, Working for the Regions: EU Regional Policy 2007-2013, January 2008
- Реферати и дускусии од научен собир- *Конкурентноста на Република Македонија*, Здружение за одржлив развој: Фондација" Фридрих Еберт", Скопје 2003
- Goncalves, "*Balanced and Sustainable Development through Regional Competitiveness, European Commission",* DG Regional Policy, Presentation to the Third Clustering Conference, Istanbul
- L.L. Halse and O.Bjarnar, *Cluster Transformation from a Supply Chain Perspective: Theoretical Models and The Case of The Maritime Cluster in Mid-West Norway,* Newcastle 2011
- Jingxuan Han, Li Ma, Bo Hu, *Small and Medium Enterprise Clusters and Regional Innovation Development*, School of Management, University of Jinan, Jinan, China

- John Humphrey, Hubert Schmitz, "*Principles of Promoting Clusters and Networks of SME's*", SME Programme, UNIDO, October 1995
- Isbasoiu, George Marian, "*Industrial Clusters and Regional Development: The Case of Timisoara and Montebelluna*", University of Urbino, 2006
- Skokan, Karel, '*Financing Cluster Initiatives*", VSB- Technical University of Ostrava, The Faculty of Economics", 2005
- Christian Ketels, "*European Clusters*", Harvard Business School, Boston, MA, USA, Hagbarth Publications 2004
- Christian Ketels, Goran Lindqvist, Orjan Solvell, "*Clusters and Cluster Initiatives*", Center for Strategy and Competitiveness, Stokholm School of Economics, June 2008
- Christian Ketels, Goran Lindqvist, Orjan Solvell, "*Cluster Initiatives in Developing and Transition Economies*", Center for Strategy and Competitiveness, Stokholm 2006
- Adrian Kuah, John Day, "*Revisiting the Porter's Diamond: Applying Importance Performance Matrix to the Singaporean Financial Cluster*", Working Paper No 05/39, 2005
- Adrian T.H. Kuah, "*Cluster Theory and Practice: Advantages for Small Business*", Huddersfield University Business School, Journal of Research in Marketing and Enterpreneurship, Volume 4, 2002
- Steve Lohr, "*Sillicon Valley Shaped by Technology and Traffic*", The New York Times, December 20, 2007
- Министерство за економија, *Унапредување на кластерското здружување,* Белград, 10.03.2009
- Министерство за економија, Национален атлас на кластери, 2013
- Ministry of Economy, Labor and Entrepreunership (MELE) and the Central Financing and Contracting Agency (CFCA), Government of Republic of Croatia, "*EU Best Practice in Cluster Development Policy*", January 2012
- Ministry of Economy, Labor and Entrepreunership (MELE) and the Central Financing and Contracting Agency (CFCA), Government of Republic of Croatia, "*Policy Review and Implementation Programme to Support the Government of Croatia's Cluster Development Strategy (2013-2020)",* May 2013
- Rolf A.E. Mueller, Daniel A. Sumner, "*Clusters of Grapes and Wine*", Annual Meeting of the American Agricultural Economics Association", Providence, 2005
- Marta Volgyne Nadaban, "*Clusters: Definition, tipology and characteristics of some clusters in the Eszak-Alfold Region- Case Study*", INNOVA, 2009
- Catherine Phambuka-Nsimbi, "*Creating competitive advantage in developing countries through business clusters: A literature review",* African journal of business management Vol. 2 (7)
- ОБСЕ, Извештај за оценување на децентрализацијата 2006-2011, Декември 2011
- ОБСЕ*, Преглед на децентрализацијата за 2008 година,* Ноември 2008
- OECD, *Enhancing the competitiveness of SME's in the Global Economy,* Workshop 2: Local partnership, clusters and SME globalisation, Bolognia, Italy, june 2000

- OECD, *Competitive Regional Clusters: National Policies Approaches, May 2007*
- Argentino Pessoa, *"Regional Cluster Policy: The Asian Model vs the OECD Approach"*, Faculty of Economics , University of Porto, 17 October, 2012
- Michael Porter, *Clusters and the Economics of Competition,* Harward Business Review, 1998
- Porter, M.E., "*The Competitive Advantage of Nations.'*' Free: New York, 1990
- Porter, M.E., B "*Building the microeconomic foundations of prosperity: Findings from the business competitiveness index.*" in Sala-i-Martin, X. (ed.), The Global Competitiveness Report 2003– 2004, Oxford University Press: New York, 2004
- M.E. Porter, *On competition,* A Harvard Review Business Book, 1998
- Porter M.E., "*Location, Competition and Economic Development: Local Clusters in a Global Economy*", Economic Development Quarterly 14 (1)
- Porter M.E. *"Clusters and Regional Competitiveness: Recent Learnings*", International Conference on Technology Clusters, Monteal Canada, 2003
- Porter M.E*., "Clusters, Innovation and Competitiveness: New Findings and Implications for Policy",* Institute for Strategy and Competitiveness, Stokholm, 22 January 2008
- Проф. Д-р Владимир Петковски, Проф. Алессандро Синатра, "*Индустриски области и индустриски кластери: од Алфред Маршал до третата Италија"*
- Проф. Д-р Владимир Петковски, *Индустриски дистрикти и индустриски кластери- од Алфред Маршал до "Трета Италија"*, Годишник на економски факултет т.37
- Проф. Д-р Владимир Петковски *"Стратегии на МЕО-неавторизиран материјал за подготовка на испит*"
- PRO INNO Europe, *Paper No 5, Innovation Clusters in Europe, A statistical Analysis and Overview of current policy support",* European Communities 2007
- PROINOV (Programa Integrado de Apoio à Inovação), (2002). *Clusters e Política de Inovação.* Presidência do Conselho de Ministros, Lisbon
- Rabellotti R., "*Is there an industrial district model? Footware districts in Italy and Mexico compared*", World Development, Vol 23
- Rabellotti R, "*External Economies and Cooperation in Industrial Districts: a comparison of Italy and Mexico"*, Institute of Development Studies, University of Sussex
- P. Raines, *"Local or National Competitive Advantage? The Tensions in Cluster Development Policy",* European Policy Research Centre, University of Strathclyde, Glasgow, Scotland, 2000
- *Rajveer Singh, "Enhansing Competitiveness in Business Clusters Through Cluster Development Approach, Apex Cluster Development Services, New Delhi India*
- Indira Singh, "*Industry Clusters, The Government Role"*, Canadian Government Executive Magazine, 2005
- Rosenfeld S. "*A Governors Guide to Cluster – Based Economic Development*", Washington. National Governors Association, 2002

- AnnaLee Saxenian, "*New Immigrant Enterpreneurs*", Public Policy Institute of California, 1998, prezemeno od Amy Gore, Pratik Mhatre, "*High Tech Cluster Economies: Bangalore, India and Sillicon Valley, USA*"
- Светска банка, Одделение за урбан развој, *Локален Економски Развој, Краток Прирачник, Вашингтон, Мај 2001*
- Indira Singh, "*Industry Clusters, The Government Role",* Canadian Government Executive Magazine, 2005
- Skokan, Karel, '*Financing Cluster Initiatives*", VSB- Technical University of Ostrava, The Faculty of Economics", 2005
- Socholovschi, S. Uzelac, *Local Economic Development Strategies, USAID, May 2005*
- Orjan Solvell, Goran Lindqvist, Christian Ketels, "*The Cluster Initiative Greenbook*", Stokholm 2003
- P.Sureephong, N.Chakpitak, L.Buzon, A.Bouras, *Cluster development and knowledge exchange in supply chain*, 2008, Lyon France
- UNCTAD, *World Investment Report:Foreign Direct Investments and the Challenge of Development,* UN New York and Geneva
- USAID, *Local Economic Development in Europe and Euroasia Region:Strategies that Work*, February 2005
- USAID, "*Promoting Competitiveness in Practice: An Assesment of Cluster Based Approaches*", prepared by The Mitchel Group, November 17, 2003
- *USAID, Christian Ketels, Goran Lindqvist, Orjan Solvell, "Cluster Initiatives in Developing and Transition Economies", Center for Strategy and Competitiveness, Stokholm 2006*
- USAID*, "Macedonia Competitiveness Activity Final Project Report",* December 2006
- X. Han, *Research on Relevance on Supply Chain and Industry Cluster*, International Journal of Marketing Studies, Vol. 1, No 2, China, November 2009
- Vlada Republike Hrvatske, Ministarstvo gospodarstva, rada i poduzetnistva, *"Strategija razvoja klastera u Republici Hrvatskoj 2011-2020",* Zagreb 2011
- Douglas Woodward, Porter's cluster strategy versus industrial targeting, University of South Carolina, July 1. 2005
- World Bank LER unit, *Local Economic Development Primer*, 2004
- World Bank, International Trade Department "*Clusters for Competitiveness, A Practical Guide and Policy Implications for Developing Cluster Initiatives"*, 2009
- World Bank, *Understanding Your Local Economy*, www.worldbank.org/urban
- World Economic Forum, *The Global Competitiveness Report 2013-2014*


***Прописи:***


- *Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2008-2012,* Службен весник на Република Македонијабр. 162/2008

- *Стратегија за рамномерен регионален развој на Република Македонија 2009-2019,* Службен весник на РМ бр. 119/09
- Акционен план 2010-2012 за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија, Службен весник на РМ бр. 62/10
- Министерство за локална самоуправа, *Извештај за спроведување на политиката за рамномерен регионален развој на Република Македонија 2008-2010*
- Закон за локална самоуправа, Сл. Весник на РМ бр. 5 од 29 јануари 2002 година
- Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Службен весник на РМ бр. 61/2004
- Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр. 63/2007)
- Закон за градежно земјиште, Службен весник на РМ бр. 17/2011
- Закон за туристички развојни зони, Сл. весник на РМ бр. 141 од 09. 11.2012
- Министерство за економија на Република Македонија*, Индустриска Политика на Република Македонија 2009-2020*
- Министерство за економија, "*Ревидирана национална стратегија за развој на малите и средни претпријатија (2002-2013")*, Скопје, април 2007
- Министерство за економија, "*Програма за поттикнување на инвестиции во Република Македонија (2007-2010)*"
- Министерство за економија на РМ, "*Извештај за активностите на Министерството за економија, 2009*"
- Влада на Република Македонија, Национален развоен план 2008-2013, Просперитетна економија
- Влада на Република Македонија, *Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија (2007-2010)*
- Влада на Република Македонија, *Програма за поддршка и развој на кластерското здружување во Република Македонија*, 2 Јануари, 2009
- Влада на Република Македонија, *Програма за поддршка и развој на кластерското здружување во Република Македонија*,11.02.2010
- Министерсво за економија, *Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2014-та година* (Сл.Весник на РМ од 13 Јануари 2014-та година)
- Министерство за економија на РМ, *"Стратегија за промоција на извозот и препораки за реорганизирање на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот-Инвест Македонија"*
- Влада на Република Македонија, *"Стратегија за иновации на Република Македонија за 2012-2020*", Скопје 2012
- Центар за развој на Скопскиот плански регион, "*Програма за развој на Скопскиот плански регион*", Скопје декември 2009
- Центар за развој на Вардарскиот плански регион, "*Стратегија за промоција и маркетинг на Вардарскиот плански регион (2011-2015)"*, септември 2011

- Министерство за економија на РМ, *“Национална стратегија за рурален туризам за период од 2007-2013”*, Скопје, 2007
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ, “*Нацрт стратегија за винарство и лозарство (2010-2015)”,* Скопје 2010
- Министерство за економија на РМ, “*Национална стратегија за развој на туризмот (2009-2013),* Скопје 2008


## *Интернет извори:*


- www.unido.com
- www.web.worldbank.org
- www.wineinstitute.org, California Wine Institute, “*A Signature California Industry: California Wine”*
- www.en.wikipedia.org , “*California Wine”, “New World Wine”, “Robert Mondavi”, “Nappa Valley”, “Hsinchu Science and Industrial Park”, “Sillicone Valley”*
- www.competitiveness.com The Cluster Competitiveness Group, “Cluster Based Policies”, Competitiveness, April, 2002
- www.anteja-ecg.com, “*Cluster Development Projects- Slovenian Cluster Mapping Study*”
- www.proinno-europe.eu, European Cluster Policy Group, *Final Recommendations, A Call for Policy Action*
- www.clusterobservatory.eu
- http://ec.europa.eu/cip/cosme/index_en.htm
- http://cordis.europa.eu/fp7/capacities/regions-knowledge_en.html
- http://ec.europa.eu/regional_policy/thefunds/index_en.cfm, European Commission, Regional Policy –Inforegio, the Funds
- http://soros.org.mk/dokumenti/sledenje_decentralizacija_mk_web.pdf
- http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2010/package/mk_rapport_2010_en.pdf
- “Извештај на ЕК за напредокот на Република Македонија (2010)”
- www.masit.org.mk
- www.tta.org.mk
- www.map.org.mk
- www.macedoniawineroute.com
- www.konkurentnost.mk
- www.republika.mk, интервју на Виктор Мизо, Директор на ДИТЗ
- www.lider.mk, интервју на Виктор Мизо, Директор на ДИТЗ
- www.stat.gov.mk
- www.investinmacedonia.com
- www.fez.gov.mk
- www.ilinden.gov.mk
- www.srcetonamakedonija.mk